РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1000
Скопје, 17 јануари 2011 година

## Содржина на Билтен број 1000 од 17 јануари 2011 година


МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметот инфектологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Виолета Груневска**)........................................1-7
2. Реферат за избор на еден асистент по предметот оториноларингологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**помл. ас. д-р Лирим Демири**)........................8-9

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор во наставно-научното звање редовен порофесор во наставно-научната област основи на електротехниката на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Марија Кацарска**)........................ 10-16

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Катерина Иванова, Васко Стојов**)........................17

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден помлад асистент по предметот хистологија и ембриологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Ирена Петрова**)........................18-20

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум за вежби по аналитика на лекови,** подготвено од наставен кадар на Катедрата за применета хемија и фармацевтски анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменето за студентите од студиската програма магистер по фармација........................21-23

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје (**м-р Слободан Стојчевски, м-р Владимир Вуксановиќ, м-р Виктор Митревски, м-р Катерина Спасовска, м-р Александар Ацески**)........................24
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје (**Аљоша Недев, Дејан Недев**)........................25

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на двајца асистенти, по група предмети на Катедрата за стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Јадранка Бундевска, д-р Билјана Капушевска, д-р Сашо Еленчевски, д-р Флорент Бафтијари, д-р Љупчо Гинев**)........................26-32

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент по економски науки за група предмети од областа на финансиите на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Тања Митева, м-р Кирил Јовановски**)........................33-35

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден редовен професор по предметот офталмологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Весна Димовска Јорданова**)........................36-45

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Стареењето на населението како фактор за реформи во доменот на пензискиот систем и вработувањето на стари лица: меѓународни пристапи и национални предизвици**, изработена од **м-р Зоран Вучев**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................46-49
2. Рецензија на ракописот за учебник **Заштита на културното наследство**, од **д-р Зорица Салтировска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....................50-55
3. Рецензија на ракописот **Балканот 1826-1913**, од **д-р Далибор Јовановски**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје....................56-59

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Геохемиски атлас на Радовиш и неговата околина и дистрибуција на тешки метали во воздухот** од авторите **д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев**, пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје....................60-70

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Мирјана Пехчевска Поп Илиева, Тања Филиповска, Александра Црногорска, Јетон Зука, Билјана Велковска, Лидија Ѓокиќ, Марина Павловска, Бистра Георгиева)**....................71-72

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(помл. ас. д-р Ѓорѓи Трајковски)**....................73-76

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Позитивните обврски за Република Македонија од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи во однос на правото на живот и третманот на фетусот**, изработена од **м-р Марија Миленковска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................77-85

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Климент Бабушковски, Ванчо Милошевски, Сашко Димевски, Мирела Ибраими, Стефан Пановски, Енвер Беќири, Елена Димитровска, Николина Ѓорчевска, Фроска Смилкова, Катерина Марангу, Сања Ташева, Лидија Ристовска, Даниела Смилковска, Елена Макаровска, Весна Миниќ, Сретен Лутовац, Климентина Спасовска, Емилија Симоновска Јаначковска, Елена Апостолоска, Душан Грујовски, Боби Митревски, нагиб Авдија)**....................86-88

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Утврдување на вредноста на недвижниот имот-предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија**, изработена од **м-р Васе Доневски**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....................89-94

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Иван Поп Тонев, Виктор Анастасов, Горги Душков)**....................95

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите: турски јазик со култура на изразувањето, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик, методика на наставата по турски јазик, за групата одделенска настава на турски наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание на турски наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Хулија Скука)**....................96-108

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА
1. Рецензија на докторската дисертација **Квалитетот на услугата и процесот за унапредување на перформансите во македонската хотелска индустрија: од перспектива на туристи и хотелски менаџери**, изработена од **м-р Коста Котески**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје....................109-112

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
1. Реферат за избор на асистенти по предметот анестезија, реанимација и интензивно лекување на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Андријан Карталов, д-р Љупчо Допев, д-р Анита Кокарева, д-р Марина Темелковска Стефановска, д-р Анита Арсовска, д-р Елвис Алексовски, д-р Весна Дурнев, д-р Годрана Талеска, д-р Александра Петрушева Пановска, д-р Маја Манова, д-р Марија Јовановска Срцева)**....................113-132

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
1. Рецензија на докторската дисертација **Влијание на методите на верификацијата врз полифенолниот состав и квалитетот кај црвените вина**, изработена од **м-р Даниела Раичевиќ**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје......133-136

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
1. Дополнение кон Рефератот за избор во звањето редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Татјана Гочкова-Стојановска)**....................137-139

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ
1. Рецензија на докторската дисертација **Ефекти од либерализацијата на надворешно-трговската политика на Република Македонија**, изработена од **м-р Гордана Тошева**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....................140-146

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА
1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Трајче Кацаров)**....................167

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области: теорија на социјална работа, методика на социјална работа, системи на социјална заштита, социјална политика, социјална работа и социјален развој (сиромаштво и социјална исклученост) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Светлана Трбојевиќ)**..168-181

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
1. Рефератот за избор во звањето редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Лидија Аризанковска)**....................182-207

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**


1. Реферат за избор во наставно-научно звање редовен професор во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**д-р Петар Атанасов**)....................208-215
2. Рецензија на докторската дисертација **Насилството врз жената во Република Македонија,** изработена од **м-р Мимоза Бакиевска,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје....................216-221
3. Реферат за избор во наставно-научно звање доцент во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**д-р Маријана Марковиќ**)....................222-229

9

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ИНФЕКТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со решение на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, донесен на неговата VII редовна седница одржана на 18.11.2010 година, формирана е рецензентска комисија за избор на еден редовен професор по предметот инфектологија, во состав:

1. проф.д-р Љубомир Ивановски
2. проф.д-р Звонко Миленковиќ
3. проф.д-р Климент Каровски
4. проф.д-р Димитар Димитриев
5. проф.д-р Милена Петровска

На распишаниот конкурс во весникот „Дневник" од 29.10.2010 год., за реизбор на наставници, научни работници и соработници на Медицинскиот факултет, за избор на редовен професор по предметот инфектологија се пријави кандидатката во.проф.д-р Виолете Груневска, вработена на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби. По разгледувањето на документацијата, рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Вон.проф.д-р Виолете Груневска е родена во Битола, на 11.3.1955 година. Основното образование го започнала во Куманово, а понатамошното школување го продолжила во Скопје, каде што завршила и гимназија во 1973 година. Медицинскиот факултет во Скопје го завршила на 16.10.1979 година.

Од 1981 година е вработена како лекар на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, каде што ја започнала специјализацијата по инфектологија која ја завршила на 30.12.1985 година.

Во 1988 година е избрана за асистент на Катедрата за Инфектологија, а реизбрана е во 1992 и 1996 година. По одбраната на докторската дисертација во 1999 година, под наслов: „Хепатитис Ц вирусна инфекција – зачестеност и асоцираност со вирусите на хепатитис Б и вирусот кој го предизвикува синдромот на стекната имунодефициенција кај ризична популација", избрана е за доцент по предметот инфектологија во 2001 година, а за вонреден професор во 2006.

Со формирањето на Одделението за дијагноза и лекување на ХИВ инфекцијата при Клиниката од 1999 година е назначена за негов раководител. Од март 2005 до ноември 2005 година ја вршела

функцијата в.д. директор на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

**Наставно-образовна дејност**

Вонр.проф.д-р Виолете Груневска во рамките на Катедрата за инфектологија активно земала учество во спроведувањето на практичните вежби и предавања за студентитте по медицина и стоматологија, како и на високата школа при Медицинскиот факултет во Скопје. Одговорен наставник е по предметот Здравствена нега во радиологијата при катедрите (инфектологија, интерна медицина и хирургија) на Медицинскиот факултет. Одржувала предавања на изборен наставен предмет за ХИВ/СИДА, за студентите по општа медицина при Медицинскиот факултет, Скопје. Наставата ја изведува исполнително со соодверно педагошко, научно и стручно ниво. Во нејзините редовни активности се вбројуваат и подготовките за предавања, редовно одржување на наставата и испитите на студентите. Со евалуација на студентите спроведена од страна на Деканатот на Медицинскиот факултет, вонр.проф.д-р Виолета Груневска е оценета си висока оценка. Учествува во повеќе рецензентски комисии за магистериуми, специјалистички и дипломски работи, а била рецензент на книгата на проф.д-р З. Миленковиќ „Антимикробна терапија-клинички аспекти".

Како ментор на семинарски трудови во склоп на специјализацијата, дипломски работи и студентски теми била ангажирана во повеќе наврати.

Коавтор е на учебникот „Инфектологија" за студенти по медицина, во повеќе поглавја и како коавтор на Практикум за стоматолози.

**Научноистражувачка дејност**

Резултат на работата на стручен и научен план се над 95 труда, презентирани на конгреси со меѓународно учество, семинари и стручни состаноци во земјата и во странство, од кои 75 се веќе рецензирани. Учествувала на пленарни предавања и на научно/стручни состаноци и конгреси со меѓународно учество.

Учествувала во изготвување на неколку научниистражувачки проекти: СПЕЦИФИЧНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ РИЗИЦИ КАЈ ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ – ИНФЕКТИВНИ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ШТЕТНОСТИ 40116101/0 при Ј.З.О „Здравствен дом" – Скопје, Институт за медицина на трудот, 2004 година. Учествувала во студиите од Хофман ЛаРош: МВ 22009 (2009), МВ 21012 (2009), МЛ 22255 (2010), МВ 22255 (2010), МВ 22009 (2010).

**Стручно-апликативна дејност**

Вонр.проф.д-р Виолета Груневска, по завршувањето на специјализацијата, работела како лекар на Одделот за инфекции на цревниот дроб кај возрасни, за што покажала особен интерес и ги

збогатила своите познавања следејќи ги поновите достигнувања од хепатологијата и можностите за нивна примена. Посебно се занимава со проблемот на ХИВ-инфекциите, за што е ценет и чест предавач. Била национален координатор и председател на Комисијата за превенција, следење и предлагање мерки за заштита од ХИВ-инфекции на населението во Р. Македонија, член на Комисијата за заштита од заразни заболувања при Министерството за здравство, член на Градското координативно тело за намалување на штетите од дрога и член на Техничката тематска група при СЗО (хуманитарна помош) со седиште во Скопје.

Во 2003 година е избрана за председател на Здружението на инфектолозите на Македони9ја. Оваа функција ја вршела во наредните 4 години со организирање на повеќе тематски состаноци од областа на ХИВ инфекција и хепатитис. Била председател на научниот одбор на III конгрес на инфектолозите со меѓународно учество. Член е на Интернационалното здружение на инфектолозите и на Интернационалното здружение на лекари кои работат со пациенти со ХИВ/СИДА и туберколоза во времето на неговото формирање. Сега е член на Националниот Координативен механизам (Лекарска комора). Член е на Одборот за меѓународна соработка при Медицинскиот факултет во Скопје, како и председател на Етичката комисија при Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

Учесник е на повеќе конгреси во земјата и во странство и тоа: 12. интернационален конгрес на инфетолозите во Лисабон, 2006; Работилницата „Workshop on Ethical Approach of Biomedical Research " Bucharest, 04-05 May 2006, CEE hepatitis meeting, Пула, 2006; обуката „Контрола на туберколозата на Р. Македонија" 2006 година; III конгрес на микробиолозите на Р. Македонија, 2006 година; III конгрес на инфектолозите на Р. Македонија, 2007 година; „Prophesys academy" Investigator Meeting 22-23 June 2007; 13. интернационален конгрес на инфектолозите во Куала Лумпур одржан 2008 година; 6. Конгрес со интернационално учество на Хрватска 2009 и 14. интернационален конгрес за инфективни болести, Мајами, САД, 2010. Предавач е на повеќе стручни состаноци: редовен стручен состанок на инфектолозите на Р. Македонија за хепатитис Б и хепатитис Ц, 2007, ХИВ, 2007; стручен состанок за ХИВ 2009 година и хепатитис вироза Ц, 2010 година; ЈЗУ Здравствен дом „Железничар". Учесник е на работилницата за испитувачи на специјалистичкиот испит за семејна медицина, 12-13.6.2010 година.

Го координирала Националниот протокол за третман и згрижување на лица со ХИВ/СИДА во Република Македонија, 2005, Министерство за здравство и Глобален фонд, 2005. Коавтор е на Прирачникот за психосоцијална поддршка на лица кои живеат со ХИВ/СИДА, Министерство за здравство и Глобален фонд, 2005, како и на Прирачникот за превенција на професионална експозиција на крвно-преносливи причинители, 2009. Во текот на 2000 година ја подготвила и

брошурата „ХИВ/СИДА – прашања и одговори" наменета за општата популација.

Како резултат на досегашната стручно-научна активност доделени се следниве признанија: Благодарница од Црвен крст, општина Карпош (1995), Плакета од МЛД за значаен придонес во остварувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво (2004), Благодарница од Македонското лекарско друштво по повод 60 години од формирањето на МЛД и Уверение за примариус (2006).

Дисега се рецензирани трудови (1-75) за избор на асистент, доцент и вонреден професор, објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 494/1987, 556/1992, 653/1996, 768/2000 и 894/2006 година.

**МИСЛЕЊЕ И ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на вкупната работа на вонр.проф.д-р Виолета Груневска, Рецензентската комисија констатира дека во изминатиот период, како лекар и наставник, покажа континуитет во стручното и научното издигање, како и во пренесувањето на своето знаење и искуство на студентитте, специјализантите и колегите. Со својата активност на стручен план дала придонес за натамошниот развој на инфектологијата.

**ПРЕДЛОГ**

Анализирајќи го доставениот материјал за кандифатката, како и од личното познавање и ценејќи ја нејзината стручно-научна активност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет: проф.д-р Виолета Груневска, да биде избрана и промовирана во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР на Медицинскиот факултет во Скопје.

***РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА***

Проф.д-р Љубомир Ивановски, с.р. _______________

Проф.д-р Звонко Миленковиќ, с.р. _______________

Проф.д-р Климент Каровски, с.р. _______________

Проф.д-р Димитар Димитриев, с.р. _______________

Проф.д-р Милена Петровска, с.р. _______________

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **ГРУНЕВСКА АСЕН ВИОЛЕТА**
Институција: Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби
Научна област: Инфектологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВАНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одрж. настава од прв циклус студии | 5 |
| 2 | Одрж. настава од втор циклус студии | 0,1 |
| 3 | Учесник во работилници | 1 |
| 4 | Одржување на вежби 5X97X0,03 | 14,55 |
| 5 | Консултации со студенти 5X200X0,002 | 2 |
| 6 | Ментор на спец. Работа 6x1 | 6 |
| 7 | Член на комисија за оцена/одбрана на магистратура 7X0,3 | 2,4 |
| 8 | Член на комисија на спец. работа 5X0,2 | 1 |
| 9 | Член на комисија на дипл. работа 3X0,1 | 0,3 |
| 10 | Позитивно рецензиран учебник-коавтор | 6 |
| 11 | Позитивно рецензиран практикум-коавтор | 3 |
| 12 | Рецензент на учебник за средно образование | 0,5 |
| | **Вкупно** | **41,85** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учесник на меѓународен научен проект 5x5<br>МБ 22009 (2009),<br>МБ 21012 (2009),<br>МЛ 22255 (2010),<br>МБ 22255 (2010),<br>МБ 22009 (2010), | 25 |
| 2 | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови (in extenso) 4x2<br><br>1. ИМУНОЛОГИЈА И СИДА,<br>**В. Груневска**<br>II ЦИКЛУС НА Ф.Е.Е.А.<br>Интензивно лекување, итна медицина, крв и трансфузија на крв, Дојран, 2007; 136-143<br><br>2. Evaluation of some factors before starting treatment with peginterferon alfa-2a (40 kd) plus ribavirin in drug users with | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | chronic hepatitis c in the Republic of Macedonia<br><br>**V. Grunevska**, Lj. Ivanovski, C. Naseska, M. Gasheva, B. Boshevski, M. Dimzova, Abstract book, Shibenik, Croatia, 2009:51-52 Clinic of Infectious Diseases and Febrile States, 'SS. Cyril and Methodius' University, Skopje, Republic of Macedonia 6th Croatian Congress on Infectious Diseases with international participation (under the auspices of Croatian Academy of Sciences and Arts)<br><br>3. Националниот протокол за третман и згрижување на лицата со ХИВ/СИДА во Р. Македонија, подржано од Министерство за здравство и Глобален фонд, 2005 година.<br><br>**В. Груневска (координатор)**, О. Муратовска, М. Вчкова, С. Талески, Ж. Караџовски, Д. Тантуровски<br><br>4. Treatment of hepatitis C in haemodialysis patients with pegylated interferon alfa 2a as monotherapy<br><br>A.Sikole, N. Selja, M. Gaseva, I. Nikolov, M. Zabznus, Vili Amitov, S. Mena, **V. Grunevska**, Lj. Ivanovski, M. Polenakovic; Renal Failure 29: 961 – 966, , 2007 Informa Healthcare | |
| 3 | Пленарно предавање на научен/стручен собир 5x2 | 10 |
| 4 | Секциско предавање на научен/стручен собир 4x1 | 4 |
| 5 | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер) 4x1 | 4 |
| 6 | Коавтор на апстракт, печатен во зборник на апстракти 8x0,6=4,8 и 1x0,8=0,8 | 5,6 |
| | **Вкупно** | **56,6** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред.бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Поглавје во книга 8x3<br>Глава 9.3 антиретровирусна терапија (112-120); | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | Глава 43,44,45 Инфекции со стрептококи и ентерококи, Скарлатина, Постстрептококен синдром (262-271);<br>Глава 74, 75 Листериоза, Дифтерија (356-361);<br>Глава 81,82 Ретровирусни инфекции, ХИВ-СИДА (415-436) | |

**Дејности од поширок интерес**

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Председател на научниот одбор на III конгрес на инфектолози на Македонија со интернационално учество | 1 |
| 2 | Награда за научни достигнувања од струкова организација (Благодарница од МЛД) | 3 |
| 3 | Член на факултетски комисии 2x0,5 | 1 |
| 4 | Член на комисии за избор во звање 5x2 | 1 |
| 5 | Координатор за предметот „Здравствена нега" за радиолошки технолози | 1 |
| 6 | Учество во изработка на национална програма Национална ХИВ/СИДА стратегија 2007-2011 | 3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **34** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИФАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 41,85 |
| НАСТАВНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 56,6 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 34 |
| ВКУПНО | 132,45 |

***РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА***

Проф.д-р Љубомир Ивановски, с.р. ______________

Проф.д-р Звонко Миленковиќ, с.р. ______________

Проф.д-р Климент Каровски, с.р. ______________

Проф.д-р Димитар Димитриев, с.р. ______________

Проф.д-р Милена Петровска, с.р. ______________

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на својата VII, редовна седница одржана на 18.11.2010 година, одреди Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) асистент по предметот оториноларингологија, во состав:

1. проф. д-р Владимир Ќаев
2. акад.проф. д-р Илија Филипче
3. проф. д-р Марина Давчева-Чакар.

На конкурсот објавен во весниците „Утрински весник" и „Коха" на 19.10.2010 година, за избор на 1 (еден) асистент по предметот оториноларингологија се јави кандидатот помл.ас. д-р Лирим Демири. По разгледувањето на приложената документација и врз основа на познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија го доставува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ
## БИОГРАФИЈА

Помл.ас.д-р Лирим Демири е роден 1977 година во Тетово, каде што завршил основно и средно образование. Во учебната 1996/97 година се запишал ма Медицинскиот факултет во Тирана, а го завршил во 2002 година со просечна оценка 8,76. На Клиниката за уво, нос игрло се вработил во 2004 година, а во наредната 2005 година ја започнал специјализацијата по оториноларингологија која ја завршил на 2.6.2010 година. За помлад асистент на Катедрата за оториноларингологија е избран во 2007 година.

Научна активност: Активно учествувал во работата на Оториноларинголошката асоцијација на Македонското лекарско друштво, на I македонски ОРЛ- конгрес во 2005 и на II македонски ОРЛ-конгрес во 2007 година, во Охрид. Во моментов е на стручно усовшување на ОРЛ-клиниката „РЕБРО" , во Загреб.

Кандидатот има изработено 4 труда кои се рецензирани во Билтенот на универзитетот бр.938 од 2008 год.
Список на на трудови за рецензирање за асистент,

ИНТРАЛАРИНГЕАЛНИ И ЕКСТРАЛАРИНГЕАЛНИ ЛАРИНГОКЕЛИ

Г.Мицевски, В.Ќаев, И.Филипче, Ѓ.Оровчанец, Н.Николовски, Ј.Меловски, М.Николова, **Л.Демири**

Ларингокелите се ретки, бенигни дилатации на ларингеалниот сакулус кој може да се шири внатре во ларинксот, надвор да се шири преку тиреохиоидната мембрана или да биде мешана, комбинација од двете компоненти, интраларингеална и екстраларингеална ларингокела. Повеќето ларингокели можат да бидат асимптоматски, но може да се презентираат со засипнатост , кашлица стридор, болка и оток на вратот, еднострано или обострано. Компјутеризираната томографија е најефективен радиолошки метод за дијагноза на ларингокелите. Презентацијата се базира на сопствени опсервации со интраларингеална и екстраларингеална ларингокела.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на сеопфатната анализа во досието на кандидатот ас. д-р Лирим демири и постигнатите резултати на стручен, наставен и научен план, како и при изведувањето на практичната настава за студентите по медицина, стоматологија и логопедија и неговиот ангажман во едукацијата на лекарите коишто се на специјализација, Комисијата едногласно одлучи дека кандидатот помл.ас. д-р Лирим Демири целосно ги исполнува условите за избор во звањето асистент, предвидени во Законот за високото образование на Република Македонија и Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да го избере во звањето асистент на Катедрата за оториноларингологија .

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. проф. д-р Владимир Ќаев с.р.
2. акад.проф. д-р Илија Филипче с.р.
3. проф. д-р Марина Давчева-Чакар с.р.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОСНОВИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИКАТА НА
ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница одржана на 22.XII 2010 година, со одлуката број 02-3617/6 од 22. XII 2010, нѐ одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во наставно-научната област основи на електротехниката. По прегледот и врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 23.XI 2010 година се пријави кандидатката д-р Марија Кацарска, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје по предметите од областа основи на електротехниката.

## 1. Биографски податоци и образование

Д-р Марија Кацарска е родена на 16.VI 1954 година во Скопје, Р. Македонија. Основно училиште и гимназија завршила во Скопје. Дипломирала на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроника, во февруари 1978 година. Во 1988 година го одбранила магистерскиот труд „Ефикасни методи за анализа на дигитални филтри во фреквентен домен", со што се стекнала со звањето магистер на електротехнички науки. Докторската дисертација со наслов, „Ефикасен алгоритам за анализа на дигитални филтри" ја одбранила во 1998 на Електротехничкиот факултет во Скопје, со што се стекнала со звањето доктор на технички науки. Во октомври 1978 година таа е примена како соработник на предметите од наставно-научната област основи на електротехниката при Електротехничкиот факултет како помлад асистент, а преизбрана е во истото звање во 1982 година. Во 1988 година таа е избрана во звањето асистент, а до 2000 година повеќе пати е преизбрана во истото звање. За наставник во звањето доцент е избрана во 2001 година, а за вонреден професор во 2006 година.

## 2. Наставно-образовна дејност

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Марија Кацарска била ангажирана во изведувањето на наставата и вежбите по предметите основи на електротехниката 1 и 2 на студиите од прв циклус. Во рамките на овие фундаментални целосно оформени курсеви, таа пронашла начин, преку современите методи за реализација на настава и во согласност со новите трендови на болоњскиот процес, да внесе свој личен акцент во едукативниот процес низ предностите на информатичката технологија. Од учебната 2005/2006 година ги држи и предавањата по предметот логички кола и дискретни автомати. За секој од предметите има подготвено интерни материјали за студентите, а за предметот основи на електротехниката 2 и интерна скрипта за вежби. За потребите на наставата на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" држела предавања по предметот електротехника. Должни сме посебно да нагласиме дека во целата своја дејност како наставник и асистент, д-р Марија Кацарска работи на предмети со максимален број часови и со огромен број студенти, за чие успешно спроведување е потребен исклучителен напор. Со голем ентузијазам и континуиран исклучителен напор, успешно ги извршува сите задолженија. Кандидатката солидно го владее англискиот јазик, а се служи и со францускиот јазик.

На магистерските студии од втор циклус, на модулот електрична енергија и животна средина, кандидатката била вклучена во оформувањето на курсевите „Регулатива во екологијата" и „Штетни влијанија врз здравјето и заштита" за кои има подготвено интерни материјали за учење.

## 5. Стручно-апликативна дејност

Стручно-апликативната дејност на д-р Марија Кацарска по изборот во звањето вонреден професор се одвивала на неколку полиња. Во рамките на активностите на Факултетот за електротехника и информациски технологии од 2008 година е раководител на лабораторијата по основи на електротехниката и член е на повеќе факултетски комисии (Комисија за самоевалуација од 2007 до 2011, Комисија за изработка на ценовник на услугите што ги дава ФЕИТ во 2007, Комисија за изработка на проект ORIO во 2009) и на комисии за избор во звање.

Во изминатиов период кандидатката активно учествувала во подготвувањето на шест меѓународни проекти во рамките на програмите FP6, ТЕМПУС и СЕКО. Остварила 6 куси студиски престои до 1 месец на реномирани универзитети во земји - членки на Европската унија и покрај рецензент на трудови пријавени за домашни и меѓународни конференции била и член на организациските одбори на меѓународните конференции WMSCI 2008 и PES 2011.

Д-р Марија Кацарска е член на меѓународните здруженија IEEE и IASTED и на Студискиот комитет С3 - Електромагнетни влијанија на Македонскиот комитет на СИГРЕ.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Следејќи ја наставно-образовната, научноистражувачката и стручната дејност на кандидатката, и цепејќи ги покажаните резултати, може да се заклучи дека д-р Марија Кацарска во периодот од изборот во наставното звање вонреден професор остварила богата активност во сите три дејности и постигнала значајни резултати.

Од наставно-педагошки аспект, кандидатката продолжила да се докажува како квалитетен наставник, успешно и професионално ги извршувала своите обврски во однос на предавањата, вежбите и консултациите со студентите. Во презентирањето на наставните содржини се докажала како квалитетен педагог, со коректен однос кон студентите, што е високо оценето од колегите и од самите студенти. Учествувала во иновирањето на наставата во фундаменталните предмети и воведувањето на нови наставни содржини за магистерските студии од втор циклус.

Во поглед на научноистражувачката работа, кандидатката се потврдува како успешен и активен самостоен научен истражувач со досега објавени 72 труда, од кои најголем дел се презентирани во странство, а на 35 од нив се појавува како прв автор. Само во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Марија Кацарска била автор или коавтор на 24 труда и учествувала во 12 меѓународни и еден национален научноистражувачки проект. Д-р Марија Кацарска со своето активно учество успешно ги следи и дава придонес во научните достигнувања од областа на нејзината научноистражувачка работа.

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на податоците дадени во прилог кон овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека д-р Марија Кацарска во целост ги исполнува условите за избор во звањето во кое конкурира, пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја донесе предлог-одлука за избор на д-р Марија Кацарска во наставно-научното звање редовен професор по предметите од областа основи на електротехниката, како и да ја проследи до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на усвојување.

Рецензентска комисија

1. Акад. проф. д-р Леонид Грчев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Никола Чекреџи, член, с.р.
3. Проф. д-р Велимир Филипоски, член, с.р.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | **Настава во летни школи и работилници** | | 1,5 |
| | - раководител, работилница „Бизнис модели за дистрибуирано производство на електрична енергија", ФЕИТ, јуни 2009 | 1,5 | |
| 6 | Ментор на дипломска работа (2) | | 0,4 |
| 7 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (2) | | 0,2 |
| 8 | Интерна скрипта од вежби – Основи на електротехниката 2 | | 3 |
| 9 | Пакет материјали за одреден предмет – основи на електротехниката 1 и основи на електротехниката 2, логички кола и дискретни автомати | | 3 |
| 10 | Product and Environment, 2008 (коавтор, предавања подготвени во рамките на ТЕМПУС проект EIDOPC) http://www.ecoinformatics.ukim.edu.mk | | 3 |
| 11 | Бизнис модели за дистрибуирано производство на електрична енергија, 2009 (предавања подготвени во рамките на ТЕМПУС - проект SEECEN) http://www.seecen.org | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | *95,32* |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | | Поени |
|---|---|---|---|
| 1 | **Учесник во меѓународен научен проект** | | **60** |
| | - TRABOREMA - Concepts for integrated trans-boundary water management and sustainable socio-economic,development in the cross-border region of Albania, Former Yugoslav Republic of Macedonia (FYROM) and Greece, Contract No FP6-INCO-CT-2004-509177, раководител: Властимир Гламочанин, 2004-2007. | 5 | |
| | - VBPC RES - Virtual Balkan Power Centre for Advance of Renewable Energy Sources in Western Balkans, Contract No FP6-INCO-CT-2004-509205, раководител: Властимир Гламочанин, 2005-2008. | 5 | |
| | - Modelisation electromagnetique en architecture parallele des phenomenes transitiores, ECONET 12543RM, Joint Macedonian-Croatian-French Project, раководител: Леонид Грчев, 2006. | 5 | |
| | - SAFE EMF - Upgrading the Research Capacities for Safety and Health Effects of Hyman Exposure to Electromagnetic Fields, Contract No FP6-INCO-CT-2007-043638, раководител: Леонид Грчев, 2007-2009. | 5 | |
| | - Научноистражувачки проект финансиски поддржан од СЕКО-Швајцарија „Ефикасна дистрибуција на енергија, Компонента III - Енергетска ефикасност-втор дел", раководител: Властимир Гламочанин, 2007. | 5 | |
| | - SEECEN - South East Europe Continuing Education Network, Contract No TEMPUS CD_JEP 41154-2006 (AL,BA,MK,RS), раководител: Властимир Гламочанин, 2007-2009. | 5 | |
| | - EIDOPC - Ecosystem Informatics – Development of Postgraduate Curriculum, Contract No TEMPUS CD_JEP 41038-2006, раководител: Коста Митрески, 2007-2009. | 5 | |
| | - ELISE – University Network for Academic Training in EE&IT in South-Eastern Europe (SEE), Joint German-South-Eastern European Network Project, DAAD, Germany, раководител: Леонид Грчев, 2009. | 5 | |
| | - Билатерален македонско-кинески научноистражувачки проект „Large-scale modeling for safety and quality in future efficient power systems using parallel computing techniques", раководител: Леонид Грчев, 2007-2009. | 5 | |
| | - Билатерален македонско-словенечки научноистражувачки проект „Knowledge discovery for ecological modeling of lake ecosystems", раководител: Коста Митрески, 2007-2009. | 5 | |
| | - Билатерален француско-македонски научноистражувачки проект „Rayonnement des courants porteurs en milieu domestique", раководител: Весна Арнаутовски-Тошева, 2008-2010. | 5 | |
| | - ICT-WEB-PROMS - Promoting ICT cooperation opportunities and policy dialogue with the Western Balkan countries, FP7 ICT program, раководител: Анета Бучковска, 2009-2011. | 5 | |
| 2 | **Учесник во национален научен проект** | | **3** |
| | - Развојно-истражувачки проект софинансиран од МОН „Развој на микропроцесорски поддржани системи за одржување и модернизација на машини за печатарска индустрија", раководител: Снежана Чундева, 2007. | 3 | |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | 4.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | стандардите и легислативата на Р. Македонија со стандардите на ЕУ за ограничување на изложеноста на електромагнетните полиња", Шесто Советување на Мако Сигре, Охрид, 4-6 октомври 2009, С3-5R. | |
| | [66] **М. Кацарска**, Л. Грчев, С. Петкоски, В. Арнаутовски-Тошева: „Нови истражувачки можности за проценка и идентификација на електромагнетна изложеност на Центарот за електромагнетна компатибилност при ФЕИТ-Скопје", Шесто Советување на Мако Сигре, Охрид, 4-6 октомври 2009, С3-6R. | 1,2 |
| | [67] Л. Грчев, **М. Кацарска**, С. Петкоски, Љ. Карајановски, В. Арнаутовски-Тошева, „Мерење на електромагнетното зрачење од базни станици во урбани средини", IX национална конференција ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, септември 2009, Р1-13. | 1,2 |
| | [68] **М. Кацарска**, С. Велева, С. Деловски, „Примена на SCADA во EEC", IX национална конференција ЕТАИ 2009. Охрид, Македонија, септември 2009, А3-2. | 1,6 |
| | [69] С. Величковиќ, **М. Кацарска**, В. Гламочанин, „Креирање на EEC за потребите на диспечерски тренинг симулатор", Петто советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, Македонија, октомври 2007, С1-04г. | 1,6 |
| | [70] С. Велева, Е. Трпевска, **М. Кацарска**, „SCADA-компонента на диспечерски тренинг симулатор", Петто советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, Македонија, октомври 2007, С1-03г | 1,6 |
| | [71] **М. Кацарска**, С. Велева, С. Деловски, „Контрола на врвните оптоварувања во индустриски погони со PLCMaxi", Петто советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, Македонија, октомври 2007, С1-11г. | 1,6 |
| | [72] А. Кацарска, **М. Кацарска**, „VoIP versus traditional telephony, cases in Macedonia and Sweden", Осма конференција ЕТАИ 2007, Охрид, Македонија, септември 2007, Т1-5. | 1,8 |
| 7 | **Учество на научен/стручен собир со реферат (6)** | **6** |
| | **ВКУПНО** | ***111,6*** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

**Дејности од поширок интерес**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - соработник (TRABOREMA, SAFE EMF, SEECEN, ИНТЕГРАФМ, Енергетска ефикасност, SIEN 511220-TEMPUS-1-2010-1-GR-TEMPUS-JPHES) | 6 =6*1 |
| 2 | Студиски престој во странство - до три месеци (6 престои): Aristotle University of Thessaloniki, Грција, во март 2008; Escola Superior de Comerç Internacional (ESCI-UPF), Barcelona, Шпанија, во мај 2008 и во септември 2008; Université Blaise Pascal - LASMEA, Clermont Ferrand, Франција, во јуни 2007, во јули 2008 и во февруари 2009. | 3 =6*0,5 |
| 3 | Раководител на внатрешна организациска единица - раководител на лабораторија по основи на електротехниката од 2008 год. | 3 |
| 4 | Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: The 12th World Multy-Conference on Systemics, Cybernetics and Informatics -WMSCI 2008; 10th International Conference on Applied Electromagnetics-PES 2011 | 2 =2*1 |
| 5 | Член на факултетска комисија (3) | 1,5 =3*0,5 |
| 6 | Член на комисија за избор во звање (Арнаутовски-Тошева, Марковски) | 0,4 |
| | **ВКУПНО** | ***15,9*** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | *95,32* |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | *111,60* |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | *15,90* |
| | **222,82** |

Членови на Комисијата

1. Акад. проф. д-р Леонид Грчев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Никола Чекреџи, член, с.р
3. Проф. д-р Велимир Филипоски, член, с.р

# П Р Е Г Л Е Д
## на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 369. седница на Наставно – научниот совет одржана на 29.12.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | **Катерина Иванова, дипл.град.инж.** | **Методи за анализа на хоризонтална крутост кај челични рамки** | проф. д-р Петар Цветановски |
| 2 | **Васко Стојов, дипл.град.инж.** | **Климатски и антропогени влијанија врз водните резерви на тектонските езера** | проф. д-р Цветанка Поповска |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 140, став 2 од Законот за високото образование, член 33 од статутот на Медицинскиот факултет и членовите 30-37 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата VII редовна седница одржана на 18.11. 2010 година, формира Рецензентска комисија за преизбор на 1 помлад асистент по предметот хистологија и ембриологија во состав:

1. проф. Д-р Лилјана Миленкова
2. проф. Д-р Грацилија Кироска
3. доц. Д-р Елида Митевска

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 19.10.2010 година за преизбор во звањето помлад асистент, се пријави кандидатката **д-р Ирена Петрова**.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на пријавата и поднесената документација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Ирена Петрова (моминско Стефаноска) е родена во Скопје, на 26.9.1981 година. Средно насочено образование – здравствена насока завршила во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 2000/2001 година, а дипломирала во декември 2006 година со просечен успех 8,6. Во текот на студиите била активист во работата на Студентската организација на Медицински факултет и учествувала во организирањето на 2 студентски конгреса и во интернационалната студентска делегација од Факултетот. Активно го владее англискиот јазик.

Од март 2007 година, со договор за дело, кандидатката е примена на Институтот за хистологија и ембриологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Кандидатката првенствено била ангажирана во запознавање со техниката на хистолошката лабораториска дејност, а по совладувањето на оваа дејност, од септември 2007 година добила задачи во доменот на воведувањето на нови хистолошки техники нужни за наставната и истражувачката дејност на Институтот. По изборот за помлад асистент во април 2008 година, кандидатката се вклучува и во наставната дејност на Институтот, најнапред во подготовката на наставните материјали за вежби и во активностите околу подготовката и изведувањето на испитите. Од зимскиот семестар на учебната 2008/09 година презема

активно учество во изведувањето на вежбите со студентите по медицина и студентите по стоматологија, по предметите: морфологија и физиологија на клетка и хистологија и ембриологија (1) и (2). Врз основа на увидот во процесот на изведувањето на вежбите, соработката и консултациите со студентите (кој по должност го имал раководителот на Катедрата), истакнуваме дека д-р Ирена Петрова со висок квалитет ги извршува своите наставни активности и постојано ги надградува своите педагошки квалитети. Потврда за тоа е и нејзиното истакнување како исклучително успешен асистент во изминатите 2 семестра, според евалуацијата направена од студентите по медицина.

Од јануари 2009 година, по обуката во матичниот институт, д-р Ирена Петрова се вклучи активно и во здравствената дејност на Институтот за хистологија и ембриологија, секојдневно работејќи во лабораторијата за анализа на хуманиот ејакулат. Нејзиниот особен интерес е воведувањето на дополнителни цитолошки анализи во склоп на изработката на спермограмот.

Во декември 2007 година кандидатката се запишала на постдипломските студии по медицина, од областа хистологија и ембриологија, на Медицинскиот факултет во Скопје. Ги има положено сите предвидени испити од наставната програма и е во тек пријавувањето на темата за магистерскиот труд.

Во почетокот на 2008 година кандидатката беше вклучена во пообемната студија за влијанието на имуносупресивните медикаменти врз хистолошката структура на органите од имуниот систем, од каде што произлезе и следниов научен труд:

КОМПАРАТИВНА МОРФОМЕТРИСКА АНАЛИЗА НА ЕФЕКТИТЕ НА РАЗЛИЧНИ ДОЗИ НА ДЕКСАМЕТАЗОН ВРЗ МЕЗЕНТЕРИЧНИТЕ ЛИМФНИ ЈАЗЛИ

Герасимовска З., Митевска Е., Трајков Д., Кироска Г., Костовска Н., Стефаноска И.,

Maced J Med Sci 2008; 1(Suppl. 1):S1-S58; 5th Balkan Congress of Immunology; June 2008, Ohrid

Цел на истражувањето била да се утврди влијанието на дексаметазонот врз функцијата на лимфните јазли, проценета преку структурните карактеристики на жлездата, и да се утврди зависноста на евентуалните структурни промени од дозата на применетиот медикамент.

Експериментот бил изведен на три групи од по 36 адултни женски вистар-стаорци, траел 7 дена, а се состоел во секојдневно интрамускулно администрирање на: (1) терапевтска доза дексаметазон (0,6 мг/кг/т.е.) на првата експериментална група, (2) максимално дозволена доза (3 мг/кг/т.т.) на втората експериментална група, а (3) физиолошки раствор на групата која служела како контролна. По истекот на третманот, мезентеричните лимфни јазли биле хистолошки обработени, обоени по Х&Е, еластика Ван-Гизон и по Масон-Голднер и квалитативно и квантитативно (морфометриски) анализирани со светлосен микроскоп.

Кај обете експериментални групи (во споредба со контролата) биле утврдени значајни промени во структурата на лимфните јазли со обем

правопропорционално зависен од дозата на администрираниот медикамент. Опишана е значајната редукција на дебелината на кортексот и паракортексот, значајна редукција на целуларниот дензитет во лимфните синуси, значајно намалување на дијаметарот на лимфните фоликули и значајно намалување на дијаметарот на герминативните центри кај првата, а наполно губење на герминативни центри кај втората експериментална група. Авторите заклучуваат дека дексаметазонот го изразил своето имуносупресивно дејство предизвикувајќи атрофија на мезентеричните лимфни жлезди.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на ангажираноста, ентузијазмот, вклопеноста во тимската работа и нагласениот интерес за педагошка дејност, како и успешното вклопување во севкупната досегашна активност на работното место, Рецензентската комисија смета дека кандидатката ги исполнува условите предвидени за преизбор во звањето помлад асистент и има чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да му предложи д-р Ирена Петрова да биде преизбрана во звањето помлад асистент по предметот хистологија и ембриологија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Лилјана Миленкова с.р.

Проф. д-р Грацилија Кироска с.р.

Доц. д-р Елида Митевска с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО АНАЛИТИКА НА ЛЕКОВИ" , ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА И ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр. 02/634/12 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата X седница одржана на 18. 10 2010, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практикум за вежби по аналитика на лекови", напишан од наставен кадар на Катедрата за аналитика на лекови, и тоа: проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, м-р фарм. сци Катерина Брезовска и м-р фарм. Јелена Ацевска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Шутуркова и проф. д-р Катерина Горачинова, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, содржи 144 страници А4-формат, со бројни прописи, монографии, спецификации за квалитет, табели, хемиски формули, хемиски реакции и задачи во 15 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите од студиската програма магистер по фармација. Методските единици се напишани на кирилица, секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот аналитика на лекови. Авторите ја изнесуваат материјата едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот на секоја тематска единица е даден кус вовед кој го нагласува теоретското и практичното значење на секој проблем кој се анализира и решава во текот на практичната работа. За таа цел се користат хемиски формули, хемиски равенки, табели и математички формули.

Постапките за определување на различни физичко-хемиски и фармацевтско-технолошки параметри се детално опишани, разбирливи и прегледни за работа. На крајот од секоја тематска единица, резултатите што студентот со самостојно работење ги добива, се внесуваат на предвиденото место во облик на сертификат за квалитет. На одредени и за тоа предвидени места во Практикумот е оставен простор за внесување на пресметки и хемиски реакции, кои помагаат во донесувањето на неопходните заклучоци и толкувањето на податоците добиени со практичната работа. Резултатите од практичната работа, задачите и донесените заклучоци, на крајот од секоја вежба, се верифицираат од страна на одговорниот асистент.

Според авторите, Практикумот има двојна намена, истовремено се користи како учебно помагало и како дневник за работа што го олеснува совладувањето на методските единици.

Практикумот за практичната настава по аналитика на лекови опфаќа 15 методски единици, во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со теоретската и практичната наставна програма.

На почеток од Практикумот е опфатен воведен дел, каде што се објаснети дефинициите за фармакопеја, монографија на хемиска супстанција, спецификација за квалитет на активна супстанција и готов фармацевтски производ, сертификат за квалитет, интернационалната конференција за хармонизација на техничките барања за регистрација на фармацевтски перепарати за хумана употреба, фармацевтски дозирани форми според Европската фармакопеја и акредитација на лаборатории според стандардот ISO/IEC 17025.

Првата вежба се однесува на монографија за прочистена вода според Европската фармакопеја. Во вежбата студентите се запознаваат со определување на параметрите за контрола на квалитет на вода, доколку се користи за изработка на фармацевтски препарати или како растворувач.

Втората вежба се однесува на монографија за квалитет на алкохол според Европската фармакопеја, преку која студентите се стекнуваат со знаења за контрола на квалитет за растворувачи и резидуални растворувачи како онечистувања на фармацевтски производи.

Во третата вежба се обработуваат фармацевтските препарати за парентерална употреба, преку монографија за раствор за интравенска инфузија.

Во четвртата вежба се обработени барањата за квалитет за оромукозалните препарати претставени со спецификација за квалитет на раствор за уста и грло.

Преку петтата вежба студентот се запознава со параметрите за следење на квалитет на течности за перорална употреба преку обработка на спецификацијата за квалитет на сируп од бел слез.

Шестата вежба се однесува на препарати за апликација во носна шуплина, чии параметри на квалитет се опфатени во спецификација за квалитет на капки за нос.

Со седмата вежба се дефинирани основите за спроведување на валидација на метод, според водичите на интернационалната конференција за хармонизација на техничките барања за регистрација на фармацевтски препарат за хумана употреба.

Осмата вежба претставува пример на спецификација за квалитет на препарат наменет за апликација во очи.

Во деветтата вежба се обработени барањата за квалитет на ректални препарати.

Следните пет вежби се однесуваат на параметрите за следење на квалитет за цврсти дозирани форми, каде што се обработени необложени, обложени, ефервесцентни, растворливи, диспензибилни, ородисперзибилни и гастрорезистентни таблети, како и таблети со модифицирано ослободување. Во рамките на овие тематски единици студентите изготвуваат спецификација на квалитет на активна супстанција и готов фармацевтски производ.

Последната вежба се однесува на дозираната форма капсули, при што студентот се запознава со параметрите за квалитет опфатени во спецификација на квалитет на капсули за перорална употреба.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот аналитика на лекови за студентите од студиската програма магистер по фармација. Во Практикумот за практична настава се приложени 15 обемни вежби кои по потреба можат да

се осовременуваат. Во изведувањето на вежбите е предвидено студентите да работат самостојно. Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој Практикум студентите од студиската програма магистер по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по аналитика на лекови.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојано учебно помагало по предметот аналитика на лекови за студентите од студиската програма магистер по фармација.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Љубица Шутуркова, с.р.

Проф. д-р Катерина Горачинова, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрена тема за изработка на докторски дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| м-р Слободан Стојчевски | *„ЕФЕКТИ ОД РАЗЛИчНИ ВИДОВИ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ чАСОВИ ПО СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВРЗ МОРФОЛОшКИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И МОТОРНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ УчЕНИчКИ ОД ИИ ГОДИНА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ„* | 1.Вонр.проф.д-р- Иван Анастасовски - ментор<br>2.Проф.д-р Вујица Живковиќ– член<br>3.Проф.д-р Милан Наумовски - член |
| м-р Владимир Вуксановиќ | *"СПОРЕДБА НА ПРОМЕНИТЕ НА СИЛОВИОТ МУСКУЛЕН ПОТЕНЦИЈАЛ НА ФЛЕКСОРИТЕ И ЕКСТЕНЗОРИТЕ НА ЗГЛОБОТ НА ЛАКОТОТ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ ПО шЕСТ НЕДЕЛНО ПРОГРАМИРАНО ВЕжБАЊЕ СО МОДИФИЦИРАНИ РЕПЕТИТИВНИ МУСКУЛНИ НАПРЕГАЊА"* | 1.Проф.д-р Јован Јовановски - ментор<br>2.Проф.д-р Александар Туфекчиевски – член<br>3.Вонр.проф.д-р Илија Клинчаров -член |
| м-р Виктор Митревски | *"РАЗЛИКИ ВО ПОСТИГАЊАТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ПО ПРЕДМЕТОТ СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД НЕКОИ БАЛКАНСКИ ДРЖАВИ"* | 1.Нас.доц.д-р Георги Георгиев - ментор<br>2.Проф.д-р Роберт Христовски – член<br>3.Вонр.проф.д-р Илија Клинчаров -член |
| м-р Катерина Спасовска | *„СТРУКТУРА НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ, МОТОРИчКИТЕ СПОСОБНОСТИ И ПСИХОЛОшКИТЕ ОСОБИНИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА УСПЕШНАТА ТЕХНИчКА ИЗВЕДБА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ОД СПОРТСКА ГИМНАСТИКА КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ПРВА ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИчКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ"* | 1.Проф.д-р Орце Митевски - ментор<br>2.Вонр.проф.д-р Ленче Алексовска Величковска – член<br>3.Проф.д-р Ванчо Поп-Петровски -член |
| м-р Александар Ацески | *"УТВРДУВАЊЕ НА БИОМЕХАНИчКИОТ СТАТУС И НИВОТО НА РАЗВОЈ НА ОСНОВНИТЕ МОТОРНИ ВЕшТИНИ КАЈ ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 7-10 ГОДИНИ "* | 1.Проф. д-р Александар Туфекчиевски - ментор<br>2.Професор д-р Роберт Христовски – член<br>3.Вонр.професор д-р Илија Клинчаров -член |
| | | |
| | | |
| | | |

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Аљоша Недев | "ЕФЕКТИ НА ТРАНСФОРМАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ НА БАЗИчНО МОТОРИчКИТЕ СПОСОБНОСТИ, СПЕЦИФИчНАТА КАРАТЕ КООРДИНАЦИЈА И ПРЕЦИЗНОСТ ПОД ВЛИЈАНИЕ НА РЕДОВЕН ПРОГРАМИРАН ТРЕНИНГ" | Вонреден профессор д-р Жарко Костовски |
| Дејан Недев | "ВЛИЈАНИЕТО НА ОДРЕДЕНИ АНТРОПОМЕТРИСКИ ДИМЕНЗИИ И МОТОРИчКИ СПОСОБНОСТИ ВРЗ СПЕЦИФИчНАТА КАРАТЕ КООРДИНАЦИЈА КАЈ МЛАДИ СПОРТИСТИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ТРАДИЦИОНАЛНО КАРАТЕ | Вонреден професор д-р Жарко Костовски |
| | | |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА АСИСТЕНТИ, ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ НА КАТЕДРАТА ЗА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 10-та редовна седница одржана на 20. X. 2010 година, во врска со распишаниот конкурс во весникот ВЕЧЕР на ден 15.IX.2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на двајца асистенти по група предмети на Катедрата за стоматолошка протетика, во следниов состав: проф.д-р Евдокија Јанкуловска, д-р сци, проф. д-р Јагода Баевска, д-р сци, и проф. д-р Љубен Гугувчевски, д-р сци.

На конкурсот се пријавија следниве кандидати: насл. доц. д-р Јадранка Бундевска, насл. доц. д-р Билјана Капушевска, насл. доц. д-р Сашо Еленчевски, д-р Флорент Бафтијари и д-р Љупчо Гинев, вработени во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон" во Скопје.

Врз основа на доставениот материјал и познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Насл.доц. д-р Јадранка Бундевска** е родена на 6.IV. 1960 година во Ресен, Р. Македонија. Средно образование завршила во Скопје, во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин", во 1978 година, со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1978/79 година и дипломирала во 1983 со просечна оценка 8,00.

Стручниот испит го положила во 1985 година, и истата година се вработила на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика, како клинички лекар.

Во учебната 1983/84 година се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа стоматолошка протетика, кои ги завршила во 1988 година со среден успех 9,5. Магистерскиот труд под наслов ЕСТОПОЛОЖБА НА ПРВИТЕ ГОРНИ МОЛАРИ - РЕНДГЕНОКРАНИОМЕТРИСКА АНАЛИЗА го одбранила во 1991 година и се стекнала со звањето магистер на стоматолошки науки.

Специјалистичкиот испит од областа стоматолошка протетика го положила во 1994 година и се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ПОСТАВЕНОСТА НА ПРВИТЕ МОЛАРИ ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА

ТОТАЛНИТЕ ПРОТЕЗИ, ја одбранила во мај 2003 година и се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки.

Во 1989 година била избрана за помлад асистент, а во 1993 година за асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика, а реизбрана во 1996 и 2001 година. Избор во звањето научен соработник имала во 2004, а избор во звањето насловен доцент во 2008 година.

Активно се служи со англиски јазик.

Насл.доц. д-р Јадранка Бундевска, од вработувањето па сé до денес, покажува трудољубивост, интерес за стручно, научно и педагошко усовршување, коректен однос со пациентите, студентите и соработниците, и се стреми кон стручните решенија во секојдневната стоматолошка практика.

Насл. доц. д-р Јадранка Бундевска активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите претклиничка и клиничка мобилна протетика на Катедрата за стоматолошка протетика. Притоа покажува голема трпеливост и желба своите знаења да им ги пренесе на студентите, кои тоа го ценет. Исто така, таа активно учествува во изведувањето на теоретската и практичната настава за студентите на Високата школа за забни техничари при Стоматолошкиот факултет. Ментор е на повеќе студентски теми на конгресите на студентите по стоматологија.

Насл. доц. д-р Јадранка Бундевска се занимавала и со издавачка дејност, и е коавтор на учебникот ИНСТРУМЕНТИ И АПАРАТИ ЗА ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА наменет за студентите од Високата школа за стручни забни техничари.

Активно учествувала со свои трудови на повеќе конгреси, семинари и други стручно-научни и едукативни состаноци

Има објавено 57 стручно-научни трудови. Трудовите од реден број 1 до реден број 54 се рецензирани при изборот за асистент, научен соработник и насловен доцент во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 523 (1989), бр. 586 (1993), бр. 667 (1996) бр. 771, бр. 850 ( 2004) и бр.944( 2008).

За рецензија кандидатката ги приложува следниве трудови:

55.РЕПАРАТУРА НА ДЕНТОЛЕКОВИОТ ЈАВАЧ ВО ПАРЦИЈАЛНАТА ПРОТЕЗА
Јадранка Бундевска, Б.Капушевска, Т.Милошевски
Меѓународен конгрес СТОМАТОЛОГИЈАТА ДЕНЕС (апстракти). Струга, 18,19,20 април 2008: 140-141.

Во овој труд авторите ги презентираат начините на репаратурите на дентолековиот јавач на парцијалните протези кои денеска многу често се проблем во секојдневната стоматолошка практика.

Трудот има практично значење

56.МОЖНИ РЕШЕНИЈА НА ПРОТРУЗИЈА КАЈ МЛАДИ ПАЦИЕНТИ ВО ФИКСНАТА ПРОТЕТИКА
Билјана Капушевска, Ј. Бундевска, Т.Милошевски
Меѓународен конгрес СТОМАТОЛОГИЈАТА ДЕНЕС (апстракти). Струга, 18,19,20 Април 2008: 163.

Авторите во овој труд даваат протетичко решение на протрузијата кај млади пациенти реализирано со помош на фиксни протетички надоместоци што резултирало со задоволителен естетски изглед на пациентите.

Трудот има стручно- апликативно значење.

57.ПРОТЕТИЧКИ ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО ПРИНУДЕН ПРОГЕН ЗАГРИЗ
Ј.Бундевска; Б.Капушевска; Ф.Сали; Б.Мехмети; М.Петков
АПОЛОНИЈА Стоматолошко списание, ноември 2007; 9 (18): 17-23

Трудот е рецензиран во Билтен број 986 од мај 2010 година.

**Насл.доц. д-р Билјана Капушевска** е родена на 28.V 1959 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во гимназијата „Јосип Броз - Титов" во 1978 година со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломирала во 1985 година, со среден успех 8,81.

Во 1985 година се вработила на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика, како клинички лекар, По завршувањето на приправничкиот стаж, во јуни 1986 година го положила стручниот испит.

Во учебната 1985/86 година се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа стоматолошка протетика. Постдипломските студии ги завршила со просечна оценка 9,70. Магистерскиот труд под наслов „Анализа на степенот на осетливост кај препариран и импрегниран заб за вештачка коронка во зависност од количеството на флуор" го одбранила во 1990 година и се стекнала со звањето магистер на стоматолошки науки.

Специјалистичкиот испит од областа стоматолошка протетика го положила во 1994 година и се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Докторската дисертација под наслов ФУНКЦИОНАЛНА ВРЕДНОСТ НА ЗАБИТЕ НОСАЧИ НА ФИКСНОПРОТЕТИЧКИТЕ КОНСТРУКЦИИ. ја одбранила во 1998 година и се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки.

Во 1989 година била избрана за помлад асистент на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика, додека во 1993 година за асистент. Во истото звање е преизбрана во 1996 год. и во 2002 год. Во звањето научен соработник е избрана во 2004 година. За наставник во насловно звање - насловен доцент, по група предмети од областа стоматолошка протетика е избрана во 2008 година.

Во периодот од ноември 2006 до октомври 2007 година била одговорна на сала на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика.

Во 2010 година, Министерството за здравство ѝ го доделило звањето примариус, за севкупната стручно-научна дејност.

Со желба за стручно усовршување, кандидатката реализирала и неколку стручни престои во странство, Љубљана - Словенија, Шаан - Лихтенштајн, Берлин - Германија, Лондон - Велика Британија.

Активно се служи со англискиот јазик.

Насл.доц. д-р Билјана Капушевска, од вработувањето па сé до денес, покажува амбициозност, интерес за стручно, научно и педагошко усовршување, коректен однос со пациентите и студентите, и се стреми кон стручните решенија во секојдневната стоматолошка практика.

Насл. доц. д-р Билјана Капушевска активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите претклиничка и клиничка фиксна протетика на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика. Притоа покажува голема заинтересираност и желба своите знаења да им ги пренесе на студентите, кои тоа го ценет. Исто така, таа активно учествува во изведувањето на теоретската и практична настава за студентите на Високата школа за забни техничари при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Ментор е на повеќе студентски теми на конгресите на студентите по стоматологија.

Насл. доц. д-р Билјана Капушевска се занимавала и со издавачка дејност, и е коавтор на учебникот ИНСТРУМЕНТИ И АПАРАТИ ЗА ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА наменет за студентите од Високата школа за стручни забни техничари.

Активно учествувала со свои трудови на повеќе конгреси, семинари и други стручно-научни и едукативни состаноци во земјата и во странство.

Има објавено 72 стручно-научни труда. Трудовите од реден број 1 дореден бр 60 се рецензирани при изборот за асистент, научен соработник и насловен доцент во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 523 (1989), бр. 586 (1993), бр. 667 (1996) бр. 803 (2002), бр. 804 (2002), бр. 850 ( 2004) и бр.944 ( 2008).

За рецензија, кандидатката ги приложува следниве трудови:

61. МОЖНИ РЕШЕНИЈА ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЗАБИ КОИ ЈА НАРУШУВААТ ОКЛУЗАЛНАТА РАМНИНА

Димовска Р.; Капушевска Б.

II конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти), Охрид: Здружение на стоматолози на Македонија 1998 : 228

Авторите во овој труд во периодот од 1994 до 1998 година опсервирале 60 пациенти, поделени на две групи според старосната возраст и според решението девитализација или екстракција. При тоа дошле до заклучок дека девитализацијата, како начин за рехабилитација на нарушениот оклузален сооднос, е почесто можно решение.

Трудот има стручно-апликативно значење.

62. СКРАТЕН ЗАБЕН НИЗ ФИКСНА ИЛИ МОБИЛНА ИЗРАБОТКА

Билјана Капушевска, Ј. Бундевска, М.Петков

Меѓународен конгрес СТОМАТОЛОГИЈАТА ДЕНЕС (апстракти). Струга, 18,19,20 април 2008: 149

Трудот е рецензиран во Билтен број 986 од мај 2010 година.

63. ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА СОРАБОТКА ЗА ЕСТЕТСКО ПРОТЕТИЧКА РЕСТАВРАЦИЈА ВО АДОЛЕСЦЕНТНАТА ВОЗРАСТ
**Капушевска Б, Бундевска Ј, Кануркова Л, Петровски Д, Бафтијари Ф.**
Прв конгрес на Здружението на ортодонти на Република Македонија (програма и апстракти). Охрид 21-24. 5.2009: П 1

Авторите во трудот поставуваат цел обезбедување на доволен простор за сместување на идниот член од фиксно протетичката изработка. При тоа го нагласуваат значењето на интердисциплинарната соработка врз пациентите, којашто дава задоволителен успех во однос на анатомоморфолошката и естетска реставрација на стоматогнатниот систем во целост.

Трудот има практично и апликативно значење.

64.ЕСТЕТСКО-ФУНКЦИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА АБРАЗИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ НА ФРОНТОТ
Б.Капушевска
V конгрес на стоматолозите од Македонија СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА - ПРЕДИЗВИЦИ И РЕШЕНИЈА (Зборник на апстракти). Охрид, 10-13. 9.2009: 073

Во трудот авторката проследила седум пациенти со абразија во пределот на фронталните заби и при тоа констатира дека со изработка на порцелански коронки во овој дел на забната низа, естетскиот момент е доведен до максимум, а чувството на сигурност при користењето на таквите заби предизвикува задоволителен психички момент.

Трудот има клиничко-практично значење.

**Насл.доц. д-р Сашо Еленчевски** е роден на 15.X. 1962 година во Скопје. Средно образование завршил во Скопје со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломирал во 1987 година со среден успех 9,69.

Во 1990 година се вработил на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика, како клинички лекар. По завршувањето на приправничкиот стаж, во 1991 година го положил стручниот испит.

Во учебната 1987/88 година се запишал на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа стоматолошка протетика. Магистерскиот труд под наслов „Карактеристики на хуморалниот имунолошки одговор во салива и серум кај стоматитис протетика" го одбранил во 2001 година и се стекнал со звањето магистер на стоматолошки науки.

Специјалистичкиот испит од областа стоматолошка протетика го положил во 1995 година и се здобил со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Докторската дисертација под наслов „Еваулација на имунолошкиот одговор кај стоматитис протетика" ја одбранил во 2006 година и се стекнал со звањето доктор на стоматолошки науки.

Во 2009 година го положил супспецијалистичкиот испит по орална имплантологија, и се стекнал со звањето супспецијалист по орална имплантологија.

Насл. доц. д-р Сашо Еленчевски го завршил и курсот за менаџмент во здравствената дејност, организиран од Министерството за здравство на Р. Македонија.

Со желба за стручно усовршување, кандидатот реализирал и стручен престој на Стоматолошкиот факултет во Ниш во 2006 година.

Во 1996 година бил избран за помлад асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика, додека во 2004 година за асистент. За наставник во насловно звање -насловен доцент, по група предмети од областа стоматолошка протетика е избран во 2008 година. Добитник е на сертификати за учество на повеќе курсеви од областа на стоматолошката протетика, имплантологија и естетска стоматологија.

Насл.доц. д-р Сашо Еленчевски, од вработувањето па сé до денес, покажува заинтересираност за стручно, научно и педагошко усовршување, коректен однос со пациентите и студентите, и се стреми кон стручните решенија во секојдневната стоматолошка практика.

Насл. доц. д-р Сашо Еленчевски активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметите претклиничка и клиничка фиксна протетика на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика. Притоа покажува голема желба своите знаења да им ги пренесе на студентите. Исто така, тој активно учествува во изведувањето на теоретската и практичната настава за студентите на Високата школа за забни техничари при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Ментор е на повеќе студентски теми на конгресите на студентите по стоматологија.

Активно се служи со англискиот јазик.

За време на претходните избори има објавено 36 труда кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 585 (1992), бр. 663 (1996), бр. 826 (2003), бр. 875 (2005), бр. 863 (2005), бр. 896 (2006), бр. 945 (2008) и бр.990 (2010).

**Д-р Флорент Бафтијари** - вработен како клинички лекар во ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" - Скопје, дипломирал на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2004 година со просечна оценка 6,77. На 1.9.2009 година ја започнал специјализацијата по специјалноста стоматолошка протетика. Во учебната 2006/2007 се запишал на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа на ортодонцијата.

Кандидатот посетувал курс по англиски јазик од јануари до октомври 2006 година.

Има објавено еден стручно-научен труд.

1.ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА СОРАБОТКА ЗА ЕСТЕТСКА ПРОТЕТИЧКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Автори: Капушевска Б., Бундевска Ј., Кануркова Л., Петровски Д. и Бафтијари Ф.

Авторите во трудот поставуваат цел обезбедување на доволен простор за сместување на идниот член од фикснопротетичката изработка. При тоа го нагласуваат значењето на интердисциплинарната соработка врз пациентите, којашто дава задоволителен успех во однос на анатомоморфолошката и естетска реставрација на стоматогнатниот систем во целост.

Трудот има практично и апликативно значење.

**Д-р Љупче Гипев**, специјалист по стоматолошка протетика, вработен во ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон" во Скопје, на Клиниката за орална патологија и пародонтологија. Стоматолошки факултет и специјализација по стоматолошка протетика завршил во Пловдив, Р. Бугарија. Во документацијата нема доставено уверение за положени испити и затоа не сме во можност да ја изнесеме просечната оценка.

Кандидатот се служи со англискиот јазик.

Досега нема објавено стручно-научни трудови.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на гореизнесеното и презентираната документација, доставена од страна на кандидатите, Рецензентската комисија е на мнение дека кандидатите: насл. доц. д-р Билјана Капушевска, насл. доц. д-р Јадранка Бундевска и насл. доц. д-р Сашо Еленчевски ги исполнуваат критериумите за избор во звањето асистент. Комисијата им дава предност на кандидатите насл. доц. д-р Билјана Капушевска и насл. доц. д-р Јадранка Бундевска и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да ги избере во звањето АСИСТЕНТ по група предмети од областа стоматолошка протетика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Евдокија Јанкуловска с.р.

Проф. д-р Јагода Баевска с.р.

Проф. д-р Љубен Гугувчевски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во „Утрински весник" од 14.12.2010 год., Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.12.2010 год., донесе одлука со која сме определени за членови на Комисијата за избор на асистент по економски науки за група предмети од областа на финансиите. По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријавија двајца кандидати, кои ги исполнуваат општите и посебните услови содржани во конкурсот. Во продолжение даваме осврт на основните биографски податоци за кандидатите.

**Биографски податоци за кандидатите**

Кандидатката м-р Тања Митева е родена на 23.1.1983 година во Кочани, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 2001/2002 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за економија. Студиите ги завршила со просечен успех 8,67, а дипломирала во 2006 година. Во 2006 година се запишала на последипломските студии од областа на монетарната економија, за на 16.12.2009 година да се стекне со степен на образование магистер на економски науки со успешната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Финансиските иновации - нова ера на финансискиот развој". Кандидатката наведува дека ги владее англискиот и францускиот јазик и дека има компјутерски познавања. Кандидатката во моментот работи во хипермаркетот „Рамстор", како асистент за продажба.

Кандидатот м-р Кирил Јовановски е роден на 21.10.1982 во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Во октомври 2005 година, со одбрана на дипломската работа со наслов „Доларизација, предности и слабости", дипломирал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за финансиски менаџмент, постигнувајќи просечен успех во студирањето од 9,42.

Во учебната 2007/2008 година, кандидатот се запишал на постдипломските студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиите по монетарна економија, кои ги завршил со просечна оценка 10,00. На 6.12.2010 година јавно ја одбранил магистерската работа под наслов „Кредитирањето во странски валути и неговите ефекти врз финансиската стабилност", со што

се стекнал со звањето магистер на економски науки од областа на монетарната економија. Во текот на своето школување и подоцна, за време на работата, кандидатот работел на неколку апликативни проекти и посетувал повеќе семинари. Во продолжение се презентирани еден дел од нив кои се поврзани со областа за која конкурира:

1. "Challenges for the Eastern European countries in the new era", Истанбул, Турција, март 2010 (семинар);
2. "Summer School of Economics 2009", Белград, Србија, јуни 2009 (летна школа);
3. "European forum Alpbach 2009", Тирол, Австрија, август 2008 година (советување).

Во однос на професионалното искуство, во периодот октомври 2005 – мај 2006 година, кандидатот работел во Стопанска банка – Скопје. Од март 2006 до март 2008 година, тој работел во Комерцијална банка, во секторот за кредитирање на стопанството, а од март 2008 година до денес работи на Економскиот факултет од Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како помлад асистент на група предмети од областа на финансиите. Во пријавата, кандидатот наведува дека владее со англискиот јазик, дека има почетни познавања од францускиот јазик, како и компутерски познавања.

Кандидатот м-р Кирил Јовановски поседува повеќегодишно искуство во образовната и во научната дејност, при што за цело време се истакнувал со своето исклучително залагање во спроведувањето на вежбите и предавањата по предметите банкарство, монетарна економија, меѓународни финансии, финансиски пазари и институции. Во тој контекст, постојано настојувал да внесува современ и интерактивен пристап во излагањето на наставната материја и да воспоставува отворен однос кон студентите, одржувајќи интензивна комуникација со нив. Истовремено, во врска со унапредувањето и надградувањето на своето знаење, тој покажува интерес за перманентно дополнително образование, што се потврдува преку учеството на неколку школи и курсеви во странство.

Покрај наставната дејност, кандидатот м-р Кирил Јовановски посветува нужно внимание и на научно - истражувачката дејност, што се изразува преку објавување научни трудови и со учество на конференции и научно-стручни собири. Од сите објавени научни и стручни трудови до неговиот избор за соработник на Економскиот факултет по група предмети од областа на финансиите Комисијата би сакала да ги истакне следниве трудови:

- "The global financial and economic crises: its impact on Macedonia", (во коавторство). International Scientific Conference "*Economic Policy and Global Recession*", во Белград, Србија, септември 2009 година;
- "Demand for Money in Macedonia" (во коавторство). „Challenges for Analysis of the Economy, the Businesses, and Social Progress" во Сегед, Унгарија, ноември 2009.

## Заклучок и предлог

Врз основа на изнесеното за пријавените кандидати, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатите ги исполнуваат општите услови за избор на асистент. Според постигнатите резултати во текот на нивното образование и работно искуство на кандидатите, Комисијата го констатира следново:

1. кандидатот м-р Кирил Јовановски има соодветно образование (академски степен – магистер на економски науки) кое соодветствува на областа на која конкурира;
2. од списокот на објавените трудови и нивната содржина, Комисијата стекна уверување за неговиот нагласен интерес за научноистражувачка дејност од областа на финансиите;
3. најпосле, преку досегашната работа на високообразовна институција, кандидатот се стекнал со неопходното наставно искуство.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата има чест и задоволство да му **ПРЕДЛОЖИ на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Кирил Јовановски да биде избран во звањето асистент по група предмети од областа на финансиите.**

Скопје, декември 2010 год.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р

2. Проф. д-р Горан Петревски, с.р

3. Проф. д-р Љубе Трпески, с.р

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35 / 08, 103 / 08 и бр. 26 / 09 ) и членовите 42 - 46 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, научни , наставно - стручни звања на УКИМ во Скопје, со Анекс 1 и Анекс 2 од овој Правилник, Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата **VII** редовна седница одржана на **18. XI 2010** година, донесе решение за избор на **еден редовен професор** по предметот **офталмологија.**
Согласно со конкурсот од **29. XI 2010** година се формираше **Рецензентска комисија во** состав:

1. проф. д - р Милица Ивановска
2. проф. д - р Магдалена Антова Велевска
3. проф. д - р Снежана Бошњаковска
4. проф. д - р Милчо Богоев
5. проф. д - р Марина Давчева Чакар

На конкурсот објавен во дневните весници "**Дневник** " и " **Коха** " на **29. X 2010** година, како единствен кандидат се пријави **вонр. проф. д–р Весна Димовска Јорданова.**

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија му го доставува на Наставно - научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

**Вонр. проф. д - р Весна Димовска Јорданова** е родена на 22. VIII 1957 година во Тетово. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Медицинскиот факултет се запишала во учебната 1975 / 76 година, а дипломирала во 1982 година со средна оценка 8, 96. На Клиниката за очни болести е вработена од 1983 година, а во 1987 година го положила специјалистичкиот испит по офталмологија. Истата година е избрана во звањето помлад асистент по предметот офталмологија, а во 1990 година за првпат е избрана во звањето асистент при матичната Катедра.

## Наставно - образовна дејност

Во текот на својата досегашна кариера, вонр. проф. д - р Весна Димовска Јорданова ги поминала сите фази на стручно - научната надградба.
За доцент на Катедрата за офталмологија е избрана во 2001 година, а за вонреден професор во 2006 година.

Како наставник и педагог со задоволство и посветеност ги исполнува наставните обврски во рамките на додипломската настава со студентите, како и континуирани консултации и стручни презентации со специјализантите по офталмологија.

Член е на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет, на Одборот за постдипломски студии, Одборот за специјализации, како и на Координативното тело за имплементација на специјализацијата по семејна медицина.

## Научноистражувачка дејност

Кариерата во областа на научноистражувачката дејност кандидатката ја започнала во 1994 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов : "***Неоваскуларен глауком кај " diabetes mellitus***".
Во 2000 година ја одбранила докторската дисертација со наслов :
" ***Евалуација на ефектите на аргон ласер фотокоагулација на ретина кај пролиферативна дијабетична ретинопатија***".

Во текот на стручната едукација, кандидатката реализирала повеќекратни стручни престои во референтни европски офталмолошки центри.
Со самостојни трудови континуирано учествува на меѓународните офталмолошки конгреси и симпозиуми, а воедно се појавува и како единствен автор во поголем број од публикуваните трудови. Во 2010 година, во својство на поканет предавач, гостувала на меѓународните офталмолошки собири во Приштина, Р. Косово и Тирана, Р. Албанија.

Посебно подрачје на нејзиниот професионален интерес претставува глаукомот, како од дијагностички, така и од конвенционално - хируршки тераписки аспект, а воедно ги следи и најновите достигнувања на полето на ласерскиот и медикаментозниот третман на васкуларните заболувања на ретина. За посебниот интерес кон овие два исклучително значајни и комплексни сегменти од офталмологијата сведочат и двете монографии од овие подрачја во кои се појавува како коавтор, рецензирани при претходните избори.

## Стручно - апликативна дејност

Кандидатката во два мандата ја извршувала функцијата раководител на Катедрата за офталмологија ( 2004 - 2006 година, како и 2006 - 2008 година ).

Актуелен претседател е на Здружението на офталмолози на Македонија, кое во 2009 година успешно го организираше II конгрес на офталмолозите на Македонија со меѓународно учество, во рамките на кој ја извршуваше функцијата претседател на Организациониот одбор на Конгресот.
Активно го зборува англискиот јазик и ја претставува македонската офталмологија како национален претставник во Бордот на Европската офталмолошка асоцијација (SOE) . Добитник е на стипендија од Европската офталмолошка асоцијација за едукација на наставници во земјите - членки на Европската унија за 2011 година.

До пријавата за редовен професор, кандидатката изработила 70 труда, кои се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот при претходните избори: за асистент: бр. 489 / 1986; бр. 546 / 1990; бр. 648 / 1995; бр. 742 / 1999 година; за доцент: бр. 768 / декември 2000 година; за вонреден професор: бр. 894 / март 2006 година.

## Заклучок

По проучувањето на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, следењето на нејзината стручна и научна активност во офталмологијата, може да се заклучи дека, **вонр. проф. д-р Весна Димовска Јорданова** со големо внимание го следи развојот во својата професија и покажува континуиран стручен и научен напредок. Своите сознанија преку добар педагошки пристап им ги пренесува на своите соработници и лекарите на специјализација. Исто така, покажува квалитети на добар педагог во изведувањето на наставата со студентите.

Согледувајќи ги сите стручни, наставни и научни квалитети на **вонр. проф. д-р Весна Димовска Јорданова**, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет да ја избере во звањето **редовен професор** по предметот **офталмологија** на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милица Ивановска с. р.

2. Проф. д-р Магдалена Антова Велевска с. р.

3. Проф. д-р Снежана Бошњаковска с. р.

4. Проф. д-р Милчо Богоев с. р.

5. Проф. д-р Марина Давчева Чакар с. р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Весна Јордан Димовска Јорданова**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Медицински факултет - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: офталмологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од :<br>1. од прв циклус студии (додипломска настава)<br>2. од втор циклус студии (специјализанти и магистранти) | 148<br><br>7 | 0,04<br><br>0,05 | 5,92<br><br>0,35 |
| 2. | Консултации со студенти<br><br>Консултации со специјализанти | 90 по сем.<br><br>50 по сем. | 0,002<br><br>0,002 | 1,8<br><br>1 |
| 3. | Ментор на специјалистичка работа | 3 | 1 | 3 |
| 4. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br>- претседател на Комисија за оцена на докторат на д-р Милена Голубовиќ Арсовска<br>- член на Комисија за оцена на докторат на д-р Каролина Блажевска Бужаровска<br>- член на Комисија за одбрана на докторат на д-р Милена Голубовиќ Арсовска<br>- член на Комисија за одбрана на докторат на д-р Каролина Блажевска Бужаровска | 4 | 0,5 | 2 |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура<br>- член на Комисија за оцена на магистратура на д-р Игор Исјановски<br>- член на Комисија за одбрана на магистратура на д-р Игор Исјановски | 2 | 0,3 | 0,6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Член на комисија за полагање на специјалистички испит на Медицинскиот факултет и другите факултети за регулирани професии | 7 | 0,2 | 1,4 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа<br>- член на Комисија за оцена на дипломска работа на м.с. Гордана Крмзова<br>- член на Комисија за одбрана на дипломска работа на м.с.Гордана Крмзова<br>- член на Комисија за оцена на дипломска работа на рад.техничар Александра Арсова<br>- член на Комисија за одбрана на дипломска работа на рад.техничар Александра Арсова | 4 | 0,1 | 0,4 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно | | | | 16,47 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста | Број на активности | Поени од формулар | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Учесник во меѓународен научен проект : "Clinical trial carried out in Macedonia NN1998-1682, Trial Phase 3a" in the period 2006-2007 | 1 | 5 | 5 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание :<br>1." Дијабетична макулопатија ", Голубовиќ Арсовска М., Јорданова-Димовска В., Бужаровска-Блажевска К. Мак. мед. преглед, 2005 ; 59 ( 3-4) : 172-177 .<br><br>2. "Видна оштрина после трабекулектомије " К.Бужаровска, В.Јорданова, М.Вукосављевиќ, Е.Цајковска Војно-санитетски преглед, 2005 Нов ; 62 ( 11 ) : 797-801.<br><br>3. "Морфолошки и функционални | 1<br><br><br><br><br><br><br>1 | 4<br><br><br><br><br><br><br>4 | 3,2<br><br><br><br><br><br><br>2,4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | процеси инволвирани во патогенезата на дијабетичната ретинопатија",<br>В.Димовска Јорданова,<br>Мак. мед. преглед 2010; 64 (1) : 1-5. | 1 | 4 | 4 |
| | 4. "Глаукомот и неговите импликации во современото општество",<br>В.Димовска Јорданова,<br>Medicus 2010, Vol.XIII (1): 268-271. | 1 | 4 | 4 |
| | 5. "Јавноздравствени аспекти на глаукомот и неговите консеквенци",<br>В.Димовска Јорданова.<br>Прифатен за печат во:<br>" Архиви на јавно здравство "<br>Поените за овој труд не се пресметани во вкупниот број на поени. | 1 | 4 | 4 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор или само со ИФ : | | 6+ ИФ | |
| | 1. Endothelin-1 Plasma concentrations and Primary glaucoma<br>V.Dimovska, E.Dzajkovska, K.Blazevska Buzarovska<br>Bulgarian review of ophthalmology, No.2, 2006, (3-7) | 1 | 6+0 | 4,8 |
| | 2. "Impact of serum lipids on changes of macular region in diabetic patients "<br>Golubovic Arsovska M., Dzajkovska E., Jordanova Dimovska V.<br>Bulgarian review of ophthalmology, No.1, 2008, (25-31) | 1 | 6+0 | 4,8 |
| | 3. "Trabeculectomy and most common bleb-related complications"<br>V.Dimovska Jordanova<br>Bulgarian review of ophthalmology, No.4, 2010, (18-23) | 1 | 6+0 | 6 |
| 4. | Секциско предавање на научен/стручен собир :<br>1. "Општи принципи, дијагностика и третман на глауком",<br>В.Димовска Јорданова,<br>Секциски состанок во ЈЗУ ЗД "Железничар ", мај 2007, Скопје. | 1 | 1 | 1 |
| | 2. "Современи аспекти за патогенезата на дијабетичната ретинопатија",<br>В.Димовска Јорданова,<br>Интерсекциски состанок на здруженијата на офталмолози и ендокринолози, март 2008, Скопје | 1 | 1 | 1 |
| | 3. "Современи ставови во | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | медикаментозната терапија на глаукомот и нови информации за простагландините",<br>В.Димовска Јорданова,<br>Здружение на офталмолози - Работилница за глауком, ноември 2008, Скопје. | 1 | 1 | 1 |
| 5. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество :<br>1. "Модалитети за ефикасна превенција на компликациите на дијабетичната ретинопатија",<br>В.Димовска Јорданова, Б.Татеши,<br>3. Конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2006, Зборник на резимеа, пленарни предавања, 12. | 1 | 3 | 3 |
| | 2. "Глаукомната прогресија како континуиран предизвик",<br>В.Димовска Јорданова,<br>2. Македонски конгрес на офталмолозите со меѓународно учество, Охрид, октомври 2009, Зборник на резимеа, пленарни предавања,29. | 1 | 3 | 3 |
| | 3. "Аргон ласер трабекулопластика и примарен глауком со отворен агол",<br>В.Димовска Јорданова, К.Блажевска Бужаровска, М.Голубовиќ Арсовска, Д.Ставриќ, И.Богданова<br>2. Македонски конгрес на офталмолозите со меѓународно учество, Охрид, октомври 2009, Зборник на резимеа, пленарни предавања, 30. | 1 | 3 | 3 |
| | 4. "Bleb-related complications following trabeculectomy"<br>V.Dimovska<br>Second International Meeting "Eye Microsurgery today"<br>Prishtina, May 2010. | 1 | 3 | 3 |
| | 5. "Complications related to bleb formation following trabeculectomy"<br>V.Dimovska<br>7-th Congress of SEEOS<br>Tirana, June 2010, Book of abstracts, oral presentations, 55. | 1 | 3 | 3 |
| 6. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат (постер) :<br>1."Monotherapy with Travatan in primary open angle glaucoma"<br>V.Dimovska, E.Dzajkovska<br>6-th International Glaucoma Symposium – | 1 | 2 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I.G.S, Athens, Greece, March, 2007, Book of abstracts, 126<br><br>2. "Early hypotony following trabeculectomy with 5 Fu"<br>V.Dimovska<br>The 17-th Congress of the European Society of Ophthalmology, Amsterdam, The Netherlands, 2009, Book of abstracts, 112<br><br>3. "Cystic bleb formation and related complications following trabeculectomy"<br>V.Dimovska<br>9-th Congress of the European Glaucoma Society, Madrid, Spain, September 2010 | <br><br>1<br><br><br><br><br><br><br><br>1 | <br><br>2<br><br><br><br><br><br><br><br>2 | <br><br>2<br><br><br><br><br><br><br><br>2 |
| 7. | Коавтор на апстракт печатен во зборник на апстракти<br>1. "Решавање на псеудофакни аблации", М.Голубовиќ Арсовска, В.Димовска Јорданова, К.Блажевска Бужаровска, 2.Македонски конгрес на офталмолозите со меѓународно учество, Охрид, октомври 2009, Зборник на резимеа, пленарни предавања, 36.<br><br>2. "Хипертензија и дислипидемија како ризик фактори за појава на дијабетична макулопатија", М.Голубовиќ Арсовска, В.Димовска Јорданова, К.Блажевска Бужаровска, 2.Македонски конгрес на офталмолозите со меѓународно учество, Охрид, октомври 2009, Зборник на резимеа, пленарни предавања, 37. | <br><br>1<br><br><br><br><br><br><br><br>1 | <br><br>0,8<br><br><br><br><br><br><br><br>0,8 | <br><br>0,8<br><br><br><br><br><br><br><br>0,8 |
| | | | | |
| **Вкупно** | | | | **59,8** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија<br>(се мисли на експертски активности кои се изведуваат по барање на државни и јавни институции)<br>- Предмет за судско медицинско вештачење, 2008<br>- Предмет за категоризација по налог на Министерство за труд и социјална политика, 2010 | <br><br><br><br>1<br><br>1 | <br><br><br><br>1<br><br>1 | <br><br><br><br>1<br><br>1 |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| **Вкупно** | | | | **2** |

## Дејности од поширок интерес

| Ред.бр | Назив на активноста | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание :<br>- член на издавачки совет на "Македонски медицински преглед" | 1 | 0,5 | 0,5 |
| 2. | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир :<br>-претседател на Организационен одбор на 2. Македонски конгрес на офталмолозите со меѓународно учество, Охрид, октомври 2009 | 1 | 2 | 2 |
| 3. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува, организира научноистражувачка и стручно - апликативна дејност :<br>- национален претставник - член на Извршниот одбор на Европската офталмолошка асоцијација (SOE Board Member) | 1 | 2 | 2 |
| 4. | Членство во извршно тело на национална организација која поддржува, организира научноистражувачка и стручно - апликативна дејност :<br>- претседател на Здружението на офталмолози на Република Македонија, 2007-2011 | 1 | 3 | 3 |
| 5. | Раководител на внатрешна организациона единица :<br>-раководител на Катедрата за офталмологија, 2006-2008 | 1 | 3 | 3 |
| 6. | Член на факултетска комисија<br>- член на Одборот за постдипломски студии<br>- член на Одборот за специјализации<br>- член на факултетска Комисија за проверка на рецензии<br>- член на Координативно тело за специјализација по семејна медицина | 1<br>1<br>1<br>1 | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Член на комисија за избор во звање :<br>- член на Комисија за избор на асистент- за ас.д-р Дејан Ставриќ, Билтен бр.938, 2008<br>- член на Комисија за избор за доцент на д-р Милена Голубовиќ Арсовска, мај 2010 | 1<br><br>1 | 0,2<br><br>0,2 | 0,2<br><br>0,2 |
| 8. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>- член на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје<br>- член на Работна група за акредитација на офталмолошки установи при Министерството за здравство на Република Македонија | 1<br><br>1 | 1<br><br>1 | 1<br><br>1 |
| | | | | |
| Вкупно | | | | 14,9 |

## Вкупно

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 16,47 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 59,8 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 2,0 |
| **ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 14,9 |
| **ВКУПНО** | 93,17 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Милица Ивановска, претседател с. р.

2. Проф. д-р Магдалена Антова Велевска, член с. р.

3. Проф. д-р Снежана Бошњаковска, член с. р.

4. Проф. д-р Милчо Богоев, член с. р.

5. Проф. д-р Марина Давчева Чакар, член с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **СТАРЕЕЊЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО КАКО ФАКТОР ЗА РЕФОРМИ ВО ДОМЕНОТ НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ И ВРАБОТУВАЊЕТО НА СТАРИТЕ ЛИЦА: МЕЃУНАРОДНИ ПРИСТАПИ И НАЦИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ,** ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЗОРАН ВУЧЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XII редовна седница одржана на 17.11.2010 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација: **Стареењето на населението како фактор за реформи во доменот на пензискиот систем и вработувањето на старите лица: меѓународни пристапи и национални предизвици,** поднесена од м-р Зоран Вучев. Откако ја прегледаа докторската дисертација и се согласија околу основните премиси на нејзината оцена, членовите на Комисијата имаат чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го достават следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Процената на општественото влијание врз политиките и практиката во социјалната заштита претставуваат исклучително важен елемент кој е неопходен за креирање на актуелни, добро насочени и ефикасни политики. Во тој контекст, темата на докторската дисертација на кандидатот Вучев претставува одраз на потребата од анализирање на влијанието на актуелните општествени трендови врз реформите во социјалната политика. Самата докторска дисертација како теоретско-апликативна разработка претставува сериозно надополнување во македонската стручна литература, давајќи притоа темелен осврт на теоретските правци во доменот на стареењето, но и споредбена анализа на системски решенија во делот на пензиското осигурување и политиките за вработување насочени кон повозрасните работници. Во светлината на достигнување на европските трендови, темата на докторската дисертација дава значаен придонес во осознавање на македонските состојби и предизвици, како и можност за нивно подобрување.

### Структура на трудот

Докторската дисертација содржи 289 страници компјутерски обработен текст, од кои 6 страници библиографија која содржи 69 библиографски единици од македонски и од странски автори.

Текстот на докторската дисертација содржи: вовед, 4 одделни поглавја и заклучок. Воведот претставува приказ на актуелноста на темата, нејзината релевантност и научно-општествената оправданост, а воедно дава увид и во целата појмовно - хипотетичка рамка на дисертацијата. Четирите поглавја се меѓусебно поврзани, поаѓајќи од теоретската втемелност на анализираната проблематика преку нејзино апликативно согледување по домени, како во поразвиените држави во Европа и светот, така и во Македонија. Користената литература е од домените на социјалната политика, политичката економија, социологијата, демографијата, статистиката и другите сродни општествени дисциплини.

**Метод на обработка**

Кандидатот м-р Вучев, во рамките на својата докторска дисертација, примарно се користи со квалитативен методолошки пристап. Притоа, тој употребува метод на impact factor и техника на дискурсивна анализа на содржината. Со цел за докажување на претходно поставените хипотези, како и цели на дисертацијата, кандидатот користи компаративна, критичка анализа која резултира со синтетизирање на заклучоци и изведување политички препораки. Заради конјуктурноста на темата, кандидатот се користи со голем број на претходни статистички податоци, врз основа на кои изведува споредби и заклучоци.

**Содржинска разработка**

Од содржински аспект, докторската десертација опфаќа 4 поглавја.

Поаѓајќи од потребата да се проучи феноменот на стареењето, првиот дел прави анализа на позачестените постојни теоретски пристапи, концепции и актуелни дебати во врска со стареењето на населението, како што се: теориите на одвојување; на активација; супституциона замена; континуитет; раслојување; супкултура; на промени; етикетирање; трансперсоналност; теории во кои се разгледува стареењето во политичката економија; полов-родов пристап; критичка перспектива на стареењето; значајни геронтолошки теории; успешно продуктивно стареење; теорија на животен тек; теорија на социјална конструкција; конфликтна теорија; критичка и феминистичка теорија и др.

Во вториот дел од дисертацијата, кандидатот прави анализа на демографските, социјалните и економските фактори, како причинители за реформа на пензискиот систем. Тука е направен аналитички осврт на пензиските системи во селектиран број на постари и понови земји-членки на ЕУ, како и на одреден број најразвиени ОЕЦД-земји. Овде, во голем дел, е даден осврт на пензиските системи и ефектот на стареењето на населението врз овие системи.

Во третиот дел на трудот се прикажуваат промените во политиките за вработување кај постарите лица. Притоа се дава осврт на концептот на флексигурност, како и на други иницијативи и политики кои се

имплементираат со цел да се задржат подолго време на работа постарите работници. Во целото поглавје преовладуваат примери и анализа на искуствата во одделни земји-членки на Европската унија. Исто така, во ова поглавје се наведени и актуелните дебати во светот за правото на работа на постарите лица.

Во последниот дел е анализиран пензискиот систем и вработувањето на старите лица во Македонија, при што се прави анализа на тростолбниот пензиски систем, неговото влијание врз сигурноста на населението и предизвикот со кој се соочува државата во иднина за реформа на тој систем. Истовремено, се прикажува фактичката состојба на постарата работна сила на пазарот на трудот во Р.Македонија и предизвиците за нејзино задржување во светлината на опстојувачката висока невработеност. Во овој дел од трудот исто така е елаборирана усогласеноста на националната легислатива во однос со меѓународните конвенции, како Копенхагенската декларација и програма за акција, Агендата за развој и Европската социјална повелба (која е во фаза на разгледување за ратификација во Р. Македонија).

Врз основа на вака поставените и анализирани поглавја, кандидатот на крајот своите финални согледувања, заклучоци и препораки ги дава во посебен дел. Во него кандидатот ги истакнува аргументите кои одат во прилог на докажување на сите претходно поставените хипотези и цели. Покрај аргументираните докази, кандидадот во заклучокот прави и типологизација на земји согласно со комплексноста на преземените реформски зафати.

**Оцена и предлог**

Темата на докторската дисертација на кандидатот м-р Зоран Вучев претставува актуелна анализа на влијанието на демографските трендови врз неопходноста од системски (легислативни, институционални) измени во социјалната политика. Оттаму, и покрај фактот што во Р. Македонија веќе е направена темелна пензиска реформа, овој труд нуди споредбени податоци кои можат да бидат од корист за натамошното ревидирање на пензиската реформа. Во делот на политиките за вработување, темата претставува навремено и актуелно презентирање на иницијативите и можните начини за задржување на постарите работници на пазарот на трудот. Покрај нејзината актуелност, темата претставува тематско надополнување на празнината во современата македонска стручна литература, во доменот на пензиите и политиката за вработување насочена кон повозрасната популација.

Теоретско-апликативниот придонес на докторската дисертација може да се оцени како позитивен од повеќе причини. Пред сè, поместувањето на опсежна теоретско-критичка анализа во доменот на стареењето го прави докторскиот труд да се издвојува по својата научна втемелност, која ретко се користи во дисертациите од апликативен карактер. Докторскиот труд исто така прави посебен придонес преку сеопфатна анализа на пензиските системи и политиките за вработување на старите лица кои ги илустрира со примери од 15 држави - студии на

случај. Конечно, трудот се стреми да има и свој политички придонес преку давањето конкретни препораки за креаторите на политиките во доменот на пензиското осигурување и пазарот на трудот.

Имајќи го предвид горенаведеното, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му предложиме да го прифати докторскиот труд **Стареењето на населението како фактор за реформи во доменот на пензискиот систем и вработувањето на старите лица: меѓународни пристапи и национални предизвици,** поднесен од м-р Зоран Вучев и да закаже негова одбрана.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Маја Геровска Митев, с.р.**
**Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.**
**Доц. д-р Сузана Борнарова, с.р.**
**Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК **ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**, ПОДНЕСЕН ОД Д-Р ЗОРИЦА САЛТИРОВСКА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 15.10.2010 година, формираше Комисија за оцена на учебникот „Заштита на културното наследство" од д-р Зорица Салтировска. Со одлука број 12-1706/2 од 21.10.2010 година, за членови на Комисијата се избрани проф. д-р Митко Котовчевски и проф. д-р Марина Митревска.

Со особен респект кон укажаната доверба, како член на Комисијата, имам чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот со наслов „Заштита на културното наследство", приложен од д-р Зорица Салтировска, е изложен на 132 страници текст, оформен како компактна целина, која ја сочинуваат повеќе поглавја и сегменти. Исклучувајќи ги предговорот, воведот, заклучокот и библиографијата, трудот го сочинуваат три дела со повеќе поглавја, во кои се истражуваат најзначајните аспекти на организацијата на заштитата на културното наследство. Текстот е компјутерски обработен во Б5-формат. Библиографијата се состои од вкупно 57 библиографски единици (книги, меѓународни извештаи и други правни документи за меѓународна и национална заштита на културното наследство) на македонски, српски, хрватски, словенски, полски, француски и англиски јазик. Содржината на трудот е структурирана на следниов начин: Предговор; Вовед; Прв дел - Културно наследство - поим, поделба и значење; Втор дел - Загрозување на културното наследство; Трет дел - Заштита на културното наследство; Заклучок и Библиографија.

Во првиот дел, насловен како ***Културно наследство, поделба и значење***, обработени се генеричките поими на одделните категории на добра кои се предмет на заштита, а посебно внимание е посветено на поимот „културно наследство", при чие дефинирање, преку историски и компаративен осврт, се доаѓа до генеричкиот поим и неговото дефинирање во функција на остварување на заштитата. Освен тоа, во овој дел, анализирани се и видовите и категориите на културното наследство, при што се укажува на неговото исклучително значење за нацијата, државата и воопшто за целата човечка цивилизација.

Во вториот дел, кој носи наслов ***Загрозување на културното наследство***, направена е анализа на факторите кои го загрозуваат културното наследство и при тоа најголем акцент е ставен на криминалните дејствија, вооружените конфликти и еколошкото загадување, како и формите и облиците на нивното загрозувачко влијание врз културните добра.

***Заштита на културното наследство***, третиот дел, е клучен и најзначаен, и поради тоа му е посветено најголемо внимание, најобемно е обработен преку анализа на најновите и најзначајните правни документи од оваа сфера. Во првото поглавје од овој дел се обработува меѓународната заштита на културното наследство. Од меѓународните правни акти, во фокусот на интерес е ставен Хашкиот протокол од 1999 година (како нов меѓународен инструмент за подобрување на заштитата на културните добра во случај на вооружен судир, воспоставена со Хашката конвенција од 1954 година), обработен преку анализа и толкување на неговите одредби и во обем кој е доволен да се запознае неговата содржина и моделот на заштитата. Во второто поглавје од третиот дел се разработува националниот систем на заштита на културното наследство воспоставен со Законот за заштита на културното наследство од 2004 година. При тоа се констатира дека неговото познавање е клучен предуслов за правилен пристап кон третманот и заштитата на сопственото културно наследство. Во анализата на правната заштита, најголемо внимание се посветува на заштитата од криминални дејствија и вооружени конфликти, бидејќи тие предизвикуваат највисок степен на загрозување и уништување на културното наследство. Во анализата, пак, на институционалната заштита, опфатени се сите стручни и други институции и организации кои имаат права и обврски кон заштитата на културното наследство. На крајот, потенцирани се улогата и значењето на развивањето на протекторската свест за ефикасноста во заштитата, при што се констатира дека подигањето на јавната свест за потребата од чување и почитување на културното наследство треба да биде клучно решение во заштитата, а посебно во услови на вооружен конфликт кога дури и поединецот може да придонесе во заштитата на културното наследство доколку е свесен за неговото значење и вредност.

Заклучокот на трудот ги содржи главните сознанија до кои е дојдено преку теоретската анализа на консултираната стручна и научна литература која ја третира оваа проблематика, како и на меѓународните и националните правни акти кои се однесуваат на заштитата на културното наследство.

Приложениот труд со наслов „Заштита на културното наследство" претставува научен труд од областа на безбедноста. Со нараснувањето на протекторската свест за значењето на културното наследство, се побудува интересот за негова заштита, како на меѓународно, така и на национално ниво. Со тоа и актуелноста на трудот добива на значење. Освен тоа што е предмет на правно регулирање, културното наследство сè поизразено се манифестира и како специфична правна категорија. Потребата од познавањето на правните акти за негова заштита произлегува, пред сè, од барањето на меѓународните инструменти за заштита на културното наследство, националните правни акти да содржат одредби со кои ќе се обезбеди едукација и информирање на граѓаните за значењето и заштитата на културното наследство, како и запознавање со меѓународната правна регулатива од оваа област. Вредните сознанија содржани во трудот овозможуваат тој да ја збогати теоретската мисла, а на широката јавност ќе ѝ овозможи да се запознае со значењето и потребата од заштита на културното наследство, што ќе биде во функција

на обврската за едукација и информирање на граѓаните со оваа значајна проблематика. Покрај тоа, трудот треба да им послужи и на сите корисници кои имаат интерес за предметната проблематика, а особено на студентите кои го изучуваат предметот заштита на културното наследство, како основна литература по тој предмет. Поради тоа, трудот е изработен во согласност со предметната програма заштита на културното наследство, во рамките на студиската програма на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Трудот „Заштита на културното наследство", поднесен од д-р Зорица Салтировска, доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир, претставува научен труд кој дава соодветен придонес во областа на безбедносната наука. Трудот се темели на анализа на репрезентативен теоретски материјал, а сознанијата во трудот може да послужат како елементи кои даваат насоки и можности за нови истражувања од оваа област.

Трудот е напишан јасно и прегледно, со јасен и елоквентен стил. Пристапот е дијалектички и историски во смисла на сензитивност за димензиите простор и време, што е особено значајно при анализирање на една ваква динамичка материја.

Во согласност со овие сознанија и оцени, како член на Комисијата, имам чест и задоволство на Наставно - научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му предложам да го усвои овој позитивен извештај и да одобри печатење на трудот.

Рецензент

Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.

# **РЕЦЕНЗИЈА**
## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК **ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**, ПОДНЕСЕН ОД Д-Р ЗОРИЦА САЛТИРОВСКА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 15.10.2010 година, формираше Комисија за оцена на учебникот „Заштита на културното наследство" од д-р Зорица Салтировска. Со одлука број 12-1706/2 од 21.10.2010 година, за членови на Комисијата се избрани проф. д-р Митко Котовчевски и проф. д-р Марина Митревска.

Со особен респект кон укажаната доверба, како член на Комисијата, имам чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Приложениот труд со наслов „Заштита на културното наследство" е изложен на 132 страници текст со конзистентна структура, оформен во повеќе поглавја и сегменти укомпонирани во функционална логичка целина. Покрај предговорот, воведот, заклучокот и библиографијата, трудот го сочинуваат три дела со повеќе поглавја, во кои се истражуваат најзначајните аспекти на организацијата на заштитата на културното наследство. Текстот е компјутерски обработен во Б5-формат. Библиографијата опфаќа вкупно 57 библиографски единици (книги, меѓународни извештаи и други правни документи за меѓународна и национална заштита на културното наследство) на македонски, српски, хрватски, словенски, полски, француски и англиски јазик. Содржината на трудот е структурирана на следниов начин: Предговор; Вовед; Прв дел - Културно наследство - поим, поделба и значење; Втор дел - Загрозување на културното наследство; Трет дел - Заштита на културното наследство; Заклучок и Библиографија.

Во првиот дел, насловен како **Културно наследство, поделба и значење**, дадени се генеричките поими на издвоените категории на добра кои се предмет на заштита, а посебно внимание е посветено на поимот „културно наследство", при чие дефинирање, преку историски и компаративен осврт, се доаѓа до генеричкиот поим и неговото дефинирање во функција на остварување на заштитата. Покрај ова, во овој дел е направена и анализа на видовите и категориите на културното наследство со укажување на неговото значење за нацијата, државата и воопшто за целата човечка цивилизација.

Во вториот дел, кој носи наслов **Загрозување на културното наследство**, анализирани се факторите кои го загрозуваат културното наследство при што најголем акцент е ставен на еколошкото загадување, криминалните дејствија и вооружените конфликти, како и формите и облиците на нивното загрозувачко влијание врз културните добра.

Третиот дел насловен како **Заштита на културното наследство** е клучен и најзначаен, поради што е и најобемно обработен преку анализа на најновите и најзначајните правни документи од оваа сфера. Во првото поглавје од овој дел се обработува меѓународната заштита на културното наследство. Од меѓународните правни акти, во фокусот на интерес е ставен Хашкиот протокол од 1999 година (како нов меѓународен инструмент за подобрување на заштитата на културните добра во случај на вооружен судир, воспоставена со Хашката конвенција од 1954 година), обработен преку анализа и толкување на неговите одредби и во обем кој е доволен да се запознае неговата содржина и моделот на заштитата.

Во второто поглавје од третиот дел се разработува националниот систем на заштита на културното наследство воспоставен со Законот за заштита на културното наследство од 2004 година, при што се констатира дека неговото познавање е клучен предуслов за правилен пристап кон третманот и заштитата на сопственото културно наследство. Во анализата на правната заштита, најголемо внимание се посветува на заштитата од криминални дејствија и вооружени конфликти, бидејќи тие предизвикуваат највисок степен на загрозување и уништување на културното наследство. Во анализата, пак, на институционалната заштита, опфатени се сите стручни и други институции и организации кои имаат права и обврски кон заштитата на културното наследство. На крајот, потенцирани се улогата и значењето на развивањето на протекторската свест за ефикасноста во заштитата, при што се констатира дека подигањето на јавната свест за потребата од чување и почитување на културното наследство треба да биде клучно решение во заштитата, а посебно во услови на вооружен конфликт кога дури и поединецот може да придонесе во заштитата на културното наследство доколку е свесен за неговото значење и вредност.

Во заклучокот на трудот се изнесени главните сознанија кои се базираат на теоретската анализа на консултираната стручна и научна литература која ја третира оваа проблематика, како и на меѓународните и националните правни акти кои се однесуваат на заштитата на културното наследство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Поднесениот труд под наслов „Заштита на културното наследство" претставува научен труд од областа на безбедноста, со елементи на интердисциплинарен пристап во обработката на една извонредно значајна тема. Актуелноста на трудот се зголемува напоредно со нараснувањето на протекторската свест за значењето на културното наследство, со што се побудува интересот за негова заштита, како на меѓународно, така и на национално ниво. Покрај тоа што е предмет на правно регулирање, културното наследство сè поизразено се манифестира и како специфична правна категорија. Потребата од познавањето на правните акти за негова заштита произлегува, пред сè, од барањето на меѓународните инструменти за заштита на културното наследство, националните правни акти да содржат одредби со кои ќе се

обезбеди едукација и информирање на граѓаните за значењето и заштитата на културното наследство, како и запознавање со меѓународната правна регулатива од оваа област. Вредните сознанија содржани во трудот овозможуваат тој да ја збогати теоретската мисла, а на широката јавност ќе ѝ овозможи да се запознае со значењето и потребата од заштита на културното наследство, што ќе биде во функција на обврската за едукација и информирање на граѓаните со оваа значајна проблематика. Покрај тоа, трудот треба да им послужи и на сите корисници кои имаат интерес за предметната проблематика, а особено на студентите кои го изучуваат предметот заштита на културното наследство, како основна литература по тој предмет.

Трудот „Заштита на културното наследство", поднесен од д-р Зорица Салтировска, доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир, претставува научен труд кој дава соодветен придонес во областа на безбедносната наука. Трудот се темели на анализа на репрезентативен теоретски материјал, а сознанијата во трудот можат да послужат како елементи кои даваат насоки и можности за нови истражувања од оваа област.

Во согласност со овие сознанија и оцени, како член на Комисијата, имам чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му предложам да го усвои овој позитивен извештај и да одобри печатење на трудот.

Рецензент

Проф. д-р Марина Митревска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „БАЛКАНОТ 1826-1913" ОД ПРОФ. Д-Р ДАЛИБОР ЈОВАНОВСКИ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со одлука ме избра за рецензент на ракописот со наслов „Балканот 1826-1913" од д-р Далибор Јовановски, вонреден професор на Институтот за историја при Филозофскиот факултет.

Ракописот на д-р Далибор Јовановски претставува ново учебно помагало за студентите од Институтот за историја од областа на балканската историја. Колку што нам ние познато досега не постои таков вид учебно помагало. Очигледно станува збор за оригинален труд. Овој труд низ документи овозможува да се проследи создавањето на балканските држави и нивните институции во текот на 19 и почетокот на 20 век.

Оваа учебно помагало ќе биде во функција за полесно совладување на наставната програма по следниве предмети:

1. балканските држави 1830-1914 г ( шести семестар, 4+2 часа );
2. историја на балканската дипломатија 1830-1914 (шести семестар 3+2 часа).

Учебното помагало може да се користи во студиските програми за историја и историја со архивистика.

Трудов е во согласност со усвоените и акредитирани програми на Филозофскиот факултет.

Во ракописот проф. д-р Јовановски најпрво дава Предговор, потоа следува опширен Вовед, а дури потоа следуваат документите. Воведот е заснован на богата литература и архивски материјали. Тоа се гледа од дополнителните белешки кон текстот.

Во опширниот Вовед, проф. д-р Јовановски дава пресек на процесот на создавањето на балканските држави, нивните институции, како и улогата на институциите врз развојот на соодветните земји, не само на општествено-економски, туку и на политички план. Авторот истовремено ја потенцира улогата на големите европски сили при создавањето на балканските држави. Таквиот опширен Вовед е во функција на разјаснувањето на процесите и настаните кои произлегле како логична закономерна последица од документите кои се приложени во вториот дел од ракописот. Таквиот пристап на студентите им овозможува да согледаат како се извлекуваат научни сознанија и заклучоци од документите кои на прв поглед изгледаат апстрактни.

Текстот е изложен со коректен јазик и стил и соодветна терминологија што овозможува лесно освојување на материјата.

Основниот дел од ракописот ги содржи документите. Проф. д-р Јовановски направил интересен избор на документи за сите балкански држави за посочениот период. Еден дел од документите се однесуваат на создавањето на балканските држави. Друг дел од нив се однесуваат на извојувањето на грчката независност, како и на останатите земји. Според документите воочливо е влијанието на големите сили при создавањето на овие земји.

Интересен дел од документите се однесуваат на промената на династиите во Бугарија и Грција. Овде неодминлива е констатацијата за значењето на меѓународниот фактор, особено на големите сили при создавањето на овие земји, систем и непишано правило на политика на Балканот.

Значителенен број документи се однесуваат на создавањето на православните цркви во Србија и Грција. При анализата на овие документи се забележува

влијателната улога на државата при формирањето на црквите. Тоа особено е евидентно во случајот со грчката православна црква.

Во балканскиот деветнаесетти век, најголем губитник на територии била османлиската држава. Значен дел од документите го отсликуваат начинот на кој им била отстапувана османлиската територија на новосоздадените балкански земји. Не секогаш, тоа било последица на успешни ослободителни движења и војни. И овде доминантана била улогата и влијанието на големите сили.

Територијалните проширувања на балканските држави секогаш било за сметка на османлиската држава, но има и еден исклучок. Тоа е примерот за отстапувањето на Јонските Острови од Велика Британија на Грција. Документите ги илустрираат сите територијални промени во регионот.

Улогата на големите сили во политичките и територијалните прашања во регионот не произлегува од наклонетоста на соодветните земји кон одредена балканска држава или нација, туку тоа е последица на нивните конкретни интереси. Еден дел од документите најдобро ја објаснуваат ова ситуација. Во ракописот се презентирани 70 документи од разновидна провениенција кои авторот ги собрал низ повеќегодишните истражувања. Преводот е коректен, при што под секој документ е наведен изворот. Ова учебно помагало е сосема ново и оригинално, не само кај нас туку и пошироко во регионот. Тоа дава можност студентите на компаративен начин да ги согледаат поважните моменти од создавањето на балканските држави. Оттука ми претставува чест да му препорачам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја усвои мојава рецензија со што би започнала процедурата за објавување.

Скопје, 25. 12. 2010

Рецензент
Проф. д-р Михајло Миноски, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „БАЛКАНОТ 1826-1913" ОД ПРОФ. Д-Р ДАЛИБОР ЈОВАНОВСКИ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА

Со одлука (бр. 12-2989/2 од 23. 11. 2010 г) на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, избран сум за рецензент на ракописот со наслов „Балканот 1826-1913" од д-р Далибор Јовановски, вонреден професор на Институтот за историја при Филозофскиот факултет.

Поднесениот ракопис претставува ново учебно помагало за студентите од Институтот за историја од областа на балканската историја во новиот век. Досега таков вид на учебно помагало за посочената проблематика не постои, што значи станува збор за оригинален труд. Конкретно станува збор за помагало кое низ документи овозможува да се проследи создавањето на балканските држави и нивните институции во текот на 19 и почетокот на 20 век.

Конкретно, учебното помагало ќе биде во функција за полесно совладување на наставната програма и градивото по следниве предмети:

3. балканските држави 1830-1914 г ( шести семестар, 4+2 часа );
4. историја на балканската дипломатија 1830-1914 (шести семестар 3+2 часа).

Учебното помагало може да се користи во студиските програми за историја и историја со архивистика.

Учебното помагало е во согласност со усвоените и акредитирани програми на Филозофскиот факултет.

Ракописот содржи Предговор и опширен Вовед, а потоа следуваат документите. Опширниот Вовед е заснован врз база на богата и релевантна литература и архивски материјали од разновидна провениенција. Тоа најдобро се гледа од бројните дополнителни белешки кон текстот.

Во опширниот Вовед, авторот проф. д-р Јовановски дава пресек на создавањето на балканските држави, воспоставувањето и развојот на нивните институции, како и нивната улога врз развојот на соодветните земји, како на општествено-економски, така и на политички план. Истовремено, авторот го потенцира значењето и менторската улога на големите европски сили при создавањето на балканските држави, нивните институции и воопшто нивниот економски и политички развој. Таквиот опширен Вовед апсолутно е во функција на разјаснувањето на процесите и настаните кои произлегле како логична закономерна последица од документите кои се приложени во вториот дел од ракописот. Од друга страна, таквиот пристап на студентите им овозможува да согледаат и да сфатат како се извлекуваат научно засновани сознанија и заклучоци од документите кои на прв поглед изгледат апстрактни и сувопарни.

Текстот е изложен со коректен јазик и стил и соодветна терминологија што овозможува лесно освојување на материјата.

Вториот, всушност основниот и носечки дел од ракописот содржи документи. Авторот внимателно направил интересен избор на документи за сите балкански држави за посочениот временски период. Еден дел од избраните документи се однесуваат на создавањето на балканските држави. Значен дел од нив се однесуваат на стекнувањето на грчката независност, како и на останатите земји. Според приложените документи лесно е воочливо военото и политичкото влијание на големите сили при создавањето на овие земји.

Значаен и интересен дел од приложените документи се однесуваат на промената на династиите во Бугарија и Грција. Притоа и овде неодминлива е констатацијата за значењето на меѓународниот фактор, особено на големите сили при создавањето на овие земји, систем и непишано правило на политика на Балканот која е евидентна и денес.

Неколку документи во ова учебно помагало се однесуваат на создавањето на афтокефалните православни цркви во Србија и Грција. Интересно е да се напомене дека при анализата на овие документи се гледа доминантната улога на државата и политиката при формирањето на тамошните цркви, слично како и денес во православниот свет. Последново, особено е евидентно во случајот со грчката православна црква.

Во балканскиот деветнаесетти век, најголем губитник на територии била османлиската држава. Значен дел од документите го отсликуваат начинот на кој им била отстапувана османлиската територија на новосоздадените балкански земји. Не секогаш, тоа било последица на успешни ослободителни движења и војни. И овде доминантана била улогата и влијанието на големите сили.

Кога станува збор за територијалните проширувања на балканските држави, кое секогаш било за сметка на османлиската држава, овде имаме еден исклучок. Конкретен пример за тоа е отстапувањето на Јонските Острови од страна на Велика Британија на малата Грција. Понудените документи се најдобра илустрација за сите територијални промени во регионот, но и за улогата на големите сили во тоа.

Потенцирање на улогата на големите сили во политичките и територијалните прашања во регионот не произлегува од филантропијата на соодветните земји кон одредена балканска држава или нација, туку тоа е последица на нивните конкретни интереси. Еден дел од документите најдобро ја објаснуваат ова ситуација. По создавањето на некои од независните држави на Балканот, на нивните влади им биле наметнати одредени финасиски обврски како обесштетување и компензации кон некои од големите сили, но и кон самата османлиска држава.

Во ракописот се понудени 70 документи од разновидна провениенција кои авторот ги собрал низ повеќегодишните истражувања. Преводот на документите е коректен, при што под секој документ е наведен изворот од каде е најден или преземен.

Така конципираното учебно помагало е сосема ново и оригинално, не само кај нас (Македонија), туку и пошироко во регионот. Тоа овозможува студентите истовремено на компаративен начин да ги согледаат најзначајните моменти од создавањето и развојот на балканските држави во наведениот период.

Поаѓајќи од изнесеното ми претставува чест да му препорачам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја усвои мојава рецензија со што би започнала процедура за објавување на посочениот ракопис како учебно помагало.

Скопје, 20. 12. 2010

Рецензент
Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ: „ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ТРАЈЧЕ СТАФИЛОВ, М-Р БИЉАНА БАЛАБАНОВА, Д-Р РОБЕРТ ШАЈН, М-Р КАТЕРИНА БАЧЕВА И Д-Р БЛАЖО БОЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет бр. 07-2433/3 од 24.11.2010 година, определена сум за рецензент на ракописот под наслов: ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев. По прегледот на ракописот, чест ми е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев, напишан е двојазично (македонски и англиски), содржи вкупно 90 страници од А4-формат. Во работата се презентирани 3 слики, 64 карти и 15 табели. Цитирани се 44 библиографски единици. Содржината на ракописот е поделена на 10 поглавја.

Во поглавјето ВОВЕД е наведена основната цел на обемното научно-експериментално испитување на гореспоменатата студиска група систематизирано во овој ракопис. Воведот започнува со дефинирање на основните поими „тешки метали" и „загадување", затоа што во рамките на овие истражувањата е определувана вкупната содржина на 23 елементи (Ag, Al, As, B, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Ga, Fe, K, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Sr, V и Zn) во почвата и воздухот на територијата на Радовиш и околината. Уште на самиот почеток на текстот наведено е дека во областите каде што има рудник со отворен коп, загадувањето со тешки метали на почвата и воздухот на околината е неминовен процес. Како главни патишта за загадувањето со минералните микрочестички од рудата, авторите ги посочуваат процесите на екстракција и концентрирање на рудата, како и одлагање на отпадот на отворено. Главна и основна причина што ги навело авторите да се зафатат со изработка на оваа студија е добивање база на податоци која може да послужи како основа за преземање позитивни активности за зачувување на животната средина и обезбедување поздрав живот на денешните и идните генерации во овој регион.

За истражување авторите примениле мониторинг кој ќе се состои во испитување на примероци на почва, мов и прав од поткровни греди земени од околината на рудникот и неговата флотација. Анализата на примероците почва обезбедила доволно податоци да подготват карти на просторната дистрибуција на тешките метали во земјиштето од испитуваниот регион. Од добиените резултати, со примена на посебни геостатистички методи и статистички софтвери, авторите изготвиле карти на дистрибуција за секој елемент посебно. Статистички обработените податоци и картите на дистрибуција на поеди-

нечните елементи овозможуваат да се утврдат подрачјата со најголема контаминираност со тешки метали.

Во второто поглавје (ГЕОГРАФСКИ ОПИС) се дадени основните географски податоци за Радовиш и местото каде што е сместен рудникот и флотацијата за бакар „Бучим“. Нагласено е дека рудникот располага со околу 40.000.000 тони рудни резерви, но и јаловиште со 130.000.000 тони рудички отпад, која зафаќа површина од 0,80 km² и се наоѓа југозападно од површинскиот коп. Освен депонија за рудничка јаловина постои и хидројаловиште од погонот за флотација.

Третото поглавје е ГЕОЛОШКИ ОПИС на истражуваната област. Металогената област во подрачјето Бучим-Дамјан-Боров Дол (~150 km²) се карактеризира со депозити и минерализации на Fe, Cu, Au и основни метали. Рудникот (директно и индиректно) значително придонесува за развивање на други индустриски активности на Радовиш, но од друга страна неговата работа придонесува за загрозување на екосистемите на локално ниво. Предвидени опасности се: токсично кисели ефлуенти, неконсолидирани отпадни стени, емисија на прашина и небезбедна работа, слабо одржувана нестабилна депонија со јаловина.

Петтото поглавје, МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ, е поделено на пет потпоглавја: Земање примероци, Систем за глобално позиционирање, Подготовка на примероците, Инструментација и Веродостојност на добиените резултати. Во потпоглавјето *Земање примероци,* опишан е начинот на земање примероци почви, прав од поткровни греди и мовови. Примероците почви се собирани според одредени европски стандарди за земање примероци почва за испитување на загадувањето na почвите. За целта на оваа студија се собрани вкупно 40 примероци, од кои 20 примероци на почва од површинскиот слој и 20 примероци на почва од потповршинскиот слој. Примероците мов, како биоиндикатори, се селектирани согласно со европските стандарди за истражувања на тешки метали во воздух. Во зависност од пристапноста на теренот, собирани се мовови од видот *Hyloconium splendens* (Hedw.) и *Pleurozium schrebery* (Brid.). Моовите се земени на 52 локации од испитуваниот терен. Примероци на прав од поткровни греди се собирани од куќите во населените места во испитуваното подрачје. Вкупно биле собрани 64 примероци од 29 населени места претставени на картата 5.

Во потпоглавјето *Систем за глобално позиционирање,* детално е објаснет методот за одредувањето на локациите за земање на сите три типа примероци за хемиска анализа со глобално GPS - позиционирање базирано на сателитска навигација. Со цел да се обезбедат информации за местоположбата на земањето на примероците, користен е систем за глобално позиционирање модел Geo Explorer 3.

Во потпоглавјето *Подготовка на примероците,* опишана е подготовката на примероците за анализа (чистење, сушење, ситнење и нивно хемиско разложување), додека во *Инструментација* се дадени спецификациите на сите инструмемти со кои се определени вкупно 23 елементи (Ag, Al, As, B, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Ga, Fe, K, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Sr, V и Zn) во растворите на примероците мов, прав од поткровни греди и почва. Определувањето е извршено

со три техники: електротермичка (ETAAS), пламена атомска апсорпциона спектрометрија (FAAS) и атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES).

Поглавјето ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИЗРАБОТКА НА КАРТИТЕ се состои од две потпоглавја - *Статистичка анализа* и *Мапирање на податоци*. Сите податоци за содржината на испитуваните елементи се статистички обработени. За определување на степенот на поврзаноста на вредностите на содржината на хемиските елементи во сите видови примероци применета е биваријантна статистика. Со примената на факторната анализа обработени се одредени податоци или се користи матрицата на коваријанци или корелационата матрица. За конструирање на картите на депозиција на факторните асоцијации и за секој елемент посебно применет е универзалниот *kriging* - метод. За граници на подрачја беа земени перцентилни вредности на дистрибуција на интерполираните вредности (0–10, 10–25, 25–40, 40–60, 60–75, 75–90, 90–100).

Во поглавјето БИОМОНИТОРИНГ СО ПРИМЕРОЦИ НА МОВ е опишано следењето на загадувањето на воздухот со тешки метали во околината на рудникот и флотацијата „Бучим“. Примероците се анализирани со ISP-AES и ETAAS и определени се 16 елементи: Al, As, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Fe, K, Mn, Na, Ni, Pb, Sr, и Zn. Добиените вредности за содржината на елементите статистички се обработени со примена на основна дескриптивна статистика. Значителни разлики помеѓу средната вредност и вредноста на медијаната се јавуваат за бакарот во примероците на мов земени од непосредна близина на селата Бучим и Тополница, односно од непосредна близина на рудникот. Содржината на Cu најдена во примероците мов од блиската околина на рудникот покажува сигнификантно зголемување на медијаната за бакар за 9 пати во однос на резултатите за испитуваното подрачје и за 4 пати во однос на вредностите за целата територија на Р. Македонија.

Со примена на биваријантната статистика утврден е степенот на поврзаноста меѓу испитуваните елементи во примероците на мов. Со факторната анализа се издвоени три факторни групи: една антропогена (F1) и две геогени (F2 и F3) асоцијации на елементи. Факторот 1 (Al, As, Cd, Co, Cu, Fe, Pb, Zn) претставува антропогена геохемиска асоцијација. Според авторите, овој антропоген фактор бил очекуван поради присуството на рудникот. Констатираат дека отворениот површински коп, како и изложеноста на рудничката и флотационата јаловина се извори на финиот прав со висока содржина на овие елементи, кој постојано се носи со ветровите и се дистрибуира во воздухот на поголеми растојанија од рудникот. Факторот 2 (Cr, Ni, Sr) и Факторот 3 (Ba, K, Na) се оценуваат како геогени асоцијации. Елементите Ni и Sr од Факторот 2 се есенцијални елементи во траги во растителното ткиво на мовта, додека Факторот 3 ги асоцира елементите кои природно се среќаваат во почвата и мовта како макроелементи. Со споредбената анализа е покажано дека само блиската околина на рудникот се карактеризира со висока содржина на антропогени елементи, но само Cu покажува високо отстапување на вредноста на медијаната во однос на соодветната вредност за содржината на Cu во мововите од целата територија на Р. Македонија. Тоа е јасен сигнал дека населението во овие села континуирано е изложено на висока содржина на Cu и други тешки метали во животната средина, што претставува негативно влијание врз нивното здравје.

Во поглавјето БИОМОНИТОРИНГ СО ПРИМЕРОЦИ ПРАВ ОД ПОТКРОВНИ ГРЕДИ определена е содржината на вкупно 18 елементи (Al, As, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Li, Fe, K, Mg, Mn, Na, Ni, Pb, Sr и Zn). Овој тип на мониторинг дава информации за влијанието на рудникот врз загадувањето на воздухот за еден подолг временски период (од почетокот на рудничката активност до денес). Со примената на биваријантната статистика за сите елементи добиени се високи вредности на коефициентите на корелација. Со факторната анализа се издвоени три асоцијации F1, F2 и F3. Геохемиска асоцијација Ca-Li-Mg-Mn-Sr (Факторот 1) е група елементи присутни како резултат на природни појави како што е носењето на фин прав од површинските слоеви на почвата со ветровите. Геохемиска асоцијација Cd-Co-Cr-Ni (Факторот 2) е група поврзана со литогенезата. Факторот 3 (As, Cu и Pb) се елементи кои се резултат на антропогени активности. Кај оваа факторна група, висока вредност на оптоварување има елементот Cd (0,47), кој исто така се јавува поради присуството на рудникот.

Од спроведениот мониторинг со примероци прав од поткровни греди како антропогена група асоцирани се As, Cu, Pb, Cd. Максималните вредности за содржината на овие елементи се добиени во примероците прав од поткровни греди од куќите во селата Бучим и Тополница, кои се наоѓаат во непосредна близина на рудникот (вредности за медијани: As 21 mg $kg^{-1}$; Cd 2,8 mg $kg^{-1}$; Cu 180 mg $kg^{-1}$; Pb 76 mg $kg^{-1}$). Овие вредности на медијаните значајно се разликуваат од соодветните вредности во примероците прав од поткровни греди од целото испитувано подрачје (As 10 mg $kg^{-1}$; Cd 2.0 mg $kg^{-1}$; Cu 27 mg $kg^{-1}$; Pb 20 mg $kg^{-1}$). Значителна разлика кај вредностите на медијаната за Cd нема, но за елементите As, Cu и Pb постои разлика со фактор на зголемување 2, 4 и 9 пати, соодветно.

Осмото поглавје МОНИТОРИНГ СО ПРИМЕРОЦИ ПОЧВА се однесува на спроведеното испитување на застапеноста на тешките метали во почвата во околу рудникот. За таа цел се собрани 20 примероци почва од површинскиот слој и 20 примероци почва од длабочинскиот слој. Во сите 40 примероци е одредена содржината на 19 елементи (Al, As, Ba, Ca, Cr, Cu, Fe, Ga, K, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Sr, V и Zn). Кај сите испитувани елементи не се утврдени големи разлики помеѓу вредностите за содржината на елементите во примероците почва од површинскиот и длабинскиот слој. Единствено за Cu се забележува висока содржина во површинскиот слој на почвата во примерок чија локација е непосредно до рудничката јаловина. Со факторната анализа се издвоени три факторни групи, кои се геохемиски асоцијации на елементите: Факторот 1 (Al, Ca, Cr, Fe, Mg,), Факторот 2 (Li, Mn, Na, Ni, Pb) и Факторот 3 (Ba-Sr).

Ракописот ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев, завршува со деветтото поглавје, насловено „Литература", во кое се цитирани 44 литературни единици од понов датум.

За обележување е фактот што од обемната научноистражувачка работа презентирана во овој ракопис, објавени се 3 научни статии:

1. B. Balabanova, T. Stafilov, K. Bačeva, R. Šajn, Atmospheric pollution with copper around the copper mine and flotation, Bučim, Republic of Macedonia, using

biomonitoring moss and lichen technique, *Geologica Macedonica*, 23, 35–41 (2009).
2. B. Balabanova, T. Stafilov, K. Bačeva, R. Šajn, Biomonitoring of atmospheric pollution with heavy metals in the copper mine vicinity located near Radoviš, Republic of Macedonia, *Journal of Environmental Science and Health, Part A*, 45, 1504–15181 (2010).
3. B. Balabanova, T. Stafilov, R. Šajn, K. Bačeva, Distribution of chemical elements in attic dust as reflection of lithology and anthropogenic influence in the vicinity of copper mine and flotation, *Archives of Environmental Contamination Toxicology*, (2011), DOI 10.1007/s00244-010-9603-5; in press.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на ракописот со наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, поднесена од д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев, може да се заклучи дека авторите извршиле многу значајно истражување на содржината на тешки метали во почвата и воздухот во околината на рудникот „Бучим" близу градот Радовиш. Ракописот претставува вреден и оригинален научен труд со вреден придонес кон повеќе научни дисциплини: хемијата на околината, аналитичката хемија и геохемијата. Во ракописот темелно и на завидно високо ниво систематично се анализирани екосистемите почва и воздух. При тоа се применети најсовремени методи за земање примероци за анализа (мов, прав од поткровни греди и почви), нивно подготвување, мерење на аналитичките сигнали, обработка и валидација на резултатите. Овој ракопис во целост ја исполнил задачата и целите кои авторите си ги поставиле при започнувањето на истражувањето - *добивање база на податоци која ќе послужи како основа за преземање позитивни активности за зачувување на животната средина и обезбедување поздрав живот на денешните и идните генерации* од регионот околу рудникот „Бучим". Потврда за вредноста на овој ракопис се трите научни труда кои се објавени или се во постапка за објавување во релевантни светски научни списанија. Затоа, на членовите на оваа Рецензентска комисија им претставува задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да започне постапка за издавање на ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев во вид на монографија.

Член на Рецензентската комисија
Д-р Катарина Чундева, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ТРАЈЧЕ СТАФИЛОВ, М-Р БИЉАНА БАЛАБАНОВА, Д-Р РОБЕРТ ШАЈН, М-Р КАТЕРИНА БАЧЕВА И Д-Р БЛАЖО БОЕВ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет бр. 07-2433/3 од 24.11 2010 година донесе одлука со која сум определен за рецензент на ракописот под наслов: ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев. По прегледот на ракописот, чест ми е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев, напишан е на македонски и англиски јазик на 90 страници од А4-формат. Во трудот податоците се презентирани на 15 табели, 64 карти и 3 слики. Ракописот е поделен во 10 тематски поглавја во кои се цитирани 44 библиографски единици.

ПОГЛАВЈЕ I: ВОВЕД

Во ова поглавје авторите најпрво даваат детални дефиниции за термините „тешки метали" и „загадување"„ што е од битно значење имајќи го предвид фактот дека основна цел на студијата е проучувањето на содржината на 23 елементи (Ag, Al, As, B, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Ga, Fe, K, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Sr, V и Zn) во почвата и воздухот на територијата на Радовиш и околината и нивното влијание врз човекот и животната средина воопшто. Понатаму, авторите даваат прецизна дефиниција на поимот експозиција (изложеност) на луѓето и околината кон одреден загадувач.

Даден е и опис на сите потенцијални извори на загадување на воздухот и улогата на човековите активности во тие процеси, со посебен акцент на рударските активности, посебно на рудниците со отворен коп. Авторите даваат детален опис на механизмот на загадување на воздухот од рудниците со отворен коп, како и негативното влијание што тоа загадување го има врз здравјето на луѓето. Покрај тоа, во ова поглавје авторите се осврнуваат и на начините на следење на процесот на загадување на воздухот и другите природни ресурси, со посебен акцент на биомониторингот, кој овозможува лесно и брзо деектирање на загадувањето во еден поголем реон со примена на едноставни техники и методи кои не бараат примена на скапа опрема, а од друга страна неговата примена зема се поголем замав во светски рамки, што овозможува споредливост со податоците од други земји.

Понатаму, во ова поглавје авторите даваат детален опис на методите и техниките на применетите истражувања.

Главна и основна прчината што ги навело авторите да се зафатат со изработка на оваа студија е добивање база на податоци која може да послужи како основа за преземање позитивни активности за зачувување на животната

средина и обезбедување поздрав живот на денешните и идните генерации во овој регион.

За истражувањето авторите примениле мониторинг кој ќе се состои во испитување на примероци на почва, мов и прав од поткровни греди земени од околината на рудникот и неговата флотација. Анализата на примероците почва обезбедила доволно податоци да подготват карти на просторната дистрибуција на тешките метали во земјиштето од испитуваниот регион. Од добиените резултати, со примена на посебни геостатистички методи и статистички софтвери, авторите изготвиле карти на дистрибуција за секој елемент посебно. Статистички обработените податоци и картите на дистрибуција на поединечните елементи овозможуваат да се утврдат подрачјата со најголема контаминираност со тешки метали.

ПОГЛАВЈЕ II: ГЕОГРАФСКИ ОПИС:

Во ова поглавје, авторите даваат детален опис на географските услови, како и опис на состојбата со другите природни ресурси, како на пр. Шумарството, хидрографијата и хидрологијата, како и климатските услови. Исто така, во ова поглавје е даден детален опис на социо-економските услови во испитуваното подрачје и културното наследство. Во понатамошниот текст е даден опис на рудните богатства и резервите и составот на рудата со кои располага овој регион.

Даден е опис за рудникот и флотацијата за бакар „Бучим". Нагласено е дека рудникот располага со околу 40.000.000 тони рудни резерви, но и јаловиште со 130.000.000 тони рудички отпад, која зафаќа површина од 0,80 $km^2$ и се наоѓа југозападно од површинскиот коп. Освен депонија за рудничка јаловина постои и хидројаловиште од погонот за флотација.

ПОГЛАВЈЕ III: ГЕОЛОШКИ ОПИС

Во ова поглавје, авторите се осврнуваат на геолошките услови на подрачјето и потенцираат дека тоа е дел од пошироката Вардарска структурна зона која е издвена како посебна зона со силни текстонски движења. Според нив, рудникот „Бучим" е дел од малата металогена област Бучим-Дамјан-Боров Дол (с. 150 km2), која се карактеризира со депозити и минерализации на железо, бакар, злато и основни метали. Според нив, областа Бучим-Дамјан -Боров Дол е поделена во два тектонски блока: тектонскиот блок Бучим и јужнотектонскиот блок Дамјан се дел од Вардарската зона.

Авторите потенцираат дека иако рудникот „Бучим" е еден од најважните индустриски објект во Радовиш и движечка сила на индустријата и економијата во Радовиш, сепак мора да се има предвид дека издвоените рудни отпадни материјали создаваат опасни еколошки услови за населението и екосистемите на локално ниво. Предвидени опасности се: токсично кисели ефлуенти, неконсолидирани отпадни стени, емисија на прашина и небезбедна работа, слабо одржувана нестабилна депонија со јаловина.

ПОГЛАВЈЕ IV: Материјали и методи

Ова поглавје е поделено во 5 потпоглавја: Земање примероци, Систем за глобално позиционирање, Подготовка на примероците, Инструментација и Веродостојност на добиените резултати.

Во првото потпоглавје, авторите ги опишуваат методите, времето и динамиката на земање на почви, прав од поткровни греди и мовови. Наведено е

дека почвените проби се собирани според одредени европски стандарди за земање примероци почва за испитување на загадувањето на почвите.

За потребите на оваа студија се собрани вкупно 40 примероци, од кои 20 примероци на почва од површинскиот слој и 20 примероци на почва од потповршинскиот слој. Во зависност од пристапноста на теренот, собирани се мовови од видот *Hyloconium splendens* (Hedw.) и *Pleurozium schrebery* (Brid.). Моовите се земени на 52 локации од испитуваниот терен. Примероци на прав од поткровни греди се собирани од куќите во населените места во испитуваното подрачје. Вкупно биле собрани 64 примероци од 29 населени места претставени на картата 5.

Методот на одредувањето на точната локација на земањето на трите типа проби е опишано во *Систем за глобално позиционирање*. За таа цел, авторите примениле модерен систем на глобално позиционирање GPS, базирано на сателитска навигација.

Во потпоглавјето *Подготовка на примероците*, опишана е подготовката на примероците за анализа (чистење, сушење, ситнење и нивно хемиско разложување), додека во *Инструментација* се дадени спецификациите на сите инструмемти со кои се определени вкупно 23 елементи (Ag, Al, As, B, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Ga, Fe, K, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Sr, V и Zn) во растворите на примероците мов, прав од поткровни греди и почва. Определувањето е извршено со три техники: електротермичка (ETAAS), пламена атомска апсорпциона спектрометрија (FAAS) и атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES). *Веродостојноста на податоците* е со примена на методот на стандардни додатоци, при што авторите добиле задоволителни вредности за аналитичкиот принос за анализираните елементи.

ПОГЛАВЈЕ V: Обработка на податоците и изработка на картите

Во оваа поглавје даден е детален опис на обработката на податоците во две потпоглавја: *Статистичка анализа* и *Мапирање на податоци*.

За статистичка обработка на податоците користен е статистички софтвер (Statistica 6), преку користење на параметриска и непараметриска анализа. За анализа на вредностите за содржината на елементите во сите видови примероци користена е основна дескриптивна статистичка анализа, додека за определување на степенот на поврзаноста на вредностите на содржината на хемиските елементи во сите видови примероци применета е биваријантна статистика. Со примената на факторната анализа обработени се одредени податоци или се користи матрицата на коваријанци или корелационата матрица.

За изработка на картите на дистрибуција користен е universal kriging - методот и интерполација со метод на линеарна интерполација. За граници на подрачја земени се перцентилни вредности на дистрибуција на интерполираните вредности (0–10, 10–25, 25–40, 40–60, 60–75, 75–90, 90–100).

ПОГЛАВЈЕ VI: Биомониторинг на примероци мов

Во ова поглавје опишан е мониторингот на 16 елементи: Al, As, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Fe, K, Mn, Na, Ni, Pb, Sr, и Zn, во примероци мов од испитуваното подрачје. Добиените вредности од хемиските анализи, извршени со методите на ISP-AES и ETAAS, понатаму се статистички обработени. Со примена на основна дескриптивна статистика утврдени се значителни разлики помеѓу средната вредност и вредноста на медијаната кај бакарот во примероците на мов земени

од непосредна близина на селата Бучим и Тополница, односно од непосредна близина на рудникот. Содржината на Cu најдени во примероците мов од блиската околина на рудникот покажуваат сигнификантно зголемување на медијаната за бакар за 9 пати во однос на резултатите за испитуваното подрачје и за 4 пати во однос на вредностите за целата територија на Р. Македонија.

Биваријантната статистика е применета за утврдување на степенот на поврзаноста меѓу испитуваните елементи во примероците на мов.

Врз основа на матрицата на коефициенти на корелација е направена факторна анализа (FA или PCA). Со факторната анализа се издвоени три факторни групи: **една антропогена (F1) и две геогени (F2 и F3)** асоцијации на елементи. Факторот 1 (Al, As, Cd, Co, Cu, Fe, Pb, Zn) претставува антропогена геохемиска асоцијација. Антропогениот фактор бил очекуван поради присуството на рудник со површински коп, како и рудничката и флотационата јаловина кои се извори на финиот прав со висока содржина на овие елементи, кој постојано се носи со ветровите и се дистрибуира во воздухот на поголеми растојанија од рудникот. Факторот 2 (Cr, Ni, Sr) и Факторот 3 (Ba, K, Na) се оценуваат како геогени асоцијации. Елементите Ni и Sr од Факторот 2 се елементи во траги во растителното ткиво на мовта, додека Факторот 3 ги асоцира елементите кои природно се среќаваат во почвата и мовта како макроелементи.

Споредбената анализа покажала дека само блиската околина на рудникот се карактеризира со висока содржина на антропогени елементи, но само Cu покажува високо отстапување на вредноста на медијаната во однос на соодветната вредност за содржината на Cu во мововите од целата територија на Р. Македонија. Тоа е јасен сигнал дека населението во овие села континуирано е изложено на висока содржина на Cu и други тешки метали во животната средина, што претставува негативно влијание врз нивното здравје.

ПОГЛАВЈЕ VII: Биомониторинг со примероци од поткровни греди

Според авторите, примената на ваков тип примероци дава информации за влијанието на рудникот врз загадувањето на воздухот за еден подолг временски период (од почетокот на функционирањето на рудникот до денес). Определена е содржината на вкупно 18 елементи (Al, As, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Li, Fe, K, Mg, Mn, Na, Ni, Pb, Sr и Zn).

Примената на биваријантната статистика за сите елементи покажала високи вредности на коефициентите на корелација. Со факторната анализа се издвоени три асоцијации F1, F2 и F3. Геохемиска асоцијација Ca-Li-Mg-Mn-Sr (Факторот 1) е група елементи присутни како резултат на природни појави како што е носењето на фин прав од површинските слоеви на почвата со ветровите. Геохемиска асоцијација Cd-Co-Cr-Ni (Факторот 2) е група поврзана со литогенезата. Факторот 3 (As, Cu и Pb) се елементи кои се резултат на антропогени активности. Кај оваа факторна група, висока вредност на оптоварување има елементот Cd (0,47), кој исто така се јавува поради присуството на рудникот.

Од спроведениот мониторинг со примероци прав од поткровни греди како антропогена група асоцирани се As, Cu, Pb, Cd. Максималните вредности за содржината на овие елементи се добиени во примероците прав од поткровни греди од куќите во селата Бучим и Тополница, кои се наоѓаат во непосредна близина на рудникот (вредности за медијани: As 21 mg $kg^{-1}$; Cd 2,8 mg $kg^{-1}$; Cu 180 mg $kg^{-1}$; Pb 76 mg $kg^{-1}$). Овие вредности на медијаните значајно се разликуваат од соодветните вредности во примероците прав од поткровни греди од целото испитувано подрачје (As 10 mg $kg^{-1}$; Cd 2.0 mg $kg^{-1}$; Cu 27 mg kg⁻

¹; Pb 20 mg kg⁻¹). Значителна разлика кај вредностите на медијаната за Cd нема, но за елементите As, Cu и Pb постои разлика со фактор на зголемување 2, 4 и 9 пати, соодветно.

ПОГЛАВЈЕ VIII: Мониторинг со примероци почва

Во ова поглавје се дадени податоци од спроведеното испитување на загаденоста на тешките метали во почвата околу рудникот. За таа цел се собрани 20 примероци почва од површинскиот слој и 20 примероци почва од длабочинскиот слој. Во сите 40 примероци одредена е содржината на 19 елементи (Al, As, Ba, Ca, Cr, Cu, Fe, Ga, K, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Sr, V и Zn). Кај сите испитувани елементи не се утврдени големи разлики помеѓу вредностите за содржината на елементите во примероците почва од површинскиот и длабинскиот слој. Единствено за Cu се забележува висока содржина во површинскиот слој на почвата во примерок чија локација е непосредно до рудничката јаловина. Со факторната анализа се издвоени три факторни групи, кои се геохемиски асоцијации на елементите: Факторот 1 (Al, Ca, Cr, Fe, Mg,), Факторот 2 (Li, Mn, Na, Ni, Pb) и Факторот 3 (Ba-Sr).

ПОГЛАВЈЕ IX: Литература

Во овој ракопис се цитирани податоци од 44 литературни единици од домашни и странски автори. За одбележување е фактот што од обемната истражувачка работа изложена во овој ракопис, авторите имаат објавено 3 научни статии:

1. B. Balabanova, T. Stafilov, K. Bačeva, R. Šajn, ATMOSPHERIC POLLUTION WITH COPPER AROUND THE COPPER MINE AND FLOTATION, BUČIM, REPUBLIC OF MACEDONIA, USING BIOMONITORING MOSS AND LICHEN TECHNIQUE, *Geologica Macedonica*, 23, 35–41 (2009).

2. B. Balabanova, T. Stafilov, K. Bačeva, R. Šajn, BIOMONITORING OF ATMOSPHERIC POLLUTION WITH HEAVY METALS IN THE COPPER MINE VICINITY LOCATED NEAR RADOVIŠ, REPUBLIC OF MACEDONIA, *Journal of Environmental Science and Health, Part A*, 45, 1504–15181 (2010).

3. B. Balabanova, T. Stafilov, R. Šajn, K. Bačeva, DISTRIBUTION OF CHEMICAL ELEMENTS IN ATTIC DUST AS REFLECTION OF LITHOLOGY AND ANTHROPOGENIC INFLUENCE IN THE VICINITY OF COPPER MINE AND FLOTATION, *Archives of Environmental Contamination Toxicology*, (2011), DOI 10.1007/s00244-010-9603-5; in press.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот со наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, поднесена од д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев, претставува вреден и оригинален научен труд со вреден придонес кон истражувањето на содржината на тешки метали во почвата и воздухот во околината на рудникот „Бучим" близу градот Радовиш и влијанието на рударските активности врз екосистемите: почва и воздух. Со примена на најсовремени методи за земање примероци за анализа (мов, прав од поткровни греди и почви), нивно подготвување, мерење на аналитичките сигнали, обработка и валидација на резултатите, авторите дошле до значајни информации за објаснување на причинско/последичните односи на начинот на

загадување на овие екосистеми со тешки метали и нивното негативно влијание врз човековата околина.

Овој ракопис претставува основа и модел за тоа како треба да се организира мониторингот и во други региони на Р. Македонија, кои претставуваат „жешки" точки во однос на загадувањето на животната околина со тешки метали, како и одлична основа за организирање на база на податоци која ќе послужи за преземање на позитивни активности за зачувување на животната средина и обезбедување поздрав живот на денешните и идните генерации.

Затоа ми претставува чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да започне постапка за издавање на ракописот под наслов ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РАДОВИШ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ВОЗДУХОТ, поднесен од авторите д-р Трајче Стафилов, м-р Биљана Балабанова, д-р Роберт Шајн, м-р Катерина Бачева и д-р Блажо Боев во вид на монографија.

Рецензент
Д-р Душко Мукаетов, вонреден професор,
Земјоделски институт во Скопје, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Мирјана Пехчевска Поп Илиева | Жените со претприемачки дух како предуслов за економски развој и намалување на невработеноста | Проф.д-р Радмил Поленаковиќ |
| Тања Филиповска | Улогата на менторството во работното воведување и професионалниот развој на нововработените во организациите од приватниот сектор | Проф.д-р Ружица Цацановска |
| Александра Црногорска | Стресот како фактор кој влијае врз перформансите на кандидатите при процесот на вработување | Доц.д-р Елеонора Серафимовска |
| Јетон Зука | Реформите во Јавната администрација – менаџмент на промени кај големите организации | проф.д-р Петар Атанасов |
| Билјана Велковска | Влијанието на задоволството од работата и организациската приврзаност врз организациските промени | проф. д-р Петар Атанасов |
| Лидија Ѓокиќ | Влијанието на прокрастинација врз работата и можности за нејзино менаџирање | проф. д-р Мирјана Борота Поповска |

| | | |
|---|---|---|
| Марина Павловска | Анализа на доминантните стилови во работењето кај вработените од различни професии | проф. д-р Мирјана Борота Поповска |
| Бистра Георгиева | Структура и содржина на културен центар на територијата на градот Скопје како дел од културната стратегија за поголема вклученост на различните групи | Вон.проф.д-р Ганка Цветанова |
| | | |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/08,103/08 и бр 26/09) и членовите 42-46 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје со Анекс 1 и Анекс 2 од овој Правилник, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 18.11.2010 година, донесе решение за преизбор на 1 помлад асистент по предметот ХИРУРГИЈА во согласност со конкурсот од 19.10.2010 год.

Рецензентската комисија во состав:

1. **Проф.д-р Ѓорѓи Велковски**
2. **Проф.д-р Владимир Мирчевски**
3. **Доц.д-р Ѓорѓи Јота,**

го донесе следниов

***ИЗВЕШТАЈ***

**Помл.ас.д-р Ѓорѓи Трајковски**

## Биографски податоци

Ѓорѓи Трајковски е роден на 10.7.1977 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 1995 година, а дипломирал во 2002 година со среден просек 8,21. Стручниот испит го положил во 2004 год. На Клиниката за дигестивна хирургија се вработил во 2002 год. На постдипломски студии по општа хирургија се запишал во 2002 год. Специјализацијата по општа хирургија ја започнал во 2005 година, а специјалистичкиот испит го положил во 2010 год. Учесник е на неколку домашни и странски конгреси, работилници и научноистражувачки проекти. Кандидатот активно го познава англискиот јазик.

## Педагошка активност

За помлад асистент е избран во 2008 година и редовно ги исполнува обврските во практичната настава за студентите од областа на хирургијата и хируршката пропедевтика.

## На овој конкурс приложува 5 труда, од кои 2 за рецензија:

## Рецензирани трудови

1. **Amenorrhea psychogenous**

P. Dzekova, E. Grkova, V. Dzambazovska, M. Bundalevska, G. Trajkovski.
14th International Medical Sciences Student Congress, May 6-9, 1998 Istambul, Turkiye. Abstract book , page 44.

Трудот е рецензиран во БИЛТЕН бр.938/08.

2. **Редок случај на илеус-приказ на случај**

Владо Јаневски, Ѓорѓи Трајковски, Гоце Волчевски, Љубомир Огњеновиќ, Дејан Спасовски, Петре Мактревски.
Седми македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество. 15-18 септември 2004 година, Охрид, Македонија. Зборник на трудови стр. 301.

Трудот е рецензиран во БИЛТЕН бр.938/08.

3. **SURGICAL TREATMENT OF LUMBAL SPINAL STENOSIS**

Filipce V, Stolevski V, Saveski J, Saveska A, Daneva A, Kasapinova K, Peneva O, Trajkovski Gj.
2000 Eastern Student Research Forum University of Miami USA. Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 848. Скопје 30. Март 2004 год.
Трудот е рецензиран во БИЛТЕН бр.938/08.

## Трудови за рецензија

4. **Анестезиолошки протокол при трансплантација на бубрег кај дете. Приказ на случај.**

Џамбазовска Трајковска Вања[1], Донев Љупчо[1], Шољакова Марија[2], Ноколова Тодорова Зорка[2], Карталов Андријан[2], Алексовски Елвис[2], Талеска Гордана[2], Толеска Марија[2], Андоновска Билјана[2] и Трајковски Ѓорѓи[3]. Македонски медицински преглед 2010: 64 (1): 63-65.

Во трудот авторот и коавторите детално го прикажуваат анестезиолошкиот протокол на првата детска трансплантација на бубрег кај дете извршена на Клиниката за детска хирургија во Скопје. Трансплантацијата на бубрег била извршена кај 14-годишно дете, тешко 25 кг, а донор на бубрег бил неговиот 41-годишен татко. Аналгезијата во текот на трансплантацијата била постигната со комбинација на системска аналгезија и епидурална анестезија. Интраоперативниот менаџмент со течности 6мл/кг/ ТТ/ час, добрата аналгезија и dopamine 2 микрограми/кг/ТТ континуирано биле клучни за уреден анестезиолошки протокол и брзо добивање на прва урина.
Првата детска трансплантација во Република Македонија била извршена од тим хирурзи од Турција и хирурзи и анестезиолошки тим од Клиниката за детска хирургија и Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во Скопје.

5. **Евалуација на структурата на пациентите во Единицата за интензивно лекување кои биле на механичка вентилација во тек на 2009 год.**

Џамбазовска Трајковска Вања[1] и Николова Тодорова Зорка[1], Арсовска А, Карталов А, Кузмановска Б,Алексовски Е, Срцева М, Талеска Г, Андоновска Б, Толеска М, Трајковски Ѓ, Леши А.
Зборник на трудови, IV конгрес на анестезиолози на Македонија, 2010. 54-55.

Трудот претставува статистичко-медицинска анализа на пациентите лекувани на механичка вентилација во Единицата за интензивно лекување на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во текот на 2009 година во Скопје. Во воведниот дел авторот дава дефиниција за респираторна инсуфициенција и индикации за механичка вентилација. Пациентите се поделени во 3 големи групи: пациенти за постоперативно лекување, пациенти примени по траума и нехируршка група на пациенти кои биле на механичка вентилација поради нехируршки болести ( sclerosis multiplex, Sy Gillian Barre и др). По направената статистичка анализа авторот заклучил дека: во текот на 2009 година, во Единицата за интензивно лекување на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување, механичка вентилација побарале 252 пациенти, машки пол-63,8% и женски пол-36,2%, со средна возраст од 62 години и просечно траење на механичката вентилација од 13 дена. Најдолго просечно време на механичка вентилација се пациенти лекувани поради траума-17,4 ден, а најкратко се пациенти по тораковаскуларни операции-5,4 дена. Најчеста индикација за механичка вентилација е постоперативно лекување (доминираат абдоминални интервенции-69% од групата), потоа нехируршки болести и траума. Авторот го дава следниов главен заклучок: постои статистички значајна разлика во времетраењето на механичката вентилација помеѓу траума-пациентите и постоперативни и помеѓу нехируршки и постоперативни.

## Заклучок

Рецензентската комисија по приложената биографија и научни трудови предлага помл.ас. д-р Ѓорѓи Трајковски специјалист по општа хирургија вработен на Клиниката за дигестивна хирургија да биде преизбран во звањето помлад асистент по предметот хирургија.

1. **Проф.д-р Ѓорѓи Велковски с.р.**

2. **Проф.д-р Владимир Мирчевски с.р.**

3. **Доц.д-р Ѓорѓи Јота с.р.**

03 - 1213/1
12 - 01 - 1
Скопје



РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОЗИТИВНИТЕ ОБВРСКИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ ВО ОДНОС НА ПРАВОТО НА ЖИВОТ И ТРЕТМАНОТ НА ФЕТУСОТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАРИЈА МИЛЕНКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на седницата одржана на 20.12.2010 година донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Позитивните обврски за Република Македонија од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи во однос на правото на живот и третманот на фетусот" од кандидатката м-р Марија Миленковска, во состав: проф. д-р Сашо Георгиевски, проф д-р Татјана Петрушевска, проф д-р Никола Тупанчески, проф д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Тони Дескоски. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I.**

**ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

**Актуелност на проблематиката и научен придонес на истражувањето**

Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи од 1950 година (ЕКЧП) е израз на согласноста на државите да бидат обврзани да обезбедат цела низа на права и слободи во рамките на нивната јурисдикција и на нивната решеност да воспостават најуспешен систем на меѓународното право за заштита на човековите права во светот. ЕКЧП, денес, е најзначајниот меѓународен акт во областа на човековите права. Оттука, овој правен акт, како и интитуциите за негова имплментација се во основата на секоја научна анализа за меѓународноправната заштита на човековите права.

Република Македонија ја ратификуваше Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи од 1950 година на 27 февруари 1997 година, а надлежноста на Европскиот суд за човекови права важи од 1 јануари 1998 година. Таа, како договорна страна на ЕКЧП, е должна да ги признае, да ги гарантира, да ги заштити и да ги обезбеди правата и слободите утврдени со оваа Конвенција на сите во нејзина јурисдикција. Членот 1 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните

слободи нормира дека високите договорни страни на сите лица под нивна јурисдикција ќе им го обезбедат остварувањето на правата и слободите утврдени со оваа Конвенција. Од формулацијата на овој член произлегува дека државата има обврска не само да се воздржува од активности и мерки што би го попречиле непреченото уживање на правата и слободите, туку има и обврска да преземе одредени активности и мерки во насока на заштита на правата и слободите на секој во рамките на нејзината територија (McCann and others v UK). Одговорноста на државата е дотолку поголема доколку станува збор за фундаментот врз кој се поставени сите останати права и слободи на човекот – правото на живот.

Европскиот суд за човекови права ќе укаже дека членот 2 на ЕКЧП (право на живот) ја обврзува државата не само да се воздржува од намерно и незаконско одземање на животот туку и да преземе одредени активности и мерки во насока на заштита на правото на животот на секој во рамките на нејзината јурисдикција, дури и од повреда од трети лица. За релативно краток период, Судот утврди постоење на широк спектар на позитивни обврски кои произлегуваат од членот 2 од материјална и процедурална природа. Меѓутоа, и покрај развиената судска јуриспруденција, темата на позитивните обврски од ЕКЧП е предмет на ограничени коментари во постојната литература(*Mowbray.)*

Во Република Македонија позитивниот аспект на правото на живот (членот 2 од ЕКЧП) не бил предмет на подлабоко академско истражување. Постојат парцијални анализи, вклучувајќи и компаративни истражувања за одредени области, но отсуствува сеопфатно истражување на видот, содржината и опсегот на позитивните обврски на државата во однос на правото на живот.

Актуелноста на темата е поголема ако се има превид фактот дека Република Македонија се соочува со сериозни критики од страна на меѓународните тела во делот на заштата на правата на лицата (вклучително и на правото на живот) во непосредна надлежноста на државата – лицата во притвор, осудените лица во затворите и сл. Почитувањето на човековите права и слободи е предуслов за евроатлантските интегративни процеси на државата.

Особено контраверзни прашања поврзани со правото на живот, што, исто така, е тема на ова истражување, се дали правото на живот на начин на којшто е формулирано со членот 2 на ЕКЧП го опфаќа и нероденото дете/ фетусот и дали правото на живот во крајна истанца поразбира и право на смрт. Истражувајќи го третманот на фетусот во ЕКЧП, трудот дава свој придонес во надминување на се уште отворената дебата, како во светската така и во домашната јавност, за абортусот и правото на живот на нероденото дете.

**Предмет, цел и хипотеза на истражувањето**

Предмет на истражувањето се позитивните обврски што за Република Македонија, како држава, произлегуваат од членот 2 (правото на живот) од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи од 1950 година, како и обврските што државата ги има во однос на третманот на фетусот. Членот 1 од ЕКЧП нормира дека високите договорни страни на сите лица под нивна јурисдикција ќе им го обезбедат остварувањето на правата и слободите утврдени со оваа Конвенција. Од формулацијата на овој член произлегува дека државата има обврска не само да се воздржува од активности и мерки што би го попречиле непреченото уживање на правата и слободите,

туку има и обврска да преземе одредени активности и мерки во насока на заштита на правата и слободите на секој во рамките на нејзината јурисдикција, односно од ЕКЧП за државите – потписнички произлегуваат како негативни така и позитивни обврски.

Блиску до предметот на истражувањето е и улогата на Европскиот суд за човекови права (Судот) при утврдување на постоењето на позитивни обврски за државата од ЕКЧП во однос на правото на живот; начелата и принципите од кои тргнува Судот при интерпретација на одредбите од Конвенцијата и начинот на кои тие се рефлектираат при интерпретацијата на членот 2; методологијата што е усвоена од страна на Европскиот суд за човекови права при утврдувањето на постоењето, содржината, обемот и кршењето на имплицитните позитивни обврски.

Посебен акцент во рамките на истражувањето е ставен на третманот на фетусот од страна на Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи од 1950 година, како и процесот на имплементација на позитивните обврски од ЕКЧП во однос на правото на живот во Република Македонија.

Истражувањето се концентрира на позитивните обврски што за Република Македонија произлегуваат од ЕКЧП во делот на правото на живот. Главна цел на истражувањето е докажување на фактот дека членот 2 од ЕКЧП ја обврзува државата не само да се воздржува од намерно и незаконско одземање на животот, туку и да преземе одредени активности и мерки во насока на заштита на правото на животот на секој во рамките на нејзината јурисдикција, односно идентификување, разграничување, поделба и детерминирање на содржината и опегот на позитивните обврски што произлегуваат за државата од ЕКЧП во делот на правото на живот. Посебна цел на истражувањето е преку анализата на ЕКЧП и содржината на пресудите на Европскиот суд за човекови права да се докаже дека правото на живот, на начин како што е формулирано со членот 2 од Конвенцијата, не подразбира по автоматизам и право на живот на фетусот, како и да се добие јасна слика за степенот на процесот на имплементација на ЕКЧП, во делот на правото на живот, во Република Македонија. Имајќи го предвид фактот дека ЕКЧП е жив инструмент што се толкува еволутивно и динамично во согласност со промените на општествените, економските и моралните околности, трудот, исто така, се обидува да даде одговор на дилемата дали во крајни граници правото на живот повлекува и право на смрт.

Појдовен, основен хипотетички став во ова истражување е дека членот 2 од ЕКЧП бара од државата, вклучително и од Република Македонија, не само да се воздржува од намерно и незаконско одземање на животот, туку и да преземе одредени мерки и активности во насока на заштита на правото на живот на секој во рамките на нејзината јурисдикција. Европскиот суд за човекови права во текот на своето постоење утврди низа позитивни обврски (од материјални и процедурални) кои за државата произлегуваат од членот 2 од ЕКЧП.

Правото на живот, на начинот како што е формулирано во членот 2 од ЕКЧП, не подразбира по автоматизам и право на живот на фетусот (нероденото дете).

**Методолошка рамка**

Заради осознавање на предметот, односно целосно и сестрано детерминирање на неговата природа, при изработка на трудот се користат повеќе научноистражувачки методи. Плуралистичкиот методолошки пристап се наметнува како нужност имајќи ја предвид комплексноста на утврдениот предмет и целите на истражувањето.

Преку анализа на содржина на пресудите на Европскиот суд за човекови права се идентификуваат позитивните обврски што за Република Македонија, како држава, произлегуваат од членот 2 од ЕКЧП и се детерминира нивната содржина и опсег.

Со помош на компаративниот медот се согледуваат сличностите и разликите во третманот па правото на живот, а особено абортусот во законодавствата на државите од Источна и Западна Европа, како и во САД.

Со цел истражување на ставовите на студентите за евтаназијата и абортусот е конструиран посебен прашалник.

Користејќи ги индуктивниот и дедуктивниот метод, истражувањето дава оцена за влијанието на одделните фактори врз процесот на утврдување на позитивните обврски.

Во истражувањето, исто така, се користи догматскиот метод, како и некои квантитативни методи.

**Структура на докторската дисертација**

Докоторската дисертација на тема: „Позитивните обврски за Република Македонија од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи во однос на правото на живот и третманот на фетусот" е составена од вовед, заклучок и четири дела.

Во **воведот** се образложуваат причините за пристапување кон проучување, истражување и пишување на трудот и се разработува актуелноста на предметот на истражувањето и доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес. Во продолжение, кандидатката, исто така, ги изложува целите и методите на истражувањето.

Во **првиот дел,** насловен *Право на живот*, преку анализа на меѓународните акти за човекови права се дефинира поимот на правото на живот како фунадамент врз кој се поставени сите останати права и слободи на човекот. Имајќи ги предвид одлуките на меѓународните институции и тела, кандидатката констатира дека денес во меѓународното право е напуштено рестриктивното толкување на правот на живот и се обидува да го детерминира опсегот и содржината на ова право. Посебен акцент е ставен на третманот на правото на живот во Европската конвенција за правата на човекот и основните слободи од 1950 година. Тука, кандидатката заклучува дека од членот 2 на ЕКЧП (право на живот) за државата произлегува како негативна обврска да се воздржува од арбитрерно лишување од живот, така и позитивна обврска да преземе одредени мерки и активности да го заштити животот на секој во нејзина јурисдикција, дури и од повреда од страна на други поединци. Во овој дел кандидатката наметнува дилема колку денес во науката, воопшто, може да се прави цврста поделба на правата на негативни и позитивни. Во продолжение, врз основа на теоријата но, и на некои одлуки на Европскиот суд за човекови права (во

отсуство на општа дефиниција од страна на Судот), се детерминира концептот позитивни обврски, опсегот и видовите /типовите на позитивните обврски, факторите кои влијаат врз процесот на утврдување на позитивни обврски од некои права, како и импликациите од позитивните обврски и нивниот однос со негативните обврски и можната врска со т.н хоризонатели ефект на ЕКЧП. Во посебна глава се разгледува улогата на Судот при утврдување на постоењето на позитивни обврски за државата од ЕКЧП; начелата и принципите од кои тргнува Судот при интерпретација на одредбите од Конвенцијата; методологијата што е усвоена од страна на Европскиот суд за човекови права при утврдувањето на постоењето, содржината, обемот и кршењето на позитивни обврски. На крајот од оваа глава се дава преглед на повредите на членот 2 од ЕКЧП (и на двата аспекта) по одделни држави од 1949 година до денес и се идентификуваат позитивните обврски што за државата произлегуваат од овој член. Потпирајќи се на судската јуриспруенција и на теоријата (*Харис, О Бојл и Варбрик; Mowbray; Janis, Key и Bradley; Korff*), кандидатката ги систематизира позитивните обврски кои за државата произлегуваат од членот 2 на ЕКЧП на следниов начин: усогласување на законодавството во делот на правото на живот со ЕКЧП; планирање и контрола на операциите на безбедносните сили; превентивни мерки од страна на државата со цел заштита на животот на секој во рамките на нејзината јурисдикција; ефикасна истрага во случај на сомнителна смрт; основна медицинска заштита.

**Вториот** дел, насловен *Позитивните обврски за државата од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи во однос на правото на живот*, е централниот дел од трудот. Во него, преку анализа на содржината на пресудите на Европскиот суд за човекови права се истражуваат содржината и опсегот на позитивните обврски што за државите произлегуваат од членот 2 од ЕКЧП на начин на којшто кандидатката ги систематизира во претходниот дел. Ставот 1 од членот 2 од ЕКЧП утврдува дека правото на живот на секој треба да биде заштитетно со закон. Оттука, се констатира дека примарна обврска на државата е да го заштити животот со воспоставување на ефикасна правна рамка со цел спречување на извршување на кривични дела против некое лице. Државата е должна да го инкриминира во сопственото законодавство секое сторување, но и несторување на нејзините органи кое го загрозува достоинството и животот на лицата во нејзина јурисдикција. Правната рамка треба да биде поддржана со механизам за спроведување на законот со цел превенција, отстранување и санкционирање на прекршувањето на овие одредби (*Osman v United Kingdom*). Укажувајќи дека членот 2 од ЕКЧП не гарантира апсолутна заштита на правото на живот, кандидатката заклучува дека националните закони во оваа област мора прецизно да ги ограничат и да ги контролираат околностите во кои едно лице може да биде лишено од живот од страна на државните органи, односно околностите во кои може да биде употребена сила и огнено оружје. Недоволно јасна или непотполна законска рамка остава широк простор за злоупотреба и избегнување на одговорноста. Во продолжение се разгледува одлуката на Судот во случајот *Mccan and others v United Kingdom*, во делот каде што тој ќе констатира дека при оценување на фактот дали имало повреда на членот 2, мора внимателно да го истражи одземањето на животот, особено при намерна употреба на смртоносна сила. Имено, тој ќе мора да ги има предвид не само активностите на државните органи кои непосредно ја употребиле силата, туку и

сите други околности, вклучително и планирањето и контролата на акцијата. Врз основа на ова, кандидатката констатира дека Судот на државата и наметнал позитивна обврска да ги планира и да ги контролира безбедносните операции кои можат да доведат до употреба на смртоносна сила на начин што ќе го сведе на минимум ризикот по животот на луѓето. Тука, врз основа на судската јуриспруденција детално се детирминира ваквата обврска на државата.

Во овој дел посебно внимание се посветува на обврската на државата да преземе превентивни мерки со цел заштита на животот на секој во рамките на нејзината јуридикција. Имено, во случајот *LCB v United Kingdom* Судот ќе констатира дека првата реченица од ставот 1 од членот 2 ја обврзува државата не само да се воздржува од намерно и незаконско одземање на животот туку, исто така, и да преземе соодветни мерки да ги заштити животите на оние што се во нејзина јурисдикција. Во тој контекст се разгледуваат неколку групи на прашања: опсегот на позитивната обврска на државата да преземе превентивни мерки со цел да го заштити животот на секој во нејзина јурисдикција; кои органи во име на државата – потписничка на ЕКЧП се должни непосредно да преземат соодветни превентивни мерки со цел да го заштитат животот; како да се постигне баланс меѓу потребата да се зашити животот на едно лице и ризикот да се прекршат други права на тоа или друго лице (имајќи предвид дека државата во изведувањето на операциите насочени кон спречување на криминалните акти и казнување на сторителите е ограничена со гаранциите содржани во членот 5 од ЕКЧП (право на слобода и сигурност) и членот 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот) од ЕКЧП, како и со принципот на пресумпција на невиност). Во овој дел кандидатката заклучува дека Судот покажува тенденција да го проширува кругот на субјекти чии непосредни дејствија или пропусти можат да повлечат одговорност на државата за кршење на членот 2, како и листата на ризици по животот кои државата има обврска да ги спречи. Меѓутоа, при анализа на позитивните обврска на државата да преземе превентивни мерки со цел заштита на животот на секој во рамките на нејзината јуридикција мора да се има предвид дека Судот при толкувањето на членот 2 балансира меѓу интересите на поединецот и државата и ги има предвид ограничените ресурси со кои располагаат државите – потписнички на ЕКЧП.

Генералната забрана за арбитрерно лишување од живот од страна на безбедносните сили би била неефикасна во практиката ако не постои процедура за контрола на законитоста на употребата на сила од страна на државните органи. Обврската да заштити животот согласно со членот 2 читана заедно со општата обврска на државата од членот 1 на Конвенцијата да му ги обезбеди на секој во рамките на нејзината јурисдикција правата и обврските дефинирани со Конвенцијата имплицитно бара дека треба да има одредена форма на ефикасна официјална истрага кога индивидуи биле убиени како резултат на употреба на сила од страна на државните органи (*Mccan and others v United Kingdom).* Во овој дел, кандидатката констатирајќи дека членот 2 од ЕКЧП не утврдува единствена форма на истрага, ги идентификува институционалните елементи и процедурални обврски што Судот во текот на своето постоење ги утврди како задолжителни за државата во текот на истрагата.

Обврската на државата да обезбеди медицинска заштита се разгледува низ четири сегменти што Брамс ги идентификува анализирајќи ја индиректната заштита на социјалните права од страна на Европскиот суд за човекови права, и

тоа: медицинска заштита на притворените лица, превенција, истрага и државно финансирање.

Во последната глава од овој дел се разгледува дали правото на живот подразбира и право на смрт. Во тој дел кандидатот, повикувајќи се на Судот, правото на живот на начин како што е формулирано со членот 2 од ЕКЧП не подразбира (ниту експлицитно ниту имплицитно) никакво право на смрт.

Во **третиот** дел, насловен *Третманот на фетусот од страна на ЕКЧП* преку анализа на содржината на одлуките на Комисијата и Европскиот суд за човекови права се разгледува дали правото на живот на начинот на којшто е формулирно со членот 2 од ЕКЧП го опфаќа и нероденото дете, односно дали фетусот има право на живот. При тоа, особено се нагласува отсуството на дефиниција што се подразбира под терминот „секој" има право на живот во ЕКЧП и во останатите акти донесени во оваа сфера во рамките на Советот на Европа, непостоењето на консензус меѓу европските држави во овој дел, како и молкот на институциите на Конвенцијата во однос на моментот кога започнува животот. Во тој контекст, кандидатката заклучува дека детерминирањето на моментот кога започнува животот спаѓа во слободна проценка на државата. Државите – потписнички на Конвенцијата уживаат значајна слобода во однос на третманот на фетусот и правото на абортус. На почетокот од овој дел, кандидатката, исто така, ги дефинира поимите рерпродуктивно здравје, репродуктивни права, прокреативна слобода и право на абортус, поставувајќи дилема дали државата има легитимен интерес да интервенира во приватноста на жената во делот на одлуката дали предвреме да ја прекине бременоста. Посебен акцент е ставен на потребата од признавање на постоењето и справувањето со небезбедниот абортус како сериозна закана за правото на живот на жената, врската меѓу рестриктивните законски решенија и небезбедниот абортус и пристапот до релевантни информации за услугите поврзани со абортусот. Во посебна глава од овој дел се анализира одлуката на Врховниот суд на САД во случајот *Roe v Wade,* како еден од најзначајните правни акти коишто и ја отворија вратата на жената кон репродуктивата слобода. Во продолжение е даден компаративен преглед на третманот на абортусот во законодавството на САД (вклучително и преглед по одделни држави), како и во законодавството на бројни држави од Западна и Источна Европа. Кандидатката, исто така, дава преглед на стапката на абортус на 1000 живородени на одделни држави од Источна и Западна Европа во одредени временски периоди.

Во **четвртиот** дел, насловен *Имплементација на позитивните обврски од ЕКЧП во однос на правото на живот во Република Македонија* се анализира процесот и степенот на имплементација на позитивните обврски од членот 2 од ЕКЧП во Република Македонија. Во тој правец се разгледува дали Република Македонија, како држава, има воспоставено адекватна правна рамка со цел заштита на правото на живот и дали правната рамка е поддржана со ефикасен механизам за спроведување на законот со цел превенција, отстранување и санкционирање на прекршувањето на овие одредби. Иако кандидатката укажува на некои недостатоци, сепак таа констатира дека Република Македонија има воспоставено соодветна правна рамка која го гарантира и штити правото на живот. Главните слабости и недостатоци таа ги идентификува во процесот на имлементација на законите. Во овој дел, канидатката укажувајќи на препораката на Комитетот за спречување на тортура (на која се повикува Судот) дека само

целосно независно тело што ќе врши надзор и контрола врз работата на полицијата ќе помогне да се надмине недостатокот на доверба во системот ја пробламатизира поставеноста на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во рамките на Министерството за внатрешни работи. Посебно внимание се посветува на заштитата на правото на живот на лицата во непосредна надлежност на државата (притворените лица, лицата во затворите и сл.) Во оваа сфера, преку анализа на извештаите на Комитетот за спречување на тортура, на годишните и посебните извештаии на народниот правобранител на РМ, како и извештаиите на други домашни и меѓународни институции и тела се идентификуваат сериозни слабости и пропусти на страна на државата при реализација на нејзината обврска да го заштити животот на овие лица. Во продолжение, исто така, се анализира македонското законодавство во делот на абортусот, како и стапката на абортус на 1000 живородени.

Во последниот дел, односно **заклучокот** на докторската дисертација, презентирани се на синтетизиран начин наодите од истражувањето. Истовремено, кандидатката ги идентификува главните слабости во заштитата на правото на живот во Република Македонија и нуди одредени предлози за нивно надминување. Во овој дел, кандидатката, исто така, укажува на идните научни предизвици во оваа област.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Позитивните обврски за Република Македонија од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи во однос на правото на живот и третманот на фетусот", од кандидатката м-р Марија Миленковска, обработува многу значајна тема за Република Македонија, која е актуелна и во пошироки европски рамки. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатката за систематско аналитичко користење на стручна литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатката пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатката изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатката дава сопствен придонес за натамошното развивање на пристапот на Република Македонија. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на

научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да и овозможи на кандидатката м-р Марија Миленковска да пристапи кон јавна одбрана на нејзиниот докторски труд.

КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

2.Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

3.Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

4.Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.

5. Проф. д-р Тони Дескоски с.р.

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје

Филозофски факултет, список на кандидати наслови на м-р теми и ментори

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Климент Бабушковски | Хајдегеровото онтолошко промислување на филозофската антропологија | проф. д-р Коле Јовановски |
| Ванчо Милошевски | Циркулација и застапеност на монетите од локалитетот „Градиште" с. Таор | проф. д-р Виктор Лилчиќ |
| Сашко Димевски | Улогата на печатените медиуми во контролата на безбедносниот сектор во Република Македонија | проф. д-р Оливер Бакрески |
| Мирела Ибраими | Стручните органи во средните училишта за гимназиско образование во функција на професионалната ориентација на учениците | проф. д-р Вера Стојановска |
| Стефан Пановски | Поморската политика на Антигонидите, 277-221 г.ст.е. | проф. д-р Наде Проева |
| Енвер Беќири | Воспитните ефекти од примената на интернетот кај учениците од средните училишта | проф. д-р Сузана Миовска Спасева |
| Елена Димитровска | Изборните предмети во деветгодишното основно образование | проф. д-р Сузана Миовска Спасева |
| Николина Ѓорчевска | Планирање и организација на наставата во основните училишта со користење на образовен софтвер | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Фроска Смилкова | Менаџирање на родителските состаноци во основното училиште | проф. д-р Вера Стојановска |
| Катерина Марангу | Пир едукацијата како неформален едукативен модел | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Сања Ташева | Организација и реализација на Етиката како наставен предмет во воспитно-образовниот процес | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Лидија Ристовска | Раната детекција на развојните проблеми како предуслов за успешна рана интервенција | проф. д-р Зора Јачова |

| | | |
|---|---|---|
| Даниела Смилковска | Застапеност и употреба на Брајовото писмо во Република Македонија | доц. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ |
| Елена Макаровска | Виенската Сецесија и уметничкото творештво на Густав Климт (архитектура, дизајн и сликарство)", | проф. д-р Владимир Величковски |
| Весна Миниќ | Поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето кај ученици од основно училиште | проф. д-р Виолета Арнаудова |
| Сретен Лутовац | Субјективна добросостојба, базични психолошки потреби и колективно себеценење кај адолесценти во Дом за деца без родителска грижа | доц. д-р Огнен Спасовски |
| Климентина Спасовска | Плурален пристап во намалувањето на употреба/злоупотреба на droги и други психотропни супстанции на ниво на локалната заедница | проф. д-р Мариа Доневска |
| Емилија Симоновска Јаначковска | Зајакнување на улогата и капацитетите на професионалците од социјалните служби и образованието за работа со деца во мулти-етничка и мулти-културна средина | проф. д-р Мариа Доневска |
| Елена Апостолоска | Планирање и организирање на наставата во основните училишта со методот на проектно учење | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| Душан Грујовски | Политички критериуми, стратегии и инструменти како неопходни услови за исполнување на земјите аспиранти за интегрирање во Европската унија | проф. д-р Илија Ацески |
| Боби Митревски | Европската интеграција во периодот од завршувањето на Втората светска војна до создавањето на Европската унија | проф. д-р Зоран Матевски |

| | | |
|---|---|---|
| Нагиб Авдија | Управување и раководење со основните училишта во Република Македонија-разликата помеѓу урбани и рурални основни училишта | проф. д-р Трајан Гоцевски |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ – ПРЕДМЕТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И АДМИНИСТРИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ДАНОЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, изработена од м-р Васе Доневски, поднесена за одбрана во Економскиот институт во СКОПЈЕ

Врз основа на член 231 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација на кандидатот м-р Васе Доневски со наслов „ Утврдување на вредноста на недвижниот имот предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија **“,** Научниот совет на Економскиот институт во Скопје на својата 23 седница одржана на 16.12.2009 година, донесе одлука број 09-2497/1 од 30.12.2009 година за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р Билјана Ангелова
2. д-р Љубомир Кекеновски
3. д-р Дејан Пендев
4. д-р Татјана Петковска-Мирчевска
5. д-р Неда Петроска-Ангеловска.

Членовите на Комисијата, со потребното внимание ја прочитаа поднесената докторска дисертација „ Утврдување на вредноста на недвижниот имот-предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија“ од кандидатот м-р Васе Доневски и до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го доставуваат следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. Општи согледувања

Докторската дисертација „ **Утврдување на вредноста на недвижниот имот предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија" од кандидатот м-р Васе Доневски** е од областа на утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот и претставува критички преглед на состојбите во Република Македонија во областа на администрирањето на локалните даноци и утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, фокусиран кон детектирање на тесните грла во изминатиот период и давање стручно и сеопфатно насочување на општинската администрација и пошироко за пристапот во оваа област.

Процесот на децентрализацијата донесе многу новини во работењето на единиците на локалната самоуправа, а меѓу најважните по своето значење е овозможувањето локалните даноци и такси да бидат администрирани и наплатувани од нивните директни корисници-единиците на локалната самоуправа. Со овој чин, не само што беше дадена можност општината самостојно да го спроведува локалното оданочување, туку и можност граѓаните директно и индиректно да учествуваат во овој значаен процес, а со тоа и да одлучуваат.

Но, пренесувањето на ингеренциите на ЕЛС не е само придобивка, туку и голема обврска. Конкретно, во областа на локалните даноци и такси пред градоначалниците, советниците и општинската администрација се отворија низа прашања кои бараат најсоодветен третман, почнувајќи од воспоставувањето на база на податоци, проценката на вредноста на имотот, утврдувањето на стапките на оданочување, се до вклучувањето на граѓаните во овој значаен процес мора да биде транспарентен.

Во тој контекст, утврдувањето на вредноста на недвижниот имот воопшто, а пред се на имотот-предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија во глобални рамки веќе подолго време претставува предмет на интерес од повеќе сфери, како од областа на банкарството, осигурувањето, пазарот на недвижностите/берзанското работење, присилната наплата/извршувањето на ненаплатените побарувања, така и во процесот на утврдување на даночниот, односно фискалниот капацитет на единиците на локалната самоуправа.

Имено, докторската дисертација обработува комплексна материја, која опфаќа поголем број на законски и подзаконски решенија од разни области, поголем број акти донесени од единиците на локалната самоуправа, практично применети во согласност со домашното и меѓународното искуство. Во тој контекст, нивната правилна примена значи точно и навремено утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, како основа за утврдување на данокот на имот, кој,

пак, од друга страна претставува еден од сопствените извори на финансирање на ЕЛС, чија вредност е релативно стабилна.

Оттаму, зајакнувањето на институционалните капацитети на единиците на локалните самоуправи, зголемувањето на професионалните вештини на лицата-учесници во утврдувањето на вредноста на недвижниот имот воопшто, правилната имплементација, осознавањето на целокупната материја и зголемувањето на фискалниот и даночниот капацитет на Единиците на локалната самоуправа бараат дополнителни напори за справување со наведените состојби.

## 2. Содржина на докторската дисертација

Докторската дисертација „**Утврдување на вредноста на недвижниот имот-предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија" од кандидатот м-р Васе Доневски** е конципирана во: воведен дел, три тематски поглавја, заклучок и користена литература.

**Воведниот дел** на докторската дисертација се однесува на предметот и целите на истражувањето, методолошкиот приод во истражувањето, значењето на потребата од правилното **утврдување на вредноста на недвижниот имот во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија во согласност со законската регулатива, меѓународните искуства и добрите практики,** како и во практичното работење на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија од друга страна.

Во првата глава се посветува внимание на појдовните основи на локалните даноци и нивното администрирање, во смисла на дефинирање на: локалните даноци и локалното оданочување, оданочувањето со локалните даноци, поточно целите и принципите на оданочувањето, правата и обврските на даночните обврзници, со посебен осврт на општите и поединечните права на даночните обврзници, надлежностите на локалната даночна администрација во контекст на администрирањето на локалните даноци.

Во втората глава – „Концепти на проценка на недвижниот имот како основа за примена на локалните даноци", детално се разработени пооделните видови на концепти како: проценката и утврдувањето на вредноста на недвижниот имот како даночна основа, концептот на сопственост на недвижен имот, концептот на вредноста на недвижните имоти, факторите на детерминирање на вредноста на недвижните имоти основите на проценување/утврдување на пазарната вредност на недвижности, со цел да се утврдат методолошките аспекти на вреднувањето според намената.

Анализирајќи ги домашните и меѓународните искуства, во овој дел од дисертацијата кандидатот дава посебен осврт и на карактеристиките и

видовите на пазари на недвижен имот, како и на аспектите на анализа на пазарот на недвижности.

Посебно внимание во ова поглавје им се посветува на процедурите на проценувањето, изборот на методологијата за проценка и, се разбира, концептот на извештајот за проценка.

Третата глава, „Рацио на утврдената вредност на недвижниот имот, пресметани и наплатени даноци во ЕЛС во Република Македонија", претставува анализа на постојните предности и слабости на методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во Република Македонија кај одделни видови имоти. Со примена на историскиот и компаративниот метод, кандидатот ги идентификува предностите и пропустите на методологијата која се применува при утврдување на вредноста на недвижниот имот и администрирањето на локалните даноци на имот пред децентрализацијата во Република Македонија и денес. Согледувајќи ги сегашните состојби при проценката на пазарната вредност на недвижниот имот, соодветно се проценува и нивниот удел во остварувањето на фискалниот капацитет на ЕЛС.

Докторската дисертација во заклучните согледувања содржи препораки за унапредување на методологијата за проценка на недвижниот имот како основа за оданочување и администрирањето на локалните даноци, за кои се смета дека во блиска иднина ќе бидат прифатливи и практично имплементирани.

## 3. Оцена и предлог

Докторската дисертација „ **Утврдување на вредноста на недвижниот имот предмет на оданочување во единиците на локална самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија" од кандидатот м-р Васе Доневски** обработува актуелна проблематика од областа на утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот, како дел од проценителската вредност.

Трудот се базира на теоретските основи и на практиката при утврдувањето на вредноста на недвижниот имот во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, при што кандидатот дава свои размислувања, ставови и критички осврт на современите пристапи, приоди и концепции во овој домен.

При изработката на докторската дисертација кандидатот користи комбинација од повеќе методи. Генерално, трудот се базира на индуктивно-дедуктивниот метод, и на методите на анализа и синтеза при акцентирање на теоретските аспекти на обработуваната проблематика. Додека, пак емпириското истражување, е имплементирано со цел адекватно идентификување на состојбите, при што се користат методите на квантитативна и квалитативна анализа во комбинација со компаративниот метод. За визуелно претставување на проблемите на истражувањето се користат табеларниот и графичкиот метод на презентирање.

Докторската дисертација на м-р Васе Доневски претставува заокружен систематски приказ на современите концепции/приоди/пристапи во утврдување на вредноста на недвижниот имот кои соодветствуваат на пазарните услови на стопанисување. Посебен акцент е ставен на емпириските истражувања кои пластично ја идентификуваат состојбата во делот на утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Комплексното третирање на оваа проблематика во трудот се смета за значајна придобивка не само од теоретски аспект, туку и посредно од практичен аспект, при што се препорачува за промовирање и зголемување на капацитетите на општинската даночна администрација, зголемување на знаењата и вештините од оваа област, зголемување на фискалниот и даночниот капацитет и создавање на независна локална власт со доволно изворни приходи. Трудот несомнено има свој придонес и за менаџерите/градоначалниците, советниците, вработените во централната власт, членовите на комисиите, проценителите, извршителите, граѓаните, даночните обврзници, како и за останатите засегнати лица во секојдневното работење за да се здобијат со поголемо знаење и разбирање на принципите и приодите на утврдување на вредноста на недвижниот имот, во насока на остварување на што пореални и континуирани изворни приходи на ЕЛС и рамномерно, транспаретно и правично оданочување во Република Македонија.

Со обработката на оваа тема во вид на докторска дисертација се дава придонес како на полето на научно третирање на проблематиката така и во детектирање на тесните грла, давање на конкретни состојби и препораки за надминување на воочените недоследности. Кандидатот во трудот настојува да посочи примена на теоретските сознанија од проблематиката на утврдување на вредноста на недвижниот имот во практиката на современото оданочување, односно администрирање на локалните даноци.

Врз основа на претходното, Комисијата цени дека поднесената докторска дисертација „ **Утврдување на вредноста на недвижниот имот-предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија“, од кандидатот м-р Васе Доневски**, во целост ги исполнува критериумите за позитивна оцена на докторската дисертација и му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот за оцена на докторската дисертација „Утврдување на вредноста на недвижниот имот-предмет на оданочување во единиците на локалната самоуправа и администрирањето на локалните даноци во Република Македонија" од кандидатот м-р Васе Доневски,

2. на кандидатот м-р Васе Доневски да му се допушти јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата,

Скопје, 4 јануари 2011 година,

1.______________________________
/Д-р Билјана Ангелова/ с.р.

2.______________________________
/Д-р Љубомир Кекеновски/ с.р.

3.______________________________
/ Д-р Дејан Пендев/ с.р.

4.______________________________
/Д-р Татјана Петковска-Мирчевска/ с.р.

5.______________________________
/Д-р Неда Петроска-Ангеловска/ с.р.
с.р. с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
на седницата одржана на 28.12.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Иван Поп Тонев | Примена на 6 Sigma во компаниите од информатичкиот сектор | Вон.проф. д-р Атанас Кочов |
| Виктор Анастасов | Истражување на можностите за зголемување на опсегот и намалување на приближувањето на ладилна кула | Проф. д-р Александар Мојсовски |
| Горги Душков | Методи за обезбедување на квалитет на производите во системите за менаџмент на квалитет во автомобилската индустрија | Проф. д-р Миколај Кузиновски |

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ТУРСКИ ЈАЗИК СО КУЛТУРА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО, ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ТУРСКИ ЈАЗИК, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО–ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на својата седница одржана на 27.12.2010 година, избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Хамди Хасан, претседател, проф. д-р Теута Арифи, член и доц. д-р Аднан Ќахил, член, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите: турски јазик со култура на изразувањето, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик, методика на наставата по турски јазик, за групата одделенска настава на турски наставен јазик и методика на воспитно–образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание на турски наставен јазик.

Рецензентската комисија, врз основа на поднесената документација, има чест и задоволство на Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весникот „Дневник" на 2.12.2010 година и „Јени Бирлик" од 6.12.2010 година, се пријави кандидатката д-р Хулија Скука, вработена во постојан работен однос на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, во соработничко звање асистент по предметите турски јазик со култура на изразувањето, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик, методика на наставата по турски јазик, за групата одделенска настава на турски наставен јазик и методика на воспитно–образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание на турски наставен јазик.

## I. Биографски податоци

Д-р Хулија Скука е родена на 26.4.1968 година во Скопје. Првите четири години од основното образование ги завршила во Истанбул, Република Турција, а образованието од V до VIII одделение го завршила во Скопје, на турски јазик и со континуиран одличен успех. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. Во текот на основното и средното образование учествувала на градски и на републички натпревари по јазик и книжевност и има освоено повеќе награди.

Во 1987 година се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на групата за турски јазик и книжевност. Дипломирала на 23.6.1992 година со средна оценка 8,44, и се стекнала со стручен назив – професор по турски јазик и книжевност.

На постдипломски студии се запишала во 1999 година на Истанбулскиот универзитет, Република Турција, група за современ турски јазик. Успешно ги положила сите предвидени испити од програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 91.00. На 7.11.2002 година успешно ја одбранила магистерската теза со наслов *Yahya Kemal`in Manzum Eserlerinde Zarflar ve Kullanılışları* (Прилозите и нивната употреба во поетиката на Јахја Кемал) и се стекнала со научното звање магистер на науки, во научната област турски јазик и книжевност. Дипломата за магистратура на Хулија Скука е нострифицирана од Министерството за образование и наука на Република Македонија, со Одлука за верификација на високообразовна квалификација стекната во странство, бр. 09–5798/1 од 14.11.2003 година.

Д-р Хулија Скука во јуни 2006 година пријавила тема за изработка на докторска дисертација под наслов *Јазични особености на турската проза во списанието „Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во септември 2006 година, Наставно-научниот совет на Факултетот ѝ одобрил изработка на пријавената тема под менторство на проф. д-р Хамди Хасан, раководител на Катедрата за турски јазик и книжевност. На 22.11.2010 година, д-р Хулија Скука ја одбранила докторската дисертација и се стекнала со научното звање доктор на филолошки науки. За стекнатото научно звање, Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје ѝ издал Потврда бр. 09-573/14 на 26.11.2010 година.

## II. Избори во соработнички звања

Д-р Хулија Скука од јули 1991 до јануари 1993 година работела во НИП „Нова Македонија", како новинар при редакцијата на весникот „Бирлик" во Скопје. Од февруари 1993 до октомври 1995 година работела на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, како помлад асистент на Катедрата за турски јазик и книжевност по предметите:

1. османски јазик;
2. диванска книжевност;
3. современа турска книжевност.

Од 1997 година д-р Хулија Скука е вработена на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, во соработничкото звање помлад асистент за предметите:

1. *турски јазик со култура на изразувањето*, на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик;
2. *методика на наставата по турски јазик*, на групата одделенска настава на турски наставен јазик;
3. *методика на воспитно–образовната работа по култура на говорот*, на групата предучилишно воспитание на турски наставен јазик.

Во 2001 година е реизбрана како помлад асистент. Во 2004 година е избрана во соработничкото звање асистент за истите предмети на Педагошкиот факултет во Скопје, додека во јануари 2008 е реизбрана во соработничкото звање асистент.

## III. Наставно–образовна дејност

Во изминатиот период, д-р Хулија Скука има остварено и конкретизирано разновидна и плодна наставно–образовна и едукативна дејност на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Д-р Хулија Скука, на студиите за одделенска настава на турски наставен јазик, како асистент одржува вежби по предметите:

- турски јазик со култура на изразувањето (I и II семестар);
- методика на наставата по турски јазик (V, VI, VII и VIII семестар);
- педагошка практика (III, IV, V, VI, VII семестар).

На студиите за предучилишно воспитание на турски наставен јазик, одржува вежби по предметите:

- турски јазик со култура на изразувањето (I и II семестар);
- методика на воспитно–образовната работа по култура на говорот (V, VI, VII и VIII семестар);
- педагошка практика (III, IV, V, VI, VII семестар).

Вежбите по предметот педагошка практика ѝ се доверуваат со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот. Покрај одржувањето на вежби, од многубројните наставни активности на Педагошкиот факултет може да се истакне дека ги изведува и педагошките хоспитации во основни училишта и предучилишни установи, по предметите: методика на наставата по турски јазик и методика на воспитно–образовната работа по

турски јазик, на групите за одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик.

### IV. Научноистражувачка дејност

Од приложената документација може да се согледа дека кандидатката д-р Хулија Скука, во периодот од последниот избор во соработничко звање, има објавено научни трудови со оригинални научни резултати во домашни и странски научно/стручни и стручно/научни списанија.

1. *Јазични особености на турската проза во списанието „Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година*, докторска дисертација од 413 страници, Филолошки факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ноември 2010.

Докторската дисертација на Хулија Скука претставува оригинален научен труд во кој своето внимание го сосредоточува на прикажување и анализа на вистинските функционални дистрибуции на морфолошко-синтаксичките девијации на турскиот јазик во турскиот печат во Република Македонија, конкретно во списанието за деца „Севинч", што произлегуваат од сложената слоевитост, т.е. од интеракцијата на општествената и јазичната структура.

Трудот е конципиран и поделен на следниве делови: 1. *Предговор*, 2. *Вовед*, 3. *Прв дел* – Морфологија, 4. Деривативни наставки, 5. Дезиненцијални или инфлексивни наставки, 6. Полнозначни зборови – Придавки, 7. Прилози, 8. Глаголи и зборови со глаголско потекло, 9. Семантички, темпорални и функционални промени кај глаголскиот начин, 10. *Втор дел* – Синтакса, 11. *Заклучок*, 12. *Апликативен дел и библиографија*: А) Индекс на реченици со повеќе грешки; Б) Индекс на кратенки и акроними; В) Речник на погрешно употребени зборови; Г) Илустративен материјал од истражувани текстови; Д) Библиографија, и Ѓ) Резиме на странски јазици.

Во овој труд авторката научно ја интерпретира темата според современите методи што се применуваат во лингвистиката. Дисертацијата се одликува со деталност, оригинален методолошки пристап, успешно и умешно сумирање на резултатите и заземање став во одредена проблематика.

Дисертацијата на д-р Хулија Скука претставува исклучителен прилог кон проучувањето на современиот турски јазик во Македонија и турскиот јазик воопшто бидејќи:

– *за прв пат* пишаниот јазик на Турците во Македонија станува предмет на обемно научно истражување *кај нас и воопшто*;

– *за првпат* се укажува на сите девијации во пишаниот турски јазик во Македонија врз основа на конкретни примери почнувајќи од наставки, видови зборови до реченици;

– *за ӣрвӣаш* во рамките на едно обемно научно истражување на јазикот на Турците во Македонија се опфатени наставките, сите видови зборови и реченици, ...жување на најсуштинските карактеристики и најсуптилните прашањ.. кои се јавуваат во областа на лингвистиката во билингвални, трилингвални и повеќелингвални средини каква што е Македонија.

Резултатите на анализата од трудот претставуваат исклучителна основа за понатамошно научно проучување на лексикографијата, морфологијата и семантиката на јазикот на турските билингвални автори во Македонија и во еден поширок регион на Балканскиот Полуостров.

Труд со оригинални научни резултати:

2. *Çatı Ekleri ve Bunların Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Kullanımı* (Дијатеза во пишаниот јазик на Турците во Македонија), „Хикмет", Адексам Матуситеб, Година 8 - бр.15, Гостивар, 2010.

Во трудот се анализираат грешките при употребата на дијатеза во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч". Анализирани се и објаснети причините за погрешната употреба на дијатезата. Авторката заклучува дека:

– Имајќи предвид дека дијатезата е граматичка категорија која се одредува според релацијата на глаголот со подметот, утврдените грешки произлегуваат главно од занемарување токму на оваа релација. Затоа, во речениците каде што има потреба од активен глагол е употребен пасивен глагол и обратно. Поради тоа, во реченици чиј подмет е директен извршител на глаголското дејство, глаголот секогаш треба да е активен.

– *Рефлексивноӣо* значење во речениците, наместо со наставката за рефлексивност -(ı)n/-(u)n, е постигнато со заменката „kendi" со посвојна наставка, или пак со именка со функција на определен предмет.

– Наставката за рефлексивност -(ı)n/-(u)n, погрешно е додадена на глаголи чиј подмет се состои повеќе од двајца или од група, наместо наставката за *рециӣроциӣаӣивносӣ* -(ı)ş/-(u)ş.

– Во речениците каде што зборот „birbiri" со посвојна заменка придава реципротативно значење, е употребена наставката за дијатеза за реципроцитативност -(ı)ş / -(u)ş, иако немало потреба за тоа.

– Како резултат на непознавање на фактот дека некои зборови од странско потекло како „ceza", „cevap", не се употребуваат со наставка **-la, -le,,** туку со наставката **-lan, -len** добиена со соединување со наставката за рефлексивност **-n**, овие зборови се употребени како „...*cezalamaya* karar verdiler"; „...*cevaplamayı* düşünecekti".

– Неупотребата на *факӣиӣивно-каузаӣивен* глагол каде што има потреба од тоа, и обратно, нивната употреба без потреба, произлегува од неисправниот однос подмет-предмет-прирок.

Труд со оригинални научни резултати:

3. *Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Edatların Kullanılışı* (Партикули и нивна употреба во пишаниот јазик на Турците во Македонија), „BALTAM", Година 7 - бр. 13, Призрен, 2010.

Во трудот се анализира погрешната употреба на партикулите во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч". Анализирани се и објаснети причините за нивната погрешна употреба. Грешките во употребата на партикулите авторката ги категоризира во две групи:

– грешки произлезени поради мешањето на партикулите со наставките за деклинација. Овој вид на грешки се јавува бидејќи, според својата функција, партикулите наликуваат на наставките за деклинација;

– грешки поради придавање на погрешно значење на партикулите под влијание на македонскиот јазик. Овој вид на грешки се среќава во буквалните преводи од македонскиот јазик.

Труд со оригинални научни резултати:

4. *Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Deyimler* (Фрази и нивна употреба во пишаниот јазик на Турците во Македонија), „Хикмет", Адексам Матуситеб, Година 8 - бр.16, Гостивар, 2010.

Во трудот се анализираат фразите во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч". Анализирани се и објаснети причините за нивната погрешна употреба и за секоја фраза е дадена правилната верзија. Во заклучокот на трудот, грешките во употребата на фразите авторката ги категоризира во три групи:

– грешки кои се јавуваат поради запоставување на основното значење и форма на сопствените фрази и присвојување на нивните видоизменети значења и форми од македонскиот јазик, од страна на Турците во Македонија;

– грешки кои потекнуваат од придавање на погрешно значење на турските фрази како резултат на непознавањето на нивното значење;

– грешки кои се направени при употреба на фрази формирани од сложени глаголи. За втората компонента од овие фрази, постојано се употребува погрешен глагол. И како резултат на тоа, овие фрази кои го изгубиле своето првично значење не се усогласени со значењето на реченицата.

Труд со оригинални научни резултати:

5. *Анализа на погрешно образувани реченици во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч"*, „Педагошка ревија"

(Научно списание за образовни прашања), Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Година 1 - бр.2, Скопје, 2010.

Во трудот се анализираат реченици во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч", кои се образувани како сложени реченици, додека според правилата на современиот турскиот јазик би требало да се образуваат како прости реченици проширени со инфинитив, партицип или герунд. Анализирани се и објаснети причините за нивното погрешно образување и за секоја реченица е дадена граматички правилната верзија. Авторката заклучува дека:

– Некои реченици во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч", според значењето на коешто упатуваат би можело да се третираат како прости, додека според нивната пишана форма како сложени реченици. Ваквите реченици произлегуваат од буквалниот превод на простите реченици проширени со македонската партикула *да*. Во турскиот јазик, македонските реченици со партикулата *да* се преведуваат со прости реченици проширени со инфинитив. Тие, главно се инфинитиви со наставка **-мак**, **-мек** и **-ма**, **-ме.**

– Дел од неправилностите во простите реченици произлегуваат од буквалниот превод на реченици од македонскиот јазик кои се составени од прашалната заменка „*шшо, кој*, + зборот *има* + партикулата *да*...". Тие реченици на турски јазик би требало да се преведат без да се употреби зборот „var" (има) со функција на глагол. Значи, овие реченици треба да се состават од прашалната заменка „ne" (што) или „kim" (кој), еден конјуктивен глагол и компоненти коишто го дополнуваат тој глагол.

Труд со оригинални научни резултати:

6. *Семаншички, временски и функционални промени на глаголиште во тексшови објавени во сūисаниешо за деца "Севинч"*, „Просветно дело", бр.5, Скопје, 2010.

Во трудот се прикажуваат семантичките, временските и функционалните промени на глаголите во одредени текстови објавени во списанието за деца „Севинч". Прво се детектираат и анализираат грешките од оваа природа и се објаснуваат причините за нивното појавување. Потоа, за утврдените грешки се извршени корекции на зборовите и преформулирање на речениците во согласност со граматичките правила на современиот турскиот јазик. Авторката заклучува дека:

– Во некои случаи, глаголските форми што се конјугираат со наставките за глаголска парадигма и лице и означуваат некое дејство даваат значење поинакво од очекуваното. Ова значење е посебно значење кое на таа форма ѝ го придава лицето кое зборува или пишува.

– Компонентите во речениците кои се поврзани со глаголот според значење и функција (прилози и зборови или зборовни групи со функција на прилози) имаат големо влијание на *временскиūе и функционалниūе ūромени кај финиūниūе глаголи*. Еден дел од овие компоненти кои според нивното значење и функција во реченицата се цврсто врзани со

глаголот, можат да се употребуваат единствено со глаголската парадигма за определено време.

– Во дел од речениците, иако зборовите со прилошка функција го ограничуваат времето на извршување на глаголското дејствие, овие глаголи се употребени со различни глаголски парадигми. Како резултат на тоа, не е постигнато усогласување од аспект на време помеѓу глаголите и прилозите во тие реченици.

– Нефинитните глаголи се зборови со двојна функција, кои иако се изведени од глаголи, се употребени во функција на именки, придавки и сврзници, и формираат помошни реченици.

– Нефинитните глаголи, заедно со помошната реченица која што ја формираат, претставуваат додатоци на главната реченица, и на тој начин, овозможуваат полесно изразување на повеќе чувства, желби, мисли во една единствена реченица. Во прозните текстови во списанието „Севинч", често се употребени овие зборови. Меѓутоа, поради неусогласеност помеѓу детерминаторот и управниот член во синтагмите составени од дел од нефинитните глаголи, и особено помеѓу нефинитниот глагол и основниот глагол во една реченица, се направени низа грешки.

### V. Стручно-апликативна дејност

Од последниот избор во соработничко звање асистент, д-р Хулија Скука учествувала во неколку стручно-апликативни проекти, од кои посебно може да се истакнат:

- Примена на ИКТ во наставата, европски проект (2006-2009);
- Креативна настава и учење, проект на УСАИД (2005-2008);
- Проект за модернизација на образованието во Р. Македонија.

На Педагошкиот факултет, д-р Хулија Скука била член и учествувала во работата на повеќе комисии од кои можат да се истакнат:

- член на Комисијата за реформа на студиските програми за студии од I циклус;
- член на Комисијата за проверка на способностите на кандидатите при упис на нови студенти;
- член на Комисијата за изготвување елаборати за нови модули за проширување на дејноста на факултетот.

Како резултат на нејзината долгогодишна наставно-образовна дејност на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на д-р Хулија Скука ѝ е доверена функцијата потпретседател на Комисијата на Министерството за образование и наука на Република Македонија за спроведување на државниот стручен испит за одделенските наставници на турски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложеното може да се заклучи дека кандидатката д-р Хулија Скука има конкретизирано долгогодишна научна и стручна

активност и има остварено одлични наставно-образовни постигнувања во сферата на едукацијата на кадри за одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје.

Исто така, таа има постигнато одлични резултати на постдипломските студии на еминентниот Истанбулски универзитет и при изработката на докторската дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци, Рецензентската комисија со задоволство му предложува на Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје, да ја избере д-р Хулија Скука во звањето доцент по предметите: турски јазик со култура на изразувањето, на групите одделенска настава и предучилишно воспитание на турски наставен јазик, методика на наставата по турски јазик на групата одделенска настава на турски наставен јазик и методика на воспитно–образовната работа по култура на говорот, на групата предучилишно воспитание на турски наставен јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Хамди Хасан, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Теута Арифи, член, с.р.
3. Доц. д-р Аднан Ќахил, член, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Хулија Скука**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:**
**Мајчин јазик со култура на изразувањето**
**Методика на наставно-научните области**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби:<br>*Турски јазик со културата на изразувањето I* (4+2),<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 2 | Одржување на вежби:<br>*Турски јазик со културата на изразувањето II* (4+2),<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 3 | Одржување на вежби:<br>*Методика на наставата по турски јазик I* (2+1)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 1 × 15 × 0.03) | 1.35 |
| 4 | Одржување на вежби:<br>*Методика на наставата по турски јазик II* (2+1)<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 1 × 15 × 0.03) | 1.35 |
| 5 | Одржување на вежби:<br>*Методика на наставата по турски јазик III* (2+2)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 6 | Одржување на вежби:<br>*Методика на наставата по турски јазик IV* (3+2)<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 7 | Одржување на вежби:<br>*Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот I* (2+1)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 1 × 15 × 0.03) | 1.35 |
| 8 | Одржување на вежби:<br>*Методика на воспитно-образовната работа по култура* | 2.70 |

| | | |
|---|---|---|
| | *на говорот II* (2+2)<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | |
| 9 | Одржување на вежби:<br>*Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот III* (1+2)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 10 | Одржување на вежби:<br>*Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот IV* (3+2)<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 11 | Одржување на вежби:<br>*Педагошка практика I* (0+2)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 12 | Одржување на вежби:<br>*Педагошка практика II* (0+2)<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 13 | Одржување на вежби:<br>*Педагошка практика III* (0+2)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 14 | Одржување на вежби:<br>*Педагошка практика IV* (0+2)<br>3 семестри: летен 2007/08, летен 2008/09, летен 2009/10,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 15 | Одржување на вежби:<br>*Педагошка практика V* (0+2)<br>3 семестри: зимски 2008/09, зимски 2009/10, зимски 2010/11,<br>(3 × 2 × 15 × 0.03) | 2.70 |
| 16 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (23) | 2.30 |
| 17 | Консултации со студенти од групата одделенска настава на турски наставен јазик (80 студенти во 4 студиски години, 6 семестри: 6 × 80 × 0.002) | 0.96 |
| 18 | Консултации со студенти од групата предучилишно воспитание на турски наставен јазик (40 студенти во 4 студиски години, 6 семестри: 6 × 40 × 0.002) | 0.48 |
| | **Вкупно** | 40,19 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза:<br>*Јазични особености на турската проза во списанието „Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година,*<br>Филолошки факултет „Блаже Конески",<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2010 | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Одбранета магистерска теза: *Yahya Kemal`in Manzum Eserlerinde Zarflar ve Kullanılışları*, (Прилозите и нивната употреба во поетиката на Јахја Кемал) Филолошки факултет, Истанбулски Универзитет, Истанбул, 2002. | 4 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Çatı Ekleri ve Bunların Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Kullanımı* (Дијатеза во пишаниот јазик на Турците во Македонија), „Хикмет", Адексам Матуситеб, Година 8 - бр.15, Гостивар, 2010 | 4 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Edatların Kullanılışı*, (Партикули и нивна употреба во пишаниот јазик на Турците во Македонија), „БАЛТАМ" , Година 7 - бр. 13, Призрен, 2010. | 4 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Makedonya Türklerinin Yazı Dilinde Deyimler*, (Фрази и нивна употреба во пишаниот јазик на Турците во Македонија), „Хикмет", Адексам Матуситеб, Година 8 - бр.16, Гостивар, 2010. | 4 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Анализа на погрешно образувани реченици во текстови објавени во списанието за деца на турски јазик „Севинч"*, „Педагошка ревија" (Научно списание за образовни прашања), Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Година 1 - бр.2, Скопје, 2010. | 4 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/ научно популарно списание: *Семантички, временски и функционални промени на глаголите во текстови објавени во списанието за деца "Севинч"*, „Просветно дело" бр.5, Скопје, 2010. | 2 |
| | **Вкупно** | 30 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на факултетска Комисија за реализација на активностите за учество и презентирање на Факултетот на Саемот за образованието (промотивни активности на Факултетот, 2009) | 0.5 |
| 2 | Член на факултетска Комисија за реализација на патрониот празник на Факултетот (промотивни активности на Факултетот, 2007, 2008, 2009) | 1.5 |
| 3 | Примена на ИКТ во наставата, европски проект, 2006-2009 | 1 |
| 4 | Креативна настава и учење, меѓународен проект на УСАИД, 2005-2008 | 1 |
| 5 | Проект за модернизација на образованието во Р. Македонија | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 6 | Потпретседател на Комисијата на Министерството за образование и наука на Република Македонија за спроведување на државниот стручен испит за одделенските наставници на турски јазик (2007) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Член на меѓународен уредувачки одбор на научно/стручно списание „Хикмет" | 0.5 |
| 8 | Член на меѓународен уредувачки одбор на научно/стручно списание „Балтам" | 0.5 |
| 9 | Член на факултетска Комисија за проверка на способностите на кандидатите (турски јазик) при упис на нови студенти (2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010) | 3 |
| 10 | Член на факултетска Комисија за реформа на студиските програми за студии од I циклус (2009) | 0.5 |
| 11 | Член на факултетска Комисија за изготвување елаборати за нови модули за проширување на дејноста на Факултетот (2007) | 0.5 |
| 12 | Претставник на соработниците во Наставно-научниот совет на Факултетот (2004–2007, 2007–2010) | 1 |
| | **Вкупно** | 12 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 40,19 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 30 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 12 |
| **Вкупно** | 82,19 |

**Членови на Комисијата**

1.Проф. д-р Хамди Хасан, претседател, с.р.
2.Проф. д-р Теута Арифи, член, с.р.
3. Доц. д-р Аднан Ќахил, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГАТА И ПРОЦЕСОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ХОТЕЛСКА ИНДУСТРИЈА: ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ТУРИСТИ И ХОТЕЛСКИ МЕНАЏЕРИ, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КОСТА КОТЕСКИ ,ПРИЈАВЕНА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (одлука бр.02-1405/15 од 27.10.2010), од седницата одржана на 18.10.2010 година, определени сме за Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема **Квалитетот на услугата и процесот за управување на перформансите во македонската хотелска индустрија: од перспектива на туристи и хотелски менаџери,** изработена од м-р Коста Котески.

Врз основа на извршениот преглед и детална анализа на докторската дисертација, Комисијата во состав: проф. д-р Тодор Кралев, проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф. д-р Аница Драговиќ, проф. д-р Радмил Поленаковиќ и проф. д-р Лидија Христова го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи напомени

Докторската дисертација на кандидатот м-р Коста Котески, **Квалитетот на услугата и процесот за управување на перформансите во македонската хотелска индустрија: од перспектива на туристи и хотелски менаџери,** обработува актуелна и значајна проблематика поврзана со квалитетот на услугата и процесот за управување на перформансите во македонската хотелска индустрија.

Актуелноста на оваа тема произлегува од зголемената конкуренција во хотелската индустрија и од важноста на квалитетот на услугата како еден од главните приоритети на хотелските менаџери и еден од основите за задоволување на потребите на хотелските гости, но исто така и на важноста на процесот за управување на перформансите како важен дел за успехот на хотелот.

Покрај обемното истражување, во докторската дисертација е спроведено и емпириско истражување во 15 хотели со четири и пет ѕвезди во Република Македонија, или вкупно 275 хотелски гости, 244 вработени и 11 хотелски менаџери. Исто така беше спроведена и телфонска анкета од 344 испитаници. Истражувањето беше спроведено со цел да се увидат влијателните фактори за квалитетот на услугата, како и стратегиите за негово подобрување. Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е да се испита квалитетот на

услугата во нашата земја од перспектива на туристи и хотелски менаџери и да се направи споредба дали имплементацијата на квалитетна услуга како важен дел од процесот за управување на перформансите од страна на менаџерите е во иста насока со очекувањата на хотелските гости.

Со цел добивање посеопфатно согледување на процесот за управување на перформансите, особено внимание е посветено на емпириските истражувања, односно на истражувачките методи за докажување на хипотезите.

Во докторската дисертација кандидатот ги земал предвид сите неопходни активности, и тоа од теоретско-квалитативна изработка (поставување прашања, теорија, дефинирање хипотези), до емпириско-квантитативна разработка на концептите во моделот (операционализирање на концептите во секоја хипотеза, собирање податоци за варијаблите, тестирање на хипотезите, анализа на хипотезите, интерпретација на добиените резултати како и заклучни согледувања).

## 2. Содржина на докторскиот труд

Докторската дисертација со наслов **Квалитетот на услугата и процесот за управување на перформансите во македонската хотелска индустрија: од перспектива на туристи и хотелски менаџери,** изработена од м-р Коста Котески, претставува самостоен научен труд, поделен во шест дела, користена литература од повеќе од 200 литературни извори и прилози кон докторската дисертација.

Докторската дисертација е поделена на шест дела:

Во **првиот дел** е направена детална анализа на индустријата за туризам и хотелската индустрија, како и дефинирање на клучните фактори за успех во хотелската индустрија.

**Вториот дел** е составен од три поглавја: квалитет на услуга, менаџмент на човечки ресурси во доменот на филозофијата на квалитетот на услугата и инструменти за мерење на квалитетот на услугата.

Делот посветен на квалитетот на услугата опфаќа дефинирање на самиот поим „квалитет на услуга", аспекти, концепти и модели за квалитетот на услугата, негово значење и квалитетот на услугата како конкурентска предност.

Менаџментот на човечките ресурси во доменот на филозофијата на квалитетот на услугата го дефинира поимот „менаџмент на човечки ресурси", го објаснува процесот на дизајнирање на работата и ги претставува односите помеѓу менаџерите и останатите вработени во организацијата.

**Делот кој ги** опфаќа инструментите за мерење на квалитетот на услугата се фокусира на инструментот SERVQUAL и ги претставува неговите предности и недостатоци, како и алтернативните модели за мерење на квалитетот на услугата.

**Третиот дел** ги опфаќа функциите на управување на перформансите и улогата на менаџерите и останатите вработени во процесот за управување на перформансите, како и ориентации кон успешни извршувања.

Понатаму, во **четвртиот дел**, кандидатот ја претставува состојбата во хотелската индустрија во Република Македонија, туристичкиот промет, како и анализи за развојот на хотелската индустрија во Република Македонија (Дијамантот на Портер, ПЕСТ- анализа и Матрикс на лојалност).

**Петтиот дел** го опфаќа методолошкиот приод и дизајн на истражувањето, односно ги објаснува целите на истражувањето како и примарните и секундарните извори кои беа користени во истражувањето и начинот на прибирање на податоците.

**Шестиот дел** ги опфаќа анализите на спроведените истражувања и тестирање на хипотезите. Имено, станува збор за четири вида на анализи: анализа на спроведеното телефонско истражување за задоволството на гостите од хотелите во Република Македонија, анализа на резултатите за задоволството на гостите од услугата во хотелите, анализа на резултатите за задоволството на вработените од хотелските услуги и работните услови и анализа на интервјуата со хотелските менаџери.

И, на крај, во заклучниот дел, кандидатот м-р Коста Котески ги дава своите заклучни согледувања.

Врз основа на ова образложение, Комисијата го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација на тема **Квалитетот на услугата и процесот за управување на перформансите во македонската хотелска индустрија: од перспектива на туристи и хотелски менаџери,** изработена од м-р Коста Котески, во целост ги задоволува критериумите и барањата со кои се дефинира успешно изработена докторска дисертација. Кандидатот реализирал квалитетен и оригинален научно-истражувачки труд од областа на менаџментот со човечки ресурси. Воспоставената методологија, мерките кои се воведуваат за анализата на предметната проблематика, како и сите резултати претставени во овој труд се значаен придонес во оваа актуелна проблематика на истражување.

Комисијата со задоволство му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да го прифати овој извештај и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Тодор Кралев с.р.
2.Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.
3.Проф. д-р Аница Драговиќ с.р.
4.Проф. д-р Радмил Поленаковиќ с.р.
5.Проф. д-р Лидија Христова с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" на својата VII редовна седница одржана на 18. 11. 2010 година, а во врска со конкурсот објавен во " Утрински весник" и " Коха " на 19 . 10. 2010 за избор на лица во наставно – научни, научни и соработнички звања донесе решение за избор на единаесет асистенти по предметот: Анестезија, реанимација и интензивно лекување и избор на еден асистент за наставна база и формира Рецензентска комисија во состав :

1.проф. д-р Трајанка Трајковска

2.проф. д-р Марија Шољакова

3.проф. д-р Јордан Нојков.

На конкурсот се пријавија и доставија документација помладите асистенти д-р Андријан Карталов, д-р Љупчо Донев, д-р Анита Кокарева, д-р Марина Темелковска Стефановска, д-р Анита Арсовска, д-р Елвис Алексовски, д-р Весна Дурнев, д-р Гордана Талеска, д-р Александра Петрушева Пановска, д-р Маја Манова и д-р Марија Јовановски Српева, како и еден кандидат за наставна база помл.ас. д-р Олгица Василева.

Комисијата ја разгледа доставената документација на кандидатот и го доставува до Наставно- научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### АНДРИЈАН КАРТАЛОВ

**Биографија:** Д-р Андријан Карталов е роден 1968 година во Скопје, РМ. Во 1994 година завршил средно медицинско училиште, а Медицински факултет завршил во 1994 година во Скопје со среден успех 9,00. Државениот испит го положил во јули 1995. Во периодот од 1994 до 1996 година волонтирал на клиниката за Ортопедски болести во Скопје. Специјализацијата по анестезиологија и реанимација ја завршил во периодот 1996-2001 година. Постдипломските студии од областа на анестезиологијата и реанимацијата ги завршил во 2001 година. Бил на студиски престој на Универзитетот „ Бен Гурион „ во Бер Шева во Израел, на одделот за кардиохирургија во 2001 год.( 6 месеци). Во 2007 година е избран за помлад асистент по предметот анестезиологија со реаниматологија, а во 2008 година го одбрани магистерскиот труд со наслов „ Споредба на каудален блок изведен со бупивакаин во општа анестезија во однос на конвенционалната општа

едукација на анестезиолози (Дојран 2000.); Регионален курс за инструктори при нуклеарни несреќи(организиран од меѓународната агенција за атомска енергија), 2001. Учествувал на Интеранационален конгрес за анестезија, реанимација и интензивно лекување, Нови Сад- Р. Србија, 2005, 2006 и 2010, Конгрес на македонските анестезиолози.

**Рецензија на трудови од последниот избор до денес:**

4. Домазетов Р., **Донев,Љ.**, Карталов А., Петрушева Пановска А., Петровска М., Темелковска Стефановска М., Марческа М.; Споредба на диференцијалната блокада при спинална анестезија со изобарен наспроти хипербарен 2% лидокаин. Конгрес на анестезиолози на Македонија, 2005.

Во овој труд се проследва моторниот, сензорниот и симпатичкиот блок кај спиналната анестезија изведена со 2% линокаин со различен барицитет.

5. А. Карталов, Ј.Нојков, **Љ. Донев**, В. Џамбазовска, А. Петрушева ; Каудален блок изведен со бупивакаин-трамадол и постоперативната контрола на болката при херниопластика во детската возраст, Acta Morphologica 2008;vol 5(2);71-75.

6. Карталов, М. Шољакова, Б. Кузмановска, **Љ. Донев**, В. Џамбазовска, А. Петрушева; Посдурална пункциона главоболка: Патогенеза, превенција и третман. Македонско ортопедско – трауматолошки гласник ; 2009 vol 6 no 1 :18-22А.

**АНИТА КОКАРЕВА**
**Биографски податоци:** Д-р Анита Кокарева (родена Николовска) е родена 1967 година во Скопје. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје во 1992 година, со просек 9,61. Специјалистичкиот испит по анестезиологија со реанимација го положила 2003 година. Се запишала на постдипломски студии по анестезија со реанимација во 2003/2004 година. Од 2001 год. е вработена на КАРИЛ. Била на стручен престој на Одделот за анестезиологија и реанимација во Soroka Medical Center, Ben Gurion University, Бер Шева, Израел. Учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми.
Има рецензирани 6 трудови во Билтенот на УКИМ: 938/ 2008 година.

**Трудови за рецензија:**
**7.** Taleska G., Trajkovska T., **Kokareva A.,** Popovska A., Gavrilovska A.; The effect of one lung ventilation on venous admixture during different anestetic techniques, Euroanesthesia 2010, Helsinki, Finland, Book of abstracts: 101,2010.
Целта на овој труд е да се види влијанието на општата анестезија версус општата анестезија комбинирана со торакална епидурална анестезија на хемодинамиката при вентилација на едното белодробие.

**8.** Taleska G., Trajkovska **T., Kokareva A.**, Gavrilovska A., Sholjakova M., Shuplinoski Z., Mojsova M., Temelkovska-Stevanovska M., Popovska A., Naumovska M., DgambazovskaV., Toleska M., Dimov A., Brzanov N. ; Electrocardiographic abnormalities in subarachnoid haemorrhage, IV конгрес на анестезиолозите на Македонија, Охрид, Македонија, Книга на апстракти: P126,2010.
Целта на оваа проспективна рандомизирана студија е да се одреди вредноста на ЕКГ-записот кај пациентите со субарахноидална хеморагија (SAH) во предвидувањето на лошиот исход и да се одреди дали специфичните ЕКГ-

промени се поврзани со локацијата на аневризмата при SAH. Резултатите од 29-те пациенти со SAH, во периодот јануари-август 2008 год., покажуваат дека специфичните ЕКГ-абнормалности кај SAH се асоцирани со локацијата на аневризмата во Вилисовиот шестоаголник. Пролонгираниот QTc интервал е најчеста ЕКГ -промена кај пациентите со тешка хеморагија.

**МАРИНА ТЕМЕЛКОВСКА СТЕВАНОВСКА**

**Биографски податоци:** Д-р Марина Темелковска Стевановска (родена Темелковска) е родена 1969 во Скопје. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршила 1995 година со просечен успех 9,1. Стручниот испит го положила во 1996 година. Работи како волонтер на КАРИЛ во Скопје од 1997, а од 2001 година во редовен работен однос. Специјалистичкиот испит по специјалноста анестезиологија со реанимација го положила во 2003 година. Постдипломски студии запишала во 2004 година, испитите ги завршила со просечна оценка 10,00, а во 2009 година ја дава предлог-темата за магистерски труд. На 22. 5. 2008 година е избрана за помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот анестезиологија со реанимација. Престојувала на кратки професионални усовршувања од областа на регионалната анестезија и учествувала на работилници, симпозиуми и конгреси во земјата и во странство.

Престојувала во Предеал, Романија, каде што се обучувала за инструктор по анестезиологија, на Интернационалната школа за инструктори по анестезиологија: The International School for Instructors in Anestheciology (ICIA), под покровителство на Светското и Европското здружение на анестезиолози - World Federation of the Societies of Anesthesiologists (WFSA) и European Society of Anesthesiology (ESA).

Активно се служи со англискиот јазик. Член е на: Лекарската комора на Македонија (ЛКМ), Македонското здружение на анестезиолози (МСА), Европското здружение на анестезиолози (ЕСА) и Македонското лекарско друштво (МЛД).

Рецензирани се досега девет труда во Билтенот на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: број 938, / 2008 година.

**Студии за рецензија:**

**1.Темелковска Стевановска М,** Марчевска М, Петровска М, Петреска Б.: Ketamin as an adjuvant in lidocaine intravenous regional anesthesia for minimize tourniquet pain. VI-th Congress of the Balkan Association of Plastic, Reconstructive and Anesthetic Surgery, Ohrid macedonia 2009, Abstract book: 2009; 132.

Целта на оваа студија е споредба на интраоперативната tourniquet-болка, постоперативната аналгезија и несаканите дејства на системски наспроти РИВА кетамин за време на операции на рака со РИВА. Во студијата биле опфатени 46 пациенти, поделени на две групи, зависно од начинот на апликација на кетаминот. Добиените резултати покажале дека нема значајна разлика во степенот на аналгезија, зависно од начинот на апликација на кетаминот.

**2. Темелковска Стевановска М.:** Топографија на периферните нерви на долните екстремитети. Невроанестезија, локорегионална анестезија и терапија на болка. Континуирана постдипломска едукација по анестезиологија, петти курс- II циклус К.Е.Е.А 2009; 22-30.

Во ова предавање е опишана инервацијата на долните екстремитети, начините за блокирање на нервните плексуси и нивните гранки, како и поединечните индикации за секој блок и општите контраиндикации и несакани ефекти од примената на овие блокови.

**3. Темелковска Стевановска М**, Петровска М, Марчевска М.: Аналгетски ефект на Fascia iliaca compartment block-от кај постари пациенти со скршеница на колк. Physioacta 2009; Вол 3: 61-71.
Во студијата се опфатени 50 пациенти на возраст над 65 години, поделени во две групи зависно од типот на предоперативна аналгезија ( Fascia iliaca compartment block-от (FIC ) vs. интравенски аплицираната системска аналгезија). Резултатите од студијата укажуваат на супериорна аналгезија во сите испитувани времиња со користење на FIC-блок во однос на системска аналгезија без појава на несакани ефекти.
4. Марческа М, Христова Ј, Поповски С, Панов С, Спировска Т, **Темелковска Стевановска М.**: Evaluation of the analgesic efFICacy of non-steroidal antiinflamatory drugs versus COX-2 selective inhibitors for treatment of acute pain. Nysora World Anesthesia Congress, Dubai 2010, Poster Abstract List: 2010; 0159.
Целта на оваа студија е споредба на аналгетскиот ефект на NSAID во однос на COX-2 инхибиторите, во третман на акутна болка по операција на кила и холецистектомија. Во студијата биле опфатени 100 пациенти, подлежени на холецистектомија и оп. на ингвинална кила. Резултатите од испитувањето укажуваат на идентичен ефект на двата типа аналгетици, но COX-2 инхибиторите ги немаат несаканите дејства кои ги даваат NSAID, па имаат предност.
5. Христова Ј, . Марческа, Поповски С, Панов С, Спировска Т, **Темелковска Стевановска М.:** Rationale of analgesic combination. Nysora World Anesthesia Congress, Dubai 2010, Poster Abstract List: 2010; 0160.
Во оваа студија се споредува ефектот на комбинирање на аналгетици (трамадол и кетамин) во однос на монотерапија (парацетамол). Во студијата се испитани 70 пациенти на средна возраст од 37 години, кај кои е изведена мастектомија. Пациентите се потелени во две групи зависно од третманот на постоперативна болка. Резултатите од студијата укажуваат на предноста од примена на комбинирана во однос на монотретман на акутна постоперативна болка.
**6. Темелковска Стевановска М,** Ачковски П, Марческа М, Петреска Б, Момировска Љ.: Рана постоперативна мобилизација кај пациенти со скршеница на колк, обезболени со континуиран блок на феморален нерв. IV Конгрес на анестезиолози на Македонија, Охрид 2010, Зборник на трудови 2010; П128.
Целта на оваа студија е споредба на ефектот на постоперативното изведување на континуиран блок на феморален нерв кај наспроти системска аналгезија. Резултатите од студијата укажуваат на супериорна постоперативна анлгезија со примена на континуиран блок на феморалниот нерв во текот на 48 часа. Супериорноста на блокот на феморалниот нерв се гледа особено при обид за движење на оперираниот екстремитет, што од своја страна овозможува рана мобилизација и рана физикална терапија кај возрасните пациенти оперирани поради скршеница на колк.

**АНЕТА АРСОВСКА**

**Биографија:** Д-р Арсовска Анета е родена на 1974 година во Скопје. Медицински факултет завршила во Скопје во 1999 година со просек 8,2. Волонтира на КАРИЛ од 2000 година, а 2002 година е вработена. Специјалистичкиот испит го положила во 2007 година. Постдипломски студии по ансетезиологија запишала во 2000 година и сега е во тек изработка на магистерскиот труд. Член е на ЗЛАРИЛ, Здружението за ентерална и парентерална нутриција и на Здружението за критично болни пациенти. Била на стручно усовршување во Целе, Љубљана и

Белград. Досега има учествувано на повеќе национални конгреси како автор и коавтор на повеќе трудови. Досега има 7 рецензирани труда.

**Трудови за рецензија:**

1. **А.Арсовска,** О.Арсовски; Периоперативна терапија со течности кај геријатриски траума пациенти, III конгрес на ортопеди и трауматолози, 2009.

Овој труд претставува клиничка студија во која се испитува влијанието на две различни комбинации на инфузиони раствори (0,9%NaCl и HES 6% и Hartman и Gelafusine) кај траума на геријатриски пациенти (н=50) и нивниот ефект на електролитниот и ацидобазниот статус постоперативно. Резултатите укажуваат на подобар ацидобазен баланс и електролитен статус, при пери и постоперативно користење на Hartman и Gelafusine.

2. **А.Арсовска**, О.Арсовски, Ефектот од интравенските инфундирани кристалоиди врз постоперативното гадење и повраќање кај траума пациенти, III конгрес на ортопеди и трауматолози, 2009.

Во овој труд се испитува зависноста меѓу количината на администрирана интравенска инфузија на килограм телесна тежина и појавата на постоперативно гадење и повраќање.

3. **А.Арсовска,** О.Арсовски, Ефектот на интензивната инсулинска терапија врз морбидитетот и морталитетот на критично болните пациенти, III Конгрес на ортопеди и трауматолози, 2009.

Трудот покажува линеарна и константна зависност помеѓу интензивната инсулинотерапија и намалувањето на морбидитетот и морталитетот кај критично болни пациенти.

4. О.Арсовски, **А.Арсовска**, И.Кафтанџиев, С.Трпевски, С. Стојменски, Клиничкиот исход по затворена редукција на предна трауматска дислокација на рамо, III конгрес на ортопеди и трауматолози, 2009.

Испитувани се 34 пациенти, со предна трауматска дислокација на рамениот зглоб, и се евалуирани клиничките и функционалните резултати по затворена репозиција на рамениот зглоб. Резултатите во трудот покажале дека во 89% има одличен клинички и функционален резултат.

5. З. Николова-Тодорова, Б.Кузмановска, А.Карталов, **А.Арсовска,** В.Цамбазовска-Трајковска, А.Леши, Препораки за трансфузија кај траума-пациенти – хемостатски концепт, Мак мед. преглед. Суппл. 2010

Приоритет при згрижување на траума пациентите е да се запре крварењето. Во оваа студија се компарирани повеќе клинички студии за траума пациентри кои се однесуваат хемостатската ресусцитација. Потврден е бенефитот од хемостатската ресусцитација врз преживувањето на траума пациенти.

6. **Арсовска А.,,** Јовановски-Срцева М., Арсовски О., Терапија со течности кај возрасни пациенти подвргнати на голема абдоминална хирургија, Мак. мед. Преглед, супл. 2010.

Во оваа рандомизирана клиничка студија во која беа вклучени 60 пациенти, кои беа подлежени на голема абдоминална хирургија, се докажа дека пациентите кои примале Хартман раствор и Гелафундин имале подобар ацидобазен и електролитен баланс, не добивале хиперхлоремична метаболичка ацидоза и имале

подобар исход од хируршката интервенција, во споредба со пациентите кои добивале физиолошки раствор и ХЕС 6%.

**7.Арсовска А.,,** Јовановски-Срцева М., Арсовски О., Имплементација на стратегијата за намалување на вентилатор-асоцирана пневмонија кај критично болни пациенти во хируршка единица за интензивно лекување, Мак. мед. преглед. Супл. 2010

Инциденцата на вентилатор – асоцираната пнеумонија во Македонија е повисока отколку во европските земји. Врз пациентите се применуваа 5 стратегии за намалување на ВАП. Инциденцата на ВАП сигнификантно се намалила откако се спровеле стратегиите за превенција во периодот од јануари до јуни 2009 во споредба со периодот од јануари до јуни 2008 година кога овие стратегии се уште не беа имплементирани.

**8.** Арсовска А.,, Јовановски-Срцева М., Арсовски О., Стрес-хипергликемија кај критично болни пациенти, Мак. мед. преглед. Супл. 2010

Појавата на хипергликемијата кај критично болните пациенти во Единицата за интензивно лекување е асоцирана со зголемен морбидитет и морталитет. Оваа проспективна студија беше извршена врз 60 пациенти со АПАЦХЕ 2скор помеѓу 16 и 20, по прием во Единицата за интензивно лекување. Интензивната инсулинска терапија го намалува морбидитетот, морталитетот и времето на механичка вентилација и времето на престој во Единицата за интензивно лекување.

**9.** В.Џамбазовска-Трајковска, З. Николова-Тодорова, **А.Арсовска,** Б.Кузмановска, А.Карталов, Е.Алексовски, М.Срцева, Г.Талеска, Б.Андоновска, М.Толеска, Ѓ. Трајковски , А.Леши, Евалуација на структурата на пациентите во единицата за интензивно лекување кои биле на механичка вентилација во тек на 2009 година, Мак. мед. Преглед, Супл. 2010.

Трудот е претходно рецензиран.

**10-12 се реферирани трудови кои се претхоно рецензирани.**

**13.** Шољакова М., Димов А., Поповска Е., Карталов А., Џамбазовска-Трајковска В., Арсовска А., Талеска Г., Донев Љ., Централен венски катетер- порт за хемотерапија кај деца, Мак. мед. преглед 2009, 62(2), 39-43

Во оваа ретроспективна студија на пресек биле вклучени 62 пациента - деца, со малигни болести на хематолошкиот систем. Прикажано е искуство во поставување на овој инвазивен метод за обезбедување на долготраен венски пат (венски порт) кај деца.

## ЕЛВИС АЛЕКСОВСКИ

**Биографски податоци:** Елвис Алексовски е роден на 1.2.1968 г. во Штип, Р.Македонија. Своите редовни студии по општа медицина ги започнал во учебната 1987/88г, а дипломирал во 1994 г. со среден успех 8,0. Во 1996 г. се вработува како матичен лекар, а во 2001 г. се вработува во КАРИЛ. Специјалистички испит положил во 2006 г. Од 2008 година е избран за помлад асистент по предметот анестезиологија со реанимација. Учествувал на повеќе секциски состаноци, семинари, курсеви по КМЕ од областа на анестезиологијата ( Дојран-2004,2005,2006,2007,2007,2008,2009,2010 г.), (работни школи: Инхалациска

анестезија 2008 г.-Маврово и 2009 г.-Скопје), симпозиуми во странство ( Четврти (IV) англо-српски денови на анестезија во Белград, 2008г.), научна работилница „ Жолто бебе", 2010 г., како и домашен и странски конгрес: ( Четврти (IV) конгрес на анестезиолози на Македонија – 23.9 – 26.9.2010 г. и Единаесетти (XI) српски конгрес и Прв (I) балкански симпозиум на анестезиолози и интезивисти во Белград- 2010г.) Како коавтор учествувал во изработка на повеќе трудови.
Има објавено три труда кои се рецензирани при изборот за помлад асистент: БИЛТЕН на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје бр.938 /2008 /824 и 825

**Трудови за избор во звањето асистент:**

1.А.Алексовска,Б.Ширгоска,М.Арсова,Сиљановска, Ј.Мелоски, Д.Димитровска, **Е.Алексовски**,О.Муратовска: „ Анестезија за Тонзилоаденоидектомија кај деца со хетерозиготна форма на β – таласемија Мак. мед прег. Супп 52, 2010: 66.
Во трудот се опфатени 355 деца од 3 до 7 годишна возраст кои во периодот од 2008-2009 г. биле подготвени за тонзилоаденоидектомија. Кај 4 од нив преку испитување на хемостаза и крвна слика, како и електрофореза на хемоглобин ( лабораторија во МАНУ) била докажана хетерозиготна форма на β-таласемија. Авторите заклучуваат дека кај секое дете кое е анемично со лабораториски анализи кои покажуваат нормален или зголемен хемоглобин, а ниски волумени на еритроцити (MCV и MCH) можеше да се посомневаме на хетерозиготна форма на β – таласемија. Со нормална хемостаза и соодветна предоперативна подготовка можно е изведување на интервенцијата.

2. Џамбазовска- Трајковска В. , Николва-Тодорова З., Арсовска А., Карталов А., Кузмановска Б., **Алексовски Е.**, Срцева М., Талеска Г., Андоновска Б., Толеска М., Трајковски Ѓ., Леши А.: „Евалуација на структурата на пациентите во единицата за интензивно лекување кои биле на механичка вентилација во тек на 2009 г. "
Мак. Мед. прег. Супл. 52, 2010: 78.
Студијата вклучува 252 пациенти кои во текот на 2009 г. биле лекувани во Единицата за интензивно лекување и побарале механичка вентилација повеќе од 24 ч. Методот претставува статистичка анализа кој ги обработува следниве параметри: возраст,пол, времетраење на механичка вентилација, индикации за поставување на механичка вентилација, застапеност, просечно траење на механичката вентилација и корелација на овие параметри кај трите големи групи на пациенти примени заради траума, постоперативно лекување и нехируршки болести. Врз основа на анализа на резултатите се заклучува дека доминираат пациенти од машки пол, најчеста индикација за механичка вентилација е постоперативното лекување, а најдолготрајна механичка вентилација побаруваат пациенти примени поради траума.

3.Џамбазовска-Трајковска В., Донев Љ., **Алексовски Е.**, Бушиновска Ј., Шољакова М. Николова-Тодорова З., Карталов А., Шуплиноски З., Талеска Г., Толеска М.,
Андоновска Б.: „Анестезиолошки протокол при трансплантација на бубрег кај дете.
приказ на случај" Мак. Мед. прег. Супл. 52, 2010: 78.
Прикажан е случај на машко дете на 14 години со хронична бубрежна инсуфициенција. За анестезија е користен стандарден анестезиолошки протокол за трансплантација на бубрег кај дете кој беше уреден и даде одлични резултати. Авторите заклучуваат дека соодветната подготовка, анестезија и постоперативно водење заедно со хируршки брзата и прецизна операција се пресудни за успешност

на трансплантираниот орган. Добра анелгезија, сон, силно хидрирање на донорот и реципиентот и времено вклучување на Inotrop-Dopamin се клучни фактори за анестезиолошкиот протокол во текот на првата трансплантација на бубрег кај дете на Клиниката за детска хирургија во Скопје-Р.Македонија.

**ВЕСНА ДУРНЕВ**

**Биографски податоци:** Кандидатката Д-р Весна Дурнев е родена 1967 во Скопје. Завршила средно училиште во гимназијата "Никола Карев", насока: биотехнологија во 1986 и се запишала на Медицинскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 1986/87. Дипломирала во 1994 со просек 8,2, а државниот испит го положила 1995 и се здоби со лиценца за работа. Работела во приватната веледрогерија "Зегин", како лекар по општа практика во приватна ординација (1996-1997), била раководител на претставништво на фармацевтската компанија "Eli Lilly" за Македонија, а во 2001 е ангажирана од Министерството за одбрана и како санитарен координатор. Од септември 2002 се вработила на „КАРИЛ" и ја завршува специјализацијата во јуни 2008. Во октомври 2002 се запишала на постдипломски студии по анестезиологија, и во тек е изработка на магистерската теза. Активно се служи со англискиот јазик.

Учествувала на повеќе семинари, конференции и конгреси во земјата и во странство.

**Трудови за рецензија:**

**1.** Taleska G, **Durnev V,** Mircevski V, Soljakova M at al. Initial leukocytosis and hyponatriemia occurring after aneurismal subarachnoidal hemorrhage. *Eur J Anaesthesiol* 2007.

Цел на студијата: да се утврди постоење на корелација помеѓу евентуалните ризик фактори како иницијалната леукоцитоза и хипонатриемија со зголемена смртност. Ретроспективна студија на 45 пациенти со САХ (2006-2007). Резултати укажуваат дека иницијалната леукоцитоза корелира со зголемена смртност но иницијалната хипонатриемија не придонесува во патогенезта на исхемичките компликации после САХ.

**2.** Иванова Г, Антова М, Арнаудовки З, Ставриќ Д, **Дурнев В.** Невус Ота-приказ на случај. Клиника за очни болести, Медицински факултет, Скопје, Република Македонија.

Целта е да се прикаже пигментарното нарушување Невус Ота кај Азијати, често и црнци, но ретко кај белци. Пациентот е двегодишно дете, од ромска популација, кое под анестезија со кеталар му се направени клинички преглед, биохемски анализи и употребени соодветни други методи.

Заклучок е дека Невус Ота е конгенитална промена која останува цел живот за разлика од Монголската пега. Сината нијанса е резултат на присуство на ектопични меланоцити во кожата и мукозата. Третманот со ласер е многу корисен.

**3. Durnev V.** Initial Investigation on Low Employment Rate among Female Population belong to Albanian and Roma Ethnic Group"

Final Thesis at University "La Sapienza", Department of Public Health Sciences "G. Sanarelli", International Course on Poverty and Health

Генералната цел на овој труд е да се идентифицираат причините на ниската стапка на вработеност помеѓу жените од ромската и албанската популација и да се

придонесе за креирање на општата национална стратегија за намалување на сиромаштијата, (со повеќе специфични цели).

4. М. Јовановски Срцева; М. Мојсова; А. Арсова; В. Дурнев; Д. Анѓушев; Haemodynamic response to induction in normo and hypertensive patients:MCA 2009: Целта на овој труд е да покаже поголема хемодинамска стабилност при индукција во анестезија кај предоперативно третирани пациенти.

**ГОРДАНА ТАЛЕСКА**

**Биографски податоци:** Д-р Гордана Талеска е родена 1977 година во Прилеп. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршила во јуни 2002 година, со просечен успех 9,81. Од 2002 година е вработена во КАРИЛ, Скопје. Во 2003 година ги започнала постдипломските студии по анестезија со реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје и е пред јавна одбрана на магистерската теза. Специјалистичкиот испит по анестезија со реанимација го положила во 2008 год. Биографијата на кандидатката е богата со екстра активности, престои во земјата и странство: Љубљана, Клиничкиот центар Дубрава, Загреб, Кинеската академија за медицински науки, ISIA 2 (Меѓународна школа за инструктори по анестезија), Салцбург, Австрија, во организација на AAF (Американско-австриска фондација), Либек, Германија, во организација на Dräger Medical. Гордана Талеска е член на Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, Здружението на лекари по анестезија и реанимација, Здружението на лекари за критично болни пациенти и на ESA ( Европска асоцијација по анестезија). Учествувала на бројни конгреси и симпозиуми во земјата и во странство. Има објавено 13 труда рецензирани во Билтен на УКИМ бр. 938 / 2008

**Трудови за рецензија:**

1. Шољакова М., Димов А., Поповска Е., Карталов А., Џамбазовска-Трајковска В., Арсовска А., Талеска Г., Донев Љ., Централен венски катетер- порт за хемотерапија кај деца, Мак.мед. преглед 2009, 62(2), 39-43.

Трудот е рецензиран погоре.

**2.Taleska G,** Trajkovska T, Kokareva A, Popovska A, Naumoska M, Gavrilovska A, Dzhambazovska-Trajkovska V, Toleska M, Dimov A. Preemptive epidural analgesia with bupivacaine and sufentanyl and the effects of epiduraly added epinephrine for thoracic surgery. Macedonian Journal of Medical Science, 2010 Mar 15; 3 (1).

Целта на трудот е да се одреди дали преемптивната епидурална аналгезија со бупивакаин и суфентанил изведена и пред торакотомијата и за време на операцијата ја намалува постоперативната болка, како и да се споредат истите ефекти при употреба на епинефрин. Испитувани се 60 пациенти примени за елективна торакална хирургија. Резултатите водат до заклучокот дека иако преемптивната аналгезија има позитивен ефект намалувајќи ја интраоперативната потреба за анестетици, нејзиниот ефект не трае повеќе од осум часа после операцијата; епинефринот како адјуванс на локалните анестетици има значаен ефект во ослободувањето од постоперативната болка.

**3.G. Taleska, T**. Trajkovska, A. Kokareva, A. Popovska, A. Gavrilovska. The effect of one lung ventilation on venous admixture during different anesthetic techniques. European Journal of Anaesthesiology (abstracts programme), 2010; 27(47): 101.

Целта на оваа проспективна клиничка студија е да се споредат вредностите на интрапулмоналниот шант во тек на општа анестезија и вентилација на едно белодробно крило, со оние при комбинација на торакална епидурална анестезија и општа анестезија со вентилација на едно белодробно крило. Испитувањето вклучува 30 пациенти (пилот-студија) подложени на елективна торакална хирургија (торакотомија или торакоскопија) кои имале пролонгирана вентилација на едно белодробно крило. Резултатите покажуваат дека и двете техники, општата анестезија и комбинацијата на општа со торакална епидурална анестезија се погодни за употреба во торакалната хирургија кога се користи вентилација на едно белодробно крило, имајќи ја предвид артериската оксигенација. Нема статистички значајна разлика во $PaO_2$ и интрапулмоналниот шант при двете техники.

4. **Taleska G.,** Trajkovska T., Kokareva A., Gavrilovska A., Sholjakova M., Shuplinoski Z., Mojsova-Miovska M., Temelkovska-Stevanovska M., Popovska A., Naumovska M., Dgambazovska V., Toleska M., Dimov A., Brzanov N. Electrocardiographic abnormalities in subarachnoid haemorrhage. IV Congress MCA, 2010,: 118.

Целта на оваа проспективна рандомизирана студија е да се одреди вредноста на ЕКГ-записот кај пациентите со субарахноидална хеморагија (SAH) во предвидувањето на лошиот исход и да се одреди дали специфичните ЕКГ-промени се поврзани со локацијата на аневризмата при SAH. Резултатите од 29-те пациенти со SAH, во периодот јануари-август 2008 год., покажуваат дека специфичните ЕКГ-абнормалности кај SAH се асоцирани со локацијата на аневризмата во Вилисовиот шестоаголник. Пролонгираниот QTc интервал е најчеста ЕКГ-промена кај пациентите со тешка хеморагија.

**5.**Џамбазовска-Трајковска В., Николова-Тодорова З., Арсовска А., Карталов А., Кузмановска Б., Алексовски Е., Срцева М., **Талеска Г.,** Андоновска Б., Толеска М., Трајковски Ѓ,. Леши А. Евалуација на структурата на пациентите во Единицата за интензивно лекување кои биле на механичка вентилација во тек на 2009 год. Книга на апстракти, Четврти конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 септ. 2010, Охрид, Македонија: 78.

**6.**Џамбазовска-Трајковска В., Донев Љ., Алексовски Е., Бушиноска Ј., Шољакова М., Николова-Тодорова З., Карталов А., Шуплиноски З., **Талеска Г.,** Толеска М., Андоновска Б. Анестезиолошки протокол при трансплантација на бубрег кај дете. Приказ на случај. Книга на апстракти, Четврти конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 септ. 2010, Охрид, Македонија: 78-79.

7.Gavrilovska A., **Taleska G.,** Trajkovska T., Popovska E., Kokareva A., Mojsova-Miovska M., Temelkovska-Stevanovska M., Popovska A., Brzanov N., Dimov A. Intraoperative fat embolism in a polytraumatized patient – a case report. Book of abstracts-IV Congress of Macedonian Anesthesiologists with International participation,23-26 September,2010,Ohrid, Macedonia: 79.

**8.**Mojsova M., Srceva M., **Taleska G.,** Janculev J., Stavridis S., Dimov A., Gavrilovska A. Spinal anesthesia for endoscopic urological procedures – low dose vs standard dose of hyperbaric bupivacain. Book of abstracts-IV Congress of Macedonian Anesthesiologists with International participation,23-26 September,2010,Ohrid, Macedonia: 97.

**9.**Temelkovska-Stevanovska M., Marceska M., Petrovska M.,Spirovska T., **Taleska G.** Fascia iliaca compartment block as a pre-operative analgesia for patients with hip

fracture. Book of abstracts-IV Congress of Macedonian Anesthesiologists with International participation,23-26 September,2010,Ohrid, Macedonia: 120-121.
10.Mirchevski V., Agai Lj., Jovanoski A., Hodai S., **Taleska G.** Repeated digital angiography in diagnostic of subarachnoid haemorrhage. Book of abstracts – XIX Bulgarian National Conference in Neurosurgery with international participation, 28-31 October, 2010, Nesebar, Bulgary: 6 .

Целта на овој труд е да се покаже вредноста на повторената дигитална пан-ангиографија во откривањето на васкуларна малформација кај пациенти со нова епизода на субарахноидална хеморагија (SAH), кои претходно имале нормална дигитална ангиографија. Во студијата се вклучени вкупно 128 пациенти со SAH, во периодот 1994-2010 год. Резултатите покажуваат дека одложената втора ангиографија (15 дена по првата) е од витално значење кај пациентите со нормална иницијална панангиографија, која ја зголемува сигурноста и сензитивноста на дијагнозата и третманот на овие пациенти, превенирајќи евентуално ново и животнозагрозувачко крварење.

**АЛЕКСАНДРА ПАНОВСКА ПЕТРУШЕВА**
**Биографија:** Д-р Александра Петрушева Пановска е родена 1975 година во Штип. Основно и средно медицинско училиште завршила во Скопје. Медицинскиот факултет во Скопје го завршила во 2000 година со среден успех (8,00). На КАРИЛ е вработена од 2001. Почнала специјализација по анестезиологија и реанимација во 2004, а специјалистички испит положила во 2009. Постдипломските студии од анестезиологија и реанимација ги завршила во 2007 и поднела поднесок за изработка на магистерски труд, кој е во фаза на изготвување. Активно се служи со англискиот јазик. Завршила курс за згрижување на повредени лица надвор од болнички услови (организиран од националната Асоцијација на техничари за ургентна медицина во соработка со Комитетот за траума на Американскиот колеџ на хирурзи и Клиничкиот центар од Скопје, 2000; курс за постдипломски студии: „Анестезија во кардиоваскуларната хирургија, крв и крвни деривати / Европска фондација за едукација на анестезиолози, 2000; учествувала на конгрес на македонските анестезиолози во 2005.
**Список на објавени трудови од последниот избор до денес:**

**3.** Petrovska M, Temelkovska M, Ackovski P, Kartalov A , **Petruseva A.** Comparison of the haemodinamic responce in subarachnoid anesthesia with bupivacaine versus bupivacaine with fentanil in traumatology surgery i elderly patients. X конгрес на анестезиолозите и интензивистите на Србија, октомври 2006
Во трудот е направена проценка на бенефитот од комбинацијата на бупивакаинот заедно со фентанилот при спинални анестезии кај возрасни пациенти. Резултатите посочуваат дека оваа комбинација обезбедува добра хемодинамска стабилност.

**4.** А. Карталов, Ј. Нојков, Љ Донев, В. Џамбазовска, **А. Петрушева;**
Каудален блок изведен со бупивакаин - трамадол и постоперативната контрола на болката при херниопластика во детската возраст, ACTA MORPHOLOGICA 2008; vol 5 (2) ; 71-75.
Во трудот се елаборирани искуствата од комбиниран каудален блок со бупивакаин со трамадол. Добиените резултати покажуваат дека трамадолот како адјуванс го продолжува времето на аналгезија.

**5.** А. Карталов, М. Шолјакова, Б. Кузмановска, Љ Донев, В. Џамбазовска,

**А. Петрушева:** Посдурална пункциона главоболка: Патогенеза, превенција и третман. Македонско ортопедско – трауматолошки гласник ; 2009 vol 6 no 1 :18-22
Трудот претставува ревијален труд во кој се елаборира постдуралната пункциска главоболка. Авторите анализирајќи низа студии за постпункциската главоболка при спинална анестезија, заклучуваат дека основната превенција е нетрауматската пункција.

**МАЈА МАНОВА**

**Биографски податоци:** Д-р Маја Манова (род. Наумоска) е родена 1978 година во Скопје. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирала во 2003 година со средна оценка 9,44. Од 1995 година до денес работи во Универзитетската хируршка клиника "Св. Наум Охридски" во Скопје. Специјализацијата по предметот анестезиологија со реанимација ја завршила во ноември 2009 година. Во октомври 2004 година започнала со постдипломски студии по анестезиологија.
Член е на ЗЛАРИЛ и на Здружението на лекари за критично болни пациенти. Земала активно учество на Анестезиолошкото здружение на РМ. Има реализирано повеќе стручни престои во странство (Малта, Португалија, Австрија, Кина). Од 2008 година е помлад асистент на Катедрата за анестезиологија и реанимација. Активно е вклучена во наставниот процес со одржување вежби за студентите по медицина, стоматологија и високите школи за медицински сестри, рендген-технолози и физиотерапевти.
Се служи активно и пасивно со англискиот јазик.
При изборот за помлад асистент рецензирани се 12 стручни трудови во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 941/2008 год.

**Трудови за рецензија:**

1.Taleska G., Durnev V., **Naumoska M.,** Mircevski V., Shuplinovski Z., Momirovska Lj. Initial leucocytosis and hyponatriemia occurring after aneurismal subarachnoid haemorrhage-do day predict poor outcome. European Journal of Anaesthesiology, Vol 25(43), 5-th Euroneuro 2008, Mastricht, Netherlands.
Трудот е рецензиран погоре.

**2.** Taleska G, Trajkovska T, Kokareva A, Popovska A, **Naumoska M,** Gavrilovska A, Dzhambazovska-Trajkovska V, Toleska M, Dimov A. Preemptive epidural analgesia with bupivacaine and sufentanyl and the effects of epiduraly added epinephrine for thoracic surgery. Macedonian Journal of Medical Science, 2010 Mar 15; 3 (1).
Трудот е рецензиран погоре.

**3.**Taleska G., Trajkovska T., Kokareva A., Gavrilivska A., Sholjakova M., Mojsova M,. **Naumoska M.,** Popovska A., Dimov A
Electrocardiografic abnormalities in subarachnoid haemorrhage. Abstract book, P126, 4th congress of Macedonian anaesthesiologists, 2010, Ohrid, Macedonia
Трудот е рецензиран погоре.

**4. Манова М.,** Кузмановска Б., Карталов А., Шољакова М., Примена на висок процент на инспириран кислород при колоректална хирургија, МСА,2010:087
Цел на трудот е да се утврди дали висок процент на инспириран кислород превенира појава на постоперативни белодробни компликации. Во студијата се иследувани 30 пациенти поделни во две групи, едните се изложувани на висок процент на кислород, другите не. Добиените резултати сугерираат дека не постои значајна разлика меѓу групите.

**МАРИЈА ЈОВАНОВСКИ СРЦЕВА**

**Биографски податоци:** Д-р Марија Јовановски-Срцева (род Павловска-Срцева) е родена 1976 година во Скопје. Медицинскиот факултет го завршила во 2000 година со среден успех 8,6. Специјалистичкиот испит го положила на 23.6.2008 год. во Скопје. За помлад асистент по предметот анестезиологија, реанимација и интензивно лекување првпат е избрана во 2008 год.

Во тек е на изработка на магистерска работа на постдипломските студии по предметот анестезиологија, реанимација и интензивно лекување.

Прв пат се вработила во 2000 година на Институтот за срцеви заболувања во Скопје, а од 2003 година е префрлена со работни должности на КАРИЛ.

Од странските јазици активно се користи со англискиот и српскиот и има основно познавање на италијанскиот и јапонскиот јазик. Активен член е на ЗАРИЛ (здружение на лекари по анестезиологија, реанимација и интензивно лекување), МСА (Macedonian Society of Anesthesiology) ,ЗКБП (Здружение на критично болни пациенти), **МИА** (Македонска интеретничка асоцијација),НТФ (Националната фондација за трансплатација –Комисија за едукација), како и на **IATC**(International Anestesia Teaching Center, активен советник за Македонија од мај 2010 год.),

и член на оргазиционот одбор на 3 Конгрес на македонските анестезиолози со меѓународно учество и на 1. Регионална средба на млади мнестезиолози). Учествувала на повеќе семинари и конгреси во земјата и во странство.

Досега има 6 труда рецензирани во Билтен бр.938 од 14.3.2008.

**Трудови за рецензирање:**

1. **M. Jovanovski-Srceva**., A.Damevski., Panovska-Petrusheva., L.Damevska., S.Pejkova: General Anesthesia For Pillonidal Disease Tramadol Hydrochloride Given Intraoperatively And Incidence Of PONV, 6. Конгрес на БАПРАС, 4-7 јуни, Охрид, Македонија, Книга на апстракти: 2009(128)ID 283.

Компаративна студија за врската и инциденцата на постоперативно повраќање кај пациенти кои се оперираат од sinus pillonidalis, а се легнати на стомак. Дали е ОЕТА во инциденцата со ПОНВ и дали дозата на интраоперативно даден трамадол ја зголемува оваа инциденца?

2. **Срцева Јовановски М**, Тодорова Николова З,А.Дамевски; Minimally Invasive Anesthesia In All Cosmetic Procedures; 6 ти Конгрес на БАПРАС 4-7 јуни,Охрид,Македонија Книга на апстракти: 2009(128-129)ID 287

Целта на овој труд е ги претстави и да ги покаже ново -старите техники кои се темелат на создавање на илузија на ОЕТА, а ги избегнува ризиците од неа. МИА ПК минималната инвазивна анестезија или пропофол-кетаминска анестезија би била анестезија од избор за козметичките процедури и дневната хирургија. МИА креира 99% илузија на ОЕТА.

3. S.Pejkova. Trajkovska N., Dzonov B., Atanasova E., Jovchevska J., **Srceva M.** , PeevI., Tudzarova S. Djokic Gj. Saveski, ; Reconstruction Of Soft Tissue Defects With Adipofascial Flap In Open Tibial Plafond Fracture .A Case Report: 6. Конгрес на БАПРАС, 4-7 јуни, Охрид, Македонија, Книга на апстракти: 2009(62-63)ID 250

Приказ на 40 годишна жена со отворена тибиална ф-ра со повреда на мекото ткиво здобиена од пад од висина во предел на lateralniot malleolus на левата нога.

Иницијално е направен радикален дебридман на раната, а ф-рата е решена со надворешен фиксатор.По период од 2 недели се пристапува кон адипофасцијален мекоткивен флап за реконструкција на дефектот.

4. Петрушева А, Карталов А, Темелковска М, **Срцева М;** Каудална анестезија - ефектот на волуменот спроти концентрацијата на бупивакаин при блок на ductus spermaticus за време на тракција при орхидопексија.;
6 ти Конгрес на БАПРАС 4-7 јуни,Охрид,Македонија, Книга на апстракти:2009(9) ID 234
Трудот претставува компаративно испитување на интензитетот и шивоата на каудалната блокада со две различни концентрации и волумена на локален анестетик кај 50 деца на возраст од 1 до 6 години кај еднострана орхидопексија, кои биле поделени во 2 групи.

5. **Срцева Јовановски М,** М.Мојсова, А.Арсова., В.Дурнев., Д.Анѓушев:
Hemodynamic response to induction in normo and hypertensive patients, Конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество,23-26 сеп.2010, Мкд,Книга на апстракти 2010(88-89).
Трудот претставува проспективна студија која вклучува 60 пациенти поделени во две групи кај кои се прати хемодинамскиот одговор на индукција во 4 времиња. Целта е да се покаже дали хипертензивните или нормотензивните пациенти покажуваат поголема хемодинамска стабилност при индукција во анестезија.

6. **Срцева Јовановски М,**М.Мојсова,А.Арсова. А.Дамевски,С.,Пејкова.,Б.Цонов
Creating illusion of General anesthesia .New and old experiences Мкд,Книга на апстракти 2010(89-90)
Во овој труд се задржуваме на концептот на создавање илузија на општа анестезија колку е подобро за пациентите, но и колку им обезбедуваме солидни услови на операторите, а при тоа воопшто да не го изложуваме пациентот на опасност. Дали иднината на анестезилошките техники се потпира на античките стари техники на анестезија?

7. Markovik M., Milojevik I., Simik D., Trajkoviké S., Nedeljkovik, **Jovanovski Srceva M**
Anesthesia in child with morquio sy ndrome (case report); Конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 сеп.2010,Охрид, Мкд, Книга на апстракти 2010(96).
MORQUIO Sy NDROME е поттип на мукополисахараидоза (МПС) која се каректеризира со интрацелуларна акумулација на кератин сулфат, што води до коскени деформитети кои бараат реконструкција. Од анестезиолошка гледна точка, овие деца се со макроглосија, тежок аирвај, нестабилност на вратните прешлени, кардиореспираторни функции и зголемен ризик за анестезија. Даден е приказ на 6 годишно дете, 88cm високо, 14 кг. тешко дојдено за елективна херниопластика.

8.А.Арсова., **Срцева Јовановски М.,**Арсовски О.; Stres hyperglycemia in critically ill patients Конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 сеп.2010, Охрид, Мкд, Книга на апстракти 2010(68-69).
Трудот претставува проспективна студија на 60 пациенти по влез во ЕИЛ. Хипергликемијата кај пациентите како одговор на стресот е поврзана со зголемен морбидитет и морталитет во ЕИЛ. Цел на трудот е да се докаже дали

нормализирањето на гликемијата на два различни начина влијае на одржувањето на гликемиските вредности без нивни големи варијации и деновите на престој и исходот во ЕИЛ.

9. А.Арсова., **Срцева Јовановски М.**,Арсовски О.; impementatio n of the strategy to reduce ventilator associated pneumonia on critically ill patients in surgical **ICU** Конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество,23-26 сеп.2010, Охрид, Мкд, Книга на апстракти 2010(68).
Проретроспективна студија на 15 пациенти во ЕИЛ пред и по воведување на стратегијата за ВАП(30-40 степени подигнување на главата, седација ramsey 2-3, ДВТ-превенција, улкусна превенција, орална деконтаминација. Воведувањето на стретигијата покажа дека пред нејзиното воведување ратата на БАП била сигнификантно поголема.

10. А.Арсова., **Срцева Јовановски М.**,Арсовски О; Fluid therapy in elderly patients undergoing major abdominal surgery; Конгрес на анестезиолозите на Македонија со меѓународно учество,23-26 сеп.2010, Охрид, Мкд, Книга на апстракти 2010(67-68).
Трудот претставува рандомизирана клиничка студија на 60 пациенти постари од 60 години кои што подлегнуваат на голема абдоминална оператива. Поделени се пациентите во 2 групи и тоа: А која добивала хартманов р-ор и Гелофусине и Б која добивала физиолошки р-ор и ХЕС. Во постоперативниот тек се среќава сигнификантна разлика во плазма концентрациите на Na, Cl, Ph, BE. Заклучукот наведува на тоа дека кај постари пациенти балансираниот внес на кристалоиди и колоиди доведува до подобар ацидобазен статус и тоа многу во групата А.

11. Џамбазовска Трајковска В., НиколоваТодорова З., Арсовска А, Карталов А, Кузмановска Б, Алексовски Е, **СрцеваМ,** Талеска Г, Андоновска Б,ТолескаМ, Трајковски Ѓ, Леши А.; Евалуација на структурата на пациентите кои биле во ЕИЛ на механичка вентилација во 2009година
Трудот е веќе претходно рецензиран.

12. М.Мојсова,**СрцеваМ,** Ј.Јанчулев, А.Димов.С.Ставридис.ТалескаГ.Гавриловска А: Spinal anesthesia for endoscopic urological proc edures low-dose v.s.standard dose of hyperbaric bupivacain; книга на апстракти 2010(97-98).
Цел на овој труд е компаратативно да се докаже дали постои разлика и карактеристика на сензорниот, моторниот и спиналниот блок и условите за работа кај две групи на пациенти кои добиваат различни дози на локален анестетик за спинална анестезија.

13. Марческа М, М.Шољакова ,Zorka Nikolova –Todorov. А.Дамевски ,**Срцева М,** Мојсова М, А.Карталов,Љ Донев; Perioperatve effects of midazolam premedication on sedation, orientation, anxiety scores and psyhomotor performance, Книга на Абстракти 2006:114.
Целта на овој проспективен труд е да се докаже дали периоперативно дадениот мидозалам има влијание на ориентацијата, анксиозноста и психомоторниот одговор кај две групи на пациенти и каков е тој одговор.

**ОЛГИЦА ВАСИЛЕВА**

**Биографски податоци:** Д-р Олгица Борис Василева е родена 1970 година во Скопје. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирала во 1995 година со средна оценка 8,77. Од 1995 година до денес работи во Универзитетската хируршка клиника "Св. Наум Охридски" во Скопје. Специјализацијата по предметот анестезиологија со реанимација ја завршила во ноември 2002 година. Во октомври 2001 година започнала со постдипломски студии од својата струка. Во моментот подготвува испити за нивно доршување.
Член е на ЗЛАРИЛ и на Здружението на лекари за критично болни пациенти. Земала активно учество на Анестезиолошкото здружение на РМ каде што повеќекратно има презентирано свои трудови. Редовно ги следи сите циклуси на постдипломска настава, кои ги организира Катедрата за анестезиологија со реанимација, како и Здружението на лекари за критично болни пациенти.
Од 2008 година е помлад асистент на Катедрата за анестезиологија и реанимација. Активно е вклучена во наставниот процес со одржување вежби на студентите по медицина, стоматологија и високите школи за медицински сестри, рендген-технолози и физиотерапевти.
Се служи активно и пасивно со англискиот јазик.
При изборот за помлад асистент рецензирани се 12 стручни трудови во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 941/2008 год.

**Трудови за рецензија:**

1. **О. Василева**, Г. Оранска, В. Гиевски: Ефектите на азотниот оксидул на постоперативното гадење и повраќање; Зборник на апстракти на IV конгрес на анестезиолозите на Македонија, 2010:123
Разработена е група од 30 пациентки на возраст од 18 до 60 години, АСА 1 и 2 со ТТ меѓу 50 и 90 кг, поделени во две групи, кај кои е извршена лапароскопска холецистектомија. Утврдено е дека азотниот оксидул не ја зголемува инциденцата на ПОНВ кај пациентки кај кои е извршена лапароскопска холецистектомија.

2. **О.Василева**, Г. Оранска, П. Чукалевски, В. Гиевски, Ј. Србиновски: Постоперативен делириум кај геријатриски пациенти со fractura colli femoris анестезирани во општа наспроти спинална анестезија; Апстракт книга на III конгрес на ортопеди и трауматолози, 2009: 128-9.
Опишан е постоперативниот делириум како посебен проблем особено кај геријатриските пациенти во трауматолошките одделенија. Од анестезиолошки аспект испитани се пациентите оперирани во ОЕТА наспроти оние со спинална анестезија. Утврдено е дека не постои значителна разлика во сите испитувани параметри, а постоперативниот делириум се појавил приближно исто во двете групи без разлика на типот на анестезија.

3. **О. Василева**, М. Шошолчева, С. Крстевски, Г. Оранска, П. Чукалевски: Влијанието на епидуралната анестезија врз промените на внатрешната телесна температура во тек на операција на колоректален карцином; Зборник на апстракти на III конгрес на хирурзите на Македонија, 2010:97.
Целта на оваа студија е да се утврди загубата на топлина во тек на операцијата на колоректален карцином кај пациенти оперирани во ОЕТА наспроти оние со ОЕТА + ЕА. Две групи по 25 пациенти, АСА 2 и 3, предоперативно и хируршки еднакво

биле третирани. Затоплените инфузиони раствори не биле доволни за спречување на интраоперативната загуба на топлина.

4. **О. Василева:** Анестезија на болни со прекумерна телесна тежина; Предавање презентирано на состанокот на Здружението на лекари по анестезија, реанимација и интензивно лекување, септември 2008.
Трудот е работен по препорака на Асоцијацијата на анестезиолозите на Велика Британија и Ирска. Во него се укажува на зголемената преваленца на прекумерната телесна тежина во развиениот свет. Се работи за пациенти чија ТТ надминува 150 кг.; BMI(body mass index) е наведен како показател за одредувањето на степенот на ризик за анестезијата и операцијата кај оваа категорија пациенти. Укажано е дека болниците треба да обезбедат адекватни услови за работа со овие пациенти и тоа со обука на персоналот, намалување на ризикот со адекватна стратегија и специјална опрема и локални препораки.

5. **О. Василева**, С. Крстевски, М. Шошолчева, С. Стојанова, Т. Тројиќ, П. Чукалевски, Ј. Србиновски: Употреба на дормикум за седација на пациенти во нашата ЕИЛ; предавање презентирано на состанокот на Здружението на лекари по анестезија, реанимација и интензивно лекување, март 2004.
Наведени се најзначајните индикации за седација на пациентите како и причините кои доведуваат до овие индикации. Претставен е Ремсиевиот скор за седација бодиран од 1 до 6. Опишани се карактеристиките на дормикумот, како и факторите кои го намалуваат неговиот волумен на дистрибуција и полувремето на елиминација.

6. Г. Оранска, **О. Василева**, В. Гиевски: Предоперативниот кетамин ја подобрува постоперативната аналгезија кај лапароскопска холецистектомија; Зборник на апстракти на IV конгрес на анестезиолозите на Македонија, 2010:99-100.
Образложено е дека аплицирање на мала доза кетамин може да биде доволна да ја блокира периоперативната траума без дополнителни психомимитски несакани ефекти. Направена е двојно-слепа контролирана проба и споредба на аналгетската побарувачка на пациентите.

7. С. Стојанова, М. Шошолчева, С. Крстевски, М. Ѓорчева, Т. Тројиќ, Д. Андоновска, **О. Василева**, Г. Оранска, В. Гиевски: Клучни елементи во периоперативниот период: показатели на брзото оправување по кусите амбулантски анестезии; Зборник на апстракти на IV конгрес на анестезиолозите на Македонија, 2010:118
Разгледувани се 162 пациенти со репозиција и 39 со инцизии (изведени исклучиво со куси амбулантски анестезии). Водечки критериуми за отпуштање на болните била потребата за пиење и способноста за седење. Употребата на пропофолот и севофлуранот во комбинација со оксидулот се супериорни во кусите амбулантски анестезии.

**8.** Д. Андоновска, Т. Трајковска, М. Шошолчева, Г. Марцикиќ, Б. Андоновска, С. Стојанова, Е. Обочки - Луковска, Д. Андоновски, С. Ристовски, Б. Шапова, М. Ѓорчева, Т. Тројиќ, Г. Оранска, **О. Василева**, В. Толевска, И. Шеху, М. Николовски, А. Ристовска: Рана ресусцитација со течности кај масивни изгореници: 10-годишно искуство; Зборник на апстракти на IV конгрес на анестезиолозите на Македонија, 2010:66
Овој труд образложува 10-годишно искуство (665 пациенти) со големи изгореници ресусцитирани со употреба на Паркландовата формула. Ресусцитацијата се оценува за адекватна ако диурезата изнесува 0,5 до 1 мл/кг/ч. 298 пациенти

(44,81%) имале адекватна ресусцитација, а на 367 (55,19 %) им било ординирано повеќе течност од пропишаната.

**9.** Г. Оранска, М. Шополчева, С. Стојанова, С. Крстевски, **О. Василева**, П. Чукалевски: Споредба меѓу карактеристиките на опоравувањето од спинална и општа анестезија кај артроскопија на колено; Апстракт книга на III конгрес на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози, 2009:91

Направена е споредба меѓу брзината на опоравување на пациентите кај кои е извршена артроскопија на колено во спинална и општа анестезија со ларингеална маска. Пациентите оперирани во спинална анестезија имале побрз и повисок скор на опоравување во постоперативниот период.

**10.** Г. Оранска, М. Шополчева, С. Стојанова, С. Крстевски, **О. Василева**, П. Чукалевски: Ефектите од додавање на фентанил на лидокаинот врз болката предизвикана од компресивната манжетна (tourniquet) при РИВА; Апстракт книга на III конгрес на ортопеди и трауматолози, 2009:92

Испитувано е дали со додавање на фентанил на локалниот анестетик може да се намали или да се исклучи болката од манжетата кај болни анестезирани со РИВА. Не е утврдена сигнификантна разлика меѓу групите пред и после дефлацијата на манжетната. Оваа болка најдобро се превенира со систем за РИВА со две манжетни.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на доставените податоци, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатите во текот на изминатиот период имаат остварено успешна стручна, научна и едукативна дејност во рамките на специјалноста анестезија, реанимација и интензивно лекување. Од нивните презентирани трудови јасно се гледа нивниот пристап за тимска работа која зборува за нивната зрелост како личности кои ќе се развијат во научни работници и едукатори во својата професија.

Поаѓајќи од наведените констатации, Комисијата за избор на асистенти смета дека предложените кандидати: помлади асистенти д-р Андријан Ќарталов, д-р Љупчо Донев, д-р Анита Кокарева, д-р Марина Темелковска Стевановска, д-р Анита Арсовска, д-р Елвис Алексовски, д-р Весна Дурнев, д-р Гордана Талеска, д-р Александра Петрушева Пановска, д-р Маја Манова и д-р Марија Јовановски Срцева, како и кандидатката за наставна база помл.ас. д-р Олгица Василева ги исполнуваат сите потребни услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот анестезија, реанимација и интензивно лекување.

Имаме чест на Наставно-научниот совет да му го доставиме предлогот на усвојување.

## КОМИСИЈА

Проф. д-р Трајанка Трајковска, с.р.

Проф. д-р Марија Шољакова, с.р.

Проф. д-р Јордан Нојков, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА МЕТОДИТЕ НА ВИНИФИКАЦИЈАТА ВРЗ ПОЛИФЕНОЛНИОТ СОСТАВ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ ЦРВЕНИТЕ ВИНА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАНИЕЛА РАИЧЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје бр. 02-1438/5 од 30.VI 2010 година, одредени сме за членови на Рецензентската комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов „ВЛИЈАНИЕ НА МЕТОДИТЕ НА ВИНИФИКАЦИЈАТА ВРЗ ПОЛИФЕНОЛНИОТ СОСТАВ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ ЦРВЕНИТЕ ВИНА", пријавена и изработена од м-р ДАНИЕЛА РАИЧЕВИЌ од Подгорица, Црна Гора. По прегледот на поднесената дисертација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕ НА МЕТОДИТЕ НА ВИНИФИКАЦИЈАТА ВРЗ ПОЛИФЕНОЛНИОТ СОСТАВ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ ЦРВЕНИТЕ ВИНА, е напишана на 179 страници, содржи 45 табели, 22 графикони и 5 слики и се состои од следниве поглавја: Вовед; Цел и значење на испитувањата; Преглед на литература; Објект, материјал и метод на работа; Резултати и дискусија; Заклучок и Литература.

Во поглавјето „Воведот", докторантката изнесува податоци за развојот на винарството од древната цивилизација до денес. Го опишува производството на вино во светот и во земјите кои се најголеми производители на вино. Дава посебен осврт на условите и положбата на лозарството и винарството во Црна Гора. Се потенцира значењето на виното од здравствени и фармаколошки аспекти. Изнесени се податоци за значењето на полифенолниот состав и ресвератролот.

Во поглавјето „Цел и значење на испитувањето" се наведени целите на испитувањето и нивното значење за производителите на вино и науката. Главна цел е утврдување на влијанието на методите на винификација, должината на мацерација и употребата на енолошки средства врз хемискиот и полифенолниот состав и органолептичките својства на виното. Испитувањата, покрај теоретско, имаат и практично значење, и ќе придонесат за поквалитетно искористување на квалитетното грозје од сортата вранец за производство на квалитетни и врвни вина со подобрен полифенолен состав и органолептички особини.

Во поглавјето „Преглед на литератрура" се изнесени податоци за испитувањето за механичкиот состав на грозјето, хемиски состав на ширата, хемиски и полифенолен состав на виното од сортата вранец. Цитирани се податоци за одредување на содржината на полифеноли, боени материи, ресвератрол, влијание на мацерацијата врз полифенолниот состав, влијание на енолошките средства и

значењето на вината од здравствен и фармаколошки аспект. Вкупно се цитирани податоци од седумдесет и четири автори. Добиените резултати од цитираните автори придонеле за подобро запознавање за влијанието на начинот на винификацијата врз хемискиот и полифенолниот состав и сензорните својства на вината.

Во поглавјето „Објект, материјал и метод на работа", даден е опис на објектот каде што се вршени испитувањата, елементите кои се испитувани и применетите методи на научноистражувачката работа. За испитување ја користевме сортата вранец. Испитувањата се вршени во Биотехничкиот институт во Подгорица, Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ЈНУ Земјоделски институт - Скопје и Природноматематичкиот факултет во Скопје. Применети се четири методи на винификација, и тоа: класична, винификација по Sifa, Gimar, Ganimede. Мацерацијата е вршена до 14 дена. Од енолошките средства користени се селекциониран квасец, ензим, чипс од дабово дрво и танин, употребени во сите методи на винификација.

Испитуван е механичкиот состав на грозјето и зрното според модифициран метод на Негрул. Хемиската анализа на ширата и виното се вршени според Законот за вино. За анализа на вкупните полифеноли, антоцијани и фалвон 3-ол, користени се спектрометриски методи, а за одредување на ресвератролот користена е течна хроматографија HPLC. Сензорните својства на виното се утврдени со дегустација на вината и примена на 20-боден систем. Сензорниот опис на виното е вршен со помош на OIV кодот за дегустација.

Во поглавјето „Резултати и дискусија" се опфатени испитувања за механичкиот состав на грозјето и хемискиот состав на ширата, хемискиот состав на виното, полифенолниот состав на виното, влијание на должината на мацерација, влијание на начинот на винификација и влијание на енолошките средства. Масата на гроздот од сортата вранец за време на испитувањето е 230 g. Зрната учествуваат со 97%. Просечната маса на зрното изнесува 2,3 g. Теоретскиот рандман изнесува 82,5 %. Ширата содржи 238 g шеќер и 4,75 g/l вкупни киселини. Семките содржат 5,101 mg/l вкупни полифеноли, а најмногу антоцијани содржи лушпата 3.956 mg/l. Ресвератролот кај грозјето е под 0,2 mg/l. Со извршената дескрипција на гроздот и зрното се констатира дека сортата вранец има средно голем и средно збиен грозд со конусовидна форма. Зрната се средно големи со тркалезна форма и темносина боја.

Испитуваните вина се карактеризираат со висока содржина на алкохол кој просечно изнесува 14,35 vol.%, а се движи од 14,05 vol. % кај варијантата B-1 до 14,60 vol. % кај варијантата S-3, S-4 и G-4. Вкупниот екстракт е доста висок кај сите вина и се движи од 28,7 g/l кај варијантата S-1 до 34 g/l кај варијантите G-1 и G-2. Антоцијаните за сите испитувани вина имаат вредност од 7,84 mg/l, а се движат од 620 mg/l кај варијантата B-1 до 830 mg/l кај варијантата Ga-4. Транс-ресвератролот кај испитуваните вина се движи од 0,19 mg/l кај варијантата B-1 до 3.20 mg/l кај варијантата S-4.

Испитувано е влијанието на должината на мацерацијата врз полифенолниот состав на вината. Притоа од 1. до14. ден се испитувани вкупните полифеноли и антоцијани. Добиените резултати се изнесени во табела 13 и 14 и графикони 1, 2, 3 и 4. Вкупните полифеноли кај вината од сите варијанти се најниски првиот ден и се зголемуваат до четиринаестиот ден. Начинот на винификација и употребените енолошки средства имаат влијание врз содржината на вкупни полифеноли во текот мацерацијата. Најмалку вкупни полифеноли 2.850 mg/l има варијантата B-1, а најмногу 3.950 mg/l варијантата G-4. Комплетно употребените енолошки средства

придонесуваат за постигнување највисока содржина на вкупни полифеноли. Содржината на вкупните антоцијани кај сите варијанти е најмал во првиот ден, а максимум достигнува од 5. до7. ден, потоа до четиринаестиот ден постепено опаѓа. Методот на винификација има влијание врз содржината на антоцијаните. Најмала содржина од 1.040 mg/l во петтиот ден има варијантата B-1, а највисока во седмиот ден има варијантата G-1 кој содржи 1.320 mg/l антоцијани. Додадените енолошки средства имаат позитивно влијание, односно придонесуваат за зголемување на содржината на антоцијани во виното. Енолошките средства немаат влијание врз динамиката во текот на мацерацијата. Максимални вредности кај сите варијанти се добиваат со додавање на ензим, чипс и танин во почетокот на винификацијата.

Применетите методи на винификација немаат значително влијание врз содржината на алкохол, екстракт, вкупни киселини и другите испитувани параметри. Тие имаат влијание врз содржината на вкупни полифеноли, ресвератрол и сензорските својства. Најмногу вкупни полифеноли 3.380 mg/l се добиени со винификација по методот Gimar , потоа 3.130 mg/l по методот Ganimede, кај методот Sifa се добиени 2.670 mg/l, а најмалку 2.420 mg/l вкупни полифеноли се добиени кај вината винифицирани по класична метода. Содржината на антоцијаните е зависна од методот на винификација. Највисока содржина на антоцијани од 800 mg/l се добиени кај вината произведени со винификација по методот Gimar, најмала 626 mg/l со класична метода на винификација. Класичниот метод содржи најмалку 0,22 mg/l транс-ресвератрол и најмалку 1,66 mg/l вкупни стилбени. Современите методи на винификација содржат многу повисоки вредности и разликата помеѓу нив е мала. Најповеќе 2,68 mg/l транс-ресвератрол содржат вината добиени по методот Sifa, потоа 2,29 mg/l по методот Ganimede. Вината добиени по методот Gimar содржат 1,55 mg/l транс-ресвератрол. Вкупните стилбени се движат од 1,66 mg/l кај класичниот метод до 4,44 mg/l кај методот Sifa. Методот на винификација има влијание и врз сензорските својства на вината. Со највисока дегустациона оцена од 19.3 поени се одликуват вината добиени по методот Ganimede, а со најмала 18.2 поени вината добиени по класичен метод на винификација.

Употребените енолошки средства, селекциониран квасец, ензим, чипс и танин немаа значајно влијание врз хемискиот состав на испитуваните вина. Тие имаа значајно влијание врз полифенолниот состав, содржината на вкупните стилбени и сензорските својства. Со употребата на ензим, чипс и танин се зголемува содржината на вкупните полифеноли, антоцијаните и интензитетот на бојата. Употребата на ензим ги зголемува вкупните полифеноли за 200 mg/l, антоцијаните за 33 mg/l и нијансата на боја за 0.17. Употребата на чипс ги зголемува полифенолните вредности на вината во кој е употребен ензим за 50 mg/l вкупни полифеноли и 33 mg/l антоцијани.Со додавање на танин во почетокот на винификацијата заедно со ензим и чипс придонесоа за зголемување на полифенолите, и тоа: вкупните полифеноли за 10 mg/l, антоцијаните за 13 mg/l и интензитетот на боја за 0.6. Со додавање на енолошките средства во почетокот на винификацијата се зголемува содржината на транс-ресвератролот и вкупните стилбени. Со најдобри сензорски својства се одликуваат вината добиени со употреба на селекциониран квасец, ензим, чипс и танин, а со најслаби вината добиени со употреба само на селекциониран квасец. Вкупната дегустациона оценка се движи 18.5 поени кај варијантата добиена само со селекциониран квасец до 19.2 поени кај варијантата со употреба на комплетни енолошки средства.

Во поглавјето „Заклучок", врз основа на добиените резултати и нивната анализа, авторката ги издвојува најважните резултати што биле постигнати во текот на испитувањето. Заклучоците се тесно формулирани и претставуваат целосен одговор на поставените цели со испитувањето.

Во поглавјето „Литература" се наведени 188 наслови од користени објавени резултати од испитуваната проблематика.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕ НА МЕТОДИТЕ НА ВИНИФИКАЦИЈАТА ВРЗ ПОЛИФЕНОЛНИОТ СОСТАВ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ ЦРВЕНИТЕ ВИНА, изработена од м-р ДАНИЕЛА РАИЧЕВИЌ, претставува вреден научен труд. По својата содржина, методолошки пристап, обработка на добиените резултати и нивната интерпретација претставува солиден придонес во науката и практиката во винарството.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата оценува дека дисертацијата под наслов ВЛИЈАНИЕ НА МЕТОДИТЕ НА ВИНИФИКАЦИЈАТА ВРЗ ПОЛИФЕНОЛНИОТ СОСТАВ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ ЦРВЕНИТЕ ВИНА, изработена од м-р Даниела Раичевиќ, претставува оригинален научен труд со кој се дава голем придонес во винарството. Трудот ги содржи сите елементи предвидени за докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да ја прифати докторската дисертација од м-р Даниела Раичевиќ и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Михаил Петков, с.р.
2. Проф. д-р Звонимир Божиновиќ, с.р.
3. Проф. д-р Петар Христов, с.р.
4. Проф. д-р Крум Бошков, с.р.
5. Проф. д-р Ана Серафимовска, с.р.

# ДОПОЛНЕНИЕ КОН РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на својата осма редовна седница одржана на 8 септември 2010 година, нѐ избра за рецензенти по пријавата на д-р Татјана Гочкова-Стојановска на конкурсот објавен на 1 септември 2010 во „Утрински весник" за избор на еден наставник во наставно-научно звање по предметите *современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик, невролингвистика, психолингвистика и македонски јазик за странци.* Комисијата го достави на разгледување и усвојување извештајот за избор на д-р Татјана Гочкова-Стојановска во звањето редовен професор по предметите *современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик, психолингвистика и македонски јазик за странци.* Но потоа се констатира дека при набројувањето на предметите направен е технички превид согласно со објавениот конкурс, односно испуштен е предметот невролингвистика.

За таа цел се врши дополнение кон рефератот за избор на д-р Татјана Гочкова-Стојановска во звањето редовен професор и по предметот невролингвистика.

## Наставно-образовна дејност

**А. Настава од прв циклус студии**

Во периодот од 2005 до 2010 година одржувала настава по следниве предмети: невролингвистика на студиската група дефектологија при Филозофскиот факултет (уч. 2008/09), психо- и невролингвистика на студиската група логопедија при Медицинскиот факултет (уч. 2009/10).

## Научноистражувачка дејност

Во периодот 2005 – 2010 има објавено повеќе трудови:

- *Психолингвистика - монографско издание, 172 страници текст, Просветно дело, Скопје 2005.*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на

д-р Татјана Гочкова-Стојановска во областа на македонистиката. Со досегашната работа таа дала мошне видлив придонес во проучувањето и афирмирањето на македонската наука за јазикот и целосно ги исполнува условите за избор во звањето за кое се пријавува.

Имајќи ја предвид севкупната дејност на д-р Татјана Гочкова-Стојановска од изборот во звањето вонреден професор па до денес, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја избере д-р Татјана Гочкова-Стојановска во звањето редовен професор по предметите *современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик, невролингвистика, психолингвистика и македонски јазик за странци.*

Рецензентска комисија

1. Д-р Димитар Пандев, редовен професор с.р.

2. Д-р Стојка Бојковска, редовен професор с.р.

3. Д-р Живко Цветковски, редовен професор с.р.

# ДОПОЛНЕНИЕ КОН ОБРАЗЕЦОТ- ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Татјана Александар Гочкова-Стојановска

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје

**Научна област:** современ македонски јазик

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| ред. број | Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии | поени |
|---|---|---|
| 1. | Невролингвистика (дефектологија: 2+0), 2008/09 летен | 1,2 |
| 2. | Невролингвистика (логопедија: 2+1), 2009/10 зимски | 1,65 |
| **Ред. број** | **Консултации со студенти** | **поени** |
| 4. | 2008/2009 (два семестра) 50 студенти | 0,2 |
| | **Вкупно:** | **3,05** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **3,05** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **95,25** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **49** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15** |
| **Вкупно:** | **159,25** |

Членови на Рецензентската комисија

Д-р Димитар Пандев, редовен професор с.р.

Д-р Стојка Бојковска, редовен професор с.р.

Д-р Живко Цветковски, редовен професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**ЕФЕКТИ ОД ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРДАНА ТОШЕВА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од м-р Гордана Тошева со наслов **Ефекти од либерализацијата на надворешно-трговската политика на Република Македонија,** Советот на Економскиот институт во Скопје, на својата 45-та седница одржана на 6.12.2010, донесе одлука бр. 02-2310/2 од 6.12.2010 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Силвана Мојсовска
2. д-р Христо Кусакатов
3. д-р Марија Ацковска
4. д-р Верица Јанеска
5. д-р Татјана Петковска.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Советот на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Општи согледувања

Докторската дисертација „Ефекти од либерализацијата на надворешно-трговската политика на Република Македонија" од м-р Гордана Тошева обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на надворешната трговија. Појдовна основа на истражувањето е стојалиштето дека заради силно изразениот карактер на надворешно трговската политика, нејзините креатори постојано се соочуваат со потребата од балансирање помеѓу домашните развојни цели и меѓународните обврски на земјата. Заради комлексноста на оваа

задача, многу е тешко да се обезбеди висока ефективност на надворешно трговската политика која би обезбедила брзо придвижување на националната економија. Докторската дисертација детално ги разработува овие прашања во случајот на Република Македонија, со цел да се идентификуваат причините за хронично високиот трговски дефицит и неурамнотежената структура на македонската надворешна трговија и да се предложат насоки за надминување на неповолните состојби. Основната хипотеза на трудот е дека интензивната трговска либерализација што Република Македонија ја спроведе во изминатите две децении резултираше со отвореност на економијата, меѓутоа не обезбеди позначајни позитивни економски ефекти. Направените анализи за Република Македонија се засновани на соодветна теориска подлога, а во контекст на меѓународните правила за либерализација, односно регионализација на трговијата, што се поместени на почетокот на трудот. Посебно внимание во трудот заслужува опсежниот приказ на процесот на либерализација на трговијата во изминатите две децении, а суштинскиот дел на дисертацијата се однесува на аналитички издвоените конкретни ефекти од либералната надворешно трговска политика, особено погледнато преку конкурентноста на македонската економија. На тој начин, направен е умешен спој на институционалните аспекти на надворешната трговија и конкретните ефекти од политиката, со што се обезбедува основа за креирање на значајни препораки кои можат да послужат како одличен водич при ревидирање на македонската надворешно трговска политика заради подигнување на нејзината ефикасност. При изработката на овој труд е користена соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

## II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација **Ефекти од либерализацијата на надворешно-трговската политика на Република Македонија,** поднесена од м-р Гордана Тошева содржи вкупно 411 страници. Основниот текст опфаќа 377 страници и се состои од вовед, седум глави и заклучок. Во докторската дисертација се поместени 8 страници прилози. Во списокот на користената литература се наведени над 218 релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, како и извештаи од соодветни институции.

Во ***воведот,*** кандидатката го образложува значењето и актуелноста на третираната проблематика, ги наведува целта и предметот на истражувањето, како и главната хипотеза на трудот. Во воведот е поместена и користената методологија на истражувањето на која се темелат сознанијата од трудот.

Првата глава, ***Теориски консидерации за надворешно трговските политики,*** се фокусира на дефинирањето на концептот на надворешно-трговската

политика, согласно со гледиштата на современата економска теорија, а посебно од аспект на клучната улога што оваа политика ја има во економското владеење во секоја современа и отворена економија. Во рамките на оваа глава се претставени основните карактеристики на двете најзначајни категории на надворешно трговските политики - либералните и протекционистичките. Воедно, третирана е комплексноста на надворешно трговската политика, при што се издвоени најзначајните аспекти и фактори кои претставуваат составен дел на нејзиното успешно формулирање. Понатаму, обработен е односот помеѓу надворешно трговската и останатите економски политики, при што се потенцира нивното меѓусебно влијание и на тој начин се обезбедува заокружена теориска целина врз која е засновано истражувањето.

Втората глава, ***Улогата на меѓународните економски организации во формулирањето на националните надворешно трговски политики,*** е посветена на улогата на меѓународните економски организации во формулирањето на националните надворешно трговски политики. Во таа насока, изложени се причините за потребата од институционализација на меѓународната трговија и можните нивоа на нејзино одвивање – преку глобални и регионални иницијативи. Глобалниот систем на правила за одвивање на меѓународната трговија е опфатен преку разработка на градењето на меѓународниот систем на правила и неговата еволуција од ГАТТ до Светската трговска организација и преку анализа на основните принципи и правила на СТО и нивното силно влијание врз надворешно трговските режими на земјите-членки. Во рамките на оваа глава, со посебно внимание се разработени регионалните трговски интеграции и нивната значајна улога во поттикнувањето и развојот на меѓународната трговија. Притоа, направена е анализа на функционирањето на неколку најголеми трговски интеграции, како што се НАФТА, АСЕАН и АПЕК, при што е потенцирано нивното големо влијание врз формулирањето на надворешно трговските политики на земјите-членки што резултира во исклучително изразена регионализација на светската трговија. Понатаму, кандидатката презентира подетална анализа за Европската унија заради нејзиното значење за Република Македонија, при што е продискутирана формалната отвореност на пазарот на ЕУ и условеноста за приспособување на надворешно-трговските политики на земјите-кандидати кон ЕУ од една страна, како и реалните бариери за влез на пазарот на ЕУ заради високите стандарди и другите мерки на заштита.

Во третата глава, ***Улогата на СТО во либерализирањето на надворешно-трговската политика на Република Македонија,*** се сумирани чекорите во постапката за пристапување на Република Македонија кон СТО, а потоа детално се изложени обврските кои Република Македонија ги презеде и ги имплементираше пред пристапувањето, како и во периодот што следеше. Поодделно се обработени: либерализацијата на пристапот на пазарот на стоки и услуги, мерките за поддршка на земјоделството, мерките за амортизирање на

ефектите од зголемен и субвенциониран увоз, механизмите за заштита на населението, животните, растенијата и животната средина, како и заштитата на правата од интелектуална сопственост. Во секоја од соодветните области, кандидатката го анализира влијанието кое имплементираните обврски го извршија врз домашната надворешно трговска политика. Притоа се истакнува дека во сите наведени области доминира висок степен на либерализација од самиот почеток, но се издвоени областите каде што Република Македонија издејствувала одложување на комплетната либерализација, односно подготвителен период за определени чувствителни категории. На крајот од оваа глава се сумирани сознанијата за детерминирачкото влијание на СТО врз надворешно трговската политика на Република Македонија што остава многу мал простор за воведување заштитни мерки и упатува на потребата за подигнување на конкурентноста на националната економија како предуслов за успешност на надворешно трговската политика.

Предмет на четвртата глава, ***Либерализација на надворешно трговската политика на Република Македонија како дел од процесот на интеграција со Европската унија,*** е приспособувањето на трговската политика на Република Македонија во рамките на процесот за интегрирање на земјата во Европската унија. Во оваа глава детално се анализирани сите обврски кои за Република Македонија произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), а кои се однесуваат на регулирањето на односите на полето на меѓународната размена на стоки. Анализата ги опфаќа правилата за тргување во различни сегменти на меѓународната трговија и конкретните мерки за либерализација кои се најизразени во делот на заштитата на пристапот на пазарот, односно намалувањето и укинувањето на царинските стапки на двете страни како сериозен чекор напред на патот на идната потполна интеграција. Во трудот е ставен сериозен акцент и на тековните активности кои Република Македонија како земја-кандидат за членство ги презема за усогласување на својата надворешно трговска политика со стандардите и правилата на европскиот заеднички пазар. Во рамките на оваа глава, кандидатката го дискутира влијанието на ЕУ наспроти влијанието на СТО при креирање на надворешно трговската политика на Република Македонија, при што ја истакнува оправданоста на преференцијалниот трговски режим на ЕУ кон Македонија со правилата за СТО кои пропишуваат регионално трговско интегрирање.

Петтата глава на трудот, ***Влијание на трговската соработка на земјите од Југоисточна Европа врз надворешно трговската политика на Република Македонија,*** го опфаќа процесот на регионално трговско интегрирање на Република Македонија и неговото влијание врз нејзината надворешно трговска политика во периодот од 1996 до денес. Анализата ги опфаќа билатералните договори за слободна трговија, како и регионалните трговски интеграции иницирани во рамките на Пактот за стабилност и ЕУ. Предмет на посебна разработка во трудот е регионалниот трговски договор ЦЕФТА 2006 и ефектите

од него, посебно од аспект на трендовите и обемот на регионалната трговска размена. Кандидатката истакнува дека ЦЕФТА 2006 досега не резултираше со позначајни ефекти, така што прави осврт на потребните мерки што би требало да се преземат за ЦЕФТА 2006 да дејствува како поттикнувачка сила врз развојот на определени домашни индустрии и привлекувањето на странски директни инвестиции.

Шестата глава, ***Ефекти од либерализацијата на надворешно-трговската политика на Република Македонија,*** е суштинска во однос на обработуваната тема зашто во неа се разгледуваат ефектите од процесот на либерализација на надворешно трговската политика на Република Македонија. Во таа насока, анализирани се обемот и трендовите во надворешно трговската размена, врз основа на што се продискутирани основните детерминанти на хронично високиот трговски дефицит на Република Македонија и неурамнотежената трговска размена. Потоа се изложени ефектите кои директно ги предизвикала либерализацијата на надворешно трговската политика врз конкретните индустриски сектори во Република Македонија, при што предмет на оваа анализа се индустрии кои се извозно ориентирани, како и индустрии кои во голема мера зависат од увозот. Во таа смисла, кандидатката наведува дека либерализацијата на надворешно трговската политика на Република Македонија обезбеди делумни позитивни ефекти за домашната индустрија која е зависна од увоз на суровини, а воедно предизвика зголемување на конкуренцијата на домашниот пазар што негативно се одрази на некои индустрии заради ниското ниво на конкурентност. Во таа насока, кандидатката го третира меѓусебниот однос помеѓу надворешно трговската и останатите економски политики во Република Македонија, посебно индустриската политика и упатува на ниска координација при нивното формулирање што резултира во висока неусогласеност помеѓу политиките и ниска конкуретност на националната економија.

Во последната, седма глава од трудот, ***Идни предизвици за надворешно-трговската политика на Република Македонија,*** се идентификуваат најважните предизвици за надворешно трговската политика на Република Македонија. Притоа, посебно се потенцира важноста на формулирањето на насоките на либерализација на надворешно трговската политика врз основа на длабинска анализа и познавање на карактеристиките на македонското стопанство. Како втор, подеднакво важен момент е посочена меѓузависноста и поврзаноста на сите економски политики во Република Македонија, што секако ја условува потребата од тесна координираност помеѓу нивните креатори. Како главни предизвици за идните креатори на надворешно трговската политика, трудот ги посочува следниве: подобрување на перцепцијата за политичката и безбедносна стабилност на земјата, подобрување на имиџот на Република Македонија преку промовирање на успешноста на спроведените реформи и подигнување на конкурентноста на индустријата во Република Македонија. На крајот на трудот се дадени издржани

препораки за надминување на неповолните состојби во надворешно трговската размена на земјата, преку креирање на подобра надворешно трговска политика.

Во ***заклучокот*** се сублимирани согледувањата кои произлегуваат од истражувањата во докторската дисертација, со акцент на мерките што е потребно да се преземат за подобрување на ефектите од надворешно трговската политика на Република Македонија.

## III. Оцена и предлог

Докторската дисертација под наслов: **ЕФЕКТИ ОД ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА НАДВОРЕШНО ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од кандидатката м-р Гордана Тошева се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти. Трудот претставува повеќеслојно истражување на поодделното и вкрстеното влијание на мултилатерните и регионалните трговски организации врз надворешно трговската политика на Република Македонија. Притоа, конкурентноста на македонската економија служи како основна нишка околу која е исткаена деталната анализа на ефектите, со цел да се илустрира силното значење на надворешно трговската политика за економскиот раст на Република Македонија. Трудот нуди силна аргументација за поставените тези и нивна поткрепа со релевантни податоци, а воедно е понудена издржана дискусија за актуелни прашања поврзани со потребата за ревидирање на определени сегменти од надворешно трговската и другите економски политики на Република Македонија, со цел да се подигне нивната ефективност. Ваквиот сериозен пристап е надополнет со солидна теориска основа, соодветна методолошка рамка и изразено критичко размислување, посебно во однос на конструирањето на заклучните согледувања.

Исклучително значајна димензија на трудот му дава сеопфатноста на третманот на сите поставени прашања, при што кандидатката многу успешно успеала детално да го прикаже процесот на либерализација на надворешно-трговската политика од почетокот до денес, а воедно умешно ги издвоила најважните ефекти за македонската економија и критички се осврнала кон тековните и идните предизвици во оваа сфера. На тој начин, м-р Гордана Тошева изготвила научно издржан труд кој ги третира сите релевантни аспекти поврзани со либерализацијата на надворешно трговската политика на Република Македонија и ефектите од неа, со што се дава значителен придонес кон македонската научна мисла во која овој проблем досега само парцијално е обработуван. Со својот систематски пристап, кандидатката покрај што дава детална слика за надворешно трговската политика, како и насоки за подигнување на нејзината ефективност, истовремено поставува нови прашања и отвора теми за

дискусија и натамошни истражувања, што упатува на висок степен на истражувачка зрелост во кој се преплетени одличната теориска подлога и практичното искуство на кандидатката во оваа сфера. На тој начин се обезбедува применливост на трудот во функција на ревидирање на македонската надворешна политика, согласно со потребата за подигнување на нејзината ефективност, што претставува посебен квалитет на трудот.

Согласно со горенаведеното, Комисијата констатира дека м-р Гордана Тошева изработила компактен и сериозен труд кој во целост одговара на академските стандарди. Општа е оцената дека кандидатката многу успешно се справила со поставениот предизвик и успеала да понуди аргументирани ставови, мислења и заклучоци во однос на поставената хипотеза на истражувањето. Имајќи го предвид претходно изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот Совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена за докторската дисертација под наслов **Ефекти од либерализацијата на надворешно-трговската политика на Република Македонија;**

2. на кандидатката м-р Гордана Тошева да ѝ дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

22.12.2010 година,
Скопје

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

1. ____________________ с.р.
/Д-р Силвана Мојсовска/

2. ____________________ с.р.
/Д-р Христо Кусакатов/

3. ____________________ с.р.
/Д-р Марија Ацковска /

4. ____________________ с.р.
/Д-р Верица Јанеска /

5. ____________________ с.р.
/ Д-р Татјана Петковска/

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавена и прифатена тема за изработка на
**магистерски труд** на

**ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Трајче Кацаров | „Двонасочната релација театар – публика преку репертоарот на Народен театар – Штип"<br><br>"Two-way Relation Theatre - Audience: Stip Theatre" | Проф. д-р Мишел Павловски |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ: ТЕОРИЈА НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, МЕТОДИКА НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ (СИРОМАШТВО И СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ ) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во „Дневник" на 10.11.2010 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области теорија на социјална работа, методика на социјална работа, системи на социјална заштита, социјална политика, социјална работа и социјален развој (сиромаштво и социјална исклученост), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 20.12. 2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Мариа Доневска, проф. д-р Маја Геровска-Митев и проф. д-р Сузана Симоновска.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Светлана Трбојевиќ, досегашен асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Светлана Трбојевиќ е родена на 6.12.1971 година во Скопје, каде што го оформила своето основно и средно образование. Дипломирала во 1996 година на студиите по социјална работа и социјална политика, а магистрирала во 2008 година при Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет во Скопје, стекнувајќи се со звањето магистер по социјална политика. Во ноември 2010 година, Трбојевиќ ја брани докторската дисертација под наслов „Христијанската духовна перспектива како детерминанта на социјалната политика и социјалната работа во западните демократии " на Филозофскиот факултет во Скопје и се здобива со звањето доктор по социјална работа и социјална политика. Своето работно искуство Светлана Трбојевиќ го започнала во 1996 година како библиотекар/секретар на Институтот за социјална работа и социјална политика. Во 2005 година е избрана за асистент при истиот Институт во научните области: теорија на социјална работа, методики на социјална работа, социјална работа и социјален развој.

## Наставно-образовна дејност

Во изминатиот период, д-р Светлана Трбојевиќ успешно ги изведуваше вежбите од I циклус студии со студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика, по предметите: теорија на социјална работа, социјална работа со група, социјална работа во локална заедница, современи системи на социјална заштита, социјална работа во невладин сектор, цивилно општество, социјална политика и сиромаштија и социјална исклученост.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката Светлана Трбојевиќ учествува во бројни комисии за оцена и одбрана на дипломски работи на студентите. Кандидатка има коректен однос кон студентите. Благодарение на бројните дидактички вештини кои ги поседува, постигнува одлични резултати во наставата.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Светлана Трбојевиќ од наставно-образовната дејност остварила 230,57 поени и со тоа го надминала минималниот број поени што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето доцент.

## Научноистражувачка дејност

Во однос на научноистражувачката работа може да се констатира дека д-р Светлана Трбојевиќ има многу значајни постигнувања. Од приложената биографија, може да се заклучи дека кандидатката има способности за теоретски и апликативни истражувања, посебно во теоријата на социјалната работа, плуралната социјална заштита, мултикултурализмот, ризичните групи на населението и развојот на локалните заедници. Нејзините постигнувања се презентирани не само во Република Македонија, туку и надвор од неа.

## Досега учествувала во повеќе од 25 проекти, од кои ќе ги издвоиме:

(1) Развивање на патролна социјална работа, МТСП / ОБСЕ јули – ноември, 2010;

(2) Член на тимот за изготвување на Владината стратегија за „Сиромаштво и социјална инклузија во домен на социјална заштита", УНДП, 2009-2010;

(3) Државен аналитички извештај „Младите луѓе во Република Македонија" изготвен за МОНЕЕ Проектот, УНИЦЕФ ИРЦ, ноември – декември 2009 (национален консултант);

(4) „Унапредување на детските права преку буџетирање базирано на права", УНИЦЕФ, Македонска канцеларија, ноември – декември, 2008 (краткорочен консултант, координатор на работилници);

(5) „Студија за трговија со деца", февруари – август 2006;

(6) „Институционална проценка на реагирањето на обезбедувачите на услуги во однос на насилството врз децата во Македонија", УНИЦЕФ (проектен асистент);

(7) Дипломатски тренинг, јануари 2006, Скопје (локален координатор);

(8) Дневен центар за деца без родители и родителска грижа, декември, 2004/ јуни, 2005;

(9) Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За среќно детство"-Скопје, финансиран од Фонд за социјални инвестиции, Проект за развој на општините, асистент на проект;

(10) Семинар за обука на дипломати - Скопје, Македонија, март 2005. Сервис за глобална едукација во соработка со Американската амбасада Скопје, локален координатор;

(11) "Застани и размисли" – Намалување на трговијата со луѓе помеѓу децата и младите жени во 8 региони во Македонија, октомври 2004 - февруари 2005, Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За среќно детство"-Скопје, финансирано од УНИЦЕФ, асистент на проект;

(12) "Интервентна програма за поддршка на самохрани родители во превенција на социјалната исклученост на членовите на нивните семејства", февруари 2003/31 јануари 2004, Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За среќно детство"-Скопје, финансиран од PHARE, супервизор на проект.

Светлана Трбојевиќ исто така има импозантно издавачко досие, кое вклучува публикации како во земјата, така и во странство. Кандидатката во својата досегашна работа има објавено самостојни и коавторски трудови:

Доневска М., Богоевска Н., **Трбојевиќ С** ,.(2010) Извештај од истражување за утврдување на причините за нередовно посетување на основно образование кај деца –Роми, ИОО, Скопје.

Donevska M. & **Trbojevik S.** (2009). Influence of the global financial institution (IMF, WB) on the development of welfare in Southern Europe and impact on social work, in: Vesna Leskošek, Theories and methods, Ljubljana, Fakultet za Socijalno Delo.

**Trbojevik S.** (2009). The role of the NGO Sector in Empowering Roma Community in the Republic of Macedonia. In: Dada Maglajlic ed. Proceedings of the 20th Anniversary Conference, School of Social Work Theory and Practice, Inter University Center, Dubrovnik.

**Trbojevik S.** (2009), The impact of informal education within the NGO sector on social inclusion of Roma community in the Republic of Macedonia (The case of Shuto Orizari), MAKEDONYA VE DİĞER BALKAN ÜLKELERİ BİLDİRİLERİ.

**Trbojevik S.** (2009). The Impact of Multiculturalism on Social Work Practice and the Welfare State Reforms, Inter-University Center for Postgraduate Studies, The IUC Dubrovnik, Croatia School of SW Theory and Practice Content The IUC Journal issue no. 18.

Bogoevska, **Trbojevic**, Arnaudova, Trajkov (2008). Institutional Assessment of the Responsiveness of Service Providers to Violence against Children in Macedonia, (in press), In: Psychology and violence in the society, Faculty of Philosophy, Osijek, Croatia

**Trbojevik S.** (2007). Macedonian Civil Society as an Active Promoter of Interethnic Relations, in Ethnicity in Eastern Europe: A Challenge for Social Work Education, Daria Zavirsek [et. al], Ljubljana, Fakultet za Socijalno Delo.

Stamenkova, Bogoevska, **Trbojevik,** (2007. Студија за трговија со деца во Република Македонија, UNICEF, Skopje.

**Trbojevik S.** Bogoevska N. (Eds)., (2007). Broshure for the 50th anniversary of the Institute od social work and social policy, Faculty of philosophy, Skopje.

**Trbojevik S.** & Bogoevska N. (2007). The rules and principles for professional and ethical work in the helping professions in protection of victims of family violence: the case of Macedonia In: Family violence, empathy and professionalism, Niska banja.

Trajkovska V., Bogoevska N., **Trbojevik S.**, [et al.], (2006). Violence Against Children Report: Institutional Assessment of the Responsiveness of Service Providers to violence against Children in Macedonia, UNICEF, Skopje

**Трбојевиќ С.**, (2005) Концептот на недоволно развиени подрачја. Во: "Социјална инклузија на деца и млади", Зборник на трудови (Доневска М., Киранџиска С., Лазаревска С., ред.) – Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор".

Белевска Д., Трајков И., **Трбојевиќ С.**, (2005). Студија за истражувачките резултати за состојбата на здравственото осигурување кај ромската популација во Република Македонија, Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За среќно детство"-Скопје.

**Трбојевиќ С.**, (1999). Во: Нови хоризонти на соработка и меѓуетничка толеранција преку организирано слободно време на децата (Данова Г.,-ред.). Зборник на трудови од светскиот детски самит" – Скопје.

**Trbojevik S.,** (1999) Macedonia (Bo:) Street children, Children in the streets, a joint programme of the King Baudouin Foundation and Soros Foundations in partnership with the WorldBank.

**Трбојевиќ С.**, Доневска М. (1996). Бездомништво: основни поими и карактеристики. Во: „Социолошка ревија", списание на Здружението на социолозите на Република Македонија, бр. 2, год II.

Д-р Светлана Трбојевиќ зема активно учество во бројни научно- стручни собири, меѓународни конференции и семинари

**Меѓународни конференции**:

(1) „Истражувања на студенти на докторски студии од Југоисточна Европа", мај 2010, Универзитет за економски и социјални студии во Приштина и Фондација „Фридрих Еберт" – Приштина, Косово. Презентиран труд: „Административните реформи во Република Македонија во контекст на европската интеграција";

(2) Современи предизвици во теоријата и праксата на социјалната работа и социјалната политика, септември 2007, Институт за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет, Скопје. Член на организациски одбор;

(3) Етницитетот и образованието за социјална работа организирана од страна на Факултетот за социјална работа во Словенија (2006);

(4) III меѓународна конференција за приспособување на Европа и Централна Азија кон децата, организирана од страна на УНИЦЕФ, одржана во 2006 г. во Паленција, Шпанија;

(5) II балканска конференција за превенција на дрога, Романија, 2002;

(6) I балканска конференција за превенција на дрога, Бугарија, 2001;
(7) Улични деца – деца на улица, Романија, 1999;

(8) Европски конзорциум за образование помеѓу деца и возрасни, Белгија 1998;

(9) Образование за комуникацијата помеѓу деца и возрасните, Република Чешка, 1997.

## Стручно-апликативна дејност

Анализирајќи ја стручно-апликативна дејност на кандидатката може да се забележат нејзини бројни контакти со социјалните институции од странство и нашата земја.

**Регионални средби на тема:**

(1) "Социјалната заштита на раскрсница: локални одговори на глобалната криза", 15. октомвриски средби 2009, Ниш, Србија. Презентиран труд: „Редефинирање на социјалната работа под влијание на глобалните социјални ризици";

(2) 13. Октомвриски средби во социјална заштита на тема: „Семејно насилство, емпатија и помагателни професии", Ниш, Србија. Презентација на труд на тема: „Правилата и принципите на професоинална и етичка работа во помагателните професии и заштита на жртвите на семејно насилство: македонскиот случај" (коавтор: Богоевска, Трбојевиќ) и Институционална проценка на респонзивноста на сервисите провајдери на услуги за децата жртви на насилтво" (коавтори: Трбојевиќ, Богоевска, Арнаудова, Трајков);

(3) „Регионално приспособување кон европскиот високообразовен простор", Србија, 2006.

**Студиски престој:**

**(1)** „Школа за теорија и пракса во социјалната работа" 20. Јубиларна конференција, Дубровник, 2009 (учесник со труд);

(2) „Летна школа за теорија и пракса во социјалната работа: Духовноста во социјалната работа", Дубровник, 2008 (учесник со труд);

(3) „Летна школа за теорија и пракса во социјалната работа: Духовноста и социјалната работа", Дубровник, 2007 (учесник);

(4) Зимски универзитет „Култура и технологија во Минхен", Германија, 2007 (учесник);

(5) „Четврта летна школа за социјална работа: Деца на улица", Турција, 1997;

(6) „Трета летна школа за социјална работа, Романија.

**Работилници:**

(1) „Примена на новата форма на социјална работа 'Патролен социјален работник', ОБСЕ, Маврово 2010 (обучувач);

(2) „Човековите права и социјалната инклузија во Македонија: Состојбата со сиромаштијата во Република Македонија", Лудвиг Болтзман, Институт за човекови права, истражувачка асоцијација, (обучувач), Велес, 2010 ;

(3) „Летна школа за недискриминација, социјална инклузија и европско граѓанство", Охрид, 2008 (координатор на работна група);

(4) „Развој на образованието за социјалната работа, Универзитет Приштина, Косово, 2007;

(5) „Регионална работилница за социјални работници во здравствените институции", Охрид, 2006;

(6) „(Обука за обучувачи) Интервентни програми за поддршка на самохрани родители во превенција од социјална исклученост на членови од нивните семејства, февруари 2003, ФАРЕ, Охрид.

**Професионални обуки:**

(1) „Застапување и организационен развој" во Србија и Црна Гора, 2003 г.;

(2) „Разбирање на влијанието на тортурата врз себе, семејството и културата", САД, 2003 г.;

(3) „Организација на заедницата Скопје", 2001;

(4) Социјален менаџмент, Скопје, 2001;

(5) „Развој на локалната заедница", Скопје, 1999;

(6) „Нови пристапи во групна социјална работа", 1996;

(7) „Евалуација и истажувачки програми", 1996.

Кандидатката за време на својата професионална кариера реализирала активности од поширок интерес. Таа, покрај богатото работно искуство, активно учествувала во работата на невладиниот сектор во Република Македонија, при што посебно би го истакнале нејзиниот ангажман во ПМУ Inter Life, Хуманитарната организација на Евангелската црква во Македонија АГАПЕ и Првата детска амбасада во светот – Меѓаши. Д-р Трбојевиќ е член на Советот на Здружението за помош и поддршка на деца и семејства под ризик „За среќно детство" – Скопје, од 1999 до 2009; член на Советот на „Предизвик за млади", 1999 – 2004; член на Советот на Македонската национална коалиција за правата на детето – Македонија, 1997-2000.

Посебно треба да се истакнат нејзините човечки и стручни квалитети, пред сè научната и стручна подготвеност, широчината и оргиналноста во пристапот кон решавањето на истражувачките и теоретските проблеми. Кандидатката има посебно изразени аниматорски и организаторски способности, како и изградена кооперативност во тимската работа.

Светлана Трбојевиќ течно го говори англискиот јазик и непречено се служи со компјутерските оперативни системи.

Од 2008 година ја врши должноста секретар на постдипломските студии при Институтот за социјална работа и социјална политика, а од 2008 година е ангажирана како главен истражувач во списанието *Ревија на социјална политика.*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, со оглед на достигнувањата и способностите на кандидатката во изминатиот период, можат да констатираат дека д-р Светлана Трбојевиќ извонредно и успешно ги реализира задачите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Кандидатака поседува ретка способност за проучување на социјалните појави кои претстојат и за кои треба да го подготвиме својот теоретски и методски потенцијал. Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Светлана Трбојевиќ да биде избрана во звањето доцент по научните области и предмети: теорија на социјална работа, методика на социјална работа, системи на социјална заштита, социјална политика, социјална работа и социјален развој (сиромаштво и социјална исклученост).

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Мариа Доневска, с.р.
2. Проф. д-р Маја Геровска-Митев, с.р.
3. Проф. д-р Сузана Симоновска, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **д-р Светлана Цветан Трбојевиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет/Институт за социјална работа и социјална политика**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **теорија на социјална работа, методика на социјална работа, социјална политика, системи на социјална заштита, социјален развој (сиромаштија и социјална исклученост)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Одржување на вежби од прв циклус студии | | |
| 1. | Теорија на социјална работа (4+2), летен семестар 2005/2006 | 5,4 |
| 2. | Групна социјална работа 0+4 2005/2006 | 0,9 |
| 3. | Социјална работа во локална заедница (3+2), зимски семестар 2006/2007 | 5,4 |
| 4. | Теорија на социјална работа (4+2), летен семестар 2006/2007 | 2,7 |
| 5. | Социјална работа со група (4+2), летен семестар 2006/2007 | 1,8 |
| 6. | Социјална политика(4+2), летен семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 7. | Теорија на социјална работа (4+2), летен семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 8. | Социјална работа со група (4+2,) летен семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 9. | Социјална работа во локална заедница (3+2), зимски семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 10. | Современи системи на социјална заштита (4+2), зимски семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 11. | Цивилно општество и социјална политика (4+2), летен семестар 2007/2008 | 0,9 |
| 12. | Социјална работа во невладин сектор (2+1), летен семестар 2007/2008 | 0,9 |
| 13. | Теорија на социјална работа (4+2), летен семестар 2008/2009 | 2,7 |
| 14. | Современи системи на социјална заштита (4+2) зимски семестар 2008/2009 | 2,7 |
| 15. | Современи системи на социјална заштита (3+1), зимски семестар 2008/2009 (одбрамбени и мировни студии) | 0,45 |
| 16. | Социјална работа со група (4+2), летен семестар 2008/2009 | 2,7 |
| 17. | Цивилно општество и социјална политика (4+2), летен семестар 2008/2009 | 0,9 |
| 18. | Социјална работа во локална заедница (3+2), зимски семестар 2008/2009 | 2,7 |
| 19. | Социјална работа во невладин сектор (2+1), летен семестар 2008/2009 | 0,9 |
| 20. | Теорија на социјална работа (4+2), зимски семестар 2009/2010 | 2,7 |
| 21. | Современи системи на социјална заштита (4+2) летен семестар 2009/2010 | 2,7 |
| 22. | Современи системи на социјална заштита (3+1), зимски семестар 2009/2010 (одбрамбени и мировни студии) | 0,45 |
| 23. | Социјална работа со група (3+2), летен семестар 2009/2010 | 2,7 |
| 24. | Основи на социјална политика(2+1), летен семестар 2009/2010 | 0,9 |
| 25. | Социјална работа во локална заедница (3+2), зимски семестар 2009/2010 | 2,7 |
| 26. | Социјална работа во невладин сектор (2+1), летен семестар 2009/2010 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Современи системи на социјална заштита (4+2), зимски семестар 2009/2010 | 2,7 |
| 28. | Сиромаштија и социјална исклученост (3+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,7 |
| 29. | Теорија на социјална работа (3+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,7 |
| 30. | Современи системи на социјална заштита (3+1), зимски семестар 2010/2011 (одбранбени и мировни студии) | 0,45 |
| 31. | Социјална работа во локална заедница (3+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,7 |
| 32. | Раководител на работилница: „Примена на новата форма на социјална работа 'Патролен социјален работник', ОБСЕ, Маврово 2010 (обучувач). | 1,5 |
| 33. | Раководител на работилница: „Човековите права и социјалната инклузија во Македонија: Состојбата со сиромаштијата во Република Македонија", Лудвиг Болтзман, Институт за човекови права, истражувачка асоцијација, (обучувач), Велес, 2010. | 1,5 |
| 34. | Летна школа за недискриминација, социјална инклузија и европско граѓанство", Охрид, 2008 (координатор на работна група). | 1 |
| 35. | Учесник на меѓународна работилница: „Развој на образованието за социјалната работа, Универзитет Приштина, Косово, 2007. | 1 |
| 36. | „Регионална работилница за социјални работници во здравствените институции", Охрид, 2006. | 1 |
| 37. | Координатор на работна група на работилницата во рамките на проектот „Унапредување на детските права преку буџетирање базирано на права", одржана во Струмица и Скопје, УНИЦЕФ, Македонска канцеларија, ноември – декември 2008. | 1 |
| 38. | Учесник на работилница: (Обука за обучувачи) Интервентни програми за подршка на самохрани родители во превенција од социјална исклученост на членови од нивните семејства, ФАРЕ, Охрид, февруари 2003. | 1 |
| 39. | Учесник во летна школа: „Школа за теорија и пракса во социјалната работа" 20та јубиларна конференција, Дубровник 2009 (учесник со труд). | 1 |
| 40. | „Летна школа за теорија и пракса во социјалната работа: Духовноста во социјалната работа", Дубровник, 2008 (учесник со труд). | 1 |
| 41. | (3) „Летна школа за теорија и пракса во социјалната работа: Духовноста и социјалната работа", Дубровник, 2007 (учесник). | 1 |
| 42. | „Четврта летна школа за социјална работа: Деца на улица", Турција, 1997. | 1 |
| 43. | „Трета летна школа за социјална работа, Романија. | 1 |
| 44. | Консултации со студенти, 2005-2006 (160 студенти) | 0,32 |
| 45. | Консултации со студенти, 2006-2007 (240 студенти) | 0,48 |
| 46. | Консултации со студенти, 2007-2008 (380 студенти) | 0,76 |
| 47. | Консултации со студенти, 2008-2009 (520 студенти) | 1,04 |
| 48. | Консултации со студенти, 2009-2010 (650 студенти) | 1,3 |
| 49. | Консултации со студенти, 2010-2011 зимски семестар (360) | 0,72 |
| 50. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (35) | 3,5 |
| | **Вкупно** | 89,97 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза: "Христијанската духовна перспектива како детерминанта за развој на социјалната работа и социјалната политика во западните демократии " (одбранета на 22.10.2010). | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Одбранета магистерска работа: „Влијанието на мултикултурализмот врз развојот на социјалната работа и социјалната политика" (одбранета на 21.04.2008). | 4 |
| 3. | Учесник во национален научен проект: Техничка помош за центрите за социјална работа во работата со деца под ризик и деца во конфликт со законот (2010-2011), УНИЦЕФ. | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект: Базична студија за сиромаштија и социјална исклученост: локални социјални проблеми и потреби, Истражувачки проект (2010-тековен проект) Институт за човекови права "Лудвиг Боцман". | 3 |
| 5. | Раководител на национален научен проект: Развивање на патролна социјална работа, ОБСЕ, јули – ноември 2010; | 6 |
| 6. | Учесник во национален научен проект: Анализа на причините за осип од редовните образовни процеси на децата Роми (2010) Институт Отворено општество – Македонија. | 3 |
| 7. | Учесник во национален научен проект: Индекс на социјална инклузија на локално ниво: Создавање на инструмент за проценка на еднаквоста на пристапот и правичната распределба на локалните услуги (2010-тековен проект) Институт "Евро-Балкан". | 3 |
| 8. | Учесник во национален проект „Унапредување на детските права преку буџетирање базирано на права", УНИЦЕФ, Македонска канцеларија, ноември – декември 2008, (краткорочен консултант). | 3 |
| 9. | Учесник во национален научен проект: Проценка на институционалната респонзивност на сервисите-обезбедувачи на услуги на децата жртви на насилство во Република Македонија (2005), УНИЦЕФ. | 3 |
| 10. | Учесник во меѓународен научен проект: Диверзитет, еднаквост и солидарност - кон зајакнување на политиките за социјална кохезија, Проект на Австрија, Словенија, Косово и Македонија како земји-партнери (2010-2011), Факултет за социјална работа - Австрија и Универзитет во Љубљана, Словенија. | 5 |
| 11. | Учесник во национален научен проект: „Интервентна програма за поддршка на самохрани родители во превенција на социјалната исклученост на членовите на нивните семејства", февруари 2003 - 31 јануари 2004. Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За среќно детство"-Скопје, финансиран од PHARE, супервизор на проект. | 3 |
| 12. | Учесник во национален научен проект: „Развој на општините во Република Македонија преку култура" – 2002, Министерство за култура и Светска банка, истражувач. | 3 |
| 13. | Учесник во национален научен проект: „Унапредување на здравствените, социјални, образовни и хигиенски услови за живот на ромските заедници во Скопје", јануари – март 2002, АГАПЕ, асистент на проект. | 3 |
| 14. | Учесник во национален проект „Застани и размисли" – Намалување на трговијата со луѓе помеѓу децата и младите жени во 8 региони во Македонија, октомври 2004 - февруари 2005 Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За среќно детство"-Скопје, финансирано од УНИЦЕФ, асистент на проект. | 3 |
| 15. | Координатор во национален научен проект: „Летување во град – деца од различни етнички семејства", Македонски центар за помош на невладини организации, јуни-август 1999. | 6 |
| 16. | Учесник во национален научен проект: „Загрозеноста на ромските деца во град Скопје", Истражувачки проект, УНИЦЕФ (Светска банка), 1999-2000. | 3 |
| 17. | Учесник во национален научен проект: „Загрозеноста на ромските деца во Општината Шуто Оризари", Истражувачки проект, УНИЦЕФ(Светкса банка), јуни – јули 1999. | 3 |
| 18. | Учесник во национален научен проект: "Улични деца, деца на | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | улица"- Крал Баудоуин и Институтот Отворено општество Македонија, февруари - јуни 1999, координатор на Ресурсниот центар. | |
| 19. | Учесник во меѓународен научен проект: "Едукација во комуникација помеѓу децата и возрасните", Меѓународен католички детски форум - Белгија, октомври 1997 – март 1998. | 5 |
| 20. | Монографија: Богоевска, Н., Трајкова-Стаменкова, В., Трбојевиќ, С. (2007). *Студија за трговија со деца во Република Македонија*,. Скопје: УНИЦЕФ. | 6,4 |
| 21. | Монографија: „Младите луѓе во Република Македонија" изготвен за МОНЕЕ-проектот, УНИЦЕФ ИРЦ, ноември – декември 2009. | 8 |
| 22. | Монографија Белевска Д., Трајков И., Трбојевиќ С., (2005). Студија за истражувачките резултати за состојбата на здравственото осигурување кај ромската популација во Република Македонија, Здружение за поддршка на семејства и деца под ризик „За срекно детство"- Скопје. | 6,4 |
| 23. | Дел од монографија објавен на странски универзитет: Donevska M. & Trbojevik S. (2009). Influence of the global financial institution (IMF, WB) on the development of welfare in Southern Europe and impact on social work, in: Vesna Leskošek, Theories and methods, Ljubljana, Fakultet za Socijalno Delo | 5,4 |
| 24. | Дел од монографија објавен на странски универзитет: Trbojevik S. (2007). Macedonian Civil Society as an Active Promoter of Interethnic Relations, in Ethnicity in Eastern Europe: A Challenge for Social Work Education, Daria Zavirsek [et. al], Ljubljana, Fakultet za Socijalno Delo. | 6 |
| 25. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:Trbojevik S. (2009). The role of the NGO Sector in Empowering Roma Community in the Republic of Macedonia. In: Dada Maglajlic ed. Proceedings of the 20th Anniversary Conference, School of Social Work Theory and Practice, Inter University Center, Dubrovnik. | 3 |
| 26. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:Trbojevik S. (2009), The impact of informal education within the NGO sector on social inclusion of Roma community in the Republic of Macedonia (The case of Shuto Orizari), MAKEDONYA VE DİĞER BALKAN ÜLKELERİ BİLDİRİLERİ | 2 |
| 27. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Trbojevik S. (2009). The Impact of Multiculturalism on Social Work Practice and the Welfare State Reforms, Inter-University Center for Postgraduate Studies, The IUC Dubrovnik, Croatia School of SW Theory and Practice Content The IUC Journal issue no. 18. | 3 |
| 28. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: *Bogoevska, Trbojevic, Arnaudova, Trajkov (2008).* Institutional Assessment of the Responsiveness of Service Providers to Violence against Children in Macedonia, (in press), In: Psychology and violence in the society, Faculty of Philosophy, Osijek, Croatia | 1,2 |
| 29. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Bogoevska, N., Trbojevik, S. (2010) "Administrative reforms in the Republic of Macedonia in the context of the European integration" Proceedings from the International conference "South East Europe Student Research", Prishtina: Univerzum Institute for Economic and Social Studies and Friedrich Ebert Stiftung – Prishtina. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 30. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Bogoevska, N., Trbojevik, S. (2007) "Професионална и етичка правила и принципи у раду помагачких професија у заштити жртава породичног насиља: Пример Македоније" во зборник на трудови од научно-стручен собир "Породично насиље, емпатија и професионализам помагача", Нишка Бања, Србија: Асоцијација центара за социјални рад Србија, стр: 35-48 . | 1,8 |
| 31. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Трбојевиќ С., (2005). Концептот на недоволно развиени подрачја (Во:) "Социјална инклузија на деца и млади", Зборник на трудови (Доневска М,. Киранџиска С., Лазаревска С., ред.) – Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор". | 4 |
| 32. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Трбојевиќ С., (1999). Во: Нови хоризонти на соработка и меѓуетничка толеранција преку организирано слободно време на децата (Данова Г.,-ред.) Зборник на трудови од Светскиот детски самит" – Скопје. | 4 |
| 33. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Trbojevik S., (1999) Macedonia (Во:) Street children, Children in the streets, a joint programme of the King Baudouin Foundation and Soros Foundations in partnership with the World Bank. | 2 |
| 34. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Трбојевиќ С., Доневска М., (1996). Бездомништво: основни поими и карактеристики. Во: „Социолошка ревија", списание на Здружението на социолозите на Република Македонија, бр. 2, год II. | 4 |
| 35. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Трбојевиќ С., Трајков,И. и др. (2008). „Истражување за трговија со луѓе во Република Македонија - состојби и перспективи" презентиран на научниот собир "Емпириски истраживања во психологијата", Филозофски факултет-Белград. | 0,6 |
| 36. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Трбојевиќ С., Богоевска, Н., Арнаудова, С., и др. (2008). „Проценка на адекватноста на одговорот на обезбедувачите на услуги во социјалната заштита на насилството врз деца во Република Македонија", презентиран на научно-стручниот собир „Насилство над децата и меѓу децата", Филозофски факултет, Осиек. | 0,6 |
| 37. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Арнаудова, С.,Трбојевиќ, С. (2008). „Заштита на децата без родители и родителска грижа во Република Македонија", презентиран на научно-стручниот собир „Дете, семејство-алтернативно семејство", Ниш, Србија. | 0,8 |
| 38. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Трајков, И. и др. (2007). „Институционална проценка на респонзивноста на сервисите провајдери на услуги за децата жртви на насилство", презентиран на 12. Октомвриски средби во социјалната заштита на тема "Семејно насилство, емпатија и помагателни професии", Нишка бања, Србија. | 0,6 |
| | **Вкупно** | 134,6 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Главен истражувач на Ревијата за социјална политика | 1 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот: Brochure for the 50th anniversary of the Institute od social work and social policy, (editors: Bogoevska, Trbojevik) 2007, Skopje: Faculty of philosophy | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: меѓународна конференција „Современи предизвици во теоријата и праксата на социјалната работа и социјалната политика", септември 2007, Институт за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет, Скопје. | 1 |
| 2. | Локален организатор на Семинар за обука на дипломати - Скопје, Македонија, март 2005. Сервис за глобална едукација во соработка со Американската амбасада во Скопје. | 0,5 |
| 3. | Локален организатор на Семинар за обука на дипломати - Скопје, Македонија, јануари 2006, Охрид. Сервис за глобална едукација во соработка со Американската амбасада во Скопје, локален координатор. | 0,5 |
| 4. | Член на тимот за изготвување на Владината стратегија за „Сиромаштво и социјална инклузија во доменот на социјалната заштита", УНДП, 2009-2010; Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2010. | 2 |
| 5. | Студиски престој на Зимскиот универзитет „Култура и технологија во Минхен", Германија, 2007. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 89,97 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 134,6 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 6 |
| **Вкупно** | 230,57 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Мариа Доневска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Маја Геровска Митев, член, с.р.
3. Проф. д-р Сузана Симоновска, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на својата дванаесетта редовна седница одржана на 23 декември 2010 година, нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Лидија Аризанковска, вонреден професор, на конкурсот објавен на 9.12.2010 г. во весникот „Дневник" за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите: *словенечки јазик, современ словенечки јазик, историја на словенечкиот јазик, дијалектологија на словенечкиот јазик, контрастивна анализа на македонскиот и словенечкиот јазик, преведување словенечки-македонски/македонски-словенечки јазик, толкување словенечки-македонски/македонски - словенечки јазик и современ македонски јазик.*
Комисијата се заблагодарува за укажаната чест и на Наставно-научниот совет му го доставува на разгледување и усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Лидија Аризанковска е родена на 28.10.1966 година во Скопје. Основно и средно образование (гимназија) завршила во Скопје со одличен успех. На студии се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на групата македонски јазик и јужнословенски јазици како прв студиум и полски јазик и книжевност како втор во уч. 1985/1986 година и редовно ги завршила на 23.6.1989 година со општ успех 9,75.

Во уч. 1989/90 година на Филолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се запишала на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик во траење од две години и нив ги завршила во септември 1991 година.

Во уч. 1991/1992 година, постдипломските студии ги продолжила во вид на специјализација од областа на словенечкиот јазик на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, како нивен стипендист, под менторство на академик Јоже Топоришич.

Магистерскиот труд под наслов „Функционално оптоварување на наследените словенски суфикси за nomina agentis во македонскиот и словенечкиот јазик (со посебен осврт на суфиксот tel'ь врз фонот на изофункционалните суфикси") го одбранила на 29.05.1996 г., под менторство на проф. д-р Људмил Спасов и се стекнала со звањето магистер на филолошки науки.

Докторската дисертација под наслов ,,Од семантиката и синтаксата на дел од словенечките и македонските партикули *(še, že, samo, le celo; уште, веќе, само, дури(и))*" ја одбранила на 8.10.2001 година, под менторство на проф. д-р Људмил Спасов и се стекнала со звањето доктор на филолошки науки.

Од 1.4.1990 година се наоѓа во редовен работен однос на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, најпрво како помлад асистент, од 24.2.1997 како асистент, од 27.2.2002 година како доцент и од 7.6.2006 година како вонреден професор по предметите словенечки јазик, современ словенечки јазик и современ македонски јазик.

Во периодот од 2004 до 2007 година ја извршувала функцијата продекан за финансии на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје.

Добитник е на државна награда - Признание од страна на Владата на Република Словенија (Канцеларија на Владата на Република Словенија за Словенците по светот) за дваесетгодишно предавање на словенечкиот јазик на универзитетско ниво и сеопшт придонес во афирмацијата на словенечкиот јазик и култура во Република Македонија, во април 2010 година.

## Наставно-образовна дејност

### Настава од прв циклус студии

Во рамките на наставните активности, во периодот од изборот во звањето вонреден професор држела настава по предметите: словенечки јазик (1 и 2) како јужнословенски јазик, словенечки јазик (1-4) како странски јазик, современ словенечки јазик (1-8), историја на словенечкиот јазик, дијалектологија на словенечкиот јазик, преведување и контрастивна анализа на македонскиот и словенечкиот јазик, култура и цивилизација на Словенците; современ македонски јазик, македонски јазик (култура на говорот); како и македонски јазик за странци во Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик. Настава по македонски јазик изведувала и на други факултети при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и тоа: на Филозофскиот факултет (Институтот за педагогија, Институтот за психологија, сè до уч. 2008/2009 и на Институтот за дефектологија, сè до уч. 2007/2008).

Настава со циклус предавања од областа на македонскиот и словенечкиот јазик и пошироко изведувала и на универзитети надвор од нашата држава, односно во странство, во својство на визитинг- професор, и тоа на: Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија (2006, 2008, 2009); Педагошкиот и Филозофскиот факултет при

Универзитетот во Марибор, Р. Словенија (2009); Универзитетот ,,Карл-Франц" во Грац, Институт за славистика, Р. Австрија (2006, 2007, 2010).

Носител е и на реализацијата на наставата по предметот македонски јазик на додипломските студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р. Словенија (од уч. 2008/2009-).

**Настава од втор циклус студии**

На Последипломските специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија-Брисел), од 2010/2011 магистерски студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување), изведувала настава по македонски јазик, во рамките на предметот македонски јазик и култура (од започнувањето на овие студии, уч. 2007/2008, па сè до денес, уч. 2010/2011), 18 часа.

Од уч. 2010/2011 година вклучена е и во наставата на постипломските студии по македонски јазик со предметот: избрани теми од контрастивната анализа меѓу македонскиот и словенечкиот јазик и култура.

Носител е на реализацијата на наставата по македонски јазик на докторските студии по Болоњскиот процес на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија (од уч. 2008/2009-).

**Учебници и практикуми**

Автор е на универзитетски учебник (скрипта): *Дијалектологија на словенечкиот јазик на македонски*, кој е во печат; коавтор е на три прирачници: Прирачник за кандидатите за тестот по македонски јазик како странски-ТЕМАК, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008, Прирачник за составувачите на тестот по македонски јазик како странски-ТЕМАК, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008; Прирачник за изведувачите и оценувачите на тестот по македонски јазик како странски-ТЕМАК, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008, во печат е и книгата: *Избор на современа словенечка литература на македонски*, а во тек е и работата на *Словенечко-македонски речник* под нејзина редакција.

**Менторства и комисии**

Била член на три комисии за оцена и одбрана на дипломска работа и ментор на 10 дипломски работи, кои се во тек. Сометор е на докторска дисертација на Универзитетот во Марибор, на Филозофскиот факултет. Била ментор на една семинарска работа на магистерските студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување); ментор при учество на еден студент на студентска конференција во Загреб, ментор на студентите за организирање бројни културни настани од областа на јазикот, литературата и културата на Факултетот и при реализацијата на студентската мобилност. Била член на комисии за прием на кандидати на магистерските студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување) на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во

Скопје, како и за оцена на знаењето на кандидатите на магистерските студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување), (од започнувањето, уч. 2007/2008-), член на Комисијата за евалуација на студиските програми, член на рецензентска комисија за оцена на трудот *Веселиот ден или Матичек се жени од Антон Томаж Линхарт (приредувач: Јасна Котеска),* Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008; член на рецензентска комисија за избор во повисоко звање на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Од 2006 г. е член на Комисијата за словенско зборообразување при Меѓународниот славистички комитет.

## Научноистражувачка дејност

### Учество во проекти

Д-р Лидија Аризанковска има учествувано во повеќе меѓународни научни проекти, меѓу кои би ги издвоиле: проект ТЕМПУС-МАЛТЕК, *Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик* (International project TEMPUS – MALTEK, *Centre for testing and certifying Macedonian language as a foreign/second language, participant and vice/coordinator*), 2007/2008; проект на УНЕСКО, *Меѓународен семинар за оформување на процедури за тестирање според европски стандарди и нивна примена во македонскиот јазик како странски (International Train—the-Trainer Workshop on Developing Standard Testing Procedur and their Implementation in Macedonian as a foregn language)*, 2008/2009; проект ТЕМПУС, проект *Локализација на Office 2007 и Windows Vista за корпорацијата Microsoft, проект на Microsoft Office (Localization of Office 2007 and Windows Vista for corporation Microsoft)*, 2006/2007; проект *Мигранти-Вклучување на децата на иселениците во словенечкиот образовен систем (Migranti-Vključevanje otrok preselenjcev v slovenski izobraževalni sistem*), проект на Владата на Р. Словенија, Министерството за образование, наука и технологија (2006); проект ТЕМПУС, *Унапредување на курикулумот во наставата по македонски јазик како странски (International project TEMPUS, Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading*), 2009-2011, проект во тек.

### Студиски престои во странство

Д-р Лидија Аризанковска има остварено бројни студиски престои во странство. Во рамките на своето научно и стручно усовршување таа престојувала на: Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, *Семинар за универзитетските наставници по словенечки јазик на странските универзитети* (2006); Центарот за словенечки јазик како втор/странски јазик при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, *Семинар од областа на изготвувањето тестови и прирачници*

*за тестирање на знаењето на македонскиот јазик како странски/втор јазик* (2007); Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, *Семинар за универзитетските наставници по словенечки јазик на странските универзитети* (2008); АЛТЕ - Центарот во Кембриџ, Велика Британија, *Семинар од областа на изготвувањето тестови и прирачници за тестирање на знаењето на македонскиот јазик како странски/втор јазик, као и учебници по македонски јазик за странци* (2008); Јавна агенција за книга при Владата на Р. Словенија, *Семинар за преведувачите на словенечка литература*, Ново Место (2010); а во својство на визитинг професор на Универзитетите во: Љубљана, Р. Словенија (2006, 2008, 2009); Филозофскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р. Словенија (2009); Универзитетот ,,Карл-Франц" во Грац, Институт за славистика, Р. Австрија (2006, 2007, 2010).

**Објавени трудови и учество на симпозиуми**

Во рамките на научноистражувачката работа, д-р Лидија Аризанковска има објавено околу 50 научни трудови во домашни и меѓународни списанија и зборници. Автор е на две научни монографии од областа на конфронтативното научно истражување меѓу словенечкиот и македонскиот јазик (2001 и 2007) и три прирачници (во коавторство, 2008) од областа на македонскиот јазик. Подготвени за печат се и: еден универзитетски учебник од областа на дијалектологијата на словенечкиот јазик и книгата *Избор на современа словенечка литература на македонски*, а во моментот работи на *Словенечко-македонски речник*. Исто така, таа има учествувано на бројни меѓународни научни собири, симпозиуми, конференции, конгреси и тркалезни маси во земјата (Скопје, Охрид) и во странство: Љубљана, Марибор (Р. Словенија), Колумбус, Охајо (САД), Минск (Белорусија), Киев (Украина) и др.

**Објавени трудови**
**(од изборот во вонреден професор)**

Д-р Лидија Аризанковска е автор на монографијата *Од семантиката и синтаксата на дел од словенечките и македонските партикули*, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2007. За монографијата е објавена позитивна оцена во реномираното словенечко научно списание *Славистична ревија (Slavistična revija)* од 2008 (1), Љубљана, 117-118); коавтор е на: *Прирачник за кандидатите за тестот по македонски јазик како странски-ТЕМАК*, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008; *Прирачник за составувачите на тестот по македонски јазик како странски-ТЕМАК*, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008; *Прирачник за изведувачите и оценувачите на тестот по македонски јазик како странски-ТЕМАК*, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008;

автор е и на голем број научни трудови објавени во научни списанија и зборници:

- Аризанковска, Лидија [со Љ. Спасов]. Хиерархизација на јазиците во Р. Македонија во споредба со Р. Словенија во однос на јазичната политика на ЕУ, Избрани поглавја од Историјата на македонскиот писмен јазик/Бојата на јазикот (Љ. Спасов), Култура, Скопје, 2006, 235-242.
- Аризанковска, Лидија. Словенечките партикули *še, že, samo, le, celo* и македонските партикули уште, веќе, само дури (и) од семантичко-синтаксички аспект, *Филологические заметки*, 4, вол. 2, Перм, 2006, 3-11.
- Аризанковска, Лидија. Тенденции во современиот македонски јазик во поглед на употребата на одделни суфикси за образување nomina agentis, *Функционални аспекти на зборообразувањето (Зборник),* Национална академија на науките на Белорусија, Минск, 2006, 38-45.
- Аризанковска, Лидија. За партикулите во словенечкиот и во македонскиот јазик од семантичко-синтаксички аспект. *Jezikovna predanost,* Zora, 44, Maribor, 2006: 101-107.
- Аризанковска, Лидија. Проблеми при преведувањето од македонски на словенечки јазик, *XXXIII меѓународна научна конференција, Охрид, 2006 (Зборник)*, Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Скопје, 2007, 57-68.
- Аризанковска, Лидија. Словенечката лексема *celo* наспрема македонската дури (и) како нејзин еквивалент од семантичко-синтаксички аспект, *XIV меѓународен славистички конгрес (Зборник),* МАНУ, Скопје, 2008, 19-39.
- Аризанковска, Лидија. Системот на глаголски времиња во македонскиот јазик наспрема словенечкиот и другите јужнословенски јазици, *XXXV меѓународна научна конференција, Охрид, 2008 (Зборник),* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Скопје, 2009, 59-65.
- Аризанковска Лидија. Македонскиот и словенечкиот јазик (особености кои ги доближуват и ги оддалечуваат), *Трета македонско-словенечка конференција, Охрид, 2007 (Зборник),* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 181-198.
- Аризанковска, Лидија [со Ѓ. Николовски]. Прагматични фраземи во македонскиот и во словенечкиот јазик, Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 267-274.
- Аризанковска, Лидија. За партикулите во македонскиот, словенечкиот и полскиот јазик, македонско-полска конференција, Скопје, 2009, Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески" (во печат).
- Аризанковска, Лидија. Продуктивноста и непродуктивноста на одделни суфикси за образување nomina agentis во современиот македонски јазик, *Зборник посветен на Кирил Конески,* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 19-26.
- Аризанковска, Лидија. Обиди за дефинирање на партикулите во науката за јазикот, *Зборник посветен на Лилјана Минова-Ѓуркова,* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 19-27.

- Аризанковска, Лидија. Slovenščina kot tuji jezik – težave, s katerimi se srečujejo govorci makedonščine, *Zbornik Obdobja 28*, Univerza v Ljubljani, Filozofska fakulteta, Ljubljana, 2009: 27-32.
- Аризанковска, Лидија. Современиот македонски јазик меѓу традицијата и современите зборообразувачки тенденции (со осврт на суфиксните именски образувања), *Одраз на историјата и културата на народите врз зборообразувањето, (Зборник)*, Национална академија на науките на Украина, Киев, 2010: 18-25.
- Аризанковска, Лидија. 50 години од изучувањето на словенечкиот јазик на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, *Годишен зборник на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески"во Скопје*, Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2010, 519-524.
- Аризанковска, Лидија. Улогата на партикулите и нивното дефинирање во јазикот од семантичко-синтаксички аспект (врз примери од македонскиот и словенечкиот јазик), *XXXVII меѓународна научна конференција, Охрид, 2010 (Зборник)*, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје. (во печат)
- Аризанковска, Лидија. Карактеристике система глаголских времена у македонском језику у поређењу са словеначким и другим јужнословенским језицима, *Српска књижевност и језик у јужнословенском контексту (Зборник радова), (*уред. Михајло Пантиќ), Београд, 2010 (во печат)

**Учество на домашни и меѓународни научни собири**

- XXXIII меѓународна научна конференција, Охрид, 28-29 август 2006, на тема: *Проблеми при преведувањето на македонски од другите словенски и несловенски јазици и обратно (со реферат: Проблеми при преведувањето од македонски на словенечки јазик)*, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" - Скопје .
- IX меѓународна научна конференција (заседание) на Комисијата за словенско зборообразување, Минск, октомври 2006, на тема: *Функционални аспекти на зборообразувањето* (тема на рефератот: Тенденции во современиот македонски јазик во поглед на употребата на одделни суфикси за образување nomina agentis), Национална академија на науките на Белорусија.
- Трета македонско-словенечка научна конференција, Охрид, 12-15 септември 2007, на тема: *Македонско-словенечки јазични, книжевни и културни врски* (со два реферата: Македонскиот и словенечкиот јазик (особености кои ги доближуваат и ги оддалечуваат и Прагматични фраземи во македонскиот и во словенечкиот јазик), Филолошки факултет ,,Блаже Конески"-Скопје.

- *Година на македонскиот јазик*, Скопје 2008, Трибина на тема: *Македонскиот јазик како странски – актуелни состојби и перспективи*, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј".

- XXXV меѓународна научна конференција, Охрид, 25-26 август, 2008, на тема: *Македонскиот глагол во балкански контекст* (со реферат: Системот на глаголски времиња во македонскиот јазик наспрема словенечкиот и другите јужнословенски јазици), Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

- XIV меѓународен славистички конгрес, Охрид, септември 2008 (со реферат: *Словенечката лексема celo наспрема македонската дури (и) како нејзин еквивалент од семантичко-синтаксички аспект*, Македонска академија на науките и уметностите.

- Македонско-полска научна конференција (50 години на полонистиката во Македонија), Скопје, октомври 2009 *(со реферат: За партикулите во македонскиот, словенечкиот и полскиот јазик)*, Филолошки факултет ,,Блаже Конески"-Скопје.

- Меѓународен научен симпозиум ,,Обдобја", Љубљана, ноември 2009, на тема: *Инфраструктура на словенечкиот јазик (Infrastruktura slovenskega jezika)*, (тема на рефератот: Slovenščina kot tuji jezik – težave, s katerimi se srečujejo govorci makedonščine), Филозофски факултет при Универзитетот во Љубљана.

- Тркалезна маса (меѓународна) на тема: *Словенистиката и македонистиката – искуства, перспективи и идеи* (поттеми: Словенечкиот и македонскиот јазик – актуелни прашања на денешницата и Словенистиката во Македонија и македонистиката во Словенија), април 2010, Филолошки факултет ,,Блаже Конески" – Скопје.

- XII меѓународна научна конференција (заседание) на Комисијата за словенско зборообразување, Киев, мај 2010, на тема: *Одраз на историјата и културата на народите врз зборообразувањето,* (со реферат: Современиот македонски јазик меѓу традицијата и современите зборообразувачки тенденции (со осврт на суфиксните именски образувања), Национална академија на науките на Украина.

**Одржани предавања на покана на универзитет**

- **2006 г.** (март), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, со циклус предавања од областа на современиот македонски јазик;
- **2006 г.** (април), гостин - професор на Универзитетот Карл-Франц во Грац, Р. Австрија, со предавања од областа на современиот македонски јазик;
- **2007 г.** (април), гостин - професор на Универзитетот Карл-Франц во Грац, Р. Австрија, со циклус предавања од областа на современиот македонски јазик наспрема другите јужнословенски јазици;

- **2008 г.** (мај), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, со предавања од областа на современиот македонски јазик и македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици;
- **2009 г.** (март), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, со предавања од областа на македонскиот јазик и од областа на словенечкиот јазик, контрастивен преглед со историски развој на македонскиот и словенечкиот јазик и македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици;
- **2009 г.** (март), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р. Словенија, со циклус предавања од областа на современиот македонски јазик и македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици;
- **2010 (мај), гостин - професор** на Универзитетот ,,Карл-Франц", Институт за славистика во Грац, Р. Австрија, со циклус предавања од областа на македонскиот јазик, македонскиот јазик наспрема словенечкиот и другите јужнословенски јазици, како и македонскиот јазик во однос на другите словенски јазици (на современи лексички теми).

## Стручно-апликативна дејност

### Експертски активности

Д-р Лидија Аризанковска е член на Комисијата за словенско зборообразување при Меѓународниот славистички комитет (од 2006 -), сертифициран составувач и оценувач на тестовите по македонски јазик како странски за средно рамниште при Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (од 2009-); член на Одборот за магистерски студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување) на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, (од уч. 2007/2008-); била член на комисии за прием на кандидати на магистерските студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување) на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески", Скопје, (од уч. 2007/2008-); рецензент на книгата: *Веселиот ден или Матичек се жени* од Антон Томаж Линхарт (приредувач: Јасна Котеска), Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008; рецензент за избор во повисоко наставно-научно звање на Филозофскиот факултет при

Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, 2009; била член на Комисијата за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009; член е на Комисијата задолжена да го спроведе и оцени испитот за назначување судски преведувачи при Министерството за правда на Република Македонија (од 2008 -).

## Изведбени проекти

Д-р Лидија Аризанковска учествувала во својство на координатор од македонска страна во соработка со Центарот за словенечки јазик како втор/странски јазик при Универзитетот во Љубљана, Филозофски факултет, на проектите: *Светски денови на словенечката литература (Svetovni dnevi slovenske literature)* 2006; *Светски денови на словенечката литература на филм (Svetovni dnevi slovenske literature na filmu)*, 2008; *Светски денови на современата словенечка литература (Svetovni dnevi sodobne slovenske literature)*, 2010.

## Дејности од поширок интерес

Д-р Лидија Аризанковска била продекан за финансии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", уредник на Зборникот од Третата македонско-словенечка конференција, издание на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" – Скопје, 2009; претседател на Организациониот одбор за организирање на Третата македонско-словенечка конференција (Охрид, 2007); претседател на Организациониот одбор по повод одбележувањето на 50-годишнината од наставата по словенечки јазик на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2010); член на Одборот за одбележување на 60-годишнината од основањето на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2006); претседател на Комисијата за јавни набавки на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2004-2007); претседател на Пописната комисија за попис на библиотечниот фонд (2007); член на Одборот за издавачка дејност на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2006-2008); координатор и ментор на студентите за организирање бројни културни настани од областа на јазикот, литературата и културата на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2006-Трета словенечка вечер, 2007–Четврта словенечка вечер, 2008-Петта словенечка вечер, 2010-културна програма во рамките на одбележувањето на 50-годишнината од изучувањето на словенечкиот јазик, 2010 (декември)–Литературна вечер во рамките на претставувањето на *Антологијата на современата словенечка литература*); координатор и ментор на студентите при реализација на студенската мобилност, обезбедување стипендии за повеќемесечен престој на Универзитетот во

Љубљана и Универзитетот во Марибор, Р. Словенија, како и стипендии за учество на Семинарот за словенечки јазик, литература и култура во Љубљана и Летната школа во Бовец (2006-2010); организатор на гостувања од странство, како на еминентни универзитетски визитинг-професори, така и на лица, значајни во областа на културниот и општествениот живот на Р. Словенија (од 2006-); потоа, д-р Аризанковска настапувала со јавно предавање во организација на Издавачката куќа, Мохорјевата заложба, во Љубљана, на тема: *Изучувањето на словенечкиот јазик и словенечкиот наспрема македонскиот јазик* во март 2009 г.; излагање по повод јубилејот на Факултетот: *50 години од изучувањето на словенечкиот јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје*. Скопје, април 2010; била модератор и учесник на тркалезната маса (меѓународна) на тема: *Словенистиката и македонистиката – искуства, перспективи и идеи* (поттеми: Словенечкиот и македонскиот јазик – актуелни прашања на денешницата и Словенистиката во Македонија и македонистиката во Словенија), април 2010, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје; учесник на трибината на тема: *Македонскиот јазик како странски – актуелни состојби и перспективи*, по повод *Година на македонскиот јазик*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје 2008.

Добитник е на државна награда - Признание од страна на Владата на Република Словенија (Канцеларија на Владата на Република Словенија за Словенците по светот) за дваесетгодишно предавање на словенечкиот јазик на универзитетско ниво и сеопшт придонес во афирмацијата на словенечкиот јазик и култура во Република Македонија (2010).

**Членство во извршно тело на меѓународна организација**

Член на Комисијата за словенско зборообразување при Меѓународниот славистички комитет (од 2006-).

## Заклучок и предлог

Од сето досега изложено може да се заклучи дека Рецензентската комисија високо ја вреднува и позитивно ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Лидија Аризанковска во областа на науката за јазикот. Таа ужива авторитет и во словенечката академска средина, за што сведочат и бројните воспоставени контакти и активности со словенечките колеги и институции. Со досегашната работа таа дала мошне видлив придонес во проучувањето и афирмирањето на словенечката и на македонската наука за јазикот, не само

во македонска и словенечка средина, туку и пошироко, и целосно ги исполнува условите за избор во звањето за кое се пријавува.

Имајќи ја предвид севкупната дејност на д-р Лидија Аризанковска од изборот во звањето вонреден професор па до денес, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Лидија Аризанковска во звањето редовен професор по предметите: *словенечки јазик, современ словенечки јазик, историја на словенечкиот јазик, дијалектологија на словенечкиот јазик, контрастивна анализа на македонскиот и словенечкиот јазик, преведување словенечки-македонски/македонски-словенечки јазик, толкување словенечки-македонски/македонски-словенечки јазик и современ македонски јазик.*

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Људмил Спасов, редовен професор, с.р.**

**Д-р Ада Видович -Муха, редовен професор, с.р.**

**Д-р Мито Миовски, редовен професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ЛИДИЈА АРИЗАНКОВСКА**
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје**
**Научна област: Словенистика и македонистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **ред. број** | **Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Словенечки јазик 1 како јужнословенски јазик (2+0), зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 2. | Словенечки јазик 1 како странски јазик (2+2,) зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 3. | Современ словенечки јазик 3 (2+2), зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 4. | Историја на словенечкиот јазик (2+2), зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 5. | Македонски јазик на ФФ (0+2), зимски семестар 2006/2007 | 1,2 |
| 6. | Словенечки јазик 2 како јужнословенски јазик (2+0), летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 7. | Словенечки јазик 2 како странски јазик (2+2,) летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Современ словенечки јазик 4 (2+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 9. | Дијалектологија на словенечкиот јазик (2+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 10. | Словенечки јазик 1 како јужнословенски јазик (2+0), зимски семестар 2007/08 | 1,2 |
| 11. | Словенечки јазик 1 како странски јазик (2+2,) зимски семестар 2007/08 | 2,4 |
| 12. | Современ словенечки јазик 1 (2+2), зимски семестар 2007/08 | 2,4 |
| 13. | Современ словенечки јазик 5 (2+2), зимски семестар 2007/08 | 2,4 |
| 14. | Преведување со контрастивна анализа на словенечкиот и македонскиот јазик 1 (2+2), зимски семестар 2007/08 | 2,4 |
| 15. | Македонски јазик на ФФ (0+2), зимски семестар 2007/2008 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Словенечки јазик 2 како јужнословенски јазик (2+0), летен семестар 2007/08 | 1,2 |
| 17. | Словенечки јазик 2 како странски јазик (2+2,) летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 18. | Современ словенечки јазик 2 (2+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 19. | Современ словенечки јазик 6 (2+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 20. | Преведување со контрастивна анализа на словенечкиот и македонскиот јазик 2 (2+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 21. | Словенечка култура и цивилизација (2+0), летен семестар 2007/08 | 1,2 |
| 22. | Словенечки јазик 1 како јужнословенски јазик (2+2), зимски семестар 2008/09 | 2,4 |
| 23. | Словенечки јазик 1 како странски јазик (2+2,) зимски семестар 2008/09 | 2,4 |
| 24. | Современ словенечки јазик 3 (2+2), зимски семестар2008/09 | 2,4 |
| 25. | Историја на словенечкиот јазик (2+2), зимски семестар 2008/09 | 2,4 |
| 26. | Македонски јазик на ФФ (0+2), зимски семестар 2008/2009 | 1,2 |
| 27. | Словенечки јазик 2 како јужнословенски јазик (2+2), летен семестар 2008/09 | 2,4 |
| 28. | Словенечки јазик 2 како странски јазик (2+2,) летен семестар 2008/09 | 2,4 |
| 29. | Современ словенечки јазик 4 (2+2), летен семестар 2008/09 | 2,4 |
| 30. | Дијалектологија на словенечкиот јазик (2+2), летен семестар 2008/09 | 2,4 |
| 31. | Словенечки јазик 1 како јужнословенски јазик (2+2), зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 32. | Словенечки јазик 1 како странски јазик (2+2,) зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 33. | Современ словенечки јазик 1 (2+2), зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 34 | Современ словенечки јазик 5 (2+2), зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 35. | Преведување со контрастивна анализа на словенечкиот и македонскиот јазик 1 (2+2), зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 36. | Словенечки јазик 2 како јужнословенски јазик (2+2), летен семестар 2009/10 | 2,4 |
| 37. | Словенечки јазик 2 како странски јазик (2+2,) летен | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | семестар 2009/10 | |
| 38. | Современ словенечки јазик 2 (2+2), летен семестар 2009/10 | 2,4 |
| 39. | Современ словенечки јазик 6 (2+2), летен семестар 2009/10 | 2,4 |
| 40. | Преведување со контрастивна анализа на словенечкиот и македонскиот јазик 2 (2+2), летен семестар 2009/10 | 2,4 |
| 41. | Словенечки јазик 1 како јужнословенски јазик (2+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 42. | Словенечки јазик 1 како странски јазик (2+2,) зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 43. | Современ словенечки јазик 1 (2+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 44. | Современ словенечки јазик 3 (2+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 45. | Современ словенечки јазик 7 (2+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 46. | Јазични вежби по словенечки јазик 1 (0+4), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 47. | Правоговор/Правопис на словенечкиот јазик (2+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| 48. | Историја на словенечкиот јазик (2+2), зимски семестар 20010/2011 | 2,4 |
| 49. | Преведување со контрастивна анализа на словенечкиот и македонскиот јазик 1(2+2), зимски семестар 2010/2011 | 2,4 |
| | | |
| | | |

| **Ред. број** | **Одржување настава од втор циклус студии** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија-Брисел), настава по македонски јазик, во рамките на предметот македонски јазик и култура (4 часа), зимски семестар 2007/2008 | 0,2 |
| 2. | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија-Брисел), настава по македонски јазик, во рамките на предметот македонски јазик и култура (6 часа), зимски семестар, 2008/2009 | 0,3 |
| 3. | Постдипломски специјалистички студии по конференциско толкување (соработка со Европската комисија-Брисел), настава по | 0,3 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Сокентор на 1 докторска дисертација во соработка со Универзитетот во Марибор, Филозофски факултет, 2010 (во тек) | |
| 2. | Учесник во меѓународен проект ТЕМПУС-МАЛТЕК, *Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик* (International project TEMPUS – MALTEK, *Centre for testing and certifying Macedonian language as a foreign/second language, participant and vice/coordinator*), 2007/2008. | 5 |
| 3. | *Учесник во* меѓународен проект на УНЕСКО, *Меѓународен семинар за оформување на процедури за тестирање според европски стандарди и нивна примена во македонскиот јазик како странски (International Train—the-Trainer Workshop on Developing Standard Testing Procedur and their Implementation in Macedonian as a foregn language)*, 2008/2009. | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународен проект ТЕМПУС, *Унапредување на курикулумот во наставата по македонски јазик како странски (International project TEMPUS, Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading*), 2009-2011. | 5 |
| 5. | Учесник во меѓународен проект *Локализација на Office 2007 и Windows Vista за корпорацијата Microsoft, проект на Microsoft Office (Localization of Office 2007 and Windows Vista for corporation Microsoft)*, 2006/2007. | 5 |
| 6. | Учесник во меѓународен проект: *Мигранти-Вклучување на децата на иселениците во словенечкиот образовен систем (Migranti-Vključevanje otrok preselenjcev v slovenski izobraževalni sistem)*, проект на Владата на Р. Словенија, Министерството за образование, наука и технологија (2006). | 5 |
| 7. | Монографија: Од семантиката и синтаксата на дел од словенечките и македонските партикули, | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2007 (за монографијата е објавена позитивна оцена во реномираното словенечко научно списание *Славистична ревија (Slavistična revija)* од 2008 (1), Љубљана, 117-118) | |
| 8. | Дел од монографија: Хиерархизација на јазиците во Р. Македонија во споредба со Р. Словенија во однос на јазичната политика на ЕУ, Избрани поглавја од Историјата на македонскиот писмен јазик/Бојата на јазикот (Љ. Спасов), Култура, Скопје, 2006, 235-242. | 4 |
| **Ред.бр.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:** | |
| 1. | Словенечките партикули *še, že, samo, le, celo* и македонските партикули уште, веќе, само дури (и) од семантичко-синтаксички аспект, *Филологические заметки,* 4, вол. 2, Перм, 2006, 3-11. | 3 |
| 2. | Тенденции во современиот македонски јазик во поглед на употребата на одделни суфикси за образување nomina agentis, *Функционални аспекти на зборообразувањето (Зборник),* Национална академија на науките на Белорусија, Минск, 2006, 38-45. | 3 |
| 3. | За партикулите во словенечкиот и во македонскиот јазик од семантичко-синтаксички аспект. *Jezikovna predanost,* Zora, 44, Maribor, 2006: 101-107. | 3 |
| 4. | Словенечката лексема *celo* наспрема македонската дури (и) како нејзин еквивалент од семантичко-синтаксички аспект, *XIV Меѓународен славистички конгрес (Зборник),* МАНУ, Скопје, 2008, 19-39. | 3 |
| 5. | Slovenščina kot tuji jezik – težave, s katerimi se srečujejo govorci makedonščine, *Zbornik Obdobja 28,* Univerza v Ljubljani, Filozofska fakulteta, Ljubljana, 2009: 27-32. | 3 |
| 6. | Современиот македонски јазик меѓу традицијата и современите зборообразувачки тенденции (со осврт на суфиксните именски образувања), *Одраз на историјата и културата на народите врз зборообразувањето, (Зборник),* Национална академија на науките на Украина, Киев, 2010: 18-25. | 3 |
| 7. | Карактеристике система глаголских времена у македонском језику у поређењу са словеначким и другим јужнословенским језицима, *Српска књижевност и језик у јужнословенском контексту (Зборник радова),* (уред. Михајло Пантиќ), Београд, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2010, (во печат). | |
| | | |
| ред.бр. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови:** | |
| 8. | Проблеми при преведувањето од македонски на словенечки јазик, *XXXIII меѓународна научна конференција, Охрид, 2006,(Зборник*), Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Скопје, 2007, 57-68. | 2 |
| 9. | Системот на глаголски времиња во македонскиот јазик наспрема словенечкиот и другите јужнословенски јазици, *XXXV меѓународна научна конференција, Охрид, 2008, (Зборник),* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Скопје, 2009, 59-65. | 2 |
| 10. | Македонскиот и словенечкиот јазик (особености кои ги доближуваат и ги оддалечуваат, *Трета македонско-словенечка конференција, Охрид, 2007 (Зборник),* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 181-198. | 2 |
| 11. | Прагматични фраземи во македонскиот и во словенечкиот јазик, Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 267-274. | 2 |
| 12. | Продуктивноста и непродуктивноста на одделни суфикси за образување nomina agentis во современиот македонски јазик, *Зборник посветен на Кирил Конески,* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 19-26. | 2 |
| 13. | За партикулите во македонскиот, словенечкиот и полскиот јазик, македонско-полска конференција, Скопје, 2009, Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески" (во печат). | 2 |
| 14. | Обиди за дефинирање на партикулите во науката за јазикот, *Зборник посветен на Лилјана Минова-Ѓуркова,* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009: 19-27. | 2 |
| 15. | 50 години од изучувањето на словенечкиот јазик на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, *Годишен зборник на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески"во Скопје,* Универзитет ,,Св. Кирил Методиј", Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2010, 519-524. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Улогата на партикулите и нивното дефинирање во јазикот од семантичко-синтаксички аспект (врз примери од македонскиот и словенечкиот јазик), *XXXVII меѓународна научна конференција, Охрид, 2010 (Зборник)*, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје (во печат): | 2 |
| ред. Број | **Одржано предавање на покана на универзитет:** | |
| 1. | **2006 г.** (март), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, со циклус предавања од областа на современиот македонски јазик. | 3 |
| 2. | **2006 г.** (април), гостин - професор на Универзитетот Карл-Франц во Грац, Р. Австрија, со предавања од областа на современиот македонски јазик. | 3 |
| 3. | **2007 г.** (април), гостин - професор на Универзитетот Карл-Франц во Грац, Р. Австрија, со циклус предавања од областа на современиот македонски јазик наспрема другите јужнословенски јазици. | 3 |
| 4. | **2008 г.** (мај), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, со предавања од областа на современиот македонски јазик и македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици. | 3 |
| 5. | **2009 г.** (март) гостин прогесор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, со предавања од областа на македонскиот јазик и од областа на словенечкиот јазик, контрастивен преглед со историски развој на македонскиот и словенечкиот јазик и македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици. | 3 |
| 6. | **2009 г.** (март), гостин - професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р. Словенија, со циклус предавања од областа на современиот македонски јазик и македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици. | 3 |
| 7. | **2010** (мај), гостин - професор на Универзитетот ,,Карл-Франц", Институт за славистика во Грац, Р. Австрија со циклус предавања од областа на македонскиот јазик, македонскиот јазик наспрема словенечкиот и другите јужнословенски јазици, како и македонскиот јазик во однос на другите словенски | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | јазици (на современи лексички теми). | |
| ред. Број | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** | |
| 1. | XXXIII меѓународна научна конференција, Охрид, 28-29 август 2006, на тема: *Проблеми при преведувањето на македонски од другите словенски и несловенски јазици и обратно (со реферат: Проблеми при преведувањето од македонски на словенечки јазик),* Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" - Скопје . | 1 |
| 2. | IX меѓународна научна конференција (заседание) на Комисијата за словенско зборообразување, Минск, октомври 2006, на тема: *Функционални аспекти на зборообразувањето* (тема на рефератот: Тенденции во современиот македонски јазик во поглед на употребата на одделни суфикси за образување nomina agentis), Национална академија на науките на Белорусија. | 1 |
| 3. | Трета македонско-словенечка научна конференција, Охрид, 12-15 септември 2007, на тема: *Македонско-словенечки јазични, книжевни и културни врски* (со два реферата: Македонскиот и словенечкиот јазик (особености кои ги доближуваат и ги оддалечуваат и Прагматични фраземи во македонскиот и во словенечкиот јазик), Филолошки факултет ,,Блаже Конески"-Скопје. | 1 |
| 4. | XXXV меѓународна научна конференција, Охрид, 25-26 август, 2008, на тема: *Македонскиот глагол во балкански контекст* (со реферат: Системот на глаголски времиња во македонскиот јазик наспрема словенечкиот и другите јужнословенски јазици), Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" - Скопје. | 1 |
| 5. | XIV меѓународен славистички конгрес, Охрид, септември 2008 (со реферат: *Словенечката лексема celo наспрема македонската дури (и) како нејзин еквивалент од семантичко-синтаксички аспект*, Македонска академија на науките и уметностите. | 1 |
| 6. | Македонско-полска научна конференција (50 години на полоницитиката во Македонија), Скопје, октомври 2009 *(со реферат: За партикулите во македонскиот, словенечкиот и полскиот јазик),* Филолошки факултет | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | ,,Блаже Конески"- Скопје. | |
| 7. | Меѓународен научен симпозиум ,,Обдобја", Љубљана, ноември 2009, на тема: *Инфраструктура на словенечкиот јазик (Infrastruktura slovenskega jezika),* (тема на рефератот: Slovenščina kot tuji jezik – težave, s katerimi se srečujejo govorci makedonščine), Филозофски факултет при Универзитетот во Љубљана. | 1 |
| 8. | XII меѓународна научна конференција (заседание) на Комисијата за словенско зборообразување, Киев, мај 2010, на тема: *Одраз на историјата и културата на народите врз зборообразувањето,* (со реферат: Современиот македонски јазик меѓу традицијата и современите зборообразувачки тенденции (со осврт на суфиксните именски образувања), Национална академија на науките на Украина. | 1 |
| | | |
| | **Вкупно:** | **105** |
| | | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | Експертски активности: | |
| 1. | Член на Комисијата за словенско зборообразување при Меѓународниот славистички комитет (од 2006 -). | 1 |
| 2. | Рецензент на книгата: *Веселиот ден или Матичек се жени* од Антон Томаж Линхарт (приредувач: Јасна Котеска), Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Филолошки факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2008. | 1 |
| 3. | Член на Комисијата за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески", Скопје, 2009. | 1 |
| 4. | Член на Одборот за магистерски студии по конференциско толкување (симултано и консекутивно толкување) на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (од уч. 2007/2008-). | 1 |
| 5. | Член на комисии за прием на кандидати на магистерските студии по конференциско толкување | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | (симултано и консекутивно толкување) на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, (од уч. 2007/2008-). | |
| 6. | Носител на реализацијата на наставата по предметот македонски јазик на додипломските студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р. Словенија (од уч. 2008/2009-) | 1 |
| 7. | Носител на реализацијата на наставата по македонски јазик на докторските студии по болоњскиот процес на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија (од уч. 2008/2009 -). | 1 |
| 8. | Рецензент за избор во повисоко наставно-научно звање на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, 2009. | 1 |
| 9. | Член на Комисијата задолжена да го спроведе и оцени испитот за назначување судски преведувачи при Министерството за правда на Република Македонија, (од 2008 -) | 1 |
| 10. | Сертифициран составувач и оценувач на тестови по македонски јазик како странски за средно рамниште (од 2009-) | 1 |
| | **Изведбен проект:** | |
| 1. | Координатор од македонска страна на проектот: *Светски денови на словенечката литература (Svetovni dnevi slovenske literature),* во соработка со Центарот за словенечки јазик како втор/странски јазик при Универзитетот во Љубљана, Филозофски факултет, 2006. | 0,5 |
| 2. | Координатор од македонска страна на проектот: *Светски денови на словенечката литература на филм (Svetovni dnevi slovenske literature na filmu),* во соработка со Центарот за словенечки јазик како втор/странски јазик при Универзитетот во Љубљана, Филозофски факултет, 2008; | 0,5 |
| 3. | Координатор од македонска страна на проектот: *Светски денови на современата словенечка литература (Svetovni dnevi sodobne slovenske literature),* во соработка со Центарот за словенечки јазик како втор/странски јазик при Универзитетот во Љубљана, Филозофски факултет, 2010. | 0,5 |
| | | |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | Продекан за финансии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Уредник на Зборникот од Третата македонско-словеначка конференција, издание на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, 2009. | 2 |
| | Претседател на Организациониот одбор за организирање на Третата македонско-словеначка конференција (Охрид, 2007). | 2 |
| | Претседател на Организациониот одбор по повод одбележувањето на 50-годишнината од наставата по словеначки јазик на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2010). | 1 |
| | Член на Одборот за одбележување на 60-годишнината од основањето на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2006). | 0,5 |
| | Претседател на Комисијата за јавни набавки на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2004-2007). | 0,5 |
| | Претседател на Пописната комисија за попис на библиотечниот фонд на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2007). | 0,5 |
| | Член на Одборот за издавачка дејност на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2006-2008) | 0,5 |
| | Член на Комисијата за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје (2009) | 0,5 |
| | Излагање по повод јубилејот на Факултетот: *50 години од изучувањето на словенечкиот јазик на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје*. Скопје, април 2010. | 0,5 |
| | Модератор и учесник на тркалезна маса (меѓународна) на тема: *Словенистиката и македонистиката – искуства, перспективи и идеи* (поттеми: Словенечкиот и македонскиот јазик – актуелни прашања на денешницата и Словенистиката во Македонија и македонистиката во Словенија), април 2010, Филолошки факултет ,,Блаже Конески" – Скопје. | 0,5 |
| | Учесник на трибината на тема: *Македонскиот јазик како странски – актуелни состојби и перспективи,* по повод *Година на македонскиот јазик*, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје 2008. | 0,5 |
| | Државна награда - Признание од страна на Владата на Република Словенија (Канцеларија на Владата на Република Словенија за Словенците по светот) за дваесетгодишно предавање на словенечкиот јазик на универзитетско ниво и сеопшт придонес во | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | афирмацијата на словенечкиот јазик и култура во Република Македонија (2010). | |
| | **Студиски престој во странство (до три месеци)** | |
| 1. | 2006 - Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, Семинар за универзитетските наставници по словенечки јазик на странските универзитети. | 0,5 |
| 2. | 2007- Центар за словенечки јазик како втор/странски јазик при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, Семинар од областа на изготвувањето тестови и прирачници за тестирање на знаењето на македонскиот јазик како странски/втор јазик. | 0,5 |
| 3. | 2008 - Филозофски факултет при Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, Семинар за универзитетските наставници по словенечки јазик на странските универзитети. | 0,5 |
| 4. | 2008 - АЛТЕ - центарот во Кембриџ, Велика Британија, Семинар од областа на изготвувањето тестови и прирачници за тестирање на знаењето на македонскиот јазик како странски/втор јазик, како и учебници по македонски јазик за странци. | 0,5 |
| 5. | 2010 - Ново Место, Јавна агенција за книга при Владата на Р. Словенија, Семинар за преведувачите на словенечка литература. | 0,5 |
| | **Членство во извршно тело на меѓународна организација:** | |
| 1. | Член на Комисијата за словенско зборообразување при Меѓународниот славистички комитет (од 2006 -). | 2 |
| | **Вкупно:** | **34** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **123,78** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **105** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **34** |
| **Вкупно:** | **262,78** |

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Људмил Спасов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Ада Видович -Муха, редовен професор, с.р.**
**Д-р Мито Миовски, редовен професор, с.р.**

**Реферат**

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница од 27.12 2010 година, Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања избра Комисија за избор на редовен професор во областа на социологијата и комуникациите, по завршениот јавен конкурс на кој единствен пријавен кандидат беше проф. д-р Петар Атанасов. По прегледаната документација, Комисијата во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Јорде Јакимовски и проф. д-р Ружица Цацаноска го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Проф. д-р Петар Атанасов е роден во Скопје, Р. Македонија во 1962 година. Дипломирал во 1989 година на Филозофскиот факултет, група социологија. На истиот Факултет магистрирал во 1999 година. Во 2002 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Мултикултурализмот како теорија, политика и практика " на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и се стекнал со звањето доктор на социолошки науки.

**Избор во наставно-научни звања:**

- во 2003 година, проф. д-р Атанасов е избран за доцент на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања;
- во 2006 година е избран за вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања;
- во 2008 година е избран за вонреден професор на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје, по предметите: мултикултурализам и меѓународни организации;
- во 2006 и 2007 година предавал на постдипломските студии во Сараево, што е проект на Европската комисија. Постдипломските студии ЕРМА се организирани и спроведени од универзитетите во Сараево и во Болоња. Исто така, во рамките на студиите менторирал повеќе студенти од регионот.

**Општествено-политички функции:**

Кандидатот работи како новинар-уредник во Македонкската телевизија од 1990 до 1994 година. Најдолго време работел во редакцијата за надворешна политика. Од 1994 до 1999 година работел како портпарол во Министерството за одбрана на Република Македонија. Во 2000 и 2001 година работел како уредник во Одделението за издавачка дејност на Министерството за одбрана. Повеќе години е член на Издавачкиот одбор на Министерството за одбрана. Од 2002 година е во редовен работен однос во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Од 2009 година е член на Комисијата за евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Кандидатот е еден од основачите на Институтот за социолошки анализи, граѓанско здружение што покрива теми од поширокат област на социологијата.

**Учество на домашни и меѓународни конференци и научни собири:**

- Second International Conference on European integration: Bringing Europe in: Different Mechanisms of Europeanization - University American College (Skopje, 2007);
- Third International Conference on Euro-Atlantic integration - University American College (Skopje, 2008);
- “100 years sociology”, anniversary event and conference, London School of Economics, 2008.

**Објавени трудови:**

- „Образованието и социо-економскиот развој“ Годишник на ИСППИ, Скопје, 2009;
- „Учеството на родителите во образованието на нивните деца“ Годишник на ИСППИ, Скопје, 2008;
- „Етничките јазли и македонскиот мултикултурализам“ Годишник на ИСППИ, Скопје, 2007;
- „Верското образование и јавното мислење“, група автори, ФИООМ, Скопје, 2007;
- „Инклузивноста на македонското општество“, група автори, ФИООМ, Скопје, 2008;

- „Македонскиот национален идентитет: квантитативни разлики меѓу унитарниот и субалтерните национални митови и наративи", Лондонска школа за економија, Лондон, 2006.

**Учество на проекти:**

- „Политичката култура во Република Македонија", финансиран од ФИООМ, 2010;
- „Македонија - демократизација преку еквализација, финансиран од Амбасадата на Норвешка, 2009;
- „Инклузивноста на македонското општество, финансиран од ФИООМ, 2008;
- „Доверба во граѓанското општество", финансиран од МЦМС, 2007;
- „Верското образование во училишните програми",финансиран од ФИООМ, 2007;
- „Процесот на децентрализацијата и јавното мислење" финансиран од Европската агенција за реконструкција, 2007;
- „Потребите на публиката за телевизиска продукција и уредување", финансиран од Центарот за медиуми, 2006;
- „Јавното мислење и корупцијата во Македонија", финансиран од Агенцијата за борба против корупцијата и Советот на Европа, 2006;
- „Имплементација на Охридскиот рамковен договор", финансиран од Министерството за образование и наука, 2006;
- „Реформи во одбраната и јавното мислење", Министерство за одбрана, 2006;
- „Политиката и хибридните режими", меѓународен научен проект, национален координатор, Лондонска школа за економија, Катедра за развој 2010-2016, меѓународен научен проект;
- „Културната исклученост во македонското општество", УНДП, меѓународен научен проект;
- „Учеството на родителите во образованието на децата", финансиран од Сорос - Будимпешта, меѓународен научен проект.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на прегледаните материјали, Комисијата оценува дека кандидатот ги исполнува сите законски услови, како и условите предвидени со конкурсот.

Проф. д-р Атанасов е автор на повеќе научни трудови кои третираат теми од областа на социологијата, од кои е евидентна неговата компетентност за научна анализа во областа. Неговите трудови претставуваат несомнен придонес во македонската социолошка мисла. Кандидатот, исто така, има богато искуство во водење и учество во бројни проекти, што ја потврдува неговата научна посветеност и мотивираност за примена на научните сознанија конкретно во македонската практика. Комисијата смета дека проф. д-р Петар Атанасов ги исполнува условите и му предлага на Наставно- научниот совет да го избере во звањето редовен професор.

Комисија

Проф. д-р Јорде Јакимовски, с.р.

Проф. д-р Емилија Симоска, с.р.

Проф. д-р Ружица Цацаноска, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Петар Атанасов
**Институција:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје
**Научна област**: социологија и комуникации

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Социологија на промени**, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2006/2007 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 2. | Социологија на промени, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2007/2008 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 3. | Социологија на промени, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2008/2009 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 4. | Социологија на промени, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2009/2010 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 5. | **Методологија на социолошки истражувања**, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2006/2007 (30 часа), летен | 2,4 |
| 6. | Методологија на социолошки истражувања, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2007/2008 (30 часа), летен | 2,4 |
| 7. | Методологија на социолошки истражувања, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2008/2009 (30 часа), летен | 2,4 |
| 8. | Методологија на социолошки истражувања, социологија-менаџмент на општествени промени, постдипломски, ИСППИ 2009/2010 (30 часа), летен | 2,4 |
| 9. | **Глобализација и комуникации**, комуникации, постдипломски, ИСППИ 2007/2008 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 10. | Глобализација и комуникации, комуникации, постдипломски, ИСППИ 2008/2009 (30 часа) , зимски | 2,4 |
| 11. | Глобализација и комуникации, комуникации, постдипломски, ИСППИ 2009/2010 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 12. | **Модерноста и идентитетот**, комуникации, постдипломски, ИСППИ 2007/2008 (30 часа), летен | 2,4 |
| 13. | Модерноста и идентитетот, комуникации, постдипломски, | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | ИСППИ 2008/2009 (30 часа), летен | |
| 14. | Модерноста и идентитетот, комуникации, постдипломски, ИСППИ 2009/2010 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 15. | **Мултикултурализам**, политички науки, постдипломски, ИСППИ 2006/2007 (30 часа, ), летен | 2,4 |
| 16. | Мултикултурализам, политички науки, постдипломски, ИСППИ 2007/2008 (30 часа), летен | 2,4 |
| 17. | Мултикултурализам, политички науки, постдипломски, ИСППИ 2008/2009 (30 часа). летен | 2,4 |
| 18. | Мултикултурализам, политички науки, постдипломски, ИСППИ 2009/2010 (30 часа), летен | 2,4 |
| 19. | **Менаџмент на промени**, менаџмент на човечки ресурси, постдипломски, ИСППИ 2009/2010 (30 часа), зимски | 2,4 |
| 20. | **Мултикултурализам** – политички науки, Универзитет „Американ колеџ" Скопје –зимски 2007/2008(4 x 15 недели) | 2,4 |
| 21. | Multiculturalism, political sciences, University American College Skopje – летен 2008/2009(4 x 15 недели) | 2,4 |
| 22. | **Меѓународни организации** – политички науки, Универзитет „Американ колеџ" Скопје –зимски 2007/2008(4 x 15 недели) | 2,4 |
| 23. | International organizations, political sciences, University American College Skopje – летен 2008/2009(4 x 15 недели) | 2,4 |
| 24. | Авторизирани предавања од областа на социологијата на промени, ИСППИ | 4 |
| 25. | Авторизирани предавања од областа на методологијата на социолошки истражувања, ИСППИ | 4 |
| 26. | Авторизирани предавања од областа на глобализацијата и комуникациите, ИСППИ | 4 |
| 27. | Авторизирани предавања од областа на мултикултурализмот, ИСППИ | 4 |
| 28. | Авторизирани предавања од областа на менаџментот на промени, ИСППИ | 4 |
| 29. | Ментор на докторска работа (4) | 12 |
| 30. | Ментор на магистерска работа (14) | 14 |
| 31. | Член на комисии за одбрана на докторска работа (12) | 6 |
| 32. | Член на комисии за одбрана на магистерска работа (27) | 8,1 |
| | **Вкупно** | **108,3** |

## НАУЧНО–ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активности** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | „Политичката култура во Република Македонија", финансирано од ФИООМ, 2010. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | „Македонија - демократизација преку еквализација, финансиран од Амбасадата на Норвешка, 2009. | 3 |
| 3. | „Инклузивноста на македонското општество, финансиран од ФИООМ, 2008. | 3 |
| 4. | „Доверба во граѓанското општество", финансиран од МЦМС, 2007. | 3 |
| 5. | „Верското образование во училишните програми", финансиран од ФИООМ, 2007. | 3 |
| 6. | „Процесот на децентрализацијата и јавното мислење", финансиран од Европската агенција за реконструкција, 2007. | 3 |
| 7. | „Потребите на публиката за телевизиска птродукција и уредување", финансиран од Центарот за медиуми, 2006. | 3 |
| 8. | „Јавното мислење и корупцијата во Македонија", финансиран од Агенцијата за борба против корупцијата и Советот на Европа, 2006. | 3 |
| 9. | „Имплементација на Охридскиот рамковен договор", финансиран од Министерството за образование и наука, 2006. | 3 |
| 10. | „Реформи во одбраната и јавното мислење", Министерство за одбрана, 2006. | 3 |
| 11. | „Политиката и хибридните режими", меѓународен научен проект, национален координатор, Лондонска школа за економија, Катедра за развој 2010-2016, меѓународен научен проект. | 6 |
| 12. | „Културната исклученост во македонското општество", УНДП, меѓународен научен проект. | 5 |
| 13. | „Учеството на родителите во образованието на децата", финансиран од Сорос-Будимпешта, меѓународен научен проект. | 5 |
| | | |
| | **Вкупно** | **51** |

## СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Предавач на политичките школи на ФОРУМ (4 школи), финансирани од Советот на Европа | **8** |
| **2.** | Предавач на политичките школи на Фридрих Еберт Штифтунг (5 школи) | **10** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Обучувач на Парламентарната комисија за одбрана во 2006 година, проект на Пактот за стабилност, финансиран преку Центарот за безбедносни студии од Универзитетот во Гронинген | 2 |
| | | |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на Меѓународната социолошка асоцијација од 2006 | 2 |
| 2. | Предавал мултикултурализам на постдипломските студии за човекови права и демократија на Универзитетот во Сараево, во соработка со Универзитетот од Болоња, 2006-2008 | 4 |
| 3. | Член на Балканската мрежа на истражувачи на Центарот за глобално владеење на Лондонската школа за економија од 2006 па наваму | 2 |
| 4. | Од 2006 година е член на Научниот борд на Центарот за европски и ориентални студии при Универзитетот во Болоња. | 2 |
| 5. | Член на Издавачкиот одбор на Министерството за одбрана, 2006-2008 година | 0,5 |
| 6. | Член на Издавачкиот одбор на Центарот за управување со кризи, 2007-2008 година | 0,5 |
| 7. | Од 2008 до 2009 е визитинг-професор на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје. | 2 |
| 8. | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 33 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | |
|---|---|
| | |
| **НАСТАВНО- ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 108,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 51 |
| **СТРУЧНО- УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 33 |
| **Вкупно** | 192,3 |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Јорде Јакимовски, с.р.
2. Проф. д-р Емилија Симоска, с.р.
3. Проф. д-р Ружица Цацаноска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МИМОЗА БАКИЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО- ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со решение на Институтот бр.02-1405/16 од 27.10.2010 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од кандидатката м-р Мимоза Бакиевска на тема „Насилството врз жената во Република Македонија", во состав: проф. д-р Љубица Чонева- ментор, проф д-р Виолета Чачева, проф д-р Наташа Габер-Дамјановска, проф. д-р Нелко Стојановски и проф. д-р Мирјана Сланинка - Динева. По разгледувањето на приложениот текст на дисертацијата и усогласувањето на мислењата, Комисијата има чест и задоволство да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### *Приказ на содржината на трудот*

М-р Мимоза Бакиевска до Комисијата го поднесе текстот на докторската дисертација, кој опфаќа 227 страници компјутерски обработен текст, од кои 5 страници се заклучоци, и на исто толку страници се наведени библиографски единици користена литература .

Материјалот што е предмет на оцена на овој извештај е структуриран во вовед, теоретски дел со 14 поглавја, истражувачки дел со 9 поглавја, заклучни согледувања, користена литература и прилози кои заедно сочинуваат една целина.

Во воведниот дел се истакнува дека промените во начинот на живеење и вклученоста на жената во целокупниот социо-економски и политички живот во современиот свет го детерминираат и насилството врз жената од различен вид, кое во последно време зазема сè поголем замав. Во овој дел од дисертацијата се изнесуваат значајни

параметри за насилството врз жената во семејството, на работното место, многуте физички насилства на разни места во нејзиното опкружување и сл. Оттука насилството, како појава, станува сè поопасно по животот и безбедноста на жената и како такво е постојано актуелно во целиот свет од аспект на неговата превенција. Посебно заслужува внимание, според наводите на авторката, фактот дека во последните години многуте видови на насилство бележат постојан пораст кој се однесува и на Република Македонија. Актуелноста и значењето на овој проблем за истражување добива поголема димензија особено од научен и општествен аспект, кога станува збор за промените на традиционалното прашање за местото и улогата на жената и се уште, за жал, присутната нерамноправност во однос на мажот кои имаат социјално, културно, економско, политичко, емоционално и друго значење, што е еден од аспектите во предметот на оваа докторска дисертација.

Во проектната рамка на дисертацијата, како што е вообичаено, авторката го дефинира предметот на научното истражување, ги назначува целите и хипотезите на проблемот и ја определува методолошката и содржинската рамка на трудот.

Една од основните интенции во предметот на докторскиот труд е со истражувањето да се обезбедат потребните податоци за раширеноста на насилството врз жената во Република Македонија и неговите посериозни последици, преку бројот на евидентираните жени кои пријавиле насилство на националната телефонска линија за жртви на насилство, во полиција, во социјалните служби и сл.

Притоа авторката како особено значајни за истражувањето ги наведува следниве ентитети: жената како субјект со својот интегритет во современото општество; причините кои доведуваат до нарушување на односите поврзани со местото и улогата на жената во семејството и општеството; негативното влијание на транзициските услови за положбата на жената на социјален, економски, културолошки, емоционален план и слично. Во овој контекст разработени се и видовите на насилство и нивните последици врз жената, децата, семејното живеење и општеството во целост во Република Македонија, како и значењето на откривањето и пријавувањето на овие насилства за нивно спречување и рехабилитација на жртвите. Поради вака широко поставениот предмет на интерес во докторската дисертација, којшто реално треба да даде објективна слика на појавата во Република Македонија, кандидатката Бакиевска со право потенцира дека на оваа појава секогаш и се дава повеќедимензионалност во однос на дисциплините и субјектите кои учествуваат во проучувањето на оваа појава. Дотогаш, пак, мерките во третирањето на

овие појави треба да произлегуваат од програми со краткорочно и долгорочно дејствување.

Тргнувајќи од доста широко поставената теоретска рамка на трудот, кандидатката м-р Мимоза Бакиевска јасно ги формулира и основните цели на оваа докторска студија од научен и апликативен карактер, со интенција најпрво да се согледа динамиката и видовите на насилство врз жената во нашата држава после осамостојувањето. Непосредната научна цел ја формулира во оцена на влијанието на причините кои најчесто доведуваат до насилство врз жената, која се доведува во тесна врска со практичната цел за зголемување на јавната свест и охрабрување на овие популациони групи од населението да го пријавуваат насилството, со цел да бидат спасени од натамошно малтретирање од насилникот.

Во рамките на приоритетните цели на истражувањето од овој карактер се поставува потребата од едукација на стручните лица за справување со насилството врз жената кои главно доаѓаат во контакт со проблемот, како што се психолози, социјални работници, лекари, полицајци, судии и други.

Во првиот, „Теоретски дел", кандидатката доволно опфатно ги изложува теоретските гледишта за основните поими во трудот. Осврнувајќи се на многуте различни дефиниции за оваа појава, објаснува дека тие произлегуваат од научната област која го разработува насилството и затоа постои и различно толкување од правен, социолошки, психолошки и друг аспект. При тоа подвлекува дека овие видови на насилство се уште се недоволно правно покриени.

Во понатамошниот текст на овој дел од докторската дисертација аргументирано, со нужен и доволен коментар се дава елаборација на параметрите за распространетоста на насилството кај женската популација во светот, земјите од поранешна Југославија и во Република Македонија. Анализата за политиката за контрола на насилството врз жената е обработена во делот „Видови привремени мерки на заштита" преку мерките на заштита што ги изрекува судот на сторителот на насилството. Тие главно се однесуваат на семејното насилство и опфаќаат: забрана да се заканува дека ќе стори насилство; забрана да малтретира, да телефонира, да контактира или да комуницира со жртвата; отстранување на насилникот од домот; забрана за поседување огнено оружје; задолжително враќање на предмети на жртвата; лекување на насилникот и други мерки.

Основите на општествениот аспект на насилството со сознанијата за неговите појавни облици, т.е. феноменологијата на појавата, етиолошките фактори и

превентивните облици се претставени во останатите поглавја од теоретскиот дел од дисертацијата. Поднасловот „Општи сознанија за видовите насилство врз жената" претставува централен дел од разработката на значајните карактеристики на предметната тема, кој насилствата врз жената ги класифицира во две групи: според местото каде што жената може да трпи насилство и според видот на извршеното дело. Според првиот критериум се разработени три главни групи на насилства, и тоа: семејно насилство, насилство на работното место и воено насилство. Според обликот на насилството, односно вториот критериум, се прави осврт на физичкото, психичкото, сексуалното, економското и насилството на работното место, како најчести појавни облици на насилство. Сите овие видови на насилства, според поодделните аспекти и значајни белези, се проблемски разработени во една целина.

Интересот за тезата „Причини поради кои жената останува жртва на насилство", кандидатката м-р Мимоза Бакиевска го лоцира на оправданиот страв на жените-жртви за нивната иднина и безизлезност, но и барање вина во самите себе за настанатата ситуација. Најчестите оправдувања од страна на жртвите за своето понатамошно останување со насилникот се следни: грижа за децата, ветувањето на насилникот дека ќе се поправи, идеализирањето на личноста на насилникот, заљубеност во насилникот, недоволната информираност за своите права, страв од убиство, срам од средината и слично.

Етиологијата на насилничкото однесување врз жената во докторскиот труд се поврзува со голем број фактори од различен вид, кои ги формираат негативните карактерни особини на насилниците, кои претставуваат испреплетеност на ситуациони околности, стекнати навики за малтретирање и изживување од членови во семејството, поседување на негативни навики односно пороци, до верски предрасуди и убедувања и сл. Од нив во секојдневниот живот најчесто се застапени алкохолизмот, наркоманијата, економската зависност, љубомората и прељубата, злоупотребата на моќ, нарушеното психичко здравје, нарушените семејни односи, неможноста за видување на децата по разводот, злоупотребата на работното место, проституцијата и трговијата со луѓе, коцкањето, осаменоста, незадоволството од власта и институциите и др.

Мошне корисна и употреблива за насилството врз жените од аспект на причините за насилничкото однесување и последиците од него е анализата во делот „Студија на случај", во која се претставени 7 животни приказни за претрпено насилство преземени од документацијата на Центарот за социјална работа или од пресудите на Основниот суд во Битола за извршени насилства. Во нив, низ една динамична корелација се

претставени влијанието на индивидуалните животни стилови, разликите во културолошките фактори, здравствената култура и социјалната средина со различните ставови на поединците во однесувањето кон жената.

Делот во кој се претставени резултатите од истражувањето е вториот дел од трудот и претставува централен интерес на докторската дисертација, во кој се презентираат резултатите од анкетата за насилството врз жената во Република Македонија. Во првиот дел кандидатката ги обработува карактеристиките на анкетираните жени вклучени во истражувањето во однос на местото на живеење, половата, возрасната и националната структура, религиозната припадност, брачната состојба, образованието и постигнатиот успех .

Во следните поглавја од овој дел се прикажани резултатите од анкетата спроведена со 124 испитанички од општината Битола за проблемот насилство врз жената. Истражувачките резултати се презентираат преку продлабочена анализа за нивните познавања и ставови за насилството врз жената со кое се запознати, како и за други карактеристики на оваа појава.

Треба да се подвлече дека во овој дел од докторската дисертација, кандидатката покажала способност за логично поврзување и методолошко коректно планирање на истражувачкиот зафат. Емпириските податоци се средени и прикажани со помош на табели и графикони со апсолутни и релативни показатели. Кандидатката детално ги анализира одговорите на испитаниците користејќи се со аналитичка постапка за позначајните аспекти на истражуваниот проблем. Со помош на применетите методи, кандидатката дошла до интересни вредносни сознанија во врска со застапеноста на насилството кај жената во македонското општество и најчестите причини поврзани со неговото појавување и ширење.

***Оцена на докторската дисертација***

Докторската дисертација под наслов „Насилството врз жената во Република Македонија", изготвена од м-р Мимоза Бакиевска, претставува систематична студија за еден многу актуелен проблем кај женската популација во Република Македонија.

Во теориската и методолошката обработка, дисертацијата е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за докторска теза. Методите и техниките на научната работа, коректно се применети со опстојна користена и

цитирана библиографија. Исто така познавањето на поширокото подрачје на истражувањето и овозможуваат на кандидатката да реализира текст со широк дијапазон на релевантни ставови од социолошки, социјални, криминолошки и психолошки концепции. Теориските сознанија, како и општествените импликации содржани во оваа студија се многубројни и со несомнена практична вредност.

### *Заклучок*

Со оглед на важноста на испитуваното прашање, неговата актуелност, општествените импликации, како и начинот на обработка и применетите методолошки стандарди, Комисијата, со особено задоволство, му предлага на Советот на ИСППИ во Скопје, да ја прифати оваа позитивна оцена и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

2.Проф. д-р Виолета Чачева с.р.

3.Проф. д-р Наташа Габер- Дамјановска с.р.

4 .Проф. д-р Нелко Стојаноски с.р.

5.Проф. д-р Мирјана Сланинка- Динева с.р.

# РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ
ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница од 27.12.2010 година, Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања избра Комисија за избор на доцент во областа на комуникациите и политичката психологија, по завршениот јавен конкурс на кој единствен пријавен кандидат беше д-р Маријана Марковиќ.
По прегледаната документација, Комисијата во состав: проф. д-р Љубица Чонева, проф д-р Лидија Христова и проф. д-р Петар Атанасов го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатката Маријана Марковиќ е родена во Охрид, Р. Македонија, во 1969 година. Дипломирала на Институтот за психологија (УКИМ, Филозофски факултет, Скопје) во 1992 (запишана 1987 год.). На истиот Факултет магистрирала во 2002 година и се стекнала со звањето магистер на психолошки науки. Магистрирала на темата: *Морално судење на адолесцентите во ситуација на насилство врз државни симболи.* Во 2010 година ја одбранила докторската дисертација под наслов *Влијанието на социјализацијата на личноста во градењето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија* на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје и се стекнала со звањето доктор на комуникации.

**Учество на проекти**

Во текот на своето работење д-р Маријана Марковиќ учествувала на голем број проекти, меѓу кои во последните 5 години:

- *МЕДИУМСКО ОГЛЕДАЛО* (автор на анализи), НВО Инфоцентар, Фондација Институт отворено општество, 2005-2009;
- КАРДС - проект *РЕГИОНАЛНО ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР ВО СРБИЈА, КОСОВО, МАКЕДОНИЈА,* 2005/2006;
- спроведено истражување помеѓу студентите Албанци и Македонци за нивната перцепцијата на историските настани во текот на 2001 година (истражувањето е реализирано во 2005 год), ИСППИ;

- локален експерт за евалвација на РЕФОРМИТЕ ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, Европска агенција за развој, Министерство за образование и наука, ноември 2004- 2005;
- НЕВРАБОТЕНОСТ- РИЗИЦИ И ПРЕДИЗВИЦИ, Министерство за образование и наука, Скопје, 2007-2009.

**Дополнителна обука**

- Сертификат за учество на семинар наменет за обука на обучувачи за превенција на насилство: *Јакнење на капацитетите за превенција на насилство преку (TECH VIP),* обука, едукација, унапредување во здравството, наставна програма за превенција на насилство во високото образование на Светската здравствена организација;
- Обука за разрешување на конфликти, психотерпевт: Нада Игњатовиќ, Белград;
- Обука за разрешување на конфликти, Marshall Rosenberg, USA;
- Обуки од доменот на гешталт-психотерапијата: Harm Simens, Netherland, Graciela Sandbank, Germany, Tim Carrete, England, Giani Francesetti, Instituto di Gestalt, Italy, Richard Lompa, Netherland, Mladen Kostic, SRJ;
- Обука од доменот на терапија на движење, Malvern Lumsden, Norwey
- Обука од доменот на музико-терапија
- Обука од доменот на системска семејна терапија, Mary Willer, England
- Обука од доменот на социјална прва помош, проф. Дејан и проф. Марина Ајдуковиќ;
- Работилница за примена на студија на случај како наставна техника, John Broch, University of Washingtnon, USA;
- Лиценца за водител на театарски претстави по моделот на Happy Hippo Show, креатор на оригиналното шоу- Академијата за креативна морална едукација - промовирање на позитивни пораки преку медиум;
- Симулација на кризи, проф. Frederik Holborn, John Hopkins University;
- Open Society Institute International Higher Education Support Program, Academic Fellowship Program, 2004.

**Објавени трудови**

Во текот на своето работење во ИСППИ, Маријана Марковиќ има напишано и објавено повеќе трудови, меѓу кои во последните 5 години се:

- автор на анализите на извештаите на проектот *Медиумско огледало* од 2005 до 2009, Swedish Helsinki Commite for Human Rights, Фондација Отворено Општество, Скопје, Open Society Institute, Network media program Budapest http://www.nvoinfocentar.org.mk;
- *Personality in democratic society,* Зборник на трудови "Contemporars world between freedom and secyrity" од конференцијата: "Social responsibility in 21 century", Словенија, Пиран, 2010;
- *Political attitudes and Personality in a democratic Society,* The Western Balkans Policy Review, Volume 1 Issue 1, January/June 2010;

- *Карактеристики на моралното расудување кај студентите во Република Македонија*, Годишник на ИСППИ, Скопје, 2008;
- Личноста и семејството како фактори за малолетничка деликвенција. Студија: Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија, ИСППИ, 2007;
- Општеството во услови на социјална закана-предизвик за изградба на граѓанска свест; Годишник на ИСППИ, Скопје, 2007;
- Марковиќ, М. и Серафимовска, Е (2006) Перцепција на историските настани што се случија на територијата на Република Македонија во текот на 2001 година, Македонија по Рамковниот договор, Фондација Институт отворено општество, Скопје;
- "Political ideologies and moral reasoning among university students in Republic of Macedonia" труд презентиран на 31-то годишно научно собрание на ИСПП, Science Po, Paris, France, Jul 09, 2008, 2010-11-12 http://wwwallacademic.com.meta/p245996_index.html

**Учество на меѓународни конференции и собири**

- учество на меѓународната конференција MOSAIC, University of Konstanz, Konstanz, Germany, 2005, со трудот: *Moral judgment competence of adolescents about transgression toward state symbols;*
- учество на 31. Меѓународна конференција на политички психолози, Градење на мостови: Политичката психологија и другите дисциплине, Париз, Франција, 9-12.07.2008, со трудот: *Политичката идеологија и моралното расудување кај студентите во Република Македонија;*
- учество на Седмата меѓународна конференција за бизнис и вработување: *Улогата на ЕУ - интегративните процеси во развојот на бизнисот и можноста за вработување во Косово и другите земји во транзиција*, 9-10 октомври, 2008, Косово, Приштина, со текстот под наслов *Како да се имплементира демократијата во цивилното општество;*
- учество на конференцијата *Западен Балкан: можности или предизвици за иднината на ЕУ?*, Косово, Приштина 26-27 јуни 2010 со текстот: *Политичките ставови и личноста во демократското општество;*
- учество на конференцијата *Социјалната одговорност во 21 век, Втора Словенска конференција за општествени науки*, Пиран, Словенија, 30 септември – 2 октомври 2010, со текстот: *Личноста во демократското општество.*

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на прегледаните материјали, Комисијата оценува дека кандидатката ги исполнува сите законски услови, како и условите предвидени со конкурсот.

Д-р Маријана Марковиќ е автор на повеќе научни трудови, кои третираат теми од развојната психологија, психологијата на моралот, политичката психологија и комуникациите, од кои е евидентна нејзината компетентност за научна анализа во овие области. Кандидатката исто така има богато искуство од учество во разни проекти, што ја потврдува нејзината научна посветеност и мотивираност за истражување и примена на научните сознанија. Комисијата смета дека д-р Маријана Марковиќ може успешно да се вклучи во дејностите на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет да ја избере во звањето доцент.

**Комисија**

Проф д-р Љубица Чонева с.р.

Проф д-р Лидија Христова с.р.

Проф д-р Петар Атанасов с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Маријана Марковиќ
**Институција:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје
**Научни области:** комуникации и политичка психологија

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Комуникологија ИСППИ летен семестер (5 часа X 4 недели)-15 часа | 0.75 |
| 2. | Наука за политика и политичка анализа, зимски семестар ИСППИ (4 часа х 4 недели) -16 часа | 0.8 |
| 3. | Методологија на политички науки ИСППИ (2х4) -8 часа | 0.4 |
| 4. | Психологија на комуникации, ЈИЕ зимски семестер (4х12) -48 | 1.92 |
| 5. | Методологија на општествени истражувања, зимски семестер (4х5) -20 | 1 |
| 6. | Развојна психологија И, Институт за психологија (5х 8) - 40 | 1.6 |
| 7. | Развојна психологија ИИ, Институт за психологија (5х10) – 50 | 2 |
| 8. | Психологија на комуникации (скрипта предавања ЈИЕ) | 4 |
| 9. | Комуникологија ИСППИ (скрипта предавања) | 4 |
| 10. | **Вкупно** | 16,47 |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза *Влијанието на социјализацијата на личноста во градењето на политичката култура кај студентската младина во Република Македонија.* | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска теза: *Морално судење на адолесцентите во ситуација на насилство врз државни симболи.* | 4 |
| 3. | Проект: *Невработеност-ризици и предизвици,* проект од МОН реализиран од ИСППИ, Скопје, 2007-2009. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Проект: *Ефикасноста на мерките за малолетнички деликвенти*, 2004, ИСППИ и УНИЦЕФ, Скопје. | 3 |
| 5. | Проект КАРДС: *Регионално градење на капацитетите на организациите на цивилниот сектор во Србија, Косово, Македонија*, 2005/2006. | 5 |
| 6. | *МЕДИУМСКО ОГЛЕДАЛО* (автор на анализи) НВО Инфоцентар, Фондација Институт отворено општество, 2005-2009. | 5 |
| 7. | Труд: *Personality in democratic society*, Зборник на трудови "Contemporars world between freedom and secyrity" од конференцијата: "Social responsibility in 21 century", Словенија, Пиран, 2010. | 4 |
| 8. | Труд: *Карактеристики на моралното расудување кај студентите во Република Македонија*, Годишник на ИСППИ, Скопје, 2008 | 4 |
| 9. | Труд: Личноста и семејството како фактори за малолетничка деликвенција; Студија: Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија, ИСППИ, 2007. | 4 |
| 10. | Труд: Општеството во услови на социјална закана-предизвик за изградба на граѓанска свест; Годишник на ИСППИ, Скопје, 2007. | 4 |
| 11. | Труд: Перцепција на историските настани што се случија на територијата на Република Македонија во текот на 2001 година, Македонија по Рамковниот договор, Фондација Институт отворено општество, Скопје, 2006 | 4 |
| 12. | "Political ideologies and moral reasoning among university students in Republic of Macedonia" труд презентиран на 31-то годишно научно собрание на ИСПП, Science Po, Paris, France, Jul 09, 2008, 2010-11-12 http://wwwallacademic.com.meta/p245996_index.html | 1 |
| 13. | Учество на Седмата меѓународна конференција за бизнис и вработување: *Улогата на ЕУ- интегративните процеси во развојот на бизнисот и можноста за вработување во Косово и другите земји во транзиција*, 9-10октомври 2008, Косово, Приштина, со текстот под наслов *Како да се имплементира демократијата во цивилното општество.* | 1 |
| 14. | Учество на конференцијата *Западен Балкан: можности или предизвици за иднината на ЕУ?*, Косово, Приштина, 26-27 јуни 2010 со текстот: *Политичките ставови и личноста во демократското општество* | 1 |
| 15. | Учество на конференцијата *Социјалната одговорност во 21 век, Втора словенска конференција за општествени науки*, Пиран, Словенија, 30 септември – 2 октомври 2010 со текстот: *Личноста во демократското општество.* | 1 |
| 16. | Учество на меѓународната конференција MOSAIC, University of Konstanz, Konstanz, Germany, 2005 со трудот: *Moral judgment competence of adolescents about transgression toward state symbols.* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | 53 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Истражување на имиџот на Македонска пошта, извештај изготвен за Македонска пошта, 2009. | 1 |
| 2. | Локален експерт за евалвација на реформите во средното стручно образование, Европска агенција за развој, Министерство за образование и наука, ноември 2004-февруари 2005. | 1 |
| 3. | Локален експерт на проектот *Проценка на капацитетите на цивилниот сектор во РМ*, Европска агенција за реконструкција, 2004. | 1 |
| 4. | Локален експерт на проектот: Евалвација на проектот *Наше Маало*, проект реализиран од Search for Common Ground, 2004. | 1 |
| 5. | Член на тимот за евалуација на работењето на МЦМС, 2004, ИСППИ. | 1 |
| 6. | Член на тимот за евалвација на УСАИД - проектот CBI (Community Building Initiative), Иницијатива на заедниците, 2003. | 1 |
| 7. | Надворешен консултант за евалуација на УСАИД и Louis Berger проектот CSHI (Community Self-Help Initiative, Самопомош на заедниците, април-јуни 2003. | 1 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред број | Назив на активности | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Студиска програма: Open society Institute International Higher Education Support, Academic Fellowship Program, 2004 | 0.5 |
| 2. | Летна школа Comparative research programmes in the social sciences, UNESCO, MOST, Friedrrich Ebert Foundation, Bulgaria, Sofia, 2000 | 0.5 |
| 3. | Едукација од доменот на гешталт-психотерапијата | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | 9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 16.47 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 53 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 9 |
| **ВКУПНО** | 78.47 |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**

Проф. д-р Љубица Чонева, претседател с.р.

Проф д-р, Лидија Христова член с.р.

Проф. д-р Петар Атанасов член с.р.